УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ

М-р Гоце Георгиев

# Војната за ресурси, причина за нарушување на глобалната безбедност

(докторска дисертација)

С к о п ј е, 2015

**М е н т о р:**

ред. проф. д-р Снежана Никодиновска - Стефановска

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Членови на Комисијата:**

ред. проф. д-р Владимир Ортаковски
Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

ред. проф. Д-р Томе Батковски

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

вон. проф. д-р Марина Малиш - Саздовска

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

вон. проф. д-р Фросина Ташевска - Ременски

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Датум на одбрана: ______________________________

Датум на промоција: ______________________________

Наука на која што се стекнува докторатот: **БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ**

**„Војните за ресурси, причина за нарушување на глобалната безбедност“**


**Апстракт:**

Навидум безбедносните предизвици и војните што се водеа во минатото беа претежно поврзани за територии и меѓуетнички разноликости, додека причините за денешните, како и појавата на современи војни и идните војни, како што вели Фукујама, ќе се водат околу нафтата, водата, емиграцијата и воспоставувањето на новиот светски поредок. Или, со други зборови кажано, причината за избувнување на војни и судири ќе биде многу позначајна затоа што опфаќа доста широк спектар на активности за отпочнување војни, а во интерес на неолибералната демократија. Притоа може да се констатира дека политиката на сила сѐ уште доминира во новиот светски поредок кој ќе има приоритетно значење и во иднина.

Наредните декади на новиот век во голема мера ќе ги одбележат војните за ресурси. Новите војни ќе дадат сериозен печат на глобалната безбедност, загрозувајќи ги првенствено оние региони коишто се богати со природни ресурси (вода, нафта, природен гас, разни видови руди и минерали), потоа регионите каде што поминуваат транзитните патишта или околу пограничните зони на две или повеќе држави во кои се лоцирани овој вид стратегиски ресурси.

Можеме да заклучиме дека постои само еден вид безбедност, а тоа е глобалната безбедност, детерминирана од глобалните закани и од глобалните интереси, а истовремено опфатена со индивидуалната, националната и регионалната безбедност, помеѓу кои постои тесна поврзаност.

Со сигурност можеме да констатираме дека идната глобална безбедност, како и војните што се водат, нема да бидат само за освојување територии туку ќе бидат војни за територии богати со природни ресурси.



**Клучни зборови**:

Војна, глобализација, глобални закани, глобална безбедност, природни ресурси, војни за ресурси.

**"Wars for resources, cause for disruption of the global security"**

**Abstract:**

Seemingly the security challenges and wars that took place in the past were mostly related to territory and ethnic diversities, while the reasons for todays wars and the emergence of the contemporary war and future wars, will take place beacause of the oil, water, migration and the establishment of a new world order, as Fukuyama says. In other words, the reason for outbreak of wars and clashes will be much more significant because it covers quite a wide range of activities for starting wars that are in favour of the neoliberal democracy. It can be concluded that the politics of power still dominates in the current new world order that will have high priority in the future.

The upcoming decades of the new century will greatly commemorate the wars for resources. The emerging wars will give a serious emphasis on the global security, threatening those regions which are rich with natural resources (water, oil, natural gas, various kinds of ore and minerals) then the regions where the transit roads are crossing or the regions that are near the border areas of two or more states, in which a strategic resources of this kind are located.

It can be concluded that there is only one type of security and it is the global security, determined by the global threats and global interests, that is covered by the individual, national and regional security, where the connection among them is so close.

We can certainly conclude that the future global security and the wars that are happening now as well, shall not be only for conquering territories but the main reason for those wars would be the regions rich with natural resources.

**Key words:**

War, globalization, global threats, global security, natural resources, wars for resources

# С О Д Р Ж И Н А

**Вовед** ........................................ 10

1. Предмет на истражувањето ........................................ 12
2. Цели на истражувањето ........................................ 15
   2.1 Временска рамка на истражувањето ........................................ 17
   2.2 Просторно определување на истражувањето ........................................ 17
3. Општествено и научно значење на трудот ........................................ 17
   3.1 Општествено значење на трудот ........................................ 17
   3.2 Научно значење на трудот ........................................ 17
4. Основна хипотетичка рамка на истражувањето ........................................ 18
   4.1 Општа хипотеза ........................................ 18
   4.2 Поединечна хипотеза ........................................ 18
5. Методи и техники на истражувањето ........................................ 19
   5.1 Метод на анализа на содржината ........................................ 19
   5.2 Дескриптивен метод ........................................ 19
   5.3 Историографски метод ........................................ 19
   5.4 Компаративен метод или метод на споредување ........................................ 20
   5.5 Дијалектички метод ........................................ 20
   5.6 Структурален карактер ........................................ 20
6. Очекувани резултати ........................................ 20
7. Корисници на резултатите од ова истражување ........................................ 21

## I ДЕЛ

**За војната** ........................................ 22

1. Потекло на војната ........................................ 23
2. Поим и дефинирање на војната ........................................ 25
3. Цел и начин на водење на војната ........................................ 28
4. Теории за војната ........................................ 31
5. Причини за војни во современиот свет ........................................ 34

5.1 Човековата природа како причина за војна .................................. 38

5.2 Внатрешната организација на државата како причина за војна ……..... 41

5.3 Меѓународниот систем како причина за војна …...................……… 44

II ДЕЛ

**Глобализација** ..................................................................... 46

1. Поимно определување на глобализацијата ..................................... 54

2. Економскиот аспект на глобализацијата ........................................... 57

2.1 Улогата на Меѓународниот монетарен фонд во процесот на глобализацијата ………………………………………………… 58

2.2 Улогата на Светска банка во процесот на глобализацијата ........................................................................................................ 62

2.3 Улогата на светската трговска организација во процесот на глобализацијата ....................................................................... 62

3. Политичкиот аспект на глобализацијата ............................................. 65

3.1 Политичката глобализација, закана или шанса за државата ........................................................................................................ 71

3.2 Улогата на меѓународните организации НАТО, ЕУ во процесот на глобализацијата ....................................................................... 73

4. Културниот аспект на глобализацијата ............................................. 80

4.1 Културните аспект на глобализацијата и безбедноста ……………..… 82

5. Енергетските ресурси во глобализираниот свет ..................................... 85

III ДЕЛ

**Глобална безбедност и глобални закани** .......................... 90

1. Поимно определување на глобалната безбедност ............................... 91

1.1 Концепти и теории за глобалната безбедност ................................. 103

2. Глобални закани ................................................................................ 106

2.1 Тероризмот закана за безбедноста ...................................................... 111

2.2 Еколошки закани за безбедноста ................................................ 122

IV ДЕЛ

**Ресурси** ........................................................................... 129

1. Основно значење на ресурсите ........................................................ 130

2. Нафтата, природниот гас и водата како природни стратегиски ресурси и извор на конфликти ...................................................................... 150

2.1 Нафтата и природниот гас како природни стратегиски ресурси и извор на конфликти ........................................................................................... 151

2.2 Водата како природен стратегиски ресурс и извор на конфликти ………………………….................................................................. 154

V ДЕЛ

**Нафтата како причина за конф**ликт ................................ 158

1. Конфликтите за нафта во Каспискиот регион ................................ 161

2. Конфликтите за нафта во реонот на Персискиот Залив .................. 165

VI ДЕЛ

**Водата како причина за конфликт** ................................ 213

1. Конфликтите за вода во нилскиот басен ........................................... 230

2. Конфликтите за вода во регионот на реките Јордан, Тигар, Еуфрат и Инд …………………………………………………………………………….. 244

2.1 Конфликтите за вода во регионот на реката Јордан .......................... 249

2.2 Конфликтите за вода во реонот на реките Тигар и Еуфрат ................. 257

2.3 Конфликтите за вода во регионот на реката Инд ............................. 271

3. Меѓународно правни документи за заштита на животната на животната средина ........................................................................................ 278

**Заклучни согледувања** ........................................................ 282

**Библиографија** ................................................................... 290

# *„МОЌНИТЕ ГО ПРАВАТ ТОА ШТО МОЖАТ, А СЛАБИТЕ ГО ПРИФАЌААТ ТОА ШТО МОРААТ“* *(Тукидид)*[1]

[1] Милевски Т, „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008 год., стр., 274.

## *ВОВЕД*

Почетокот на новиот век донесе нови етнички, економски, технолошки, еколошки, демографски, безбедносни и културолошки предизвици. Карактеристика на денешниот современ свет и на нашето современо живеење е постојаната динамичност. Многубројните промени кои настануваат честопати донесуваат непредвидливи ризици, кои често пати се многу опасни по безбедноста и опстанокот на еден народ, држава, па дури и на цели нации и региони. Со распаѓањето на реалсоцијализмот и биполарната поделеност, над денешниот современ свет се појавија нови безбедносни закани и предизвици кои претходно не му биле познати на современото општество и воопшто не постоеле, или, пак, биле со многу мал интензитет и честопати биле незабележливи. Со распаѓањето на биполарната поделеност, интензитетот на овие безбедносни закани (борба за ресурси, тероризам, климатски промени, ширење на оружјето за масовно уништување, организиран криминал и др.) се зголемија по време, простор, масовност и деструктивност.

Западните демократии под водство на најмоќната економска, политичка и воена сила во современиот свет, САД, спроведувајќи го новиот светски поредок, во корен ги измени досегашните односи помеѓу државите, регионите, како и односите во светот во целина. Туркајќи го новиот светски поредок, поврзан со трендот на глобализацијата и глобализираните општества, како и воспоставувањето на новиот светски поредок, го исправи денешниот современ свет пред едно сериозно прашање: Дали воспоставувањето на таканаречениот нов светски поредок поврзан со трендот на глобализација и глобализирани општества го прави денешниот свет побезбеден и порационален од претходно, или, пак, тој свет денес е понестабилен, понеизвесен и поопасен од кога било досега?

Прашањата кои се поврзани со воспоставувањето на новиот светски поредок и појавата на глобализираните општества, како и зголемената потреба за ресурси благодарение на глобализацијата и можните безбедносни нарушуваа на глобалната безбедност, ќе се обидеме да ги одговориме и да дадеме свое толкување подолу во рамки на овој труд.

Глобализацијата и трендот на глобализација денес го претворија светот во еден единствен простор. Превирањата кои денес се случуваат во некои земји во светот, на пример во Африка, Азија или, пак, на Блискиот Исток, денес може да имаат глобално

влијание, со сериозни последици по глобалната безбедност. Ова не беше случај пред десетина или дваесет години. Денес сме сведоци на појава на нови регионални сили, а некои од овие регионални сили сѐ уште се надвор од рамките на глобалните текови. Обидите на државите како Северна Кореја и Иран да создадат оружје за масовно уништување (пред сѐ овде се мисли на нуклеарното оружје) дополнително ги усложнуваат и онака сложените меѓународни односи и заедно со последиците од глобализацијата и идеолошкиот екстремизам во голема мера ја загрозуваат глобалната безбедност.

Земајќи ги предвид сите овие односи во современото општество, не е исклучена можноста во меѓународните односи да дојде до милитаризација на меѓусебните односи. Милитаризацијата претставува процес со кој општествата се организираат, се подготвуваат за воени конфликти и насилство, при што во голема мера би се загрозила и глобалната безбедност.

Меѓутоа, доколку се направи подлабока, потемелна и поопсежна анализа за нарушувањето на безбедноста како резултат на водењето на војните што биле водени во минатото, но и на сегашните, современи војни, ќе дојдеме до едно интересно откритие, односно заклучок: војните кои се водени низ историјата на човештвото, како и војните кои се водат и денес во овој глобализиран свет не претставуваат ништо друго туку војни водени за ресурси. Овие таканаречени „војни за ресурси“, кои, за жал, се водат и денес, во XXI век, во голема мера ја нарушуваат глобалната безбедност. Нарушувањето на безбедноста првенствено ќе настане во регионите каде што овие ресурси ги има во изобилство, а истите се неопходни за понатамошен раст и развој на западните економии и на економиите од останатиот дел на светот.

Во овие таканаречени „чувствителни“ безбедносни региони, кои се богати со природни ресурси, (без разлика на тоа дали овие природни ресурси се обновливи или необновливи) а во кои владее привиден мир, испорачателите на ресурсите имаат статус на „газди“, а земјите-потрошувачи се зависни од нив. Голем број од големите извозници на овие природни ресурси не се сосема демократски држави и во многу случаи овие држави и режими им даваат финансиска помош на разните сили кои се противат на постојаниот тренд на глобализацијата и на новиот светски поредок и го ставаат пред сериозни предизвици, каде што сѐ поголема е веројатноста за избувнување на нови конфликти, со кои би се загрозила безбедноста во целост.

Во контекст на ова, ќе дојдеме до заклучок дека нарушувањето на безбедноста во овие чуствителни безбедносни региони и започнувањето на овие војни или, пак, воени интервенции предводени од меѓународната заедница, се започнати поради геополитичките интереси на моќните земји-предводнички на капитал-системот или предводниците на така-наречениот нов светски поредок. Овие т.н. западни демократии ги диктираат во целост правилата на игра во денешниот современ свет и го „туркаат“ трендот на глобализацијата. Земјите, пак, кои се противнички на т.н. нов светски поредок, поредок на глобализирани општества, за заштита и остварување на сопствените национални интереси, предизвикуваат постојана трка за вооружување меѓу нациите. Поради зголеменото натрупување оружје заради заштита на своите идеологии и системи, во голема мера се зголемува глобалната небезбедност, при што може да се предизвика избувнување на војна со крајна и единствена цел: домонација врз природните ресурси. Поради ваквата состојба, демократските државипредводнички на глобализацијата се должни да инвестираат во диверзификацијата на изворите, маршрутите и видовите енергетски ресурси, заради зачувување на светскиот мир и светската стабилност и просперитет на човештвото во целина.

## 1. Предмет на истражувањето;

Основен предмет на ова истражување ќе бидат регионите кои ги поседуваат најголемите резерви на природни ресурси, како и водечките земји кои, како предводници на капитал-системот, доведуваат до нарушувањето на светскиот мир и безбедноста.

Меѓународниот систем во XXI век е обележан по тоа што сите држави во светот дејствуваат во мрежа на меѓусебна поврзаност и меѓузависност во која се намалува способноста на државите за самостојни потфати, а се зголемува значењето на меѓународните институции и организации. Со појавата на транснационалните безбедносни закани, државите нема да нудат јасна разлика помеѓу внатрешнополитичките работи од оние на меѓународната сцена. Со тоа ќе бидат принудени да ги прошират како својот концепт за безбедност и одбрана така и економската поврзаност надвор од своите територијални граници.

Дефинирањето на предметот на истражувањето ќе се изведе постепено, од причина што предметот содржи повеќе подпоими кои ќе помогнат за комплетно операционализирање на проблемот.

Имајќи ги предвид сите овие констатации и факти, од овде ќе произлезе и мојот основен проблем на истражувањето: „***Дали трендот на глобализацијата поврзан со растечката моќ, забрзаниот економски развој, трката за профит, како и зголемената потреба за ресурси во глобализираниот свет, ќе успее да ја наруши глобалната безбедносна рамнотежа и да го исфрли човештвото од колосек“.*** Во контекст на ова истражување ќе се обидам да ги откријам можните безбедносни влијанија и последиците кои можат да настанат по земјите, регионите, па и пошироко, а кои располагаат со природни ресурси доколку истите не ги почитуваат правилата и принципите на западните демократии и економии кои се носители на трендот на глобализацијата. Одовде се поставува и едно друго логично прашање: „***Дали глобалната безбедност е предодредена да зависи од правилната распределба и искористувањето на природните ресурси, односно дали глобалната безбедност е заложник на нерамномерната распределба и искористувањето на природните ресурси?“*** На сличен начин исламските екстремисти укажуваат на неправедноста на светот кој го организира христијанскиот Запад и искористувањето на природните ресурси од исламскиот свет. Овие аргументи се користат како оправдување на суровите антидемократски системи какви што се Иран, т.н. Исламска држава и др. во однос на своите активности кои ги превземаат кон отворените општества и пазарната демократија.[2]

Ова истражување исто така треба да одговори и на прашањата поврзани со нерамномерната распределба и искористувањето на природните ресурси помеѓу земјите-експлоататори и незадоволните - експлоатирани. Дали нерамномерниот однос помеѓу експлоатиран и експлоататор, сопственик и корисник, може да има сериозна импликација врз севкупната безбедност, со тенденција да го втурне современиот свет во нови безбедносни ризици, како и кон започнување воени конфликти помеѓу државите. Сето ова може да биде поврзано со сериозни безбедносни последици, со проширување и избувнување на светски конфликт со сериозни последици за опстанокот на светската цивилизација воопшто.

Во научните кругови во нашата држава постојат мал број научни работници, како и мал број објавени стручни научни трудови кои ја третираат и обработуваат оваа проблематика која е поврзана со природните ресурси и нивното влијание врз

[2] Говор на Курт Вокер (Kurt Volker) поранешен амбасадор на САД во НАТО, постар научен соработник и директор на Центарот за трансатлански односи при Универзитетот Џон Хопкинс за перспективни меѓународни истражувања.

глобалната безбедност. Со истражувањето на оваа од секогаш актуелна проблематика, ќе се обидам да дојдам до нови сознанија поврзани со ова поле на истражување, а во врска со влијанието на глобално ниво, безбедносните предизвици кои можат да се појават а кои можат да доведат до нарушување на глобалната безбедност.

Од друга страна, државите сè повеќе се изложени на притисокот од неолибералната стратегија. Ова доведува до дехуманизација, до отуѓување и експлоатација на човечките и природните ресурси во интерес на побогатите земји. Многумина велат дека меѓузависноста и нерамнотежата ќе предизвикаат проблеми и кризи кои ќе бидат главна закана за глобалната безбедност.

Земајќи ги предвид денешните случувања во Африка, Блискиот исток и Азија, кои, пак, недвосмислено се поврзани исклучиво со контролата на природните ресурси, ова истражување ќе даде придонес околу превенцијата, односно ќе помогне да се дојде до одговор за можните идни воени конфликти, но за и можната превенција од нив. Ова истражување ќе се обиде да одговори и на прашањето поврзано со економско-безбедносните интереси на земјите. Дали економската поврзаност на глобализираните општества ќе придонесе да се намалат предизвиците за можни идни воени конфликти?

Поседувањето и располагањето со ресурсите е од големо значење за земјите коишто ги поседуваат ресурсите. Во исто време, тие се и од голема важност за опстанокот и развојот на човековата цивилизација воопшто. Поседувањето на природните ресурси државите може да го искористат за своја предност на внатрешен, но и на меѓународен план. Во споредба со државите коишто не ги поседуваат, или, пак, располагаат со мошне малку природни ресурси, во голема мера нивната благосостојба ќе зависи од пристапот до природните ресурси. Поседувањето на ресурсите, покрај позитивната страна, може да придонесе и за негативни импликации по земјите и регионите коишто ги поседуваат. Земјите богати со природни ресурси се постојана мета на моќните високоразвиени земји и нивните моќни економии кои сè повеќе сè „жедни“ за ресурси (енергија), за нивен постојан раст и благосостојба.

Од досега изнесеното можеме да го поставиме и следново прашање: ***Дали клучот за нарушувањето на глобалната безбедност е последица на глобализацијата и глобализираните општества, а безбедноста е предодредена да зависи од сè поголемата „жед“ на светската цивилизација за природните ресурси,***

***и дали нивната нерамномерна распределеност е клучот за нарушувањето на глобалната безбедност?***

Според Министерството за одбрана на САД помеѓу 2010 и 2020 година може да дојде до опаѓање на просечната годишна температура во Европа, а климата во Велика Британија ќе биде слична на онаа во Сибир. Милиони луѓе ќе имаат проблеми со храна и вода, така што изворите за вода по долината на Нил, Јордан, Тигар, Еуфрат, Инд, Амазон и др. ќе бидат главни жаришта на конфликти и војни и причина за можно нарушување на глобалната безбедност.

Денес, во првата половина на XXI век, конфликтите за природни ресурси, првенствено за вода и нафта, претставуваат постојана закана за војна. Во еден поширок реон кој се простира од Северна Америка до Блискиот Исток и Јужна Азија, потребата за овие ресурси почнува да ги надминува постојаните резерви.

Други слични податоци говорат за тоа дека климатските промени предизвикани од глобалното затоплување ќе засегнат приближно половина од светската популација, затоа што поради зголемената температура климатските промени ќе предизвикаат подигање на нивото на светското море преку топењето на ледниците и засилување на бурите загрозувајќи ги основните животни услови на близу 2,7 милијарди луѓе. Со тоа недостигот на храна, вода за пиење и други ресурси во 46 земји во светот ќе предизвикаат закани за војни, додека во 56 земји истите причини ќе предизвикаат појава на политичка дестабилизација. Недостигот на природни ресурси и пренаселеноста ќе доведат до насилства, воени дејства, социјални потреси и, секако, насилни миграции во Африка, Азија и Јужна Америка, а сето ова ќе придонесе и до загрозување на глобалната безбедност.

## 2. Цели на истражувањето;

Сложеноста на истражувачкиот проект доаѓа од таму што преовладуваат неколку истражувачки аспекти (политички, економски, безбедносни, социјални и др.), односно се работи за сложен процес во кој ќе бидат опфатени земјите и регионите коишто ги поседуваат природните стратегиски ресурси, но и еколошките проблеми кои може да бидат предизвикани од енормното искористување и деградацијата на животната средина.

Целите на истражувањето се детерминирани од предметот, и тие се:

- Општа цел:

- Општата научна цел на истражувањето ќе биде да се утврди дали нерамномерниот распоред на стратегиските ресурси како и нивниот транспорт ќе ја зголеми општата (не) безбедност и (не) сигурност или ќе придонесе за поголема соработка помеѓу државите и нивна заедничка благосостојба.

➢ Посебна цел:

Со оглед на општата цел, посебните цели на истражувањето ќе бидат:

- да се утврдат можните причини за нарушувањето на глобалната безбедност поврзано со намалувањето на стратегиски важните природни ресурси,
- да се утврди влијанието на природните ресурси врз моќта (воена, политичка и економска) на националната држава која ги поседува ресурсите,
- да се утврди постојната меѓузависност на државите поврзана со ресурсите, и дали оваа зависност придонесува за стабилност или за судири помеѓу државите, а со самото тоа влијае и на глобалната безбедност (фактот дека многу клучни извори и резерви на природни ресурси се сопственост на две или повеќе држави или, пак, истите се наоѓаат во спорна гранична зона или во некоја исклучителна економска зона) ;
- да се утврди можното влијание на природните ресурси врз постојаната растечка нееднаквост како главна причина за конфронтирање и нестабилност;
- да се утврди влијанието на негативните последици на глобализацијата врз политичко-безбедносната и општествено-економската состојба на земјите;
- да се утврди влијанието на природните стратегиски ресурси врз воената (не) рамнотежа и центрите на моќ на светско ниво;
- да се утврди влијанието на меѓународните институции врз стабилноста на земјите и зачувувањето на светскиот мир и безбедноста;
- да се утврди дали постојаното зголемување на населението во регионите богати со ресурси претставува можна причина за нарушувањето на глобалната безбедност;
- да се утврди дали Република Македонија, преку учеството во мисиите на НАТО и ЕУ станува сојузник во користењето на природните ресурси во своја полза.

### 2.1 Временска рамка на истражувањето;

Истражувањето ќе се задржи пред се на војните водени за ресурси по завршувањето на Втората светска војна па до денес.

### 2.2 Просторно определување на истражувањето;

Зошто ресурсите станаа толку важни? Прифаќањето на една централна економска безбедносна политика речиси секогаш води до зголемен акцент врз ресурсите – барем за оние држави чијшто индустриски развој зависи од увозот на ресурси. Исто така, целосното бришење на идеолошките конфликти во современиот свет придонесува за централната улога на прашањата поврзани со ресурсите, претворајќи го побарувањето и заштитата на основните ресурси во една од првостепените задачи на безбедносната политика на дадена држава .

## 3. Општествено и научно значење на трудот;

Постојат општествени и научни детерминанти што укажуваат на потребата и значењето на истражувањето на природните ресурси и нивната тесна поврзаност со безбедноста.

### 3.1 Општественото значење;

Општественото значење на трудот се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат безбедносните импликации предизвикани од енормното искористување на ресурсите, нивната нерамномерна застапеност, како и демографскиот бум во овие подрачја богати со стратегиски важни природни ресурси. Општествената оправданост на темата ја гледаме во интерес на општеството да им обезбеди сигурност и благосостојба на своите граѓани.

### 3.2 Научното значење;

Научното значење на трудот е детерминирано од самиот предмет. Истражувањето од научен аспект е важно затоа што кај нас многу малку или недоволно се проучува стратегиските ресурси и нивните безбедносни импликации врз глобалната безбедност.

Наведените прашања ќе бидат разгледувани од повеќе аспекти, бидејќи нивното проучување бара интердисциплинарен пристап.

## 4. Основна хипотетичка рамка на истражувањето;

Врз основа на поставениот и формулиран проблем, како и врз основа на теоретското истражување можеме да ги издвоиме следниве хипотези:

### 4.1 Општа хипотеза;

Врз основа на општиот пристап кон проблемот на истражување за клучните основи на стратегиските ресурси како причина за глобалната нестабилност, како и интенцијата да ги согледаме нерамномерната распределба и експлоатација на истите, ќе ја поставиме следнава општа хипотеза на истражувањето:

Нерамномерната разместеност на стратегиските ресурси помеѓу развиените и неразвиените земји доведува до безбедносни импликации т.е до влошување на општата (политичка, економска, безбедносна и социјална) состојба и иницирање на нови опасности и судири како и загрозување на глобалната безбедност

### 4.2 Од општата хипотеза произлегуваат определени посебни, односно поединечни претпоставки:

- колку повеќе е наклонет светскиот поредок кон несебично рамномерно и рационално искористување на природните ресурси, како и кон заемната соработка на регионално ниво, толку повеќе ќе се придонесе за зачувување на светскиот мир и безбедност;

- регионите и земјите кои поседуваат природни ресурси повеќе се соочени со нови опасности и закани кои може да доведат до безбедносни импликации и нови форми на насилство и несигурност во светски рамки;

- воените и мировните мисии каде што имаме конфликт, предводени од ООН, НАТО, ЕУ, ќе зависат од регионите каде што се водат војните за ресурси;

- тенденцијата на дезинтегрирање на одделни држави и создавање нови политички заедници е последица од негативниот процес на влијанието на моќните земји врз регионите каде се сконцентрирани овие природни ресурси;

- вооружените сили во иднина повеќе ќе се соочуваат со ризици и опасности кои се последица од глобализацијата отколку од напад на непријателска држава.

## 5. Методи и техники на истражувањето;

Од методолошка гледна точка, ова истражување има дескриптивен и експликативен карактер. Со истражувањето прецизно ќе се опишат определени состојби и тенденции за природните ресурси како причина за избувнување на војна и нивното влијание врз глобалната безбедност.

### 5.1 Метод на анализа на содржината;

Со овој метод, како извор на податоци се опфатени печатени текстови од списанија, весници, статии, извештаи од домашни и меѓународни организации, асоцијации и автори кои ја обработуваат глобалната безбедност и природните ресурси како причина за нарушување на глобалната безбедност.

До потребните основни вредности во анализата на содржината ќе се дојде со употреба на квалитативна и квантитативна анализа на содржината. Преку квалитативната анализа ќе се врши откривање и евидентирање на одредена содржина и нејзините квалитативни својства во даден извор на податоци. Со квантитативната анализа ќе се врши прибирање на објективни веродостојни и прецизни податоци за појавата која претставува предмет на анализа како и проверка за потврдување или негирање на поставените хипотези.

### 5.2 Дескриптивен метод;

Овој метод ќе се користи за да се даде поширок опис и разработка на неколку дефинирани региони во светот кои ги поседуваат стратегиските ресурси. Еколошките закани како причина за појава на конфликти и нестабилност, глобалните енергетски потреби и безбедносните предизвици за земјите кои ги носи новиот светски поредок, претпоставувајќи дека во иднина енергетската безбедност, економската безбедност и глобалната безбедност ќе се силно врежани и меѓусебно испреплетени.

Во истражувањето ќе бидат користени секундарни извори на податоци, научна и стручна литература од области кои третираат ваква проблематика, документи од безбедноста и одбраната, интернет-страници, заклучоци и др.

### 5.3 Историографски метод;

Овој метод се користи со цел да се осознаат и да се искористат искуствата од минатото за периодот за којшто постои научно верификувана документација, литература и други историски извори. Тоа значи да се опфатат хронолошките текови и

безбедносните ризици, како и војните водени за ресурси во периодот по завршувањето на Втората светска војна до денес.

### 5.4 Компаративен метод или метод на споредување

Овој метод ќе се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа ќе се воопштат релевантните факти за потврда или негирање на поставените хипотези. Методот на споредување е постапка за меѓусебно споредување на исти или слични појави. Споредувањето на две појави или два настана е процес кој се одвива на тој начин што прво се утврдуваат нивните заеднички карактеристики и потоа се утврдува во што се разликуваат.

### 5.5 Дијалектички метод;

Целта на овој метод е целосно сестрано сознание за сите обележија на појавата која се истражува, како и самата појава во целост и нејзиниот развој, настанокот, промена на содржината, структурата и функцијата на нејзините делови, а врз основа на ова и можност за нејзино објаснување и предвидување на нејзиниот понатамошен тек.

### 5.6 Структурален карактер;

Структуралниот карактер има за цел да ја одреди улогата на меѓународните институции и тела кои имаат фундаментално значење за глобалната безбедност (НАТО, ООН, ММФ, ОПЕК, СБ, СТО, ЕУ) и нивното влијание врз ефикасноста на безбедносно-економскиот систем на државите кои штотуку го прифатиле новиот модел на светско преструктуирање според западната демократија.

## 6. Очекувани резултати;

Очигледно е дека не е возможно да се објасни динамиката на светската политика за безбедност без да се признае значењето на ресурсите. Речиси за секоја држава поседувањето и заштитата на основните ресурси се претвори во една првостепена задача на нејзината безбедносна политика. Сознанијата до коишто ќе дојдеме ќе може да се искористат во креирањето политика во која доминантно место ќе има превенцијата, а сè со цел војните кои се водеа и се водат како последица на борбата за природни ресурси да можат да се превенираат, користејќи ги претходните искуства.

## 7. **Корисници на резултатите од оваа истражување;**

Резултатите до коишто ќе дојдеме може да бидат искористени од страна на министерствата, управите и агенциите во нашата држава кои директно или индиректно се вклучени во креирањето на безбедносната политика и превенцијата од можните закани по националната безбедност, разгледувана во еден поширок концепт.

Во тој правец, во улога на корисници би можеле да се јават:

- Министерството за одбрана,
- Управа за безбедност и контраразузнавање,
- Министерството за внатрешни работи,
- Министерството за надворешни работи,
- Агенцијата за разузнавање,
- Научни институции.

# I ДЕЛ

## *ЗА ВОЈНАТА*

„Во полето на меѓународните односи, ниедно прашање досега не привлекло толку многу внимание како прашањето: „Зошто војна“. Причината за овој интерес е во тоа што војната универзално се смета за човечка катастрофа, извор на мизерија на катастрофалната скала и во нуклеарно време закана за целиот човечки род. Идејата за војната како намерна, функционална работа, ја толкува самата војна како абнормален, патолошки услов кој ни се заканува на сите нас“.[3]

“Никој не започнува војна или никој не би го направил тоа без притоа да му биде јасно во неговата глава што сака да постигне со таа војна и како планира да ја изврши“.[4]

Војната како општествен феномен отсекогаш ја поттикнувала човековата љубопитност низ разните цивилизациски епохи, а подоцна го поттикнала и научниот интерес на мошне голем број на филозофи и историчари, воени стратези, војсководци и воени теоретичари. Секој од овие автори се обидел на свој начин и од свој агол да ја проучи, а врз основа на свои научни сознанија да даде свое толкување и објаснување за војната. Разноликоста во толкувањето и дефинирањето на војната како општествена појава е разбирливо, бидејќи таа ги засега речиси сите области од општественото живеење, какви што се политиката, дипломатијата, економијата, верата и др. Но, иако постојат голем број дефиниции за војната низ вековите, денес егзистираат одделни дефиниции и толкувања кои се прифатени од поширокиот круг на теоретичари и проучувачи на војната. Така, војната претставува вооружен судир на две или повеќе држави или други општествени групи. Таа се одвива на еден или повеќе фронтови, а завојуваните страни обично држат одредена територија, која може да ја одржат или да ја загубат.

**Но, војната, сепак, претставува нешто повеќе од убивање, насилство и бесмислено уништување. Таа се води до нејзиниот исход, а воената вештина е нешто повеќе од униформи, паради и импресивно вооружување и опрема.**[5]

---

[3] Бејлис Џ., Вирц Џ., Греј К., Коен Е., „Стратегија во современиот свет“, Нампрес Скопје, 2009 год., стр., 21.

[4] Исто, стр., 21.

[5] Поопширно види кај Нацев З., Начевски Р., „Војна, мир и безбедност“ Македонска ризница Куманово, Скопје, 2003 год., стр., 15.

## 1. Потекло на војната

- *Првобитната заедница*

Гледано назад низ времето, војната се појавува за време на развојот на приватната сопственост. Со појавата на средствата за производство, поделбата на општеството на класи и појавата на државата како инструмент на владејачката класа, се појавува и војната како општествена појава. Во првобитната заедница војувањето се појавило помеѓу племињата и имало некои карактеристики на војна, но овде природата на војната е со поинаков карактер. Во овие конфликти немало посебни организации за спроведување на војната. Секој припадник на одреден род или одредено племе истовремено бил и воин. Овие конфликти првовремено се базирале исклучиво на потребите на луѓето за храна или за одмазда. Во овие конфликти немало освоени и запоседнати територии, воени затвореници, експлоатација на победените, како и стекнување нова работна сила. Со појавата на првите облици на државна организација се појавила и војската. Војската претставува посебно издвоена организација за водење војна со една единствена цел-заштита на државата од надворешниот и од внатрешниот непријател.

- *Робовладетелско општество*

Во робовладетелското општество економијата единствено и првенствено се засновала врз експлоатацијата на робовите. Робовите претставувале основна алатка, основна движечка сила за понатамошен развој на робовладетелските општества. Робовладетелското општество не можело да се развива без понатамошен постојан прилив на нова работна сила - робови. Во тоа време единствен начин за робовладетелските општества да си обезбедат работна сила - робови било единствено по воен пат и водење војни. Освојувајќи ги племињата во своето опкружување кои немале државна организација, водењето војни помеѓу робовладетелските држави, победникот покрај робовите, кои биле движечка сила во тогашната робовладетелска економија, добивал и нови територии богати со ресурси и со друг вид воен плен.

- *Феудално општество*

За време на феудализмот државите воделе војни за поробување на други народи и грабеж на ново освоените територии, територијално проширување за сметка на други народи и стекнување нови територии. Меѓусебни војни на феудалците за проширување и превласт над одредени територии имало многу за време на почетокот на феудалниот

период, кога и расцепканоста на овие феудални држави била најголема (Италија, Франција, Русија). Ваквите војни, само многу поголеми, се појавуваат и во подоцнежниот период, познат како крајот на феудализмот.

- *Капитализам*

Буржоазијата како носител и двигател на новите економски, политички и социјални односи во капиталистичкото општество води антифеудални и револуционерни војни. Целта на буржоазијата била надминување на феудалната расцепканост и создавање национални држави како нова форма на развојот на капиталистичката економија. Во овој период се воделе чести војни помеѓу државите и коалициите за хегемонија, а како резултат на нерамномерниот раст и развој на капитализмот во различни земји и нивните интереси за доминација. Такви биле војните водени помеѓу Холандија и Англија, Холандија и Франција, Англија и Франција, Кримската војна, итн. Покрај војните кои се воделе за превласт, водени се и војни за национално обединување (Италија, Германија), војни за национално ослободување. Типичен пример се војните кои се воделе од страна на балканските народи за ослободување од петвековната османлиска власт и сл.

Во XVII и XVIII век, како резултат на колонијалните војни, се создаваат огромни колонијални империи на европските капиталистички земји. Во овој период се појавуваат и првите граѓански востанија и војни на работничката класа против буржоазијата. Почетокот на индустријализацијата, како и сè понагласената потреба од ресурси ги надмнале националните граници на капиталистичките империјалистички сили. Оваа борба за ресурси се претвори во борба за превласт и поделба на светот, при што беше предизвикана Првата светска војна. Оваа војна избувна како резултат на дисбалансот помеѓу империјалистичките земји и сè поголемата жед за природни ресурси на нивните економии. Во периодот по завршувањето на Втората светска војна, од 1945до1995 година во светот се случиле 35 позначајни големи вооружени судири. Помеѓу овие вооружени судири постојат значајни разлики, меѓутоа и покрај тие разлики можеме поголем број од овие судири да ги вброиме во неколку групи и тоа:

- народоослободителни (антиколонијални),

- воени судири водени помеѓу Израел и арапските земји,

- воени судири помеѓу Индија и Пакистан,

- Корејската војна,

- Виетнамско - кампучиската војна и Авганистанската војна,

- Етиописко - сомалиската војна

- Ирачко - иранската војна,

- Фокландаската војна, и др.

Сите овие војни кои се водени по завршувањето на Втората светска војна па сè до денес, всушност, претставуваат и војни водени за природни ресурси. Ова мое тврдење ќе биде разработено во овој труд и ќе добиеме јасна слика за овие војни водени во овој период.

## *2. Поим и дефинирање на војната*

Во текот на изминатите двесте години, односно во така - наречената модерна ера на историјата, војната се сметала за основна алатка на политиката, начин на кој што државите сакале да решат одредени прашања во меѓународните односи. Во полето на меѓународните односи, пак ниедно прашање не привлекло толку многу внимание како прашањата кои се поврзани со војната. Науката која се занимава со проучување на војната е обемна и мултидисциплинарна.[6]

Според македонските универзитетски професори од Факултетот за безбедност одбрана и мир, „војната претставува вооружен судир на две или повеќе држави или други општествени групи. Таа се одвива на еден или повеќе фронтови, а завојуваните страни држат одредена територија која можат да ја одржат или загубат“.[7] Но во последно време за војната се користат и многу алтернативни *еуфемистички* термини како *конфликт, вооружен судир, непријателство* и сл.

Како што напоменавме на почетокот, војната како општествен феномен отсекогаш била интересна и ја поттикнувала човековата љубопитност. Авторите од најразлични делови на Земјината топка се обиделе од свој аспект и од своја позиција да ја проучат и да ја истражат војната и врз основа на добиените научни сознанија да се обидат да ја дефинираат војната. Најилустративниот и најсеопфатен одговор со сигурност можеме да го најдеме во древните записи на најзначајниот воен теоретичар

---

[6] Поопширно види во Бејлис Џ., Смит С., Овенс П., „Глобализација на светската политика“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 212.
[7] Види кај Нацев З., Начевски Р., „Војна мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, Скопје, 2000 год.

од древна Кина – **Сун Цу (Sun Tzu)**. Тој во своето дело *„Умешноста на војувањето“* (**The Art of War**[8]) вели: **„Војната е големо државно дело од кое зависи судбината на државата, нејзиниот живот или смрт“.**[9] За Сун Цу, информацијата претставува клуч за успехот во војната. За ова тој вели: „Запознај го непријателот и познавај се себеси; во стотици битки никогаш нема да бидеш во опасност“.[10]

Меѓу воените теоретичари, **Клаузевиц** се разликува од сите други досега. Можеби со исклучок на кинескиот генерал и автор Сун Цу, кој го споменавме претходно, ниту еден друг автор не бил ни одблизу толку влијателен над останатите воени теоретичари како што бил Клаузевиц. Ова се должи секако на фактот што до денешен ден неговите дела претставуваат камен-темелник за модерните стратешки мисли. Неговото значење можеби најдобро се опишува преку фактот што тој е еден од неколкуте воени мислители на кои им се оддава почит и од двете страни на она што до неодамна се нарекуваше биполарна поделеност или, пак, „железна завеса“. Клаузевиц, кој едно време бил почитуван како типичен пруски милитарист, сега е ценет и во германската демократија. Неговите дела се преведени на многу јазици, вклучувајќи ги хебрејскиот и индонезискиот.[11] **Клаузевиц** (Carl von Clausewitz) ***ја дефинира војната пред сè како акт на насилство што има за цел да го принуди противникот на исполнување на волјата и барањата на спротивната страна, а притоа потенцира дека таа е и политички акт, односно орудие на политиката, т.е. продолжување на политиката, но во овој случај со други средства.***[12] Одовде можеме да заклучиме дека војната има рестриктивно значење, дека таа претставува средство на политиката, при што политиката ги определува нејзините цели и претставува нејзино подредено орудие. Војната не може ни за еден момент да биде одвоена од политиката, меѓутоа војната сама по себе и по своето специфично обележје може да се разгледува одвоено.

За војната може да се тврди дека таа претставува каква било форма на вооружено насилство, но дали секоја употреба на насилство во политички цели претставува војна? Овде се мисли на појави какви што се државен удар, востание, револуција, воена интервенција, полициски акции од пошироки размери, тероризам,

[8] Сун Цу Ву., „Вештина на војувањето“, Штрк, Скопје, 1996 год.
[9] Види поопширно кај Нацев З., Начевски, Р., „Војна мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год., стр., 7.
[10] Бејлис Џ., Вирц Џ., Греј К., Коен Е., „Стратегија во современиот свет“. Нампрес, Скопје, 2009 год., стр., 77.
[11] Кревелд М., „Трансформација на војната“, Табернакуl, Скопје, 2009 год., стр., 35.
[12] Нацев З., Начевски Р., „Војна мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год., стр., 14.

итн. Дали судирот помеѓу две улични банди во кои има убиени лица претставува ист феномен како воен конфликт помеѓу две или повеќе држави каде што имаме стотици илјади жртви? Овие спомената појави не може да се сместат под категоријата војна бидејќи, сепак, станува збор за судир помеѓу добро вооружени групи кои учествуваат во безредија и регуларните сили на државата. Одбирањето, пак, на некоја почетна точка на загинати може да изгледа неосновано, исто како влијателната дефиниција на Сингер и Смол, во која се бара секој конфликт во кој има најмалку 1.000 загинати годишно да се категоризира како војна.[13] Но, за да можеме да го разбереме и да го цениме во целост придонесот на Клаузевиц (неговото дело За војната - „Vom Kriege“), мора да го спознаеме во соодветен контекст. Војната, сепак, остана активност која се одвива помеѓу две или повеќе држави. Војната не ја создале ниту луѓето, ниту армиите, туку владите, односно политичките елити кои управуваат со државата. Какви и да се разликите помеѓу влада и држава, и двете се вештачки креации кои не се идентични ниту со карактерите на владетелите, ниту со луѓето за кои тврдат дека ги претставуваат.[14] „Организираното насилство би требало да се нарече „војна“ само ако е започнато од држава, за држава и против држава“ е постулатот кој Клаузевиц си го сфатил речиси сериозно; како и неговите современици, вклучувајќи ги и најмирољубивите меѓу нив, како Емануел Кант (Immanuel Kant) во својот „Проект за вечен мир“.[15]

Исто така интересни се и размислувањата на **Ерих Лудендорф** (Erich Ludendorff), кој во неговата последна книга **„Тотална војна“** („Der Totale Krieg“), објавена во 1936 година, директно го напаѓа Клаузевиц. Концептот за војната како продолжение на политиката тој, сакал да „го фрли во бездна“. Имено, тој смета дека модерните услови го наложуваат императивот политиката да биде продолжение на војната, која сега се подразбира како национална борба за преживување без никакви пречки.

Во контекст на дефинирањето на војната, исто така мошне значајно е и **Рајтовото** тврдење за војната. Во својот труд „Студија за војната“, тој вели: „војната може да се смета како истовремен конфликт на вооружените сили, на расположението на населението, на правните начела и на националните култури кои се толку

[13] Бејлис Џ., Смит С., Овенс П., „Глобализација на светската политика“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 214.
[14] Поопширно види кај Кревелд М., „Трансформација на војната“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 36-38.
[15] Исто, стр., 36-38 и натаму.

изедначени што конфликтот помеѓу нив доведува до максимално интензивирање на секои од тие фактори и на двете страни“.[16]

Според генералните ставови на марксистичкото учење за војната, коешто кај нас беше прифатено до распадот на поранешна Југославија, односно до распадот на реалсоцијализмот во светот, војната настанала при оној степен на развојот на човечкото општество кога тоа, врз основа на приватната сопственост, се поделило на две антагонистички класи: класа на експлоататори и класа на експлоатирани. Според марксистичкото учење ова е резултат на зголемените можности на човекот да произведе повеќе отколку што му било потребно за негова егзистенција, односно кога „човековата рака ја добила својата вредност“.[17]

Со анализа на сите овие дефиниции и размислувања за војната, се доаѓа до заклучок дека војната претставува облик на конфликт помеѓу општествата, кои заради остварување на своите политички цели користат исклучиво облици на насилство, во најголем дел вооружено насилство, кое е доминантно во текот на целиот вооружен судир. ***Сепак, можеме да ја земеме поопштата формулација за војната на Квинси Рајт, кој вели: „Војната претставува конфликт помеѓу политичките групи, посебно помеѓу суверените држави, и таа се изведува од страна на вооружените сили со значителна големина, во значителен временски период“.[18]***

### *3. Цел и начин на водење на војната*

За целосно разбирање на самата суштина на војната не е доволно само да се анализираат или да се толкуваат и интерпретираат искажаните дефиниции туку, напротив, потребна е многу поголема и поопширна елаборација на самата нејзина содржина за да може да се согледаат, односно да се разберат сите нејзини законитости, правила, видови, облици, димензии и манифестации. Војната претставува многу сложена општествена појава во која се испреплетуваат насилството, разумот и волјата на противникот, при што таа повеќекратно ја менува својата природа, за секој случај поединечно. Умерените политички цели на војната не ја ограничуваат самата војна во поглед на насилството, димензиите и областа на нејзиното ширење. Политиката е

[16] Поопширно види кај Кревелд М., „Трансформација на војната“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 36-38.
[17] Поопширно види кај Котовчевски М., „Национална безбедност на Република Македонија“ (трт дел). Македонска Цивилизација, Скопје, 2000 год., стр., 39.
[18] Бејлис Џ., Смит С., Овенс П., „Глобализација на светската политика“, Табернакул, Скопје, 2009 год,, стр., 223.

алката којашто го преобразува лицето на војната во поглед на ангажирањето на силите и средствата, а подоцна и манифестирањето на насилствата. Ако се направи анализа на војните кои се водени во минатото, ќе се дојде до сознание дека војните кои биле водени во минатото низ историјата на човештвото главно биле мотивирани од економски (борба за ресурси), но и од политички причини, без да ги земеме предвид овде и таканаречените верски војни.[19]

Сè до војните водени од страна на Наполеон (Napoléon Bonaparte) некаде до средината на XX век, во начинот на водењето на војните речиси немало поголеми промени во однос на нивното водење. Биле почитувани постојните правила и кодекси на водењето на војните. Војните коишто ги водел Наполеон донеле голема пресвртница во поглед на начинот на нивното водење. Сите потенцијали со коишто располагале завојуваните страни биле користени и искористувани до максимум. Во тоа време од страна на државите биле создавани огромни армии. Сè помалку се почитувал советот на кинескиот воен теоретичар од древна Кина, Сун Цу, **„дека непријателската нација не треба да се уништи“.[20]** Можеме да заклучиме дека позитивно дефинираните цели и принципи за начинот на водење на војните во минатото, каде што од завојуваните страни се почитувани основните кодекси на војувањето, подоцна биле трансформирани во крајно негативни и деструктивни елементи, придружени со девизата за **„целосно уништување на непријателот“**.[21] Таков класичен пример на масовно уништување и деструкција на живата сила и материјално-техничките средства, незапаметени во човечката цивилизација, имаме за време на двете светски војни.

„Кога се говори за целта на воените дејствија и, се разбира, за политиката која ги следи конкретните војни, тие се движат и варираат помеѓу две димензии:

- едната димензија е кога военото напрегање и динамизмот одат до крајни граници, следена со намерата да се остварат радикални решенија по пат на конечна пресметка во битката (радикална),
- и другата, којашто повеќе личи на одмерување на силите, во која конечната пресметка се заменува со концентрација и маневар на силите, а борбата за

[19] Георгиев, Г. (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистарски труд, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, Македонија.
[20] Поопширно види кај Нацев З., Начевски Р., „Војна мир и безбедност“, Македонска ризница Куманово, 2000 год., стр., 18 - 21.
[21] Исто, стр., 18 - 21.

живот и смрт отстапува место на потребата за земање и држење на некоја позиција (ограничена)“.[22]

Двете димензии на војната, радикалната и ограничената, речиси никогаш досега во историјата на војувањето не се наоѓале во чиста форма. Ниту едно водење војна или воен судир досега не се решавало во еден момент. Основната и главната цел на водењето на војната, која, пак, влијае врз сите донесени одлуки, е во настојувањето противникот целосно да се разоружи и да се извојува победа. Стратегијата е таа која при максималното напрегање на силите ги проценува мерките на секоја стратегиска замисла и го утврдува однесувањето што води кон целта, а таа го определува и чинот на војната во својата целокупност.

По Француската револуција, војните кои се водени се карактеризираат како современи војни, бидејќи стануваат речиси неограничени во ангажираните сили и средства. Војните стануваат целосно испреплетени со политика и се користат сè повеќе материјално-технички средства, при што разликата помеѓу различните видови војни станува сè помала. Војните се појавуваат и започнуваат тогаш кога едната од двете инволвирани страни во воениот конфликт сметат дека победата ѝ е осигурана. Нејзиното водење продолжува во голема мера поради националната гордост, а завршува дури тогаш кога едната или другата завојувана страна ќе биде целосно опустошена и деморализирана. Данган во оваа смисла истакнува дека **„Војната лесно се почнува, да се продолжи е скапо, а да се заврши е тешко“.**[23]

Војните кои се водат во денешно време во најголема мера се испланирани и се со одредена цел. За нивното водење мора да постои некаква однапред инспланирана цел. Не постои војна во човековата историја којашто е водена без да има цел. Целта што треба да се оствари со помош на водење војна треба да биде платена. Таквата цел вешто е спакувана од страна на владејачката елита во општеството во определен фонд на зборови што служи за основна комуникација помеѓу владејачката политичка елита и народот. На тој начин владејачката политичка елита го оправдува својот повод за започнувањето на војната пред домашната јавност, како и пред меѓународната заедница, барајќи алиби, причина за нејзино одобрување. Според зборовите на социологот Чарлс Тили (Charles Tilly), „војната ја создаде државата и државата ја

[22] Поопширно види кај Нацев З., Начевски Р., „Војна мир и безбедност“, Македонска ризница Куманово, 2000 год., стр., 18 - 21.
[23] Исто, стр., 18 - 21.

создаде војната“,[24] и државата, односно политичката елита која е на власт, мора да ја оправда својата страна за започнувањето на војната.

Во денешните развиени демократии, каде што јавното мислење на граѓаните силно се чувствува и се манифестира, прашањата поврзани за избувнувањето и водењето војна од страна на владејачките елити не се толку едноставни. Тие се тесно испреплетени и поврзани со јавното мислење во државата, при што во голема мера имаат силно влијание врз одлуките што треба да се носат или да се донесат од страна на политичките елити коишто ја водат конкретната држава, а кои ќе имаат силно влијание за започнувањето, водењето или завршувањето на воениот конфликт.

## *4. Теории за војната*

Во антиката, филозофот **Платон** (Plato) сметал дека војната е природна состојба на умот, а според **Аристотел** (Aristotle) војната е природен начин на стекнување имот. Овие размислувања се во контекст на војните што ги воделе тогашните робовладетелски држави.

Во средниот век црквата била најмоќниот феудален господар, а во исто време и носител на верската идеологија за која војните се божја волја, натприроден феномен на кој човекот не може да ѝ се спротивстави на таквата изразена „волја господова“. Во името на својот Бог, Црквата ги води Крстоносните војни. Повикувајќи се на својот Бог Црквата успеала вешто да го прикрие вистинскиот карактер на војните пред останатиот дел од тогашниот свет.

За време на буржоаскиот период се појавува едно пошироко објаснување за војната. Многу научници и филозофи се спротивставувале на војната како средство за постигнување на целта и се бореле против таквото размислување, верувајќи во тоа дека здравиот човечки ум може да ја спречи војната.

Во овој буржоаски период се појавуваат три сосем различни теории за војната и тоа:

- *Идеалистичка теорија за војната*,

Многу буржоаски идеалисти го објаснуваа потеклото на војната со биолошки причини (Социјал-дарвинизам). Тие ја споредуваа војната со законите кои владеат во

[24] Види поопширно кај Бејлис Џ., Смит С., Овенс П., „Глобализација на светската политика“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 215.

светот на животните, каде што посилните ги јадат послабите, и веруваат дека војната е услов за социјална егзистенција, иста каква што е борбата во природата, и дека претставува услов за постоењето и опстанокот на индивидуите во неа.

**Томас Хобс** (Thomas Hobbes) ја објаснувал неизбежноста од војни само поради човековата природа, а воената состојба е единствен закон во односите помеѓу државите и владите.

**Готфрид Вилхелм Лајбниц** (Gottfried Wilhelm Leibniz) сметал дека вечниот мир не е возможен во овој свет, и дека доколку би постоел ќе доведе до умртвување на природата и до необновување на животот, како и до доцнење во развојот. Војната, борбата за опстанок е инхерентна човечка состојба затоа што е во основите на постоењето на човекот, како и во основите на секое друго живо суштество, и поради тоа човек на човека му е волк.

Расната теорија е најгруб вид на биолошка теорија, затоа што причините за војна ги објаснува со природните нееднаквости. Во оваа расна теорија се истакнал германскиот најреакционерен идеолог **Ниче** (Friedrich Wilhelm Nietzsche) која ја истакна превласт на ариевската раса.[25]

- *Етичка теорија за војната*,

Етичките теории за војната (Хегел, Прудон, Фулер и др.) застапуваат став дека војната е прогресивен феномен кој позитивно влијае на моралот на луѓето и народите, и без која не може ни да се замисли постоењето и развојот на општеството, бидејќи моралната состојба на народите придонесува за величење на личностите и нациите на коишто им е предодредена историската улога. Војната ги чува народите од распаѓање и претставува најдобар начин за лекување на народите.

Англискиот свештеник **Малтус** (Thomas Robert Malthus) развил теорија со која тврдел дека војната е неизбежна општествена појава, која има за цел да го ограничи прекумерното зголемување на населението (бидејќи го уништува вишокот население) и ја одржува природната рамнотежа помеѓу средствата за живот и бројот населението на Земјата. Неговиот главен интерес бил да го привлече вниманието кон можните

[25] Нацев З., Начевски Р., „Војна мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год.,

опасности од постојаниот раст на населението: *„Моќта на населението е бескрајно поголема од моќта на Земјата да произведе средства за живот за човекот“.*[26]

- *Геополитичка теорија за војната,*

Во XX век се родила новата геополитичка теорија за војната како обид да се оправдаат империјалистичките војни (Haushofer, Mekinder и др). Застапувачите на оваа теорија го објаснуваат потеклото на војната со географската положба на некои нации, со намалувањето на нивниот животен простор и нивната борба за простор и потребата за промена на границите. Геополитика и денес се користи често за да се оправдаат воените подготовки.

- *Реалистичка теорија за војната,*

Поддржувачите на оваа теорија сметаат дека војната претставува нешто што не може да се избегне во меѓународните односи, притоа респектирајќи го целосно балансот на моќта помеѓу државите. Според гледиштето на рационалистите, војната е неопходна и не може да се избегне, и таа претставува рационална опција на надворешната политика на државата.

- *Марксистичка теорија за војната,*

За марксистите појавата на војната е неминовна и неизбежна, сѐ додека светот претежно е со капиталистичко уредување. Тие сметаат дека економската придобивка е главната причина за појавата на сѐ поголемиот број на војни кои во денешно време стануваат сѐ почести и покрвави.

- *Плуралистичка теорија за војната,*

Поддржувачите на оваа теорија се спротивставуваат на предлогот на марксистите за тоа дека војната е неизбежна карактеристика на меѓународната политика во светот на капитализмот, како и на поддржувачите на реалистичката теорија дека војната е неизбежна карактеристика во меѓународната политика. Плуралистите тврдат дека ширењето на демократијата и на меѓународната зависност даваат надеж за искоренувањето на војните водени помеѓу државите, што, пак, гледано од денешен аспект е сѐ помалку вообичаено.

- *Конструктивистичка теорија за војната,*

[26] Нацев З., Начевски Р., „Војна мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год.,

Според конструктивистите, воените конфликти полесно се објаснуваат преку културните судири отколку преку апстрактните концепти какви што се вакуум на моќта, економска структура на светот или отсуство на демократија.[27]

- *Други теории за војната,*

Освен овие теории, се појавуваат и некои други правци кои го објаснуваат потеклото на војната, а тоа се *субјективизам* (војната е трагедија на грешки), *космополитизам, пацифизам* и така натаму.

Сепак, најпознат теоретичар за војната во денешно време, како што напоменавме претходно во овој труд, е Карл фон Клаузевиц. Клаузевиц го напишал делото „За војна“, во кое тој ги објаснува своите ставови за односите помеѓу политиката и војната и го одредува поимот апсолутна војна. За него поимот борба се поистоветува со поимот на војна, каде што употребата на вооружени сили не е ништо друго туку организација на голем број битки. Клаузевиц ја сметал одбраната за посилен вид борба од нападот, бидејќи, според него, војната почнува со одбрана - ако нападнатиот не се брани, не може да дојде ни до војна. Оваа теза Клаузевиц ја извел од тактиката и ја пренел во стратегија, што било прилично необично во тогашно време, па поради ова бил многу критикуван од страна на теоретичарите.

## *5. Причини за војни во современиот свет*

Започнувајќи од времето на Сун Цу па до денес, војната универзално се смета за човечка катастрофа, а денес, во нуклеарно време, и за сериозна закана за опстанокот на целиот човечки род. Теоретичарите понекогаш се расправаат околу тоа дека војните се уникатни настани и дека постојат многубројни причини за избувнување на војна.[28] Уште од самото постоење на војната теоретичарите ја истражувале и ја проучувале војната со една единствена цел: да ги откријат нејзините причинители и да можат да ги отстранат. Тие верувале дека првиот чекор кон отстранување на војната е да се пронајдат нејзините причинители. Со самото тоа кога би ги откриле причините за војната ќе можеме да го најдеме и решението за нејзино отстранување.[29]

---

[27] Види поопширно кај Хју П., „Поим за глобална безбедност“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 61 - 67.

[28] Бејлис Џ., Вирц Џ., Греј К., Коен Е., „Стратегија во современиот свет“, Нампрес, Скопје, 2009 год., стр., 20/21.

[29] Исто, стр., 20/21.

Сепак, според дефиницијата, војната е општествена активност која се заснова на некој вид организација. Поради тоа, идејата дека таа е средство за продолжување или одбрана на некој вид интерес, без разлика на тоа дали станува збор за политички, правен, религиозен или некаков друг интерес, може да се примени во општеството како целина.

Видовме дека двата главни елемента на универзумот на Клаузевиц се фактите дека војната неопходно се води од државата и во името на државата и дека таа неопходно се стреми кон употреба на неограничена сила. Третиот главен постулат на војната е нејзината завршница, односно продолжувањето на политиката со примена на други средства.

Идејата дека војната е слуга на политиката толку добро ги опишува модерните конфликти што многумина денес не можат ни да ја замислат нејзина алтернатива. ***„Војната е точка каде што човековиот разум престанува“.***[30]

Во утврдувањето на причините што доведуваат до водење војни во современи услови, од аспект на полемологијата, ќе утврдиме три основни групи причини кои егзистираат на глобален план:

1. „*Основни причини што доведоа до водење војни во периодот од завршувањето на Втората светска војна до распадот на реалсоцијалистичкиот систем и Варшавскиот договор.*

- Причини за водење на антиколонијалните војни,
- Причина за војна како последица од егзистирањето на глобалната идеолошка конфронтација помеѓу Истокот и Западот,
- Вооруженото изведување на социјалистичките револуции, Кина 1945-1949 година и Куба 1953–1959 година,
- Причини за водење војни како продукт на неправилното територијално и национално разграничување помеѓу државите.“[31]

2. „*Основни причини што доведоа до водење на војни во актуелната констелација на меѓународните односи – актуелното меѓународно безбедносно опкружување,*

---

[30] Кревелд М., „Трансформација на војната“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 125.
[31] Котовчевски М., „Национална безбедност на Република Македонија“ (трет дел). Македонска цивилизација, Скопје, 2000 год., стр., 52/53.

- Континуитетот на причините што го одбележа изминатиот период на водење војни,
- Војни што се водат како последица на распаѓањето на реалсоцијалистичкиот систем и на Варшавскиот договор, но и во другите делови на светот,
- Војните што се водат против диктаторските и другите тоталитарни системи во земјите на третиот свет,
- Водење војни (воени интервенции) од страна на ООН заради зачувување на меѓународниот мир и безбедност (Заливската војна) “.[32]

3. „*Основни причини што ќе доведат до водење на војни во блиска иднина.*

- Причини коишто се продукт на континуитетот на причините што обусловуваа појава на актуелните војни,
- Причина за нови војни како последица на воспоставувањето на новиот светски поредок од страна на единствената супер сила во светот,
- Причина за војни врз спротивставени цивилизациски основи,
- Војни за прераспределба на животниот простор и на стратегиските природни ресурси (вода, нафта, природен гас, разни минерални суровини и сл.).“[33]

Целосното расветлување и изучувањето на овој прастар феномен „од кој зависи животот и смртта на државата“ претставува континуирана и неопходна грижа на сите современи држави во светот. Подоброто запознавање со природните законитости на војната целосно е во функција на обликување на научно заснованата парадигма на современата безбедност на ниво на суверена држава и на ниво на целокупната меѓународна заедница[34].

Војните водени во минатото претежно биле поврзани за територии, а со самото тоа и за пристапот до ресурси. Имајќи ги предвид денешните современи војни и идните војни, како што вели Фукујама (Fukuyama), ќе се водат околу нафтата, емиграцијата и новиот светски поредок. Со други зборови, третата причина за избовнување на војни и судири ќе биде многу позначајна затоа што опфаќа доста широк спектар на активности

[32] Котовчевски М., „Национална безбедност на Република Македонија“ (трет дел). Македонска цивилизација, Скопје, 2000 год., 52/53.
[33] Исто, стр., 52/53.
[34] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

за отпочнување на војни, а во интерес на неолибералната демократија. Исто така можеме да потврдиме дека политиката на сила ќе доминира во новиот свет и ќе има приоритетно значење и во иднина. Развојот на современата воена техника и технологија, благодарение на науката, во целост ќе ја измени природата на организирањето и водењето на војните. Можеме со сигурност да констатираме дека идните војни ќе бидат војни водени за територии богати со природни ресурси кои ги поседуваат земјите на таканаречениот „земји од третиот свет“. Основните причини што може да доведат до војни што ги спомена Фукујама (Fukuyama) можеме да ги надополниме уште со неколку други причини за војни кои во иднина би претставувале потенцијална закана за севкупниот светски мир.

*Првата причина* се состои во тоа дека со непостоењето на светска влада нема да постои систем на глобален план кој ќе може да ги спречи државите да не војуваат помеѓу себе.

*Втората причина* е поврзана со неправилната перцепција на група луѓе или индивидуи кои ќе успеат да го наметнат своето лично видување за некои земји (на пр. Ирак), со што без двоумење ќе тргнат во „воени авантури“ кон земјите за кои претпоставуваат дека се „непријатели на светскиот мир“.[35]

*Третата причина* е недостигот на владини авторитети со моќ, неспособни да ја контролираат ситуацијата во земјата, кои вообичаено завршуваат со етнички чистења или граѓанска војна, па така постои можност од дестабилизација и на регионот во кој земјата географски припаѓа.

Од досега изложеното може да се запрашаме дали во иднина државите повеќе ќе се соочуваат со ризиците и опасностите кои се последица од „туркањето“ на новиот светски поредок поврзан со процесите на глобализација и глобализирани општества, односно колку глобалните процеси продуцираат војни и судири. Одговорот на пршањата ќе го проследиме преку анализите на авторот Бауман (Baumann), кој говори за два типа на војни. Едните ги нарекува „глобализирани војни“, а другите, „војни подредени на глобализацијата“. Во тој контекст, авторот го прецизира првиот тип на војни како војни кои се водат во името на постулираните меѓународни односи кои во практиката се претставени и создадени ad hoc и се зависни од регионалните коалиции и

[35] Во 2002 година САД и Велика Британија си дозволија да го нападнат Ирак, бидејќи наводно развивал оружје за масовно уништување. Тоа беше причината за Претседателот на САД Џорџ Буш да добие овластување од Конгресот и да посегне по воена сила. Види во: Чомски Н., Интервенции, Култура, Скопје 2007.

заинтересираните партнери. Отсуството на авторитет на меѓународните политички институции е причина за изведување воени операции проследени преку правилото на дејствување познато како „закон на посилниот“. Но, од друга страна, некои земји ги покажуваат „сопствените мускули“ и слобода на дејствување во име и одбрана на меѓународниот поредок. Како што вели Бауман, целта на глобализираните војни е отстранување на пречките од патот кои го попречуваат реализирањето на неолибералниот метод, односно денес се започнува војна заради отворање на досега затворените територии за глобално движење на капитал, пари и стоки.[36]

Вториот тип на војни според Бауман, познати како војни препородени од глобализацијата, говори за тоа дека процесите на глобализацијата ги рушат постојните граници на народите и ја минимизираат нивната моќ, при што придобивката е да се насочат во прегратките на земјите-предводници на овие војни. Но рушејќи ги постулатите во многу земји, а во име на економските придобивки и на воспоставувањето единствен светски систем кој истовремено не е прифатен од повеќето земји, глобализацијата кај нив предизвикува незадоволство и несигурност, а следствено на тоа и низа судири и нееднаквост. Така, последиците од меѓуетничките војни, геноцидот и појавата на терористички акти авторот ги определува како војни кои се појавуваат како резултат на глобализацијата.[37] Според некои истражувачи, економскиот напредок, а не политиката е генераторот на новите војни, така што војната стана еден вид продолжување на економијата, но со други средства.[38]

Од досега елаборираното, можеме да ги идентификувавме сличностите и шаблоните меѓу причините за војна за да можеме да ги групираме причините под наслови какви што се човековата природа, природата на државите и структурите на меѓународниот систем.[39]

## *5.1 Човековата природа како причина за војна*

Голем број научни трудови кои ја обработуваат проблематиката поврзана со војната, како една од основните причини за појава на војна ја потенцираат и истакнуваат несовршеноста на човечкото суштество, односно ова претставува една од

---

[36] Види поопширно кај Бауман З., „Воините в ерата на глобализацијата“, Социологически проблеми, София, 2001 год., стр., 5 – 25.
[37] Исто, стр., 5 - 25.
[38] Бејлис Џ., Смит С., Овенс П., „Глобализација на светската политика“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 223.
[39] Исто, стр., 20.

основните причини за појава на војна. Војната како нај деструктивна димензија на човековото однесување произлегува од неговата вкоренета воинствена природа. Човекот не може да дејствува и да ја промени својата природа, ниту својата агресивност, која исто така му е вродена. Човековите несовршеност и агресивност во групниот живот се причина за појавата на војни.[40]

Гледано од аспект на политичките елити, војната всушност може да биде средство за стекнување или за зачувување на политичките цели, иако едно подлабоко и поопсежно истражување речиси со сигурност ќе покаже дека нивната претпоставена рационалност е само тенка маска која ги покрива другите помалку свесни мотиви. Каков и да бил случајот, во најголемиот дел од војните кои се одвивале досега, огромното мнозинство од борците веројатно воопшто не биле свесни за природата на политичките идеи за кои требало да се војува. Доколку тие би ги разбирале таквите идеи, тогаш врската меѓу нив и факторите што ја формираат борбената сила на армијата повторно нема да биде едноставна. Политиката на една организирана заедница никогаш не е идентична со целите на поединците кои ја сочинуваат. Само во екстремниот случај на војна, интересите на заедницата се пренесуваат директно во животот на поединците, но дури и тогаш, преклопувањето не е секогаша апсолутно.[41] Кант истакнува дека од една страна се припадниците на светот на чувствата, а од друга на разбирањето. Токму поради припадноста на првиот сегмент, истакнува Кант, импулсите и наклоностите надвладуваат над разумот, така што во природна состојба владеат судирот и насилството. Русо, во однос на оваа прашање, бил уверен дека човечките суштества најчесто не дејствуваат врз темелите на разумот туку најчесто се раководат од чувствата. Често се среќаваат тврдењата дека човековата злоба и несоодветното однесување водат кон војна.

Во рамките на оваа теорија, раширено е мислењето дека изворите на судирите не се толку во човековиот ум туку се во природата на општествените состојби и активности. Монтеские, Русо, Спиноза и Кант изведуваат заклучок дека проблемот не е кај актерите туку во ситуациите со кои тие се соочени. Се тврди дека со луѓето во природна состојба управуваат „инстинктите“, „физичките импулси“, и „правото на желба“, а слободата е ограничена само со силата на поединецот. Штом човекот ќе

[40] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[41] Кревелд В. М., „Трансформација на војната“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 190.

влезе во општествена состојба, тој го губи чувството за својата слабост, еднаквоста престанува, почнува состојба на војна. Иако човековата природа во основа е миру љубива, таа во општеството се преобразува во воинствена. Преминот од природна во граѓанска состојба, вели Русо, предизвикува мошне значајни промени кај човекот. Така, правдата ги заменува инстинктите на неговото однесување, притоа давајќи им моралност на неговите дела, која порано им недостасувала. Кога човекот влегува во граѓанска состојба се напушта природната слобода, таа станува граѓанска слобода, а поседувањето се трансформира во сопственост. Институтот на приватната сопственост предизвикува отуѓување на луѓето од нивната првобитна слобода и среќа и ги прави поткупливи. Со тоа се создаваат нееднаквости, класна раслоеност, се инаугурира правото базирано на сила, а владејачката елита ја зголемува својата моќ по пат на војна.[42]

Дури и ако луѓето првобитно знаат за што треба да се борат, одолговлечен конфликт означува сè освен гаранција за тоа дека првичните цели нема да бидат заборавени, како и дека средствата ќе ги заземат местата на целите. Совршен приказ за тоа како функционираат работите имаме во битките на Александар III Македонски. На заминување, македонските селани кои ја сочинувале неговата армија се чуделе што прават, па очигледно заклучувајќи дека не прават ништо посебно, одлучиле да останат дома. Во моментот кога македонската армија ги поминала Дарданелите (порано познати како Хелеспонт) и дејствувала на непријателска територија, тоа прашање веќе не било важно. Следејќи го својот заповедник до крајот на цивилизираниот свет, но и понатаму, трупите марширале и се бореле не за ваква или онаква цел, туку затоа што марширањето и борењето станале работи од коишто се состоел нивниот живот. Доколку судиме според повеста на Аријан, Александар бил мошне свесен за тоа дека неговите настојувања биле, во краен случај, настрана од каква било „реалистичка“ политика. Колку повеќе се оддалечувал од Македонија, ова станувало сè повеќе вистинито. Откако ја уништил персиската империја и го соборил Дариј, Александар Македонски постојано и постојано ги напаѓал далечните варварски племиња, не за што тоа било дел од неговите планови туку само затоа што тие и нивните засолништа имале репутација на нешто многу тешко за освојување. На патот кон Индија, тој се соочил со фактот дека трупите се заморени и го молат да се вратат дома. Тој употребил секакви

[42] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

аргументи за да ги разубеди, наведувајќи ги претходните достигнувања и ветувајќи им идни награди како дополнување на оние што веќе ги имале. Откако сè било безуспешно, на крај му останало само да ја искаже својата последна молба: „Работата“ рекол тој, „ сè додека е благородна, самата по себе е цел“.[43] Од времето на Александар, па сè до денес, десетгодишниот поход со постојани победи имаше судбина да не биде спореден со ништо друго во историјата; но кога еднаш веќе било поставено прашањето „Зошто?“, потребни биле само неколку дена за сè да се заврши.[44]

Пред воспоставувањето на општеството луѓето ги имале развиено недостатоците какви што се гордоста и зависта, бидејќи во раната фаза на природната состојба тие биле дисперзирани на широк простор. Ако некогаш случајно доаѓале во контакт, свеста за слободата и немоќта ги наведувала да се откажат од меѓусебно напаѓање. Како што се зголемувал бројот на населението, во комбинација со природните несреќи и катастрофи, соработката станувала потребна, но доаѓало и до судири. Недовербата и непосредниот интерес надвладувал над обѕирите дури и во ситуација на некоја заедничка акција за која била постигната согласност околу целта и интересот за остварување на некој ангажман.[45]

Ова се главните сегменти на толкувањата поврзани за човековата природа како основен извор на доброто и злото, односно како причина за појава на насилство и избувнување на војна.

## *5.2 Внатрешната организација на државата како причина за војна*

Основната појдовна претпоставка врз којашто се базира оваа парадигма е дека внатрешната организација на државите е клуч за разбирањето на војната и мирот. Причините за војната се наоѓаат во структурата на поединечната држава и тоа претставува доминантен фактор во причинско-последичната низа што води кон конфликт, односно до воен судир. Недостатоците коишто се појавуваат внатре во државите предизвикуваат војни помеѓу нив. Природата на посебните држави е основен извор за конфронтирање. Доминантниот рецепт за отстранување на војната, според ова тврдење се наоѓа во подобрувањето на самите држави. Низ реформа на државите војните може да се намалат, па дури и да се елиминираат засекогаш. За тоа е потребно

[43] Видин поопширно кај Кревелд В. М., „Трансформација на војната“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 191.
[44] Исто, стр., 191.
[45] Нацев З., Начевски Р., „Војна, мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год., стр., 44/45.

сите држави да се „поправат“ до она ниво до коешто ќе почнат да дејствуваат според мирољубиви начела кои може да бидат универзални и без судири. Се тврди дека војните се производ на добри и лоши држави. Но, што е тоа што треба да се направи за државите од постојната состојба да се трансформираат во некоја замислена, пропишана состојба? Всушност, доминантното прашање е: на кој начин треба да се промени структурата на државата и која дефиниција за „добра“ држава ќе послужи како стандард? Во оваа смисла се посочуваат разни содржини што би требало да бидат предмет на реформи. Така, Маркс сметал дека е тоа сопственост врз средствата за производство, Кант решението го гледал во сферата на правтото на либералот, Вилсон во националното самоопределување и воспоставувањето модерна демократска организација. Секој од нив верувал дека пропишаните реформи се доволна основа за воспоставување мир во светот. Очигледна е разликата во однос на понудените содржини, но она што е заедничко кај сите е верувањето дека светскиот мир ќе следува само ако државата битно се реформира.[46]

Од друга страна, Кант верувал дека државите кои по облик се републики доброволно ќе се сложат со нив да управуваат кодекси на закони, или, пак, овие кодекси на однесување ќе ги формираат самите држави. Кант, меѓу другото, истакнува дека со давањето директно право на глас на оние што страдаат во војните драстично би се намалила зачестеноста на војната. Основна цел на Кантовата политичка филозофија е да се создаде надеж дека сите држави можат доволно добро да се поправат и да научат доволно од воените страдања и разурнувања. На тој начин би се направило можно владеење на законот каде што не постои принуда, сила, туку доброволно се почитува. „Силата“ потребна за наметнување на законот, според него, произлегува не од надворешните санкции туку од внатрешното совршенство. Убедувањето на Вилсон е дека националното самоопределување ќе ја произведе демократијата, а демократијата по дефиниција е мирољубива. Според Вилсон, главни виновници за војната се милитаризмот и автократијата, додека демократијата е фундаментално пацифистичка. Спиноза сметал и верувал дека државите се слични на луѓето. Нивната постојана желба за остварување на животот се судрува со постојаната неспособност да ги средат своите работи според диктатот на разумот. Државите се сепак тие што можат да се погрижат и да се организираат против сеопфатното угнетување, додека поединците тоа не можат

[46] Види поопширно кај Нацев З., Начевски Р., „Војна, мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год., стр., 54 - 56.

да го направат бидејќи се „обземени со секојдневен сон, често и со болеста, и на крај со староста“.[47] Пред воспоставување на државата, поради несигурноста и насилството, шансите за морално однесување се сведени на минимум. На луѓето им треба сигурност на законот, за да биде можно какво било подобрување на животот, односно на моралниот живот. Граѓанската држава го прави можен етичкиот живот на поединецот штитејќи го правото кое логички му припаѓа во природна состојба. Меѓу другото, мир помеѓу државите, како и мир во државите е битен развој на единствените човечки способности.[48] Јавниот дух или приврзаноста кон државата истакнува Русо, е нужна основа за добра држава. Него повеќе го загрижувало политичкото опкружување и квалитетот на државите. Според него, власта создава предуслови за мир. Количеството сила потребна да го одржи општеството сплотено се разликува во однос на хетерогеноста на елементите од кои таа се состои. Совршено добри држави или луѓе нема да прават зло во рамките на ефикасна организација каде што штетното девијантно однесување не е допуштено. Притоа треба да се има предвид дека некои држави повеќе прибегнуваат кон мир отколку други. Русо се прашува дали тоа значи дека зголемувањето на мирољубиви држави ќе ја гарантира надежта дека периодот помеѓу големи војни може да се продолжи. Хобс потенцира дека животот во природни услови (каде што владеат законите на природата) е невозможен, па затоа луѓето се свртеле кон државата со цел колективно да ја најдат сигурноста којашто не се способни да ја пронајдат индивидуално. Државата мора да биде силна, при што луѓето во нејзини рамки мора да жртвуваат некоја слобода ако сакаат да уживаат каква била слобода, со истовремено задоволување на основниот импулс за преживување.[49]

Голем дел од проучувачите на оваа проблематика веруваат дека човекот, општо земено, е добар. При тоа, иако индивидуалното однесување може да биде себично ориентирано, сепак, сè уште владее природна хармонија, која не води кон војна на сите против сите туку кон стабилно, уредено и напредно општество (држава), така што потребата за интервенции од власта е минимална. Со оглед на тоа што војната претставува употреба на најголемо насилство заради остварување општествена цел, концептите какви што се моралот, правото и правдата едвај влегуваат во неа, ако воопшто и влегуваат. Древната мудрост вели дека она што за еден е мајка за друг е

---

[47] Види поопширно кај Нацев З., Начевски Р., „Војна, мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год., стр., 54 - 58.

[48] Исто, стр., 54 – 58 и понатаму.

[49] Исто, стр., 54 – 58 и понатаму.

маќеа; способноста да се одлучи што претставува „објективна“ правда им е допуштена на боговите, а не на луѓето. Сепак, би било цинично, а и некоректно, да се тврди дека сите каузи се создадени еднакви. Некои каузи се, несомнено, поправедни од другите, како во однос на својата сопствена природа така и во однос на методите што се користат во војувањето, пропагандата и теророт.[50]

### *5.3 Меѓународниот систем како причина за војна*

Голем број теоретичари, школи и доктрини ги лоцираат причините за војната во самиот меѓународен систем каде што државите опстојуваат како единки во тој систем.

Теоријата според која државите во речиси сите околности ќе се стремат за остварување на сопствен егоистичен интерес е општо позната како теорија на политички реализам.[51] Кај реалистичкиот пристап доминира тезата дека меѓународниот систем на држави е анархичен и дека во водењето на националната политика, државата треба да се раководи врз основа на националните интереси определени во смисла на моќта. Темелите на теоријата на меѓународните односи, којашто ги покрива подрачјата на националната и меѓународната безбедност, се наоѓаат уште во антиката. Најистакнат реалист и поддржувач на оваа теорија, секако, е Николо Макијавели (Niccolò di Bernardo dei Machiavelli). Според Макијавели, „моќта на една држава и силата со којашто располага таа претставуваат единствено средство за опстанок на една држава“.[52] Државата мора постојано да се вооружува за да ја задржи својата моќ и да ја надмине моќта на некоја друга држава, а со самото тоа би се зголемила моќта на одвраќање од евентуални воени судири во иднина.

Жан-Жак Русо (Jean-Jacques Rousseau) се прашувал: зошто државите се склони повеќе кон деструктивни појави како водење војни и самоуништување, а не кон развој на своите економии и заедничка благосостојба? Според Русо, проблемот е во природата на самиот систем на државата. Немајќи некој таканаречен централен авторитет кој би успеал да воспостави ред и законитост на меѓународно ниво, војната и водењето војна претставува единствена алтернатива. Во однос на ова, Русо истакнува дека постојаното одржување на моќта на една држава е гаранција за нејзин опстанок при непредвидливата природа на околностите. Но ова чувство на загрозеност само ја потхранува заемната недоверба меѓу државите, па затоа тие се стремат кон постојано

[50] Кревелд М., „Трансформација на војната“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 192.
[51] Види поопширно кај Нацев З., Начевски Р., „Војна, мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год., стр., 54-58.
[52] Исто, стр., 54 – 58 и понатаму.

вооружување и зголемување на својата моќ. Оваа предизвикува сомнеж кај другите држави за тоа дека зголемувањето на моќта на државата е заради самоодбрана, при што и другите држави го следат примерот и ја зголемуваат својата моќ. Како резултат на таквата недоверба се јавува натпревар во вооружување. Притоа вооружените судири не настануваат поради отворената намера на државите да војуваат навистина туку поради недостиг на организирана сила која успешно би ги спречила избувнувањето и водењето на војни.[53] На овој начин се создава една состојба на рамнотежа на сила. Единствено рамнотежата на сила го овозможува мирот и го заменува судирот како постојан процес. Врз законитостите на таа рамнотежа државите создаваат правни и морални норми на однесување со кои ги регулираат меѓусебните односи.

[53] Види поопширно кај Нацев З., Начевски Р., „Војна, мир и безбедност“, Македонска ризница, Куманово, 2000 год., стр., 54-58.

## II ДЕЛ

### *ГЛОБАЛИЗАЦИЈА*

Дебатите и различните толкувања за глобализацијата честопати се поврзани со прашањата поврзани со дефинирањето на глобализацијата. Разни теортичари ја опишуваат глобализацијата како „платформа на капитализмот“ или „доцен модернизам“ без специфизирање на содржината на тие фрази.[54]

Денес сме сведоци на тоа дека во секојдневната комуникација помеѓу државниците, политичарите, постојано се употребува поимот глобализација, а истовремено малкумина го знаат вистинското значење на овој поим. Имајќи го предвид фактот дека глобал значи целост, глобален е сеопфатен, тогаш глобализмот ќе претставува начин на гледање на настаните и проблемите глобално.

Робертсон (Roland Robertson[55]) го дели временскиот пат на глобализацијата во пет фази:

- „Првата фаза, или **ембрионална** фаза, започнува од почетокот на XV век и трае до средината на XVIII век,
- Втората фаза, или **почетна** фаза, започнува од средината на XVIII век и трае до 1870 година,
- Третата фаза, или **имитирачка** фаза, започнува од 1870 г. и трае до средината на 1920 година,
- Четвртата фаза, или **борба за хегемонија,** започнува од 1920 година и трае сѐ до доцните 60-ти години од претходниот век,
- Петтата фаза, или **неизвесна** фаза, започнува во доцните 60-ти години и трае до ден-денес.[56]

**Роланд Робертсон** (Roland Robertson) верува дека глобализацијата, и покрај различните концепти, најдобро е сфатена во смисла на единственоста на светот, светот како целина. Феноменот глобализација бара интердисциплинарен пристап преку меѓународните односи. Глобализацијата како концепт е поврзана со компресијата на светот и подигнувањето на свеста за светот како целина. Овој процес и активност трае неколку векови, но главниот фокус на дискусијата на оваа тема до неодамна беше во

[54] Види поопширно кај Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје, 2008 год., стр., 41.
[55] Sholte J., Robertson, R., „Encyclopedia of Globalization“, Routledge, London, 2006.
[56] Исто.

доминантна фокусна точка на овој процес и го сочинуват националните компании, меѓународниот систем, одредени поединци и човештвото во целина.

**Џејмс Н. Росенау** (James N. Rosenau) верува дека при споменувањето на глобализацијата честопати се мешаат поимите, така што глобализацијата често се поистоветува со термините светско општество, меѓузависност, светски систем, глобализам, универзализам, интернационализам итн. Глобализацијата едноставно претставува проширување на границите и овозможување слободно движење на луѓе, стока, информации, норми, додека локализацијата е зајакнување на границите со блокада, или спречување на движењето на луѓе, стока, информации, норми, итн.

Глобализацијата може да се дефинира како концептуален социолошки процес чијашто историска компонента се претпоставува дека започнала со првите почетоци на развојот на човечкиот род. Глобализацијата почнала да се интензивира со самиот почеток на индустриската револуција. Глобализацијата бележи особено забрзување во втората половина на XX век, кога почнува и постепената употреба на овој термин. Нејзина битна компонента е технолошкиот развој, кој овозможува компресија или намалување на светот во просторот и времето, со импликации за квалитативни и квантитативни промени во економската, политичката и културната сфера во развојот на човештвото, што се манифестира преку условите на создавање глобална економија, глобален пазар, глобална заедница и слично.[57]

Досегашните искуства од спроведувањето на глобализацијата во голема мера се позитивни. Ова искуство можеме да го поткрепиме со постојаниот развој на демократијата во глобализираните општества, економски раст на општествата, зголемена безбедност и сл. Но, покрај позитивните процеси не изостануваат ниту негативните, кои, пак, предизвикуваат негативни последици кои се составен дел на глобализацијата. Класичен пример претставува наметнувањето модел на политички систем во дијаметрално спротивни политички системи и во различни општествени услови. Постојаното продлабочување на јазот помеѓу богатите и сиромашните земји, експлоатацијата на природните ресурси од страна на развиените земји несомнено предизвикаа и појава на најголемото општествено зло денес - тероризмот.

Суштински елементи на глобализацијата претставуваат интеграцијата, поврзаноста и меѓузависноста, кои секојдневно се сѐ поизразени и постојано се

[57] Турек Ф., „Глобализација и глобална сигурност“, Интерланд, Вараждин 1999 год., стр., 24/25.

развиваат. На ваквата состојба денес укажуваат актуелните трендови кои се обележје на денешното глобализирано општество, а тоа се:

- Постојано зголемување на меѓународната трговија;
- зголемен проток на информации, незапаметен во човековата историја;
- поголема културна размена;
- ерозија на националниот суверенитет;
- пораст на меѓународниот туризам;
- зголемена миграција;
- зголемена улога на меѓународните институции и организации.

Оваа меѓусебна поврзаност и зависност во глобализираните општества неминовно доведе до зголемување и на безбедносните ризици, кои станаа нераскинлив дел од процесот на глобализацијата.

Последиците од глобализацијата врз националните држави и културниот идентитет на народите се аспекти на глобализацијата кои се во основата на многу дефиниции со кои се прави обид да се објасни терминот глобализација.[58]

Проучувањето на различните пристапи и анализа на процесот на глобализацијата овозможува стекнување пошироки и покомплексни сознанија за дилемите што ги создава глобализацијата. Користејќи различни критериуми и алтернативни пристапи, одделни автори се обидуваат да проникнат во овој сложен феномен. За полесно и посуштинско разбирање на глобализацијата ќе се осврнеме на неколку теоретски пристапи што ги даваат нејзините застапници.

Еден од нив е Давид Хелд (David Held), кој прави класификација и анализа на процесот глобализација преку неколку тези, и тоа:

а) хиперглобалистичка,

б) скептичка,

в) трансформационистичка теза.

---

[58] Милевски Т., „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008 год., стр., 79.

Според застапниците на хиперглобалистичката теза, кои имаат изградено став дека глобализацијата е современ процес кој се карактеризира со глобална политика и глобална економија. Се работи за процес кој е неизбежен и претставува „нужност која не зависи ниту од волјата ниту од изборот“.[59] Исто така, приврзаниците на оваа теза тврдат дека епохата на глобализацијата не може да биде сопрена или изменета со човечка интервенција, особено не од традиционалните политички институции каква што е државата, односно, според нив, овој процес ќе доведе до крај на националната суверена држава, за што главни „виновници“ се капитализмот и технолошко-информатичкиот напредок. Притоа, на културен план ќе дојде до хомогенизација на културата и до појава на нова глобална цивилизација.[60]

Хиперглобалистите констатираат дека ќе се зајакне улогата на недржавните економски авторитети какви што се ММФ (International Monetary Fund (IMF), транснационалните корпорации, СТО (World Trade Organization (WTO), СБ (World Bank) (WB) и други, кои ќе успеат да ги претворат националните економии во свои подредени единици. Исто така, според ова гледиште, моќта на државата во меѓународни рамки е минато и владите на државите ќе чувствуваат поголема одговорност кон националните политички и економски организации и институции отколку кон своите граѓани. Застапниците на оваа теза ја сведуваат глобализацијата првенствено на економија, маргинализирајќи ги останатите важни сфери.

Како противници на погоре посочената теза се јавуваат застапниците чиешто мислење не е насочено кон „благодатите“ од процесот на глобализацијата. Тоа се таканаречени „скептици на глобализацијата“, кои тврдат дека економската димензија на глобализацијата е мит и дека светот денес е помалку интегриран од времето пред Првата светска војна, односно дека процесот на глобализацијата доведе до регионализација и создавање на повеќе финансиски и трговски блокови, какви што се европскиот, пацифичко-азискиот и американскиот блок. Се работи за тренд кој е спротивен на глобализацијата. Исто така, песимистите се држат до тоа дека државите не само што се субјекти на меѓународната сцена туку дури имаат и поголема улога во почетокот на XXI век. Тие тврдат дека глобализацијата довела до дезинтеграција, чиишто последици се видливи со создавањето на нови национални држави, спротивно на интегрирачките процеси коишто таа ги ветуваше. Кај истите застапници е присутно

[59] Fridman T. L., „The Lexus and the olive tree“, Farrat Straus Giroux, New York, 1999.
[60] Vuletic V., „Globalizacija mit ili stvarnost“, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003 god., str., 10/11.

и мислењето дека глобализацијата ја зголемува нееднаквоста и ги поттикнува помалку задоволните (поединци или држави) да ја исправат состојбата преку судири. Така, според скептиците (некои ги нарекуваат традиционалисти) глобализацијата не даде ништо ново во современиот живот туку таа претставува континуитет и процес од еволутивна природа, посочувајќи дека економските и социјалните разлики помеѓу Северот и Југот и во иднина ќе бидат повидливи и поистакнати.

Ставовите на трансформационалистите се наоѓаат помеѓу претходниве два теоретски погледа. Приврзаниците на оваа трета теза се обидуваат да докажат дека глобализацијата е реален и неизбежен процес, но истовремено и дека е комплексен и нејасен феномен, кој води кон интеграција, но и кон дезинтеграција, односно кон соработка и судири. Кога станува збор за улогата на државата во новиот глобален поредок, кај трансформационистите постои сфаќање за егзистирање на два света: еден свет на национални држави и друг свет на транснационални организации.[61] Според нивно гледиште, улогата на државата и во иднина ќе биде сè поактивна со нејзино прилагодување на стратегискиот концепт на новиот глобален поредок, односно адаптација на свет во кој ќе нема јасна поделба помеѓу меѓународното и националното, односно внатрешни и надворешни работи.

Споменативе теоретски тези прикажани од класификацијата на Хелд (Held) нудат една реалистична слика за овој комплексен планетарен процес. Независно од тоа дали станува збор за хиперглобалистички пристап кој ветува безграничен просперитет и отворање на нови патишта за напредок на човештвото, или, пак, за песемистичкиот, каде што се тврди дека глобализацијата нема иднина и дека таа е идеолошка конструкција на одредени неолиберални влијателни групи, нејзиниот тек и растечката меѓузависност е зависна од изборот на државите. Меѓузависноста е таа што може да биде извор на кооперација и напредок или поттик за нови конфликти и судири. Исто така во меѓународните економски интегративни институции најважен ентитет сè уште се националните економии, а не наднационалните организации и тела, па затоа за глобализацијата може да се каже дека не претставува судбина туку избор. Оттаму моќта на државите ќе биде базирана на изборот на државите кон кои ќе пристапат меѓународните економски организации и од начинот на којшто ќе пристапат, а сè во интерес на подобрување на сопствената благосостојба. Пристапот на

[61] Vuletic V., “Globalizacija mit ili stvarnost”, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003 god., str., 12.

трансформационалистите може да се каже дека е доста прифатлив затоа што тие ја прифаќаат комплексноста на феноменот на глобализација, притоа наоѓајќи компромисно решение помеѓу дијаментрално спротивставените ставови на хиперглобалистите и скептиците.

Ќе понудиме уште една класификација која ќе ни овозможи поцелосно сфаќање на суштината и контрадикторностите на глобализацијата. Тоа е класификацијата според **Шолте** (Scholte), за кого постојат три теоретски гледишта кои се однесуваат на глобализацијата:

а) неолиберално;

б) реформистичко;

в) радикално гледиште.[62]

Првото теориско гледиште е најзастапено и содржи одредено ниво на радикализам за кој поборниците на оваа неолиберална теорија ја потврдуваат значајната улога на трговијата без да се потпрат на социјалните консеквенции и нееднаквости оставени од глобализацијата во повеќето земји.

Второто, реформистичкото видување, за многумина е доста прифатливо затоа што неговите поборници се залагаат за глобализација од типот на социјалдемократскиот модел и неокензијанската политика на големо светско општество. Тоа подразбира дека со навлегувањето на крупниот капитал во земјите во развој, процесот на глобализација им овозможува на земјите од каде што потекнува капиталот да дојдат до поголем профит. Од друга страна, истите земји се обидуваат да воспостават трајна политичка доминација во земјите каде што капиталот е длабоко навлезен. За разлика од претходните две гледишта, радикалната теорија се базира на отфрлање на глобализацијата како таква, со што не остава простор за друг алтернативен вид на глобализација, поразличен од денешниот.

Начелно гледано не може  да се прифати ниту неолибералниот пристап, кој ја критикува и ја отфрла улогата на државата, ниту останатите два пристапа, кои одат дотаму да се прифати сѐ или да се отфрли сѐ што е производ на глобализацијата.

Во дадените различни видувања и согледувања постои дилема околу проблемите што ги создава глобализацијата. Затоа најдобро би било да не се гради став

[62] Vidojevic Z., “Kuda vodi globalizacija”, Filip Visnjic Beograd, 2005 god., str., 24.

кој ќе биде приклонет само кон еден од погоре прикажаните гледишта, зашто секој од нив има одредени недостатоци. Од друга страна, треба да се прифатат и да се искористат предностите што ги нуди глобализацијата, односно целта е да се осмисли што може да се искористи од неа и како да се адаптираат (државите, индивидуите, компаниите) кон нејзините процеси, а притоа да имаат полза од неа. Глобализацијата не смее да се препушти на стихијата. Напротив, таа треба да се регулира и контролира.[63]

Како што споменавме претходно, глобализацијата претставува процес, еден вид меѓународен систем кој ја обликува домашната политика и надворешните односи на земјите. Според Фридман, глобализацијата е меѓународен систем кој е дојден на местото на Студената војна, нешто како системска транзиција од стара кон нова ера. Имено, системот на Студената војна наликувал на статичен систем со соодветна структура и одредени правила на кои се придржувале супер-силите и ретко се случувало некоја од нив да премине во другата сфера на влијание, односно надвор од нејзиното подрачје. Се работи за простор кој бил поделен на три сфери: комунистичка, капиталистичка и неутрална, а секоја од земјите била дел од нив. Идеолошкиот судир на комунизмот и капитализмот создавал затегнатост, напнатост, неспокојство и можност од нуклеарно уништување, а речиси бил невозможен протокот на луѓе и услуги од Исток кон Запад. Меѓутоа системот на глобализацијата не претставува статичен туку динамичен процес со постојан развој и брзина, кој вклучува интеграција во сите сфери.[64] Секоја земја е опфатена во мрежата на глобализацијата. За разлика од системот на Студената војна, кој бил поставен околу нации, држави и балансиран помеѓу две супер-сили, системот на глобализацијата има покомплексна структура и е изграден врз три рамнотежи кои се преклопуваат и влијаат една врз друга. Првата е традиционалната рамнотежа помеѓу нациите, државите, втората е помеѓу нациите, државите и глобалните пазари, а третата рамнотежа се однесува на балансот помеѓу нациите, државите и супер моќните групи и индивидуи.[65]

Во контекст на ова Карл Шмит вели: „Студената војна беше свет на пријатели и непријатели, а светот на глобализацијата има тенденција да ги претвори сите пријатели и непријатели во натпреварувачи“. За време на Студената војна имало добро познат

---

[63] Види поопширно кај Милевски Т., „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008 год., стр., 190.
[64] Фридман Т., „Лексусот и маслиновото дрво“, Тера Магика, Скопје, 2003 год., стр., 20/21.
[65] Исто, стр., 20/21.

непријател, но денешната ера на глобализација внесува немири поради стравот од наглата промена на непријателот кој не може да се види, да се предвиди, и варира од една крајност до друга, а силата му е со различна форма (економска, технолошка, информатичка и сл.). Со други зборови, системот на глобализацијата произведува нееднакви шанси, затоа го поистоветуваме со ситуацијата која некои ја нарекуваат „наутономија“, а се однесува на нееднаквото производство и распределба на животни шанси, каде што се нарушува или се ограничува политичката партиципација.[66]

Глобализацијата се карактеризира со хиерархиска поставеност и нерамномерност. Хиерархијата произлегува од нејзината политичка и економска структура каде што доминираат земјите од западната хемисфера. Нерамномерноста е производ на економската и политичката глобализација, чиишто последици се нееднакви за класите, половите, народите и регионите. Таа ги погодува и развиените и неразвиените земји, но, секако, полоша е состојбата за земјите кои се на дното на хиерархиската поставеност и се најмногу изложени на последиците на нерамномерноста.[67] Поради тоа сметаме дека системот на глобализација е далеку од состојба на рамнотежа и постепено навлегува во фаза на системска транзиција која може да донесе периоди на хаос и безредие. Секако, ефектите се различни кога е во прашање поширокиот систем на макро-ниво (светски систем) и потесниот супсистем, микро-ниво (индивидуа или група). Повеќето од аргументите се наклонети кон глобализацијата на макро-ниво поради слободната трговија во којашто земјите се дел од глобалната економија и имаат различен удел во системот на глобализацијата. Тоа резултира со поширок ентузијазам кај некои земји поради бенефитите од глобализациските процеси, додека ефектите се негативни кога макроаспектите влијаат на микросистемското ниво. Така, микронивото го опфаќа влијанието на глобализацијата врз индивидуалците и групите во рамките на општествата, за кои, последиците од глобализацијата се далеку од оптимистички.[68]

Ова покажува една поинаква слика. Всушност, системот на глобализацијата ја добива моќта во зависност од неговите компоненти. Секоја држава, организација или регион имаат одредено значење и улога, но никој не може надвор од рамките на системот, односно не може да ја има истата моќ кога е дел од системот, како што не

---

[66] Held D., Demokratija i globalni poredok: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini, Filip Visnjic, Beograd, 1997 god., str., 202.
[67] Исто, стр., 202
[68] Show, Donald M., National Security for a New Era: Globalization and Geopolitics After Iraq, Third Edition, Pearson Longman, 2008, p. 148.

можат Северна Кореја, Ирак, Либија или Сирија да бидат изолирани од глобалниот систем. Затоа функционирањето на глобализацискиот систем ќе зависи од она што се случува во неговите рамки, почнувајќи од можниот судир на цивилизации или хомогенизација на цивилизациите, еколошките катастрофи, од динамиката на слободниот пазар и отпорот против него, од улогата на државните и недржавните актери, од интеграцијата и дезинтеграцијата, и друго.[69] Се очекува системот на глобализација да биде попречуван од разни религиозни, културни, политички и индустриско-технолошки дисконтинуитети кои ќе го делат светот на две спротивставени страни поради различната распределба на моќ помеѓу учесниците во глобализацискиот систем.

## *1. Поимоно определување на глобализаццијата*

Многубројните дебати коишто се водени досега околу поимот глобализација не успеваат да ги надминат разликите околу почетните хипотези кои се однесуваат на дефиницијата, размерот и хронологијата. Од една страна, некои теоретичари тврдат дека денес светот е во целост глобализиран, додека ултраскептиците одрекуваат дека на светот воопшто му се има случено каква било глобализација.[70]

Ова несогласување околу глобализацијата честопати е во врска со прашањето за дефиницијата. Според Шолте може да бидат издвоени најмалку пет различни концепти за глобализацијата од кои произлегува и дефинирањето на поимот глобализација.

Аналитичарите кои ја дефинираат глобализацијата како начин на интернационализација објаснуваат дека интернационализацијата настанала како резултат од глобализацијата. На овој начин се опишуваат меѓуграничните односи помеѓу земјите, а глобализацијата означува пораст на меѓународната размена и на меѓународната зависност.

Вториот концепт на поимање на глобализацијата е преку либерализацијата. Овде глобализацијата се однесува на текот на отстранување на наметнатите ограничувања од страна на државите со цел да се креира отворена и безгранична светска економија.

Третиот концепт на глобализацијата, од кој, пак, може да произлезе дефиниција за поимот глобализација, претставува изедначување на глобализацијата со

[69] Фридман Т., „Лексусот и маслиновото дрво“, Тера Магика, Скопје, 2003 год., стр., 13.
[70] Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје 2008 год., стр., 41.

универзализацијата. Ваквото поимање на глобализацијата претставува процес на ширење разни предмети и разни искуства на луѓето од разни делови на планетата. Во контекст на ова можеме да имаме глобализација на автомобили, кинески ресторани, и сл.

Четвртиот концепт на поимањето на глобализацијата ја дефинира глобализацијата како „позападување“ или како модернизација. Глобализацијата во оваа смисла често е поврзана со империјализмот на Мекдоналдс (McDonald's), Холивуд (Hollywood), Си-ен-ен (SNN), Би-би-си (BBS).

Петтиот принцип ја разбира глобализацијата како респатијализација. Глобализацијата подразбира реконфигурација на општествената географија со зголемена транспланетарна поврзаност помеѓу луѓето.

Гледано од денешна перспектива глобализацијата претставува навистина посебен и важен развој во поновата светска историја.[71]

Во основа глобализацијата може да се толкува на повеќе начини. Шолте разликува шест типови на приоди во објаснувањето на поимот глобализација, и тоа:

- либерализми,
- политички реализми,
- марксизми,
- конструктивизми,
- постмодернизми,
- феминизми.

Либералните теории нудат теории за глобализацијата каде што главниот фокус се става на слободата на пазарот, при што се нагласува економскиот раст и либералната демократија. Поддржувачите и следбениците на оваа теорија ја објаснуваат глобализацијата како резултат на технолошкиот напредок.

Суштината на појавата на глобализацијата политичките реалисти ја објаснуваат како резултат на борбата за моќ и превласт на водечките држави во светот. САД како предводник на глобалните процеси досега ја покажа својата хегемонистичка власт. Хегемонијата на САД им дозволи да ги промовираат своите државни вредности на

[71] Види поопширно кај Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје 2008 год., стр., 39-56.

глобално ниво и незапирливо да ја шират својата моќ. Доколку САД ја изгубат контролата врз стратегиските ресурси, на коишто се базира нивниот хегемонистички статус, тогаш глобализацијата би се ширела со помал интензитет и не би било во интерес на САД да го финансира процесот на глобализацијата.

Марксистичките теории нудат теории за глобализацијата каде што главен фокус на интерес претставува начинот на производство и класните односи. Ова гледиште е прифатено од теоретичарите кои се занимаваат со начините на производство и со нерамномерната распределба на капиталот. Марксистите ја објаснуват глобализацијата како резултат на зголемениот пораст на капиталот. Самиот Карл Маркс напишал: ***„капиталот по својата природа ја надминува секоја просторна бариера за да може целата Земја да стане негов пазар“.***[72] Марксистичките теории во голема мера придонесоа за нашето разбирање за глобализацијата. Тоа што во нив им се посветуваше внимание само на капитализмот и на класните односи наоѓа свое оправдување во развојот на трансланетарната поврзаност на капитал-системот, а со самото тоа ја оправдува оваа теорија и ширењето на глобализацијата.

Конструктивистите, пак, сметале дека трансланетарната поврзаност се јавува поради начинот на кој луѓето ментално го конструирале општествениот свет со помош на симболите, јазикот, толкувањето, итн. Оваа теорија е дијаметрално спротивна на либералистите, политичките реалисти и марксистите.

Во спротивност со конструктивизмот, постмодернистите ја објаснуваат глобализацијата во однос на менталната конструкција на општеството. Главниот фокус на интерес на постмодернистите е насочена кон моќта на знаењето. Доминантен систем на знаењето во современото општество претставува рационализмот. Рационализмот генерира општество кое се стреми кон научно-технолошки напредок, кое, пак, неминовно доведува до економски раст, а со самиот економски раст неминовна е и појавата на глобални институции, кои според постмодернистите придонеле за појава на глобализацијата.[73]

Феминистичките теории за глобализацијата на прво место ги ставаат родовите односи. Тие ја истакнуваат доминацијата на мажите во секоја сфера на општественото живеење, како и машката природа која доаѓа до израз за време на војувањето и во желбата за натпревар помеѓу државите. Тие ја објаснуваат глобализацијата како

[72] Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје 2008 год., стр., 170.
[73] Исто, стр., 161-177 и понатаму.

резултат на „машкото“ однесување и на патријархалната подреденост. Според овој начин на радикално размислување, развојот на трансопланетарната поврзаност е резултат на машките навики и на патријархалната опсесија.[74]

## *2. Економскиот аспект на глобализацијата*

Економскиот аспект на глобализацијата има свое огромно влијание врз националните држави и нивните граници. „Економскиот аспект се манифетира со здружени економски политики, интернационализација на капиталот, создавање бројни пунктови на економска контрола финансиска глобализација и сл.“[75] Државите сè помалку можат да извршат влијание на светските економски процеси. Националните држави се должни да ги усогласуваат своите економски политики со меѓународните организации и институции. Во вака глобализирано општество, зачувувањето на суверенитетот и националниот интегритет е доведено во прашање бидејќи државата мора да ги прифати правилата и критериумите за членство. Државата мора да ги приспособи своите институции за да може да одговорат на глобалните промени и процеси.

Во 1963 година американскиот претседател Џон Кенеди на Светскиот конгрес за храна во Вашингтон изјави: „Ги имаме средствата, го имаме капацитетот да ги збришеме гладот и сиромаштијата од лицето на Земјата додека сме живи. Само трба да сакаме да го направиме тоа“.[76]

Денес многумина веруваат дека економскиот аспект на современата глобализација е брзиот проток на капитал-стоки, услуги и труд, но постојат индикации дека протокот е поголем помеѓу двете светски војни отколку што е денес.

Важен сегмент на економскиот аспект на глобализацијата, несомнено, претставува трговијата. Денес трговијата ги поврзува географски најоддалечените производители и потрошувачи воспоставувајќи заемна зависност. Друг важен сегмент на економскиот аспект на глобализацијата претставуваат и странските директни инвестиции. Во 1970 година странските директни инвестиции изнесуваа 10 милијарди долари, додека вкупниот прилив на странски директни инвестиции во 1996 година изнесуваше 347 милијарди долари. Не помала важност во овој аспект имаат меѓународните корпорации кои се ангажирани во странски директни инвестиции, а кои

---

[74] Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје, 2008 год., стр., 161-177.
[75] Саздовска М., М., „Еколошка криминалистика“, График Мак Принт, Скопје, 2007 год., стр., 16/17.
[76] Хју П., „Глобална Безбедност“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 102.

организираат производство и услуги во повеќе од една држава. Најголемите 300 мултинационални корпорации учествуваат со 70% од вкупните странски директни инвестиции и поседуваат 25% од светскиот капитал, додека изворите на 90% од овие инвестиции се во десет држави во светот, а 2/3 потекнуваат од четири држави (САД, Велика Британија, Германија и Јапонија).[77] Друг важен сегмент, секако, претставуваат глобалните финансиски пазари. Глобалниот финансиски систем е интернационализиран и претставува предмет на колективно дејствување. Предностите на финансиската глобализација представува можност за инвестиции и отварањето на нови работни места.[78]

Финансиската и трговската институционалност на капитал системот како фактор на економската глобализација се демонстрира преку глобалното економско управување од страна на Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Светската трговска организација. Овие глобални финансиски институции се основани со цел да ги набљудуваат и контролираат светските економски текови, како и финансиските правила и норми од кои зависи развојот на земјите поединечно, а поврзано со порастот на светскиот економски развој.

### *2.1 Улогата на Меѓународниот монетарен фонд во процесот на глобализацијата*

Меѓународниот монетарен фонд е основан за време на Втората светска војна, поточно во 1944 година, со основна цел: да ги надгледува глобалните економски правила и да управува со меѓународните финансиски односи со цел да осигури глобалната стабилност преку надминување и избегнување поголеми финансиски депресии. Исто така, во поствоените години од минатиот век ММФ се обидува преку финансиски средства да им помага на земјите коишто се определиле својот систем да го градат врз основа на неолибералниот економски модел и неговите правила и вредности. Меѓу другото, фондот има за задача да ја подобри и зголеми соработката и консултациите помеѓу земјите на светско ниво и да ги промовира заедничките добра, потоа да ги решава постојните меѓународни монетарни проблеми, да ја унапредува глобалната стабилност, да им помага на земјите во развој преку заеми за да постигнат стабилност и пораст; со кредитирање и меѓународна размена на парични средства на

[77] Милевски Т., „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008 год., стр., 109/110.
[78] Саздовска М., М., „Еколошка криминалистика”, График Мак Принт, Скопје, 2007 год., стр., 17.

земјите и граѓаните да им овозможи да купуваат добра и услуги и на тој начин да им помогне во економскиот пораст и стандардот за живеење; да биде способен да врши превенција на кризи и да ги советува земјите во ситуации на економска и финансиска криза.[79]

По завршувањето на Втората светска војна, ММФ и неговите економски политики успева да ја зголеми меѓународната трговска размена од 8% од светскиот БДП во 1948 година на сегашните 25% од БДП. Меѓутоа, многумина го обвинуваат Фондот за тоа дека не успеал да ги сподели бенефициите подеднакво на сите земји или индивидуи во рамки на земјите. Така, во некои земји се намалува сиромаштијата, но, за таа сметка, на друга страна од светот се зголемува. Затоа нејзината континуирана политика, заедно со Светска банка, е насочена кон развивање нови иницијативи и идеи за реформи на земјите во развој, членки на Фондот, со цел да ги прифатат предизвиците и на тој начин да ги видат позитивните аспекти од процесот на глобализацијата, сведувајќи го ризикот на минимум.

Со искуството што го поседува, приближно 65 години како економски глобален актер на меѓународната сцена, ММФ се соочува со низа нови макроекономски предизвици од современата глобализација. Појавата на новите економски светски сили, интегрирани финансиски пазари, досега невидената размена на капитал и нови идеи и концепти за промоција на економскиот развој, бараа од Фондот обновување и подобрување на меѓународната финансиска соработка и стабилноста.

Од друга страна, ММФ им помага на земјите-членки (184 земји) преку неколку активности:

- врши мониторинг на национален, регионален и глобален економски и финансиски развој, ги советува земјите и врши надзор над нивната економска политика,
- им позајмува парични средства на земјите-членки при реализирањето на зацртаните програми,
- нуди техничка асистенција и експертиза за одредени области.[80]

Како што напоменавме претходно, една од најважните улоги на ММФ на меѓународен план, при соочувањето со идните предизвици на глобализацијата, е

[79] Поопширно види на http://www.imf.org
[80] Поопширно види на http://International_Monetary_Fund#Functions

превенцијата на кризи. По кризите во Мексико во 1994 година (1994 Economic Crisis in Mexico)[81] и Азија во 1997 година (Asian financial crisis)[82] ММФ ја најде својата улога во интензивирањето на напорите и инцијативите за поддршка на земјите во надминување на финансиските кризи. Заедно со Светската банка имаат развиено индикатори за проценка на ранливоста на земјите, како и за развивање на системот за рано предупредување и идентификување на ризикот за земјите. Во тој контекст, ММФ ги поддржува владините реформи, особено во делот на јавниот и финансискиот сектор и партиципира во борбата против перењето пари и финансирањето на тероризмот. Исто така, од 2006 година ММФ ги има воведено новите алатки за мултилатерални консултации, при што мала група земји може да дискутираат за специфичните меѓународни економски и финансиски проблеми и за начинот на нивното итно разрешување.

Сепак, ММФ не претставува институција за помош или банка за развој. На многу богати или сиромашни земји коишто ги користат позајмените финансиски услуги, ММФ им ги наметнува своите правила на игра, а сè со цел одржување баланс во платежниот промет, стабилизирање на сопствените економски текови, а сето ова е во функција на економскиот пораст.[83] На тој начин ММФ не претставува финансиски проект. Иако во првите декади од своето постоење најголем дел или повеќе од половината на заемите беа упатени кон индустриските земји, денес најголем дел од заемите се насочени кон земјите во развој и земјите во транзиција. Поради ова, голем број од овие земји во развој и транзиција имаат лимитиран пристап до меѓународниот пазар на капитал.

Инаку, во изминативе десетина години ММФ има преземено низа активности за спречување финансиски кризи. Така, во 1995 година му помогна на Мексико со заем од 18 милијарди долари, потоа финансиски ги помогна со заеми земјите од Југоисточна Азија, Индонезија, Кореја и Тајланд. Имено, во 1997 година ММФ одобри заеми за овие земји од 36 милијарди долари за поддршка на стабилизација на политиката и за структурни реформи. Оваа криза имаше влијание и на други земји, како Русија.

[81] http:// International_Monetary_Fund_economic_crisis_in_Mexico
[82] http:// International_Monetary_Fund_1997_Asian_financial_crisis
[83] Паричните средства што ММФ ги поседува главно доаѓаат од квотите на земјите и депозитот што го оставаат при зачленувањето во ММФ. Квотите за земјите се различни и зависни од нивниот економски развој и трговија. Така, на пример, САД, која се вбројува меѓу земјите со најголема економија, има и најголема квота во ММФ. Сепак повеќето од земјите на ММФ се финансирани надвор од квотите на земјите-членки.

Најголемо значење ММФ доби во 2005 година кога се согласи преку предложената иницијатива од страна на Г-8 да им го отпише долгот од 3,3 милијарди долари на 19 најсиромашни земји во светот.

Меѓутоа, не треба да се заборави дека неколку поранешни кризи како оние во Русија од 1998 година, во Бразил во 1999 година и во Аргентина во 2001 година ММФ не успеа да ги менаџира, ниту пак да изврши превенција, а последиците беа катастрофални. Исто така, ММФ во повеќето случаи не се придржуваше до својата главна цел - подобрување на глобалната безбедност, бидејќи ги реализира интересите само на земјите од Западот.[84] Постојат одредени ситуации кога ММФ не постапува соодветно, со што некои земји блиски до интересите на земјите предводници на политиката на ММФ (на пр. САД) имаа поголемо значење од останатите, што може да прерасне во поголемо незадоволство и да се наруши глобалната стабилност. Освен тоа ММФ не придонесе многу и во економската политика во земјите во транзиција кои во изминатите години бележат економски падови, како на сѐ се поизразената зависност на овие земји од глобалниот финансиски капитал кој ја одредува нивната судбина. Ова претставува уште една од нереализираните задачи на ММФ, поврзана со целите на нејзиното постоење. Од тие причини за еден од најпознатите светски економисти Џозеф Стиглиц (Joseph Eugene Stiglitz), ММФ ја има улогата на „пожарникар-пироман“.[85]

Сепак, постоењето на Меѓународниот монетарен фонд, според Питер Хју, се смета за извор на глобална економска стабилност. Ова свое тврдење го објаснува со фактот дека, иако при азиската, аргентинската и други економски кризи ММФ беше посочен како главен виновник, сепак, тој истакнува дека глобалниот економски систем станал постабилен од кога било досега. ММФ е глобална финансиска институција која претставува извор на меѓународната ликвидност на државите. Со помош на монетарните советници на сите влади кои имаат побарано помош од оваа институција, им се даваат упатства за следење на глобалните финансиски текови.[86] ММФ претставува меѓународно тело кое современиот свет го немаше пред неговото формирање во 1944 година и за време на економската криза во 1930 година. Од овде можеме да ја забележиме врската и значењето помеѓу економската безбедност и светскиот мир.

---

[84] Stiglitz E. J., “Globalization and Its Discontents”, W.W.Norton & Company, New York 2002, p. 216.
[85] Исто, стр. 216..
[86] Хју П., „Глобална Безбедност“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 115.

### *2.2 Улогата на Светска банка во процесот на глобализацијата*

Меѓу најважните институции на глобализацијата е Светската банка. Таа ги бележи своите почетоци заедно со формирањето на ММФ на конференцијата Бретон Вудс (Bretton Woods) во 1944 година. Иако улогите и функциите на овие две глобални економски институции меѓусебно се испреплетуваат, сепак, постојат некои видни разлики во нивното економско управување. Така, уште од основањето на некогашната Меѓународна банка за обнова и развој (денес Светска банка), нејзината улога се состои во тоа да се ограничи ризикот од давање надворешни заеми, со што би се поддржала економската стабилност. Исто така, главната цел е да им помогне на повеќето земји во поставеното обновување и градење. Нејзината помош била добредојдена за европските земји и Јапонија сè до 60-тите години на XX век. Нејзините заеми и помош беа неопходни за развојот на ново формираните независни држави во Африка, Азија, Латинска Америка и Средниот Исток, додека во 90-тите години од минатиот век средствата од Светската банка се пренасочени кон новосоздадените земји во транзиција од централна и источна Европа.[87]

За разлика од улогата на Меѓународниот монетарен фонд (кој се занимава со макроекономските прашања), Светската банка се фокусира исклучиво на поширoки структурни прашања и реформи поврзани со пазарот на работа, трговската политика, долгорочниот развој на земјите, редуцирањето на сиромаштијата, и друго. Интересно е тоа што земјите мораат претходно да се приклучат во Меѓународниот монетарен фонд за да бидат прифатени или достојни за членство во Светската банка. Иако помошта на Светската банка досега најмногу е насочена кон сиромашните земји преку проекти за побрз развој, сепак, според многумина оваа институција не успеала во намалување на јазот помеѓу богатите и сиромашните земји и индивидуи.

### *2.3 Улогата на Светската трговска организација во процесот на глобализацијата*

За разлика од претходните две институции, Светската трговска организација е една од најмладите светски организации (основана е во 1995 година), а како замена на Општата спогодба за трговија и царина (ГАТТ од 1947 година). СТО е создадена во текот на Уругвајската рунда на преговори од 1986 до 1994 година. Главната задача на СТО е да ја либерализира светската трговија и да создаде отворен глобален трговски

[87] Поопширно види на http://www.worldbank.com.org

систем. Нејзините функции, покрај останатото, се да ги администрира светските трговски договори, да служи како форум за трговски преговори, вршење мониторинг на националната трговска политика, спроведување техничка асистенција и обука во земјите во развој и остварување соработка со останатите меѓународни организации.

Во текот на изминатите години оваа организација успеа да подобри многу нешта во светот, кои се оценети како позитивни ефекти од глобализацијата. На пример, во 1997 година вкупната светска трговија беше зголемена за 14 пати во однос на нивото од 1950 година. Исто така, глобалниот БДП порасна за 3,7% и е најдобар перформанс од 2000 година, додека глобалните надворешни директни инвестиции за 2006 година изнесуваат 1,23 трилиони долари а за истата година светскиот извоз на стока пораснал на 8%.[88]

Денес во СТО членуваат 150 земји, а оваа организација со седиште во Женева, располага со вкупен буџет (за 2007 година) од 182 милиони швајцарски франци. Повеќе од ¾ од членките на СТО се земји во развој или помалку развиени земји, кои имаат одредени привилегии од партиципирањето, а придонесуваат во развојот на мултилатералниот трговски систем. Всушност, уште од основањето, принципите на ГАТТ се базираат на слободна трговија која треба да го подобри општото добро со намалување на царинските тарифи. Сепак, и при глобализацијата светот се доживува како единствен пазар во кој ќе напредува оној што е по конкурентен.[89] Значи ли тоа дека во иднина трговските несогласувања помеѓу високо-развиените земји или региони и нивниот трговски суфицит може да доведе до заострување и нарушување на мирот и стабилноста во регионот.[90] Во тој случај постојната либерална формула за „светски мир преку светска трговија“ ќе придонесе за неизвесна судбина на малите земји. Веројатно постои можност богатите земји во меѓународната размена на стоки и услуги да воспостават монопол и дискриминација во однос на посиромашните земји, на кои им е се потешко да се вклучат во светските трговски текови. Од тој аспект може да констатираме дека денешната економија е сè повеќе интернационална отколку глобална, односно сè поизразена е трговската размена меѓу земјите во рамките на одреден регион отколку пошироко. Исто така, за оние земји или региони коишто сакаат да се изолираат постојат механизми за да ги отворат своите пазари за кои нема да се

[88] Поопширно види на http://www.wto.org
[89] Kissinger H., Does America need a foreign policy?, Toward Diplomacy for the 21 st Century, Simon & Schuster, 2002, p.181.
[90] На пример, заострувањето на трговските односи помеѓу САД и Кина неочекувано предизвика намалување на побарувачката на кинеска стока поради падот на американската економија.

користи притисок и уцена со воена сила, туку сѐ повеќе ќе се применуваат економски притисоци, блокади и санкции или неиспраќање соодветна помош за време на криза.[91]

Оттука критичарите на глобализацијата говорат за тоа дека развиените земји преку глобалните економски институции вршат притисок врз сиромашните земји за да ги елиминираат трговските бариери и за да можат да влезат на нивниот пазар, а од друга страна, пак, не им дозволуваат или ги спречуваат сиромашните земји да ги пласираат своите производи на западниот пазар.[92] Во овој контекст е и констатацијата на познатиот економист **Пол Карл Полањи** (Karl Paul Polanyi), за кој може да кажеме дека е една од негативните карактеристики на глобализацијата. Тој вели дека светскиот мир не може да се одржи преку светската трговија и финансии, односно дека за глобалната економија треба да се бара соодветен тип на меѓународна заедница, во спротивно пазарот може да биде „сатанска мелница“.[93]

Сличен е ставот на **Џорџ Сорос** (George Soros), кој вели дека под влијание на глобализацијата ќе дојде до радикални промени и трансформации во економијата, односно потребата да се привлече меѓународниот капитал ќе има приоритет пред останатите општествени цели.[94] Земјите или компаниите меѓусебно ќе се натпреваруваат со цел да го привлечат кон себе тој капитал, додека корисета од глобалните финансиски пазари ќе биде во полза само на земјите и компаниите кои се лоцирани во центарот на светската моќ и имаат висок степен на заштита, што не важи и за земјите кои се наоѓаат на периферијата.[95] Од погоре изнесеното може да заклучиме дека во глобализираниот свет сѐ поголема е веројатноста дека „големите риби ќе ги јадат помалите“, односно „брзите ги јадат бавните“, а дека само пазарите на работа и труд не се глобални. Затоа ситуацијата со светската економија што досега ја елаборираме наликува на тоа дека земјите „мора да трчаат премногу брзо за да не заостанат“, односно ова би значело дека земјите се принудени постојано да се надградуваат за да го одржат сопствениот стандард.

---

[91] Stiglitz E. J., “*Globalization and Its Discontents”,* W.W.Norton & Company, New York 2002, p. 75.
[92] Исто, стр. 75.
[93]http://uncharted.org/frownland/books/Polanyi/POLANYI%20KARL%20%20The%20Great%20Transformation%20-%20v.1.0.html
[94] Soros G., “The Crisis og Global Capitalism”, Public Affairs, Perseus Book Group, New York, 1998.
[95] Исто.

Сепак, богатите земји можат да им помогнат на неразвиените и на земјите во развој преку симнување на бариерите за увоз на добра и услуги од сиромашните земји или преку намалување на даноците или некои други привилегии.[96]

На графиконот бр. 1 може да се видат земјите коишто најмногу ги олеснуваат бариерите и оданочувањата кон сиромашните земји.[97]

Графикон бр. 1[98]




Од овој графикон кој го прикажува индексот на тргување може да се види дека Канада, САД и Австралија овозможуваат најдобри трговски услуги за земјите во развој, а најдобро рангирани се земјите-членки на ЕУ кои имаат воспоставено и делат заедничка трговска политика.

## *3. Политичкиот аспект на глобализацијата*

Речиси неполни четири века во светски рамки владееше Вестфалскиот модел и неговиот концепт на суверени држави, кој подразбира дека државата има највисока власт во работите што се случуваат на нејзината територија, потоа дека територијалниот интегритет и суверенитет се неповредливи, додека мешањето во

[96] Soros G., "The Crisis og Global Capitalism", Public Affairs, Perseus Book Group, New York, 1998.
[97] http://www.cgdev.org/section/initiatives/_active/cdi/_component/trade/
[98]Поопширно види на http://www.cgdev.org/section/initiatives/_active/cdi/_component/trade/

внатрешните работи на суверената држава е недозволиво. Меѓутоа на крајот на XX век ги стави наведениве работи под сомнеж поради новите форми на мултилатерална соработка, појавата на бројните владини, невладини и меѓународни организации кои дејствуваат надвор од принципите на Вестфалскиот модел.

Победата на моделот на западниот либерален политички систем во суштина ја воспостави политичката димензија на глобализацијата која беше поопшто прифатлива и верифицирана како универзална цивилизациска вредност. Тогаш повеќето државно политички субјекти беа во состојба да го прифатат овој либерален демократски модел по доброволен, агресивен или присилен пат.[99]

Во текот на досегашниот развој и проучувањето на меѓународните односи, улогата на државата како субјект беше во фокусот на меѓународните случувања, особено нејзината изразена улога преку доминантната реалистичка теорија во последните години од XX век, а влијанието, силата и националните интереси беа во преден план. Националната држава во овој период подразбираше право на одредена територија, постоење на правен систем и способност да се користи воена сила за реализирање на сопствената политика. Но настанатите промени во глобални размери не влијаеја толку врз нејзината моќ колку што имаа влијание врз слабеењето на нејзините функции. Како показатели кои ја редуцираат државната моќ може да се земат предвид јакнењето на економските и културните врски (за кои државите сѐ помалку способни да го контролираат протокот на идеи, стоки и услуги), појавата на транснационалните корпорации и меѓународните невладини организации ја намалуваат државната власт, традиционалните подрачја поврзани со безбедноста, економијата и друго се координираат на меѓународни или на меѓувладина основа, можноста да се создаде глобална влада или систем за глобално управување, исто така, ја ограничува моќта на државната власт. Оттука моќта на државата опаѓа во три сегменти, и тоа: одбрана (поврзана со заштитата од надворешен напад на државата, која во денешно време е сѐ помалку веројатна), финансии (заштита на сопствениот монетарен систем поради сѐ поизразените економски и политички интеграции во кои овластувањата се префрлаат на надворешните институции) и неможноста државата да одржи одредено ниво на благосостојба поради рушењето на политичките и економските бариери од

[99] Види поопширно кај Зенделовски Г., „Глобализациските процеси мирот и безбедноста“, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год.

страна на мултинационалните компании и меѓународните финансиски организации.[100] Во сличен контекст е и констатацијата на Јирген Хабермас (Jürgen Habermas), кој слабеењето на државата го гледа низ три аспекти, и тоа:

- губење на способноста за контрола од страна на државата,
- растечки легитимациски дефицит во процесот на одлучување,
- сè поголема немоќ на полето на оданочување и организација на државата да преземе чекори коишто ќе имаат легитимно дејство.

На тој начин поставувањето на универзалните политички и економски стандарди на глобално ниво бараше од државите да се придржуваат до меѓународните норми. Од тој аспект современите околности и надворешните притисоци (од меѓународните организации или од големите моќни држави-предводници на процесот на глобализацијата) им наложија на одредени држави да ги прифатат универзалните вредности, а притоа да го „жртвуваат“ својот суверенитет.

Меѓутоа, процесот на глобализација на некој начин е голем предизвик за суверенитетот на државата, затоа што надворешната политика на државата е зависна од националните институции и тела на кои државата мора да ги приспособи политиката и прописите поставени од меѓународните институции и во согласност со начелата на либералната „американска“ демократија, која го заменува меѓународното право со општо прифатено космополитско право.

Во таа смисла е и толкувањето на Росенау (Rosenau), кој вели дека авторитетот на државата е значително поделен помеѓу разните јавни и приватни агенции на локално, регионално или глобално ниво, затоа што и новиот светски поредок не може да се сфати како целосно државно центричен или да биде управуван само од страна на државата, така што државите веќе не се единствени центри на моќ во светот.[101] Политичката глобализација можеме да ја согледаме преку фактот дека самите држави стануваат политички немоќни сами да ги решаваат глобалните проблеми кои можат да бидат од најразлична природа. Заканите кои се појавија како резултат на

[100] Турек Ф., „Глобализација и глобална сигурност“, Интерланд, Вараждин, 1999 год., стр., 37.
[101] Vuletic V., “Globalizacija mit ili stvarnost”, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003 god., str., 58.

глобализацијата придонесоа овие проблеми да бидат решавани на глобално ниво преку постоење на глобални (меѓународни) институции.[102]

Од претходниве констатации можеме да констатираме дека политичките аспекти на глобализацијата се одликуваат со растечка улога и значење на меѓународните организации кои имаат надлежност не само над некои држави туку над сите земји во интернационалниот систем. Меѓутоа, овие наднационални тела и некои супер-држави им ја наметнуваат на државите (присилно или не) своите лични волји и интереси. Така, на пример, САД може да изнудува политички бенефиции во „името“ на либералната демократија т.е. човекови права во која било земја во светот (демократска или недемократска). Глобализацијата на човековите права и демократијата во светот честопати се претвора во идеологија и средство за доминација. Меѓутоа, ако пристапот за демократија и човекови права се прошири на односите помеѓу државите, тогаш се претпоставува дека секоја држава би требало да има еднакви права во решавањето на светските прашања и проблеми (по аналогија на принципот „еден човек – еден глас“). Очигледно е дека во блиска иднина ова нема да се оствари затоа што најмоќните земји, каква што е САД, ги решаваат судбините на повеќето земји по пат на употреба на сила и моќ, а не по пат на демократија, па на тој начин ја одредуваат светската политичка сцена.[103]

Од друга страна, дискусиите за политичката моќ на глобализацијата се поврзува со втемелувањето на демократските принципи и вредности (на пример, почитувањето на човековите права). На тој начин демократијата може да се сфати како најзначаен политички фактор кој влијае на глобализацијата, но во изминатите години се покажа еден обратен процес: дека глобализацијата е таа којашто има силно влијание врз поставувањето на демократијата и нејзините вредности, односно глобалните процеси и нивните влијанија ја нарушуваат демократијата на два начина:

- прво, таа доведува до концентрирање на политичката и економската моќ во рацете на мултинационалните компании, а тоа значи нивна предност над државната власт во тоа што можат да ја избегнат демократската контрола и

[102] Саздовска М., М., „Еколошка криминалистика“, График Мак Принт, Скопје, 2007 год., стр., 17.
[103] Vidojevic Z., “Kuda vodi globalizacija”, Filip Visnjic, Beograd, 2005 god., str., 154/155.

можноста да ги префрлат добивките и капиталот во сопствените (матичните земји) или во други земји од светот.[104]

- вториот начин е поврзан со брзината на трговијата која ја надминува политичката глобализација, затоа што се одвива надвор од националните граници. Оттаму проширувањето на демократските облици надвор од националните граници ја зајакнува улогата на националните тела какви што се ЕУ и ООН.[105]

Од тој аспект се поставува следново прашање: Дали порастот на интернационалните тела и институции во светот е одговор на дефицитот во државното управување или на „неквалитетната демократска политика“? Секако, процесот на политичките интеграции во изминативе години говори за недостатоците во националниот систем, а поради незрелоста на одредени земји во развој неопходно е да се воспостават нови глобални уредувања и организации кои ќе бидат во положба да одлучуваат за „судбината на земјите“. Исто така, се јавува потребата за создавање космополитско право кое ќе биде прифатливо за сите во глобалниот свет. Од таа гледна точка, Хелд (Held), во рамките на теоријата за глобализацијата, говори за концепцијата на „космополитска демократија“. Во тој контекст авторот вели дека ако слободата е загрозена од однесувањето на другите нации и држави, правото во една политичка заедница не може да преовладува, така што тој укажува на неопходноста од втемелувањето на демократските права во меѓународната сфера. Таквото право тој го нарекува „космополитско демократско право“. Инаку, ова право опфаќа подредување на регионалните, националните и локалните суверенитети во правна рамка.[106] Овој модел на космополитска демократија во суштина е проширен модел на либералната демократија. Затоа според Хелд, поседува универзална вредност. Но дали тој модел на планетарниот простор се шири и преку наметнување воена сила, економска сила или едноставно е доброволно прифатен модел кој има предности и поволности над останатите облици на политичко уредување и другите видови демократија. Од безбедносен аспект може да констатираме дека глобалниот свет е сè повеќе хаотичен и полн со неизвесности кои во голема мера ќе влијаат на индивидуалната, националната

---

[104] Најранливи при префрлувањето на странскиот капитал во други земји се земјите во развој, во кои мултинационалните компании остваруваат профит поради евтината работна сила и ниските трошоци на производство.

[105] Зенделовски Г., „Глобализациските процеси мирот и безбедноста“, Филозовски факултет - Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год.

[106] Исто.

и колективната безбедност, а државните структури, поради својата слабост, не ќе бидат способни да се справат со истите, така што се очекува во иднина да го „загубат“ својот легитмитет. Од друга страна, поради непредвидливите осцилации на меѓународен план, може да се случи и при најмалите политички акции да има големи последици кои често ги сносат неразвиените и земјите во развој. Оттука, повеќето земји кои делумно го имаат прифатено или не сакаат да го прифатат моделот на либералната демократија имаат избор од две алтернативи:

- Првата е да се адаптираат побрзо на овој систем на либерални вредности со тоа што ќе ги прифатат постојните нееднаквости кај системот,
- втората алтернатива е онаа што ја посакуваат многумина, а тоа е создавање нов светски систем во кој ќе има повеќе демократија и рамноправност.[107]

Гледано низ призмата на либералната демократија, за земјите од Третиот свет (кои се претежно сиромашни земји) често се говори дека недостигот на демократија е причината за нивната неразвиеност, односно поради недоволната демократија честопати се наоѓаат на маргините од сопствениот опстанок. Имено, неуспешните, слабите и корумпираните држави најчесто се избегнувани од страна на глобалните политичко-економски актери. Спротивно на ова, зголемувањето на бројот на демократските процеси во повеќе од 70% од постојните држави во светот се гледа како значаен фактор за зајакнувањето на процесот на демократија и нејзините придобивки, како и за сѐ помали шанси за меѓусебни конфронтации и војни. Но во глобализираниот свет сѐ повеќе зачестува појавата на незадоволство од меѓународните институции, кои често се легитимирани како недемократски. Тогаш се поставува прашањето: дали и во глобализираните земји постои недостиг на демократија или, пак, недостигот се јавува само во помалку развиените земји, и кој е виновникот за настанатава состојба? Многумина посочуваат на меѓународните институции, особено на оние што се поврзани со економските аспекти на глобализацијата.[108] Од тој аспект е јасно дека пазарите имаат нееднакви ефекти и нееднаквост што тие ја произведуваат, а последиците може да бидат од политички карактер. Но денес сите сме сведоци на тоа дека глобалните пазари не придонесоа за богатење на сиромашните земји, туку дури

---

[107] Vuletic V., “Globalizacija mit ili stvarnost”, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003 god., str., 111.

[108] Денес од стоте најголеми економии во светот, педесет и една не се државна економија туку економија на транснационалните компании. Види во: Plevnik J., Iza globalizacije, Golden marketing, Zagreb, 2003 god., str. 85.

предизвикаа и поголемо осиромашување кај некои земји. Тоа значи дека „не се демократски сите држави-членки на меѓународните организации“.[109]

### *3.1 Политичката глобализација закана или шанса за државата*

Гледано од оптимистички аспект политичките аспекти на глобализацијата може да создадат поволни шанси за државата, но и да ги намалат. „Се поставува прашање дали државата умира, дали исчезнува нацијата-државата или пак настапила криза на државата?“[110] Затоа, развојот на глобализацијата не треба да се толкува како замена за власта на државата или присвојување на нејзиниот суверенитет, туку само како обид за градење и унапредување на глобалното управување. Ако се земе предвид ефикасноста на државите доколку би дејствувале самостојно, сигурно би дошле до заклучок дека тие би биле послаби (политички, економски, воено) и неделотворни, за разлика од ефектот кој може да го постигнат доколку пристапат кон регионалните или меѓународните институции, преку кои може заеднички да настапат и да ги постигнат глобалните цели. Промените настанати од глобализацијата веројатно е дека државата мора да ги преживее сите „революции“ настанати од нејзините процеси. Но, голема е веројатноста дека државата ќе претрпи одредени промени во економските, надворешно-политичките и безбедносно-одбранбените аспекти (начинот на војување), иако промените или измените во споменативе аспекти не значат дека државата ќе исчезне од глобалната сцена. Измените ќе бидат во насока на намалување на суверенитетот на државата и пренесување на политичката моќ на глобалните институции.[111] Меѓутоа, за глобализацијата може да се каже дека е успешен процес доколку ги трансформира или реконструира постојните недемократски земји и нивните недемократски системи. Затоа, иако во светски рамки се соочуваме со политизација преку деполитизацијата на државите, најдобро е да се направи комбинирано решение од кое полза ќе имаат и државите и меѓународните институции. Тоа подразбира дека во глобалната ера националните држави не постојат без светските општества и светските општества не постојат без националните држави.[112]

---

[109] Vuletic V., “Globalizacija mit ili stvarnost”, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003 god., str., 298/299.
[110] Саздовска М., М., „Еколошка криминалистика“, Графика Мак Принт, Скопје, 2007 год., стр., 17.
[111] Исто, стр., 17.
[112] Ulrich Beck, вели дека светското општество значи мноштво без единство и националното општество значи единство со ограничена разновидност, но според тоа транснационалната држава значи јасно дефинирано мноштво.

Ако се водиме и според фразата на Фридрих Ниче (Friedrich Wilhelm Nietzsche), кој вели дека времето за ситна политика е завршено, тогаш и не треба да значи дека глобализацијата е виновникот за поништување на државата и одземање на националните и државните индивидуалност и идентитет. Меѓутоа, ако глобализацијата наметнува избор или алтернатива за државите, која повеќето ја препознаваат како загуба на националната самостојност, а за возврат нуди добивање транснационална соработка, тогаш не треба на ова да се гледа како лошо и негативно.

Зошто улогата на државата е сè уште важна говорат ставовите на неколку реномирани експерти. Меѓу нив е и Гиденс (Gidens), кој прави компарација помеѓу државата и гигантските компании. Така тој вели дека државата има територија, а компаниите немаат, државите имаат пристап во воената моќ и ги држат под контрола средствата за насилство додека компаниите немаат, и државите сè уште одговорни за воспоставувањето на законската регулатива која влијае на корпорациите во однос на начинот на кој тие може да дејствуваат.[113]

Исто така и Хантингтон (Huntington) во делото „Судир на цивилизациите“ говори за тоа дека националните држави и понатаму се во фокусот на светските случувања, затоа што државите не се здружуваат во некои „блокови“ како оние за време на Студената војна туку се формираат седум или осум светски цивилизации. Во сличен контекст е и видувањето на Хенри Кисинџер (Heinz Alfred "Henry" Kissinger), кој истакнува дека меѓународниот систем во XXI век ќе се состои од најмалку шест главни сили, меѓу кои САД, Европа, Кина, Јапонија, Русија и Индија.[114]

Тргнувајќи од тезата на Хантингтон, за сè уште важната улога на државата во меѓународниот систем говори фактот што заканите и опасностите што претстојат неизбежно ќе водат кон концентрирање воена моќ, сè со цел утврдување на сопственоста, безбедноста и стабилноста. Понатаму, од политичко-безбедносен аспект, државите се тие што имаат војска, водат дипломатија, потпишуваат договори, управуваат со меѓународните организации, влијаат врз производството и трговијата и водат војни.

Овде, може да го споменеме и ставот на Пјер Бурдије (Pierre Bourdieu), за кого синоним за држава не значи само војска и полиција, туку училишта, болници, и друго.

---

[113] Vuletic V., “Globalizacija mit ili stvarnost”, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003 god., str., 151.

[114] Kissinger H., Does America need a foreign policy?, Toward Diplomacy for the 21 st Century, Simon & Schuster, 2002.

И тој го фаворизира значењето на државата, потенцирајќи ги нејзините социјални можности. Меѓутоа, времето на современата глобализација носи низа несигурности и закани кои ќе бидат главна преокупација за државите и за нивната национална безбедност. Во контекст на Вебер (Webber), државата е најмоќната институција од моментот кога стекнала легитимен монопол на сила на одредена територија и поради тоа тој смета дека политиката подразбира „настојување да се подели моќта или настојување да се влијае врз поделбата на моќта помеѓу државите или помеѓу групите во рамките на една држава“. Од ова констатираме дека Вебер инсистира на територијалност, што не се совпаѓа со дилемите на новиот светски поредок кој ќе преудицира „прекинување на постојнатаа врска помеѓу националната сувереност и националната безбедност“.[115] Сепак, и покрај тоа, јасно е дека феноменот глобализација генерира безбедносни проблеми кои ги надминуваат границите на суверената држава, но безбедноста претставува и поле каде што ќе се одлучува за иднината на државата и нејзиниот опстанок во глобалниот систем.

### *3.2 Улогата на меѓународните организации НАТО и ЕУ во процесот на глобализацијата*

Во некои делови од светот пристапот до ресурси а со тоа и до енергија, е прашање кое навистина побудува тензии. Гледано според шемата на главните трговски маршрути, светскиот енергетски систем е комплексен во сите негови димензии. Во негово функционирање како активни субјекти се вклучени многубројни актери, почнувајќи од владите на суверените држави, разни меѓународни организации и здруженија, националните и мултинационалните компании. Сложеноста на системот е дополнета со статичната структура, која ја сочинуваат изворите на нафта, инфраструктурата за нејзина дистрибуција, инфраструктурата за нејзина преработка и маршрутите на транспортот, кои главно се сувоземни и поморски патишта. Стабилноста на ваквиот сложен систем е условена од балансираните односи помеѓу актерите кои се вклучени во неговите текови. Во еден таков систем поголемите и економски развиените држави полесно доаѓаат до потребните енергенси и не дозволуваат да биде доведен во прашање нивниот економски развој.[116]

Интеграцијата на Европа претставува еден од најзначајните геополитички настани кои се случиле во средината на XX век. Економското интегрирање на Европа

[115] Brezinski Z., The Choise: Global Domination or Global Leadership, Basic Books. New York, 2004.
[116] Андоновски С. (2011). „Нафтата и геополитиката“, Штит бр. 28.

не се движеше паралелно со безбедносното интегрирање. Договорот од Брисел од 1948 година, Европската одбранбена заедница од 1952 и Западноевропската унија од 1954 год. беа обид да ѝ се даде на ЕУ одбранбено оружје, односно на уништените економии на Европа за време на Втората светска војна и ги натера западноевропските земји својот сојузник во безбедноста да го бараат во НАТО и САД за да се неутрализира воената способност на тогашен СССР.[117] За денешната ЕУ, исто како и во 1950 година, енергетската безбедност и слободниот пристап до природни ресурси мора да останат двигатели на мирот. Европската унија е втора по големина во увозот и потрошувачката на енргија. 54% од целокупната енергија која се користи во Европа, и тоа 60% гас и 84% нафта, потекнуваат од увоз. Еден од најголемите предизвици за ЕУ денес е да се осигура дека зголемената побарувачка на овие природни ресурси нема да ги наруши и дестабилизира меѓународниот мир и меѓународната безбедност. Во исто време ЕУ има за цел да ги развие своите односи со другите земји кои се поврзани со прашањето за енергетската безбедност и слободниот проток на природни ресурси. Традиционално, фокусот на ЕУ е насочен кон долгорочните снабдувачи на овие природни ресурси, какви што се Организацијата на земјите-извознички на нафта и Руската Федерација. Меѓутоа, јасно е дека е потребно многу повеќе труд за интернационалните енергетски пазари да може да функционираат транспарентно и ефикасно сега и во иднина.[118] Поради сето ова, поради зависноста на ЕУ и на нејзината економија од природните ресурси (енергија), ЕУ ги става на високо своите односи и приоритети со новите партнери - енергетските производители како Азербејџан или Туркменистан, кои своите ресурси во минатото исклучиво ги пласираа за потребите на тогашен СССР и на земјите-членки на Варшавскиот пакт, или транзитните земји на овие природни ресурси, какви што се Украина и Турција, или пак огромните енергетски потрошувачи какви што се САД и Кина. ЕУ дели заеднички интереси со САД за да осигури стабилна и предвидлива мрежа за набавка на ресурси, вклучувајќи и создвање нова енергетска инфраструктура. Успехот на пристапот на ЕУ најдобро се прикажува со договорот помеѓу ЕУ и Турција, Бугарија, Романија, Унгарија и Австрија за изградба на инфраструктура за гасоводот Набуко (Nabucco pipeline).

Гасоводот Набуко е предложениот на гасоводот од Ерзурум во Турција до Баумгартен ан дер Март во Австрија. Со изградбата на овој гасовод ЕУ се обидува да ја

---

[117] Милевски Т., „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008, стр. 121.

[118] Џамбаски З., (2010), „Зошто енергетската сигурност е важна за Европа и за Евроазија“, Штит бр. 16.

намали европската зависност од рускиот гас. Проектот Набуко е поддржан од страна на неколку држави од ЕУ и САД и се гледа како главен ривал на Гаспром (Јужен тек). Главниот снабдувач со природен гас се очекува да биде Ирак а ќе бидат вклучени и потенцијални резерви од Азербејџан, Туркменистан, како и од Египет.

Подготовките за проектот Набуко започнаа во 2002 година со потпишување на меѓувладин договор помеѓу Турција, Романија, Бугарија, Унгарија и Австрија на 13 јули 2009 година. Проектот е развиен од страна на конзорциум од шест компании. Се очекува гасоводот да биде пуштен во функција во 2017 година.

Слика 1, Локација на гасоводот “Набуко”[119]




Ова е првиот цврст проект во визијата на ЕУ за нов енергетски коридор, т.н. Јужен коридор, кој треба да им донесе поголема енергетска безбедност на земјите од Каспискиот регион преку Средниот Исток и Турција до ЕУ.

Сите земји коишто се вклучени во јужниот коридор - производувачи, транзитни земји или корисници - ќе имаат корист од големата разновидност и безбедност на нивните енергетски пазари и економии. За земјите од Каспискиот басен, како од Централна Азија така и од централниот Исток, реализацијата на овој коридор ќе овозможи безбеден и долгорочен пристап до еден од најголемите, најинтегрираните и финансиски најатрактивни енергетски пазари на светот - пазарот на ЕУ. За земјите од јужен Кавказ и за земјите покрај Црното Море реализацијата на овој коридор ќе понуди можност за дополнително снабдување со енергија за новите пазари, како и долгорочен приход за пренос на природен гас. ЕУ покажа дека енергетската соработка,

[119] https://www.google.com/search?q=Nabucco_pipeline

дијалогот и разбирањето се единствените легитимни средства за да се дојде до поголема енергетска безбедност, не само за граѓаните на ЕУ туку и пошироко.[120]

Земјите - членки на ЕУ со своите активности мора да придонесуваат за глобалната безбедност. Во голема мера, земјите-членки на евро-зоната ова го прават главно преку невоени средства, давајќи економска помош во конфликтните региони и демократизација на овие општества. Воената компонента на ЕУ е особено активна во мировните операции, додека нивната активност заостанува во конфликтните региони и учеството во воени операции.[121] Овој проблем на ЕУ не се јавува поради недостиг на војници туку е резултат на недостик на воена моќ.

За надминување на оваа состојба, во рамките на ЕУ во јуни 1999 година се разви нова безбедносна и одбранбена стратегија по самитот во Келн, со цел зајакнување на надворешната политика на ЕУ во превенирањето, менаџирањето и разрешувањето на меѓународните кризи. Во текот на 2003 година беа распоредени приближно 70.000 војници на ЕУ во конфликтните региони насекаде во светот заради одржување на мирот.[122] Во 2004 година, повеќе од десет години по потпишувањето на Дејтонскиот договор, ЕУ ја презеде одговорноста за одржување на мирот во Босна и Херцеговина. Постепено ЕУ почнува сама да одлучува за својата безбедност и за својата безбедносна политика и почнува да е во состојба да ѝ парира на САД.

Денес, земјите од ЕУ бележат благ пад и на увозот на нафта и на потрошувачката на сурова нафта. Во последната декада потрошувачката на нафта е намалена за околу 5%, а увозот е намален за околу 15%. Намалената потрошувачка на нафта првенствено се должи на имплементацијата на стратегијата за замена на нафтата како погонско гориво со други извори на енергија (нуклеарна енергија, хидроенергија, земјен гас и сл.). Од структурата на увозот на нафта во земјите од евро - зоната, најголем извозник на овој ресурс е Русија, потоа следуваат Либија, Саудиска Арабија, итн. (види табела бр. 1) Овој податок само покажува во колкава мера европскиот енергетски систем е зависен од Руската Федерација и од земјите на поранешниот Советски Сојуз, но и од Либија и Иран.

---

[120] Џамбаски З., (2010), „Зошто енергетската сигурност е важна за Европа и за Евроазија", Штит бр. 16.
[121] Милевски Т., „Глобализацијата, мирот и безбедноста", Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008, стр. 121.
[122] Исто, стр., 123.

Табела број 1[123]

| УВОЗ НА СУРОВА НАФТА И НА ГАС ВО ЕУ-27 (во милиони тони) (Извор: Eurostat, 2009) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПОТЕКЛО** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **%-2007** |
| РУСИЈА | 154,7 | 170,8 | 188,9 | 188,0 | 189,6 | 185,3 | 34,0 |
| НОРВЕШКА | 103,1 | 106,4 | 108,6 | 97,5 | 89,1 | 84,3 | 15,5 |
| ЛИБИЈА | 39,2 | 45,9 | 50,0 | 50,6 | 53,2 | 55,5 | 10,2 |
| САУДИСКА АРАБИЈА | 53,1 | 61,5 | 64,5 | 60,7 | 51,1 | 39,5 | 7,2 |
| ДРУГИ (СРЕДЕН ИСТОК) | 43,2 | 27,8 | 28,5 | 30,0 | 32,5 | 34,4 | 6,3 |
| ИРАН | 25,9 | 34,7 | 35,9 | 35,4 | 36,4 | 34,1 | 6,2 |
| КАЗАХСТАН | 13,4 | 15,9 | 22,2 | 26,4 | 26,8 | 18,3 | 3,4 |
| НИГЕРИЈА | 18,4 | 23,2 | 14,9 | 18,6 | 20,2 | 15,5 | 2,8 |
| ДРУГИ ЗЕМЈИ | 64,2 | 56,6 | 56,6 | 66,2 | 66,0 | 78,1 | 14,3 |
| **ВКУПНО** | **515,3** | **542,9** | **570,1** | **573,4** | **564,7** | **545,0** | **100** |

За време на блоковската поделеност (Студената војна), советските и американските стратези размислуваа за тоа како да го милитаризираат Артикот, а со тоа да го осигурат својот пристап до природните ресурси кои се наоѓаат во овој дел од светот, длабоко под ледената покривка.

За време на блоковската поделеност - студената војна, Сталин испратил милиони затвореници во сибирските логори за да градат железничка пруга помеѓу градовите Салехард и Игарка, кои се наоѓаат на северот од Русија. Подоцна Брежњев изградил голем број нуклеарни мразокршачи со единствена задача: да го одржуваат морскиот премин по должината на северните брегови на Сибир во текот на целата година.

Војната помеѓу Русија и Грузија (во Русија позната како Петдневната војна) во август 2008 година помеѓу Грузија од една страна, Русија и сепаратистичките влади на Јужна Осетија и Абхазија од друга страна, имаше големо влијание врз европските енергетски резерви на тој начин што предизвика привремено исклучување на гасоводот Баку-Супса.

[123] Цамбаски, З. (2010), „Зошто енергетската сигурност е важна за Европа и за Евроазија“, Штит бр. 16.

Слика 2, Локација на Грузија[124]




Слика 3, Нафтовод Баку Супса[125]




Со оглед на тоа што овој конфликт се претставуваше закана за онеспособувањето на софистицираната мрежа за набавка на природни ресурси од Кавказ, генералниот секретар на НАТО истакна дека овој воен конфликт претставува закана и за меѓународниот мир и безбедност.

Заради перманентен пристао до природните ресурси, а со тоа и до енергија, НАТО дава тежина на диверзификација на патиштата, односно презема разни мерки и активности на меѓународен план за намалување на ризиците за пристапот до природните ресурси на светските пазари на два начина:

- Прво, НАТО алијансата го нагласи огромното значење на членство и партнерство со огромните производители и транзитни држави, какви што се САД, Канада и Норвешка, кои претставуваат големи производители на природни ресурси (енергија), а кои се членки на Алијансата, но не се членки на Европската унија. Исто така, овие земји обезбедуваат излез на Алијансата кон арктичкиот регион, кој ќе стане многу значаен елемент во синџирот за снабдување со природни ресурси. Турција, која е членка на НАТО, е клучна енергетска транзитна држава и огромен енергетски центар за европските резерви и е особено значајна за европската енергетска диверзификација.[126]
- Второ, потрагата за диверзификација (изнаоѓање различни мерки и активности за намалување на ризикот за пристап до природните ресурси) води кон региони

[124]https://www.google.com/search?q=russian+georgian+war&biw=930&bih=547&tbm=isch&tbo=u&source=univ&sa=X&ei=SixOVM2AMs3EPJHggMAO&sqi=2&ved=0CDYQsAQ
[125] http://new.socar.az/socar/en/activities/transportation/baku-supsa-western-export-pipeline
[126] Цамбаски З. (2011), „ НАТО и енергетската безбедност“, Штит бр. 17.

со поголема политичка нестабилност и поголема ранливост за конфликти или терористички или пиратски напади. Одовде постои јасна потреба за координирана воена заштита на ваквите резерви и патишта од страна на НАТО алијансата.

Таков пример особено е видлив во Нигерија, која претставува клучен нафтен производител за земјите-членки на НАТО. Нигерија е во постојан фокус на НАТО имајќи ги предвид постојаните насилства и заканите кои се упатени од страна Движењето за еманципација на делтата Нигер, кое бара поголема контрола над нафтеното производство. Конфликт во делтата Нигер се појави во почетокот на 1990 година помеѓу странски нафтени корпорации и големиот број малцински етнички групи кои се чувствуваат експлоатирани од страна на странските нафтени корпорации. Ваквите активности неминовно предизвикаа милитаризација на речиси целиот регион од етнички милициски групи, како и од нигериската војска и полиција. Сето ова изврши влијание на резервите, ефективната експлоатација на природните ресурси и, секако, и на нивната цена.

Друг таков карактеристичен пример е пиратството на „Рогот на Африка“, кој стана присутен проблем од 2008 година. За таа цел, за да ја зголеми енергетската безбедност, НАТО мораше да ги заштити транзитните патишта за достава на овие природни ресурси, нафта и гас со операцијата „Океански штит“. (Operation Ocean Shield). Пиратството во овој дел од светот претставува проблем за целокупното бродарство. Неговата важност за енергетската безбедност и слободниот извоз на природни ресурси беше особено истакната кога пиратите го презедоа супер танкерот Сириска ѕвезда кој превезуваше 26% од дневното нафтено производство на Саудиска Арабија. Ова не беше прв случај во кој пиратите се осмелија да нападнат и да заземат танкери кои превезуваат нафта за западните економии. Огромен број такви пиратски напади се преземани и против други танкери, вклучувајќи ги Абдул Калам Азад и Крити Епископи.[127]

За заштита на овие поморски патишта, операцијата Океански штит е придонесот на НАТО во анти-пиратската кампања во близина на брегот на Рогот на Африка и во заштитата на транзитните патишта на природните ресурси. Оваа операција следуваше по претходно започнатата операција Сојузнички заштитник. Овие поморски операции

[127] Цамбаски З., (2011), „НАТО и енергетската безбедност“, Штит бр. 17.

започнаа на 17 август 2009 година. Сојузничката операција се фокусираше на заштита на бродовите кои пловеа во овој дел од светот. Операцијата имаше за цел да им помогне на воените морнарици и на крајбрежните стражи на државите од овој регион во зајакнувањето на нивниот капацитет во борбата против пиратството во Индискиот Океан. На овие операции на западната алијанса ѝ се придружи и НР Кина и Јужна Кореја, кои испратија свои борбени бродови да учествуваат во овие операции со една единствена цел: за заштита на морските патишта и слободен проток на природните ресурси и други стоки за потребите на своите економии и економиите на западните демократии.

## *4. Културниот аспект на глобализацијата*

Во почетокот на ова истражување ги разгледавме повеќето аспекти на современите процеси на глобализацијата. Освен на економски, политички и социјален план, нејзините ефекти продолжуваат и во доменот на културата, со тоа што одредувањето на културниот аспект на современата епоха за многумина беше песимистичко видување дека културите на многу народи се изложени или потчинети на брановите од глобализацијата, а присутен беше и стравот од губење на сопствениот идентитет и обичаите. Културата сфатена како начин на живот во една заедница т.е. интегриран облик на човечко знаење, верување и однесување, сама по себе нема одлучувачка моќ, било во позитивна било во негативна смисла, таа не води кон промени во светот. Но, во денешно време културата заедно со другите нееднаквости (особено економски) и други разлики доведува до големи последици, од кои најизразени се меѓуцивилизациските судири. Културата, од друга страна е таа којашто ги чува националниот идентитет и општочовечките вредности, без разлика на тоа дали станува збор за големи или мали земји, моќни или слаби, богати или сиромашни земји.

Меѓутоа, крајот на Студената војна го означува почетокот на една нова култура која претендира да се наметне како општа цивилизациска вредност со доминантни „симболи“ на земјите - предводници на капиталистичкиот либерален систем. Тоа значи дека културниот успех на некои земји на глобално ниво зависи од моќта (политичка, економска и воена) на државата којашто стои во заднина. Една од суштинските причини насочени против феноменот на глобализацијата е поврзана со последиците врз културниот идентитет и националните вредности. Многумина посочуваа на глобализацијата дека е виновникот и за изгледувањето на локалните обичаи и традиции. Манифестирањето на вредностите од Западот преку американскиот начин на

живот предизвикуваше страв кај некои народи и земји, кои во сето тоа гледаа опасност од исчезнување или асимилирање. За повеќето народи губењето на националниот идентитет значеше и негова историска смрт. Но и неприфаќањето на универзалната култура и изолирањето ќе води кон смрт.[128] Па, така, освен тоа што условите на глобализираниот свет доведоа до хетерогенизација на идентитетот, таа го преструктуира начинот на кој живееме со белези на американското културно влијание, најчесто изразени преку филмовите, музиката, интернетот и другите мас-медиуми. Но наметнувањето на овие западни вредности посочува на тоа дека животот на либерална демократија асоцира на материјално богатење и сѐ поголемо оддалечување од нематеријалните (духовни) вредности.

Тезата за една политичка култура со западни вредности може да се види преку теоретското објаснување на Фукујама (Fukuyama), кој се придржува до една од верзиите на Хегел (Hegel), кој тврди дека човекот се стреми кон борба за признавање, односно првиот човек на Хегел не сака материјални вредности туку желба да се биде признат од другите. Оваа борба не претставува економски двигател кој во денешно време ја согледуваме со вредностите на либералниот модел. Или, пресликано од индивидуален кон општ цивилизациски аспект, ова би значело дека веќе сите нации во светот немаат друг избор освен да се придвижат кон една политичка култура на либералната демократија, која веројатно ќе има помалку побуди за војна и судири. Но дали борбата за признавање на сопствениот идентитет и култура нема да нѐ одведе сите во Хобсовата природна состојба „војна на сите против сите“?[129]

Одговорот е поврзан со наметнувањето на неолибералните културни вредности, кои се само причина повеќе кај повеќето нации да се појави чувството на загрозеност и да предизвика појава и пораст на национализмот во повеќето земји, а последиците да бидат од карактер на нестабилност па до етничко чистење, а сето тоа поради желбата за доминирање на сопствената нација над останатите. Од друга страна, пак, постојат земји коишто не ги исполнуваат либералните културни предуслови, а сепак успеале да постигнат високо ниво на демократска стабилност, а таков пример претставува Индија.[130]

---

[128] Vidojevic Z., “Kuda vodi globalizacija”, Filip Visnjic, Beograd, 2006, str. 50.
[129] Waters M., Globaalization, Routledge, London, New York, 1995, p. 194.
[130] Fukuyama, F., The end of history and the last man, Pengum Books, 1992.

Оттука можеме да констатираме дека глобализацијата изразена преку нејзините технолошки и економски можности влијае како на настаните на светско ниво така и на секојдневниот живот на луѓето, притоа успевајќи да наметне чувство на космополитски идентитет и припадност кон светот.

Познато е дека глобализацијата преку нејзините економски актери (компаниите) успева во идејата да ги наметне своите вредности како општо-цивилизациски универзални вредности, кои ќе бидат во корист на глобалните економски компании. Веќе осознавме дека процесите на глобализација водат кон зголемување на заемната поврзаност и зависност, но надвор од националните граници. Но, исто така, таа значи здружување и поврзување на локалните култури во една глобална култура. Развојот на информатичката технологија несомнено овозможи досега незапаметено поврзување на луѓе и народи од целиот свет. Ова поврзување помеѓу луѓето и народите ги надмина националните граници на државите, без разлика на нивната големина. Непречената размена на културни вредности и поделбата на информациите создаде чувство на доверба, блискост и поврзаност помеѓу луѓето и народите. Културниот идентитет на народите се преобликува и се формира нова култура со нови вредности. Со самото тоа се менува и културниот елемент на народите, со можност постепено, чекор по чекор да се формира нова „глобална цивилизација“.[131] Оттука доаѓаат и некои поими какви што се космополитизам или идентитет на светски граѓани, означувајќи го духот и отвореноста спрема светот или чувство на припадност кон светската целина. Претставен на овој начин, космополитизмот значи и детериторијализација.

Сепак, ова претставува процес проследен со разни проблеми поврзани со трендот на глобализација. Во некои општества, како резултат на процесот на глобализацијата, општествата ја јакнат својата култура исплашени од губењето на својот културен идентитет. Ова може да придонесе до појава и јакнење на национализмот и до избувнување на конфликти.

## *4.1 Културните аспекти на глобализацијата и безбедноста*

Брзината и темпото што ги наметна глобализацијата создава конфузија во мислењата на повеќето експерти, поделувајќи ги на две страни:

[131] Милевски Т., „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008, стр. 227.

- Поддржувачите на едната страна имаат став дека културната глобализација создава разноликости и мултикултурности кои најчесто водат кон хаотизирање на светот, а со самото тоа и до небезбедно глобално општество.
- Пддржувачите на другата страна, пак сметаат дека глобализацијата придонесува за глобална култура која е многу поврзана и интегрирана и на некој начин ќе придонесе за мирот и стабилноста.

Првата теорија асоцира на познатото дело на Хантингтон „Судирот на цивилизации“, во кое авторот вели дека народите и земјите со исти култури се зближуваат, а оние со различни култури се разидуваат. Така, во рамки на светските збиднувања културните идентитети се важен фактор што ги приближува или ги оддалечува земјите. Меѓутоа, истиов автор сам си поставува прашање во обратна насока, за кое треба длабоко да се размисли; „зошто културните еднаквости ќе ја олеснат соработката и зближувањето помеѓу луѓето, а културните разлики ќе ги продлабочат јазовите и судирите„[132]

Во современиот свет културната идентификација се покажа како неизмерно поважна од останатите облици на идентификација. Овој вид идентификација им помага на народите и земјите да откријат „кои се“, „каде припаѓаат“, односно „кој не е нивни“. Затоа во изминатите години главна расправа во повеќето земји беше одредувањето на националниот идентитет и зближување со оние земји и народи кои имаат иста вероисповед, јазик, обичаи, традиции, вредности и институции, а оддалечување од оние што не ги споделуваат овие обележја.[133] Во сличен контекст говори и Фукујама (Fukuyama), за кого општествата кои се силно поларизирани по линија на општествени класи, националност или религија, демократијата може да биде безизлезна или во стагнација. Но, секако, присутно е видување кое се држи до тоа дека конфликтите, војните, судирите и терористичките акти се случуваат и онаму каде што народите и земјите имаат истородна култура, вредности и традиции, така што видувањата одат во обратна насока од онаа на Хангтингтон (Hungtington). Меѓутоа, јасно е дека на културната глобализација во повеќето, особено во недемократските земји, се гледа како опасност од губење на идентитетот, традициите и обичаите. Оние земји кои го промовираат новиот начин на глобално живеење се веќе етикетирани како

[132] Види поопширно кај Зенделовски Г., „Глобализациските процеси мирот и безбедноста“, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год.
[133] Исто.

„непријатели“ или „уништувачи“. На некој начин и големите политички држави во остварувањето на сопствените интереси придонесоа за развивањето на антагонизмите во повеќенационалните и помеѓу соседните земји, а недоразбирањата почесто ги решаваа со силата на мечот отколку со перо. Но веќе постои и друго мислење според кое глобализацијата е таа што го раѓа фундаментализмот, односно подемот на фундаментализмот е закана од западно - либералните вредности за некои претежно традиционални исламски општества. Тие, пак, ги користат сите предности од глобализацијата (на пример, Иран и одредени милитантни и терористички групи во други делови од светот ги користат мас-медиумите и интернетот како средство за јакнење на сопствениот идентитет и за ширење на своите вредности. Ист е случајот и со Исламската држава, која ги користи мас-медиумите за свое промовирање). Сепак, во светот на глобализацијата културните аспекти се исто толку значајни како и политичките и економските, затоа што, за да можат да постигнат стабилен систем на односи, политичко-економските институции се принудени да ги прикажат своите карактеристични вредности и обичаи со западната цивилизација. Освен тоа кога станува збор за односот на глобализацијата со културата и безбедноста, веднаш се заклучува дека културата има клучно значење во локални, регионални и светски размери, односно треба да се избегне непотребната селекција и поделба од типот на „мали“, „големи култури“, „супериорни“ и „инфериорни“ народи или на „господари“ и „робови“. Иако постои ваков третман, глобализацијата по природа треба да биде плуралистичка, а не да претставува наметнување на еден тип на светска заедница и култура.[134]

Кога станува збор за односот со безбедноста, тогаш можеме да говориме дека во блиска иднина можноста од судир на цивилизации на светско ниво е помалку веројатна. За разлика од ова, постои можност за појава на судири и војни онаму каде што се тежнее за културнадоминација на одредени земји во некои делови од светот кои не се вклопуваат и не ги прифаќаат вредностите на либералната демократија. Оттука согледуваме дека глобализацијата има силно влијание врз културата и безбедноста на тој начин што се обидува да го придвижи центарот на светските случувања (информации, реклами, спорт и др.), кои одат во насока на периферијата создавајќи можност за нови етнички идентитети на културите во периферијата. Исто така, таа ја носи и периферијата од светот кон неговиот центар, а очигледна причина за ова се

[134] Vidojevic Z., “Kuda vodi globalizacija”, Filip Visnjic, Beograd, 2005, str. 55.

бројните мигранти кои мигрираат од неразвиените во развиените земји. На тој начин успеваат да ја нарушат хомогеноста на некои нации-држави придвижувајќи ги во насока на мултикултурализам.[135]

## 5. Енергетските ресурси во глобализираниот свет

Енергетските стратегиски ресурси меѓу кои нафтата, природниот гас и јагленот, заземаат значајно место во глобалните политичко-економски безбедносни превирања. Овие стратегиски ресурси имаат големо значење и огромно влијание за земјите кои ги поседуваат, но исто така имаат и силно влијание во подрачјата и регионите во окружувањето. Земјите што ги имаат во изобилие овие ресурси може да ги искористат за свои предности и да бидат голем политички фактор на меѓународната сцена. Но, гледано од друга страна, овие земји се и мета број еден за моќните земји на економски, воен и политички план, како за и нивните економско-безбедносни организации.

Во 1953 година Џорџ Маршал ги повикал нациите да извлечат поука од минатите настани и да изнајдат начин да се избегне војната и да се одржи мирот. Во Европа, во тоа време, во согласност со Шумановите декларации од 1950 година и по лекцијата од настаните во Втората светска војна, беа активирани плановите за нов вид мировна соработка. Тоа доведе до создавање на Европската заедница за јаглен и челик, што беше првиот чекор кој резултира со создавањето на денешната Европска унија. Јагленот им беше примарно гориво на европските економии, бидејќи претставуваше главен извор на енергија. Милиони работни места зависеа од неговото вадење, преработка и транспорт, а да не ја споменуваме и неговата употреба. За Европа врската помеѓу енергијата и безбедноста беше јасно поставена. Истото прашање е поставено и денес пред целиот свет: дали енергетската сигурност, а со самото тоа и глобалната безбедност, е фактор за мир или претставува зачеток на нови конфликти?[136]

Во некои делови од светот пристапот до енергија е прашање кое навистина побудува тензии. За денешната ЕУ, исто како и во 1950 година, енергетската безбедност е и мора да остане „двигател на мир“. Еден од најголемите предизвици за ЕУ е да се погрижи за тоа дека зголемената побарувачка за ресурси нема да предизвика криза во меѓународната безбедност. Изминатиот период безбедносните проблеми во најголем број случаи беа поврзани со стратегиските извори на ресурси, односно овие

[135] Види поопширно кај Зенделовски, Г., „Глобализациските процеси мирот и безбедноста“, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год.
[136] Цамбаски З., (2010), „Зошто енергетската сигурност е важна за Европа и за Евроазија“, Штит бр. 16.

богатства на ресурси во голема мера ја одредуваа насоката на идните глобални безбедносни и економски превирања. Една од причините за конфронтирање помеѓу големите светски суперсили или помеѓу меѓународните организации, во суштина, беше борбата за влијание врз земјите и регионите кои ги поседуваат стратегиски важните ресурси, кои во почетокот на овој труд ги нарековме „***ресурси што живот значат***“. Геополитичките и геостратегиските превирања на глобалните играчи всушност беа насочени кон т.н. глобално водство, кое во суштина претставуваше „присвојување“ или „окупирање“ на овие земји и региони, кои имаа стратегиски интерес, а беа компонента и на нивната национална безбедност. Ова „окупирање“ или „присвојување“ на овие стратегиски земји може да се изврши исклучиво со воена сила.[137]

Сепак, безбедноста на овие ресурси (на пр. нафта, природен гас, вода и др.) во голема мера зависеше од низа предизвици во подрачјата и регионите каде што се наоѓаа. Секако, овде би ги вброиле: тероризмот, регионалните воени, политичките, економските, верските и етничките конфликти, но исто така важен елемент е и самата стабилност на земјата од каде што се извезуваат овие природни ресурси. Понатаму, разните природни незгоди и катастрофи, безбедноста при транспортот на ресурсите до крајниот потрошувач и слично исто така беа изложени на многу предизвици. На сите овие предизвици дополнително влијание има и политичкиот и економскиот аспект на глобализацијата. Во овој дел од истражувањето се обидовме да воспоставиме врска помеѓу енергетската зависност и глобализацијата, со претпоставка дека во иднина енергетската безбедност, економската безбедност и националната безбедност ќе бидат силно вмрежени и меѓусебно испреплетени.[138]

Според Меѓународната агенција за енергија (International Energy Agency)[139] глобалните енергетски потреби ќе продолжат и понатаму да се зголемуваат во наредните 25 години, а до 2030 година светските апетити за енергија, за разлика од денес, ќе пораснат до 55%.[140] Најмногу енергија ќе потрошат земјите во развој, околу 2/3 од вкупната светска потрошувачка на енергија, каде што има и постојано

---

[137] Џамбаски З., (2010), “Зошто енергетската сигурност е важна за Европа и за Евроазија”, Штит бр. 16.

[138] Nayef R.F.Al-Rodhan, Energy Security, Globalization and Global Security, Geneva Centre for Security Policy, Policy Brief No. 8, September, 2006.

[139] http://www.iea.org/

[140] Според лондонскиот весник Тајмс, ќе има доволно резерви на нафта и тие нема да пресушат, затоа што резервите се намалуваат со просечна стапка од4,5% годишно, што е двапати помалку од поранешните проценки. Цит. во: Дневник, 19, јануари 2008 година.

зголемување на населението. Споменатава агенција потенцира дека во иднина најголема побарувачка ќе има за следниве видови енергија: нафта, природен гас, јаглен, нуклеарна и хидроенергија. Со зголемувањето на бројот на светското население ќе се зголеми и побарувачката за енергија за 2,9% годишно, почнувајќи од 2003 до 2030 година.[141] Аналогно на ова и потребите на јаглен ќе се зголемуваат од 25% во 2005 година, до 28% во 2030 година. Само во Кина и Индија потребите за јаглен ќе се зголемат за повеќе од 80%.[142]

Поради зголемената побарувачка на природни ресурси и во иднина се очекува регионите со најголеми резерви на ресурси, меѓу кои Средниот Исток и Северна Африка, да имаат и најголеми приходи. Само како илустрација, во овие региони се очекува вкупните приходи од извозот на нафта и природен гас да се движат од 310 милијарди долари во 2004 година до 325 милијарди долари во 2010 година, односно до 635 милијарди долари во 2030 година.

Ако го анализираме Ирак, ќе можеме да го доловиме значењето на стратегиските ресурси, особено на нафтата, односно нејзиното значење „нешто што живот значи“ за високо-развиените земји во кои се вмрежени безбедносните, енергетските и економските интереси. Само за потсетување, Ирак е втора земја по големина (по Саудиска Арабија со 25% од светските резерви на нафта) во светот со резерви на нафта од околу 112 милијарди барели (11% од вкупните светски резерви на нафта) и со дневен извоз од повеќе од 1,5 милиони барели нафта. Но во споредба со она што им треба на супер моќните-држави какви што се САД, ова количество веројатно е мало. Според извештаите на американското Министерство за енергија за 2001 година, до 2020 година увозот на нафта мора да се зголеми од 10,4 милиони барели на приближно 17 милиони барели дневно.[143] Но ако претходно изнесениот факт го споредиме со фактот дека трошоците за производство на нафта за еден барел од Каспискиот регион се движат помеѓу 7 и 8 долари, додека во Ирак трошоците за експлотирање на суровата нафта изнесуваат 0,79 долари, ќе дојдеме до констатација дека нема ниедна друга причина, ама баш ниту една повеќе освен онаа економската, за тоа зошто некои држави или компании се толку „загрижени“ за Ирак.[144] Исто така, не

[141] World Energy Prospects and Challenges, International Energy Agency World Energy Outlook, 2005.
[142] International Energy Agency World Energy Outlook: Fact Sheet-Global Energy Demand, 2007.
[143] Izbor tekstova, Ka carstvu dobra ili apokalipsi, Filip Visnjic, Beograd, 2003 god., str.203.
[144] Исто, стр., 208.

смееме да го заборавиме и фактот дека со новите истражувања на нови наоѓалишта на нафта Ирак ќе ја надмине Саудиска Арабија во вкупното поседување на овој ресурс.

На ова може се надоврзе и фактот дека со започнувањето на војната во Ирак од страна на САД во 2003 година цената на нафтата за еден барел изнесуваше околу 20 долари. За период од 5 години, односно во 2008 година цената на нафтата за еден барел се зголеми повеќекратно и достигна до 105 долари. Оваа е една од причините зошто за САД Ирак е високо во агендата, односно е од висок национален интерес. Но кога ќе ја видиме и другата страна на паричката, ќе дојдеме до заклучок дека САД трошат огромни средства. Така, според некои извори, САД за војната во Ирак трошат приближно 1 трилион долари, додека еден од реномираните светски економисти, Joseph Eugene Stiglitz,[145] вели дека во 5-годишната војна САД потрошиле околу 2 трилиони американски долари, односно вкупните трошоци на американската економија изнесувале од 3-5 трилиони долари. Од ова можеме да дојдеме до еден заклучок: уште колку долго САД ќе останат во Ирак ако се земат предвид показателите за вкупните резерви од 112 милијарди барели нафта. САД за време на војната загубија повеќе од 4.000 војници, додека Ирак загуби од 150.000 до 1.000.000 цивилни жртви. Меѓутоа, овие показатели говорат за сложеноста на овој проблем за анализа (Ирак), иако ги допревме најважните аспекти на глобализацијата (економските и енергетските), сепак, треба да се создадат „лажни“ слики и политички тензии за војната, а задницата на ова да биде профитот на супер моќните земји. Ова може да ни послужи како показател дека во блиска иднина геополитичките стратешки игри на големите сили може да бидат насочени кон други „авантури“ кои ќе доведат до регионална или глобална нестабилност или до меѓусебни натпревари помеѓу глобалните играчи, чијшто натпревар може да заврши со неуспех и со последица врз глобалниот мир и благосостојба. Стравот дека во иднина војните ќе се водат за ресурси е само една констатација која е во согласност со причините за војна на Фукујама.[146]

Светот ќе биде уште понестабилен и понебезбеден доколку својата сè поголема жед за ресурси западните демократии не ги заменат со користење на нуклеарната енергија и со изградба на нови нуклеарни централи. Велика Британија, САД, Јапонија, Индија и уште неколку европски земји и други држави од останатите континенти

[145] http://www2.gsb.columbia.edu/faculty/jstiglitz/index.cfm
[146] http://fukuyama.stanford.edu/

претендираат кон употреба на ваков вид енергија.[147] Иако оваа енергија има свои предности, сепак, нуклеарната енергија како алтернативна енергија во свет со глобални опасности и закани може светот да го доведе само до Ајнштановата „Четврта светска војна“.[148]

[147] Svijet se vraca nuklearnoj energiji, Svijet, 12 Prosinca, 2007.

[148] Поимот Четврта светска војна за Алберт Ајнштан претставувал синоним за кој мислел дека по Третата светска војна и употребата на нуклеарното оружје светот ќе биде уништен до крај, така што наредната Четврта светска војна, според него би се водела со камења и стапови.

# III ДЕЛ

## *ГЛОБАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И ГЛОБАЛНИ ЗАКАНИ*

Идентификувањето на суштината и природата на безбедноста претставува комплексен и мултидимензионален проблем и предизвик. Безбедноста е спорен концепт. Постои општо-прифатен консензус меѓу научната јавност дека безбедноста подразбира слобода од секаков вид закани по основните вредности на цивилизацијата. Но меѓу научната јавност постои и несогласување околу тоа дали главниот фокус на истражување треба да биде концентриран на индивидуалната, националната или на меѓународната безбедност. Во периодот на Студената војна, по завршувањето на Втората светска војна до почетокот на 90-тите години од минатиот век, доминантна била идејата за националната безбедност, којашто главно беше дефинирана со воени термини. На крајот од XX и почетокот на XXI век, под влијание на промените кои настанаа во меѓународните односи (глобализацијата и регионализацијата, демографските и еколошките проблеми), истражувањето на безбедноста беше проширено со нови концепти на индивидуалната, социеталната и глобалната безбедност.[149]

Во контекст на безбедноста, во прилог ќе ги цитирам неколкуте автори коишто ја дефинираат безбедноста на следниов начин: според **Волтер Липман** (Walter Lippmann), една држава е безбедна до степен до кој не е загрозена за да треба да жртвува клучни вредности ако сака да избегне војна, и која е способна, ако биде предизвикана, да ги одржи истите вредности со победа во една таква војна.[150] Безбедноста според **Арнолд Волферс**, во објективна смисла, означува отсуство на закани по стекнатите вредности, а во субјективна смисла - отсуство на страв од тоа дека таквите вредности ќе бидат нападнати.[151] Според **Бери Бузан** (Barry Gordon Buzan), кој досега беше цитиран неколкупати во овој труд, во случајот на безбедноста, дискусијата е околу потрагата по ослободување од закани. Кога оваа дискусија е во контекст на меѓународниот систем, безбедноста се однесува на способноста на државите и општествата да го одржат својот независен идентитет и својот функционален интегритет.

---

[149] Преземено од Стефановска С., „За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје, 2 август С, Штип, 2007 год., стр., 227.
[150] Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје 2008 год., стр., 229.
[151] Исто, стр., 229.

Постојат разни аргументи околу поимот безбедност, но едно е сигурно: дека значењето на безбедноста е проширено сè со цел да се опфатат политичките, економските, општествените, еколошките и воените аспекти.

## 1. Поимно определување на глобалната безбедност

Глобалната безбедност, како што напоменавме претходно, претставува обид на теоретско обликување нов концепт на безбедност во услови на воспоставување нови меѓународни односи и комплексни структурални промени во меѓународниот поредок во периодот по Студената војна.[152]

Историското и традиционалното одредување на поимот безбедност секогаш се поврзувало со ривалство и конфликтите помеѓу суверените држави. Така со цел да ја зголемат својата безбедност, државите во минатото ги зголемувале воените капацитети и формирале сојузи со други држави. Значи безбедноста подразбирала заштита на државата од надворешен напад, па и концептот на суверена држава од безбедносен аспект често подразбирал создавање силен воен систем. Со самото тоа безбедноста како свој предмет ја имала државата, а содржински се однесувала на воената сила.[153]

Традиционалниот поглед на безбедноста воопшто отсекогаш се однесувал на мирот и насилството. Аналитичарите кои ја поврзуваат глобализацијата со ширењето на слободната трговија и демократијата често пати ги поврзуваат овие случувања со опаѓањето на војувањето. Тие истакнуваат дека вооружените конфликти исчезнуваат помеѓу државите во глобализираните делови на светот.[154]

Зборот безбедност доаѓа од латинскиот збор „sine cura“, што значи „без грижа“ и како таков тој претставува најголем страв или најмала фрустрација. Безбедносното опкружување го исполнуваат нови ризици, од кои, пак, се појавуваат безбедносните закани, кои повеќе структурно отколку директно влијаат врз несигурноста и на државата и на граѓаните. Криминалот, корупцијата, тероризмот, сиромаштијата, невработеноста, инфективните болест и конфликтите го сочинуваат изменетото безбедносно опкружување и предизвикуваат несигурност и нестабилност.[155] Ниту една држава сама посебе веќе не може да му се спротивстави на транснационалното

---

[152] Преземено од Стефановска С., „За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје, 2 август С, Штип, 2007 год., стр., 227.

[153] Кузмановски З., „Влијанито на глобализацијата врз факторите за развој на тероризмот“, Филозофски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир Скопје, 2010 год.

[154] Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје 2008 год., стр., 57.

[155] Георгиева Л., „Творење на мирот: Мирот, конфликтите и безбедноста по студената војна“, Виладорф, Скопје, 2004 год.

загрозување на безбедноста. Дури може да кажеме дека националната безбедност денес не може да се обезбеди, односно тешко е да се одржи без интензивно учество во меѓународните безбедносни институции и организации.

Развојот на информатичко-комуникациските технологии создаде нови општествени услови кои ги наметнуваат своите барања за формулирање нова безбедносна архитектура. Новите воспоставени услови, несомнено, бараат пренесување на дел од државните функции на нови глобални, односно национални институции од една страна, и спуштање на дел од безбедносните функции на пониско ниво во локалната самоуправа од друга страна. Улогата на институциите во државата во сферата на безбедноста е од пресудно значење во изградбата на побезбеден свет. Националните (државните) безбедносни системи мора да опстанат и да егзистираат сè додека не биде создаден соодветен глобален механизам кој би бил под контрола на демократски организираните глобални институции. Откако се глобализираа економијата, комуникациите и транспортот, негативните појави какви што се тероризмот, невработеноста, криминалот, дрогата и загадувањето на животната средина исто така станаа интернационални или глобални проблеми кои не знаат за национални граници. Граѓанските војни и сиромаштијата имаат улога на промотори за миграции во државите и на континентите. Овој раст на опасности што ги загрозуваат сите општества во исто време воспоставува заеднички интерес за нивно контролирање, и тоа пред сè во сферата на безбедноста, економијата, социјалната политика, развојот и политиката за заштита на животната средина.

Според мислењето на Шилтц (Shiltz), Годсон (Godson) и Куестер (Quester), во проучувањето на безбедноста во меѓународните односи, според предметот може да се идентификуваат пет различни погледи:[156]

Концептот на националната безбедност во глобализираниот свет, како и неговата постојана перманентна трансформација може да ја надополниме само со еден факт: самиот безбедносен концепт на државите до крајот на Студената војна, раните 90-ти години, постојано е индентификуван и надополнуван исклучиво со воени примеси. Во најголемиот број од случаите државите до овој период биле концентрирани исклучиво на воените ризици и заканите кои се појавуваат и произлегуваат од нив. Националните држави во тој период делумно или целосно ги

[156] Turek F., “Globalizacija i globalna sigurnost”, Interland. Varazdin, 1999 god., str., 77.

занемерувале и сосема ги заборавaале останатите ризици и закани кои се надвиснати над денешното современо општество. Овие загрозувања, пак, во голема мера не се за потценување и можат сериозно да ја нарушат безбедносната состојба во една држава.

Националната безбедност претпоставува сет на безбедносни содржини кои произлегуваат од самите национални вредности. Тоа претставува состојба на благосостојба и опстанување на државите, при што заканата или употребата на воена сила се доживува како главен инструмент кој го овозможува опстојувањето на државата. Овој приод произлегува од реалистичката традиција, во која државата се доживува како примарен актер во меѓународниот систем, што исто така вклучува влегување во разни сојузи, склучување договори за воена контрола и други мултинационални ангажмани како инструменти на националната безбедносна политика.

Во „Меѓународната енциклопедија на општествени науки“Бенковиц (Benkowitz) и Бекет (Beket) ја одредуваат националната безбедст како „способност на државата (нацијата) своите внатрешни вредности да ги заштити од надворешни опасности“.[157]

Според  Петковиќ Р. (Petkovic R.), националната безбедност претставува безбедност на одделна држава, безбедност на нејзиниот национален суверенитет и територијален интегритет. Димитријевиќ В. (Dimitrijevic V.) и Стојановиќ Р. (Stojanovic R.) пак, сметаат дека не постои општо прифатена и усвоена дефиниција за националната безбедност при што тие истакнуваат дека таа би морала да содржи два основни елемента: вредносен и сознаен. Значи треба да се знае за кои вредности станува збор и што претставува опасност за нив. Гризолд А. (Grizold A.) ја определува националната безбедност како безбедност на националната територија, заштитата на животот на луѓето и нивниот имот, одржување на националниот суверенитет и остварување на темелните функции на државата.[158]

Сепак, безбедноста кон којашто тежнее секоја држава, иако не може да се нарече апсолутна, подразбира физички опстанок на една земја и на нејзиното население, независност и материјален просперитет на земјата, и доколку тие елементи не се загрозени, постои нормален степен на национална безбедност. Националната безбедност се сфаќа како систематичен безбедносен проблем во којшто и индивидуите

---

[157] Преземено од Стефановска С., “За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2 август С, Штип, 2007 год., стр., 223/224.
[158] Исто, стр. 223/224.

и државите и меѓународниот систем имаат свој удел и во којшто економските, социјалните и факторите на животната средина се подеднакво значајни како политичките и воените фактори.[159]

Меѓународната безбедност го опфаќа сознанието дека безбедноста на една држава е поврзана со безбедноста на другите и дека колективната употреба на воена сила е важен инструмент на политиката. Овој приод му дава повеќе внимание на меѓународните институции и меѓународниот поредок, отколку на националната безбедносна перспектива.

Според Едвард Бенеш (Eduard Beneš) идејата за меѓународна безбедност ја изразува вродената желба кај секој народ секоја држава да биде осигурена од опасноста од агресија и се заснова на извесноста дека државата нема воопшто да биде нападната или дека во случај на напад ќе добие брза и ефикасна помош од другите држави.[160] За В. Иблер (V. Ibler) меѓународната безбедност претставува синоним за колективна безбедност или универзален систем на колективна безбедност, додека В. Гучетиќ (V. Guceitc) целосно ги изедначува меѓународната и колективната безбедност. Деган (Degan) смета дека во однос на меѓународната безбедност по конкретен и по соодветен би бил поимот „општа безбедност“, која би претставувала цел, односно постигнување таква состојба во меѓународните односи при што нема да постои страв од меѓусебен напад и загрозување однадвор на темелните вредности на националната безбедност на секоја држава. Ачимович (Acimovic L.) смета дека меѓународната безбедност, која денес претставува битен чинител на националната безбедност, претпоставува изградување таков систем на меѓународни односи кои би можеле да го одвраќаат потенцијалниот агресор од употреба на сила, односно да му го сторат секое прибегнување кон сила неприфатливо и неисплатливо, од една страна, и да го поттикнуваат развојот на односите на миројубива соработка, од друга страна.[161]

Меѓународната безбедност се смета за општа придобивка на светската цивилизација и отсуство на опасност за опстанокот на човекот воопшто. Меѓународната безбедност би требало да значи дека сите земји-членки на меѓународната заедница ги уживаат придобивките на меѓународната безбедност и се чувствуваат безбедни. Меѓународната безбедност како збир на мерки со кои се

---

159 Преземено од Стефановска С., „За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2 август С, Штип, 2007, стр. 224/224.
160 Исто, стр., 224/225.
161 Исто, стр., 224/225.

гарантира опстанокот и постоењето на сите држави и елиминирањето на војната е битен услов за опстанокот и развојот на меѓународната заедница.[162]

Концептот на трансдржавната безбедност е нов, и за разлика на безбедносните концепти кои се врзани за државата, покажува дека постблоковскиот свет, внатрешнодржавните и трансдржавните актери ќе бидат важен извор на нестабилност. Таквите актери вклучуваат етно-национални движења, религиозни екстремисти, криминални организации, терористи и бунтовници, кои и покрај тоа што дејствуваа на субдржавно и трансдржавно ниво, тие ја задржуваат поврзаноста со државите.

Широкиот концепт на безбедност го става поединецот на централно место во современите студии за безбедноста. Индивидуалната безбедност опфаќа и други сложени фактори, како слободата, богатството, здравјето и др. Имајќи ги предвид различните аспекти на индивидуалната безбедност, многу е тешко да се направи кава било разлика помеѓу субјективната и објективната оцена, кога човекот е безбеден. Според Бузан (Buzan), може да зборуваме за објективна безбедност кога единката е заштитена од непосредна закана, додека кога зборуваме за човековото чувство на безбедност, тогаш се работи за субјективна безбедност. Субјективната и индивидуалната безбедност се тесно поврзани и испреплетени помеѓу себе, така што не може да се разгледуваат одделно. Овие два аспекта на индивидуалната безбедност ја градат единствената теоретско-концептуална рамка за разбирањето на индивидуалната безбедност.[163] Без оглед на тоа на каков начин дали директно или индиректно, државата сама по себе е извор на бројни закани за поединците, кои произлегуваат од националното законодавство. Мора да го имаме предвид фактот дека индивидуалната безбедност мора да биде разгледувана низ поврзаноста и често спротивните односи помеѓу самата држава, граѓаните и надворешните опкружувања. Но концептот на индивидуална безбедност го подразбира и заемниот однос помеѓу човекот и животната средина, потоа проблемот со оружјето за масовно уништување и др.[164]

Проширувајќи го концептот за безбедноста, се отвори прашањето за содржината на концептот на социеталната безбедност со оглед на тоа што општеството стана значаен референтен објект на безбедноста. Според Вивер (Weaver), социеталната безбедност опфаќа ситуации што општеството ги разбира како закани по неговиот

---

[162] Превемено од Стефановска С., „За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2 август С, Штип, 2007 год.„ стр., 225.
[163] Исто, стр. 225.
[164] Исто, стр. 226.

идентитет. Вивер ја дефинира социеталната безбедност како „способност на општеството да опстане и да го зачува својот есенцијален карактер во променетите услови и можни или реални закани“. Тоа е прашање на одржливоста на традиционалните особености на националниот идентитет, јазикот, религијата и обичаите во рамките на прифатливи услови за развој.[165]

Концептот на социетална безбедност во теориска смисла не е комплетно одреден. Тој мора постепено да се развива респектирајќи го интегритетот на барањата на националните и етничките групи за зачувување на нивната традиција, култура, јазик и обичаи и надополнувајќи ги овие елементи на нивниот идентитет со националните елементи, со цел да се воспостават доверба и соработка помеѓу различните нации и етнички заедници во сите области на животот, вклучувајќи ги овде и прашањата кои се однесуваат на безбедноста. Градењето на концептот на социеталната безбедност исто така значи и анализирање на условите под кои општеството може независно, без интервенции на државата, со свои сопствени капацитети да реши одредени проблеми кои би можеле да се појават помеѓу нациите, етничките или религиозните групи.[166]

Спротивно од националната, меѓународната и регионалната безбедност, глобалната безбедност како концепт бара проширување на безбедносните содржини надвор од воените и политичките теми и вклучување на човековите права, еколошката заштита, економскиот просперитет и општествениот развој. Таа произлегува од идеалистичката традиција и настојува да ги замени принудата, конфликтот и војната во меѓународниот систем, со соработка, преговори и мирни промени.[167]

Но освен предметот, Бузан истакнува дека за безбедносните анализи се важни и содржините, кои ги дели на:[168]

- **воена -** се однесува на заемното дејствување на воените офанзивни и дефанзивни способности на државите и на перцепцијата на државите за намерите на другите држави;
- **политичка -** се однесува на организациската стабилност на државите, системот на владеење и идеологијата којашто им дава легитимитет;

[165] Преземено од Стефановска С., „За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2 август С, Штип, 2007 год., стр., 226.
[166] Исто, стр., 226.
[167] Исто, стр., 227
[168] Buzan B., People, States and Fear”, London 1991., p. 1 – 3.

- **економска -** пристап до ресурсите, финансиите и пазарите кои се неопходни за да се одржи прифатливо ниво на благосостојба и државна моќ;
- **социјална -** способност на општеството да ги репродуцира неговите традиционални облици на јазик, култура, верскиот и националниот идентитет и обичаите;
- **еколошка** безбедност – безбедност на животната средина, се однесува на одржување на локалната и планетарната биосфера како есенцијална поддршка на системот од кој се зависни сите други човекови потреби. Традиционалните безбедносни студии, или како што Бузан сака да ги нарече „комплексна класична безбедносна теорија“, во фокусот на нивното проучување ја ставаат државата и нејзината безбедност од која произлегуваат сите односи кон регионалната и меѓународната безбедност, но и кон безбедноста на обичниот човек, кој особено не партиципира и не влијае во креирањето на националната безбедност. Содржината на националната безбедност е насочена пред сè кон воената моќ и попречувањето на напад од надвор.[169]

Но Бузан, Вивер и Де Ваилд оценуваат дека традиционалните безбедносни студии се со премногу тесен концепт и се залагаат за поширок пристап во проучувањето на меѓународната безбедност, која ја нарекуваат како нови безбедносни студии или критични безбедносни студии во однос на традиционалните безбедносни студии. Причините за прифаќањето на таквиот поширок концепт според Бузан се следниве: прво, реалноста на еколошката политика го наметнува тоа само по себе, второ, таа идеа е интелектуално атрактивна и интегративна до таа мера што се проширува областа на проучување.[170]

Неправилноста и погрешноста на тесниот пристап ја забележал и Ричард Улман (Richard H. Ullman), кој констатирал: дефинирањето на националната безбедност само (или дури примарно) со воени термини, пренесува целосно искривена слика за реалноста. Таквата слика е двострано примамлива и затоа е и двострано опасна. Прво, таа предизвикува државите да се концентрираат на воените закани и да ги игнорираат

---

[169] Кузмановски З., „Влијанито на глобализацијата врз факторите за развој на тероризмот“, Филозофски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир Скопје, 2010 год.
[170] Buzan, B., “People, States, and Fear”, London 1991, p. 5/6

останатите опасности. Второ, таа придонесува за милитаризација на меѓународните односи, така што на долги патеки може само да ја зголеми глобалната несигурност.[171]

Во трасирањето на правецот на глобалната безбедност треба да се уважи предлогот на Комисијата за глобално управување (Commission on Global Governace), кој бара глобалната безбедност да биде проширена надвор од границите на нејзиниот традиционален фокус за безбедност на државите и да ја вклучи безбедноста на луѓето и планетата. Безбедноста на луѓето е димензија на глобалната безбедност која се продолжува надвор од заштитата на границите, владеењето на политичките елити, од посебен државен интерес и на неа мора да се гледа како на цел која е поважна од безбедноста на државата, бидејќи не може да биде безбедна ако нејзините граѓани не се безбедни. Основното прашање на коешто треба да се даде одговор, во услови на глобализација, е колку државата и постојните меѓународни институции можат да гарантираат безбедност на луѓето. Проценката на ризикот мора да се врши и од политички и од културолошки позиции. Новите безбедносни услови доведоа до тоа класичните меѓудржавни извори на загрозување да се сведени само на можност, меѓутоа на важност добиваат останатите (недржавни) облици на загрозување. Класичниот пристап кон безбедноста како државна функција и државата како основен носител на силата која може да ја загрози меѓународната безбедност не е доволно објаснување за новите услови. Глобализацијата доведува до создавање светско динамично општество кое ги надминува постигнатите резултати на планот на безбедноста коишто се остварени под системот на националните држави. Безбедноста веќе не може да се поистоветува исклучиво со зачувувањето на физичкиот интегритет на државите. Загрозувањето на безбедноста е и преземањето акции чиешто спроведување претставува ризик, односно активности кои со себе носат голем потенцијален ризик. Свесното создавање услови во коишто постои ризик од експлозивна реакција на општеството или уништување на биосферата на планетата исто така претставува загрозување на безбедноста. Од тие причини и го потенцираме процесот на идеологизација на глобализацијата како еден од факторите на ризик. Факторот кој може да доведе или веќе довел до негативна хомогенизација на популацијата што не влегува во групата на корисници на позитивните ефекти од глобализацијата. Недостиг на институционални механизми и правна регулатива

[171] Кузмановски З., „Влијанито на глобализацијата врз факторите за развој на тероризмот“, Филозфски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир Скопје, 2010 год.

соодветна на современата пракса исто така носи деструктивен потенцијал кој може да доведе до загрозување на безбедноста на целата планета. Спојот на идеологизација и непостоењето на релевантни институции доведоа до чувство на отфрленост на поголем број од населението на Земјата. Постои експлозивен потенцијал на социјално инспирирани конфликти кои може да се манифестираат во вид на фундаментализам и тероризам во разни облици.[172] Се поставува прашањето: која е разликата помеѓу постојаниот систем на меѓународна безбедност и системот на глобална безбедност. Основната разлика се содржи во фактот што во системот на меѓународната безбедност централен актер е државата со нејзините производи (национална безбедност, национални интереси и закани кон националната безбедност), додека системот на глобалната безбедност се проширува со нови актери-човекот, глобалните фирми, владините и невладините организации кои мора да се раководат од функционалистичките принципи, да се спротивстават на глобалните закани и да го почитуваат задоволувањето на глобалните интереси.

Адам Смит (Adam Smith), како претставник на либералната теорија за државата, вели дека државата мора да ги исполни трите задачи коишто се логични и се од најголема важност:[173]

- Прво, да ја штити земјата од насилство и од напади од други независни држави,
- Втора задача е да го заштитува секој член на општеството од неправда и злоупотреба од страна на друг сограѓанин и да воспостави кредибилно правосудство, и
- Трето да формира јавни установи кои ќе ги извршуваат јавните работи што се од корист и интерес за општеството.

Комплексноста на новата безбедносна средина, меѓу останатото, ја рефлектира и причинската поврзаност на сè поголемиот број невоени закани какви што се етничките спротивставености, организираниот криминал, тероризмот, загадувањето на животната средина, климатските промени, гладот, заразните болести, трговијата со опојни средства, со бело робје, ненадејните масовни миграции, и др.

---

[172] Our Gloal Neighborhood, The Report of the Commission on Global Governance, New York, 1998, str. 80.

[173] Види поопширно кај Смит, А., „Истраживање природе и узрока богатства народа“, Глобал Боок, Нови Сад, 1998 год., стр., 561 - 583.

Државите и нациите денес се соочуваат повеќе со ризици и опасности отколку со непријатели, што претставува огромно поместување во самата нивна природа. Безбедносните аспекти на глобализациските процеси се поврзуваат со деградација на околината, бегалците и миграциите, со меѓународниот криминал, неконтролираното ширење на оружјето за масовно уништување, верскиот фундаментализам и заканите коишто за модерните општества ги носи нивната преголема зависност од информатичко-комуникациските технологии. Овие процеси и појави во рамките на национално-безбедносните политики најчесто се означуваат како нови закани, кои во одредени околности може да доведат и до глобален хаос и војна. Каплан укажува на длабокиот расчекор помеѓу богатите и сиромашните држави, констатирајќи дека политичкиот потрес кој се случи со паѓањето на Берлинскиот ѕид е минорен наспроти онаа што допрва доаѓа. Во светот со голем број сиромашни луѓе, каде што комфорот и стандардот на средната класа е непознат и каде што 95% од светската популација воопшто не се прашуваат дали ќе има војна туку се поставува прашањето коаков вид на војна, и кој ќе се бори против кого. Сѐ поголемите разлики помеѓу малкуте богати и сиромашното мнозинство ги создаде чувствата на огорченост и очај, кои помагаат да се поттурнат нападите. Каплан ја прави „последната карта“ на светот, каде наместо граници ќе има центри на моќ како во средниот век. Таквата карта на иднината, исполнета со интересни групи, градови-држави и со преостанатите народи кои се збунети во просторот од дејствувањето на нарко-картелите, мафијата и приватните безбедносни корпорации, ќе биде константно мутирање и презентација на хаосот. Поради намалените ресурси за стопански развој и за самиот живот, војната може да зафати разни групи држави од капиталистичкиот универзум.[174] Од друга страна, тезата за војни на верска основа исто така не е без основа и покрај тоа што никогаш не се работи за чисти верски војни, бидејќи тие имаат поширока социјална и политичка заднина. Впрочем, таквите војни никогаш не престанале туку само повремено стивнуваат или се со помал обем. Конфликтот помеѓу глобалниот капитализам, чии главни носители и корисници се најмоќните христијански држави од една страна, и глобалните терористички организации и движења, кои во поголем дел потекнуваат од исламските држави од друга страна, ја поткрепуваат наведената теза.[175]

---

[174] Turek F., “Globalizacija i globalna sigurnost”, Interland. Varazdin, 1999 god., str. 56.
[175] Кузмановски З., „Влијанито на глобализацијата врз факторите за развој на тероризмот“, Филозофски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир Скопје, 2010 год.

Во секој случај, пред глобализираниот свет се појавуваат многу неизвесности. Секоја долгорочна прогноза во поглед на можностите за глобален развој и за судбината на човештвото е ризична. Една од можностите е оцрнувањето на историските можности и последиците од остварувањето на секоја од нив. Концептот за безбедност мора да се промени од ексклузивен акцент на националната безбедност кон многу поголем акцент на безбедност на луѓето, од безбедност преку употрба на оружје кон безбедност преку човеков развој, од територија до храна, вработување и општествена безбедност. Веројатно првото покажување на “човековата безбедност“ излезе на Панафриканската конференција коспонзорирана од ОН и Организацијата за безбедност на Африка. Концептот безбедност оди далеку зад воените размислувања. Тој мора да биде разбран во смисла на безбедност на индивидуалците, да живеат во мир со пристап до основите продукти за живот и да ги уживаат сите основни човекови права.[176]

Зголемената глобална меѓузависност создаде криза во човековата безбедност која бара креирање стратегии кои ја пречекоруваат националната граница. Овој аргумент беше централна порака во Развојниот извештај на ОН од 1994 година, насловен како „Нови димензии на човековата безбедност“.[177] Во овој извештај на ОН хуманата безбедност се дефинира како „безбедност од постојните закани како глад, болести, криминал и репресија и заштита од ненадејни и болни нарушувања во нашите секојдневни животни навики, било да се во нашите домови, работни места, локалната заедница или животната средина“.[178]

Во извештајот на ООН од 1993 година се истакнува дека глобализацијата ја влошува хуманата безбедност како во богатите така и во сиромашните земји. „Во еден глобализирачки свет на стеснет простор, стеснето време и граници кои исчезнуваат, луѓето се соочени со нови закани по човековата безбедност, ненадејни и болни нарушувања во нивните секојдневни животни навики“.[179] Затоа се предлага терминот човекова безбедност да се дефинира попрецизно, за да се добие поголема политичка и аналитичка тежина, а со тоа и апликативност. Во тој контекст се предлага пристап кој се темели на три основи: првата претпоставува дека транснационалните закани по меѓународните норми, односно вредности, произлегуваат од несоодветноста во

---

[176] Кузмановски З., „Влијанието на глобализацијата врз факторите за развој на тероризмот“, Филозофски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир Скопје, 2010 год.
[177] Котовчевски М., „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Министерство за одбрана, Скопје, 2008, стр. 230.
[178] Исто, стр. 230 и понатаму.
[179] Исто, стр. 230 и понатаму.

внатрешните државни системи, а тоа, се разбира, претставува дополнителна ранливост на поединците и групите во рамките на тие држави. Втората се темели врз тезата дека државите и поединците коишто се соочуваат со споменатата реалност не се способни сами да ја совладаат. Ова води кон третата претпоставка: ранливите држави и нивните граѓани бараат одреден облик на меѓународно посредување, со што би се задоволиле нивните основни потреби, кои воедно се и основни цели на човековата безбедност. Ќе истакнеме дека случувањата во САД од 11 септември 2001 година се оценуваат како крај на односите на меѓународните сили од претходниот период и најава за преуредување на светските односи, но и како сосема нов пристап на администрацијата на САД кон својата внатрешна безбедност. Во намерата да создадат подобар безбедносен систем, САД ги согледуваат заканите кон нивната безбедност и ги групираат во три категории:[180]

- регионални или државни закани (се работи за закани од држави какви што се Иран или Северна Кореја, кои не сакаат да ги почитуваат воспоставените универзални принципи во меѓународната заедница, настојуваат да добијат или да произведат оружје за масовно уништување и со тоа да го дестабилизираат регионот),
- транснационални закани (тероризам, дрога, организиран криминал, недозволена трговија со оружје, еколошки уништувања),
- закани со оружје за масовно уништување (ОМУ),

Државите коишто се соочени со транснационалниот тероризам одговорија поединечно и колективно во борбата против тероризмот. Нивните реакции се разликуваат по обемот и делотворноста и подразбираат усвојување на национални безбедносни стратегии, антитерористички закони, реорганизација на безбедносните системи, превемање превентивни безбедносни мерки и создавање специјални антитерористички сили.

Имајќи го предвид неговиот конспиративен и приспособлив карактер, најдобар пристап за справување со глобалниот тероризам е здружување на ресурсите од повеќе држави. Крајниот резултат треба да биде развој на една глобална антитерористичка мрежа на држави која ќе биде во состојба да ги открие, лоцира и да ги отстрани

[180] Кузмановски З., „Влијанието на глобализацијата врз факторите за развој на тероризмот“, Филозофски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир Скопје, 2010 год.

терористичките закани, додека цивилните иницијативи би се „занимавале“ со “корените“ на тероризмот. Колку и да изгледа противречно, негативните ефекти од глобализацијата кои ги потхрануваат причините за појавата и развојот на глобалниот тероризам во исто време ја поттикнуваат соработката помеѓу државите за поуспешно справување со глобалните терористички закани и предизвици.

Во последниве десетина години, исправени пред предизвиците и заканите од глобалните терористички организации, државите забрзано работеа на зајакнување на националните капацитети за борба против новите, асиметрични закани и предизвици по националната безбедност. Нивната појдовна основа беше изработка на најнови национални безбедносни стратегии, со кои, помеѓу останатото, се дефинираат главните закани и се проценуваат и одредуваат силите и средствата за успешна борба против ново дефинираните закани.[181] Во овој дел се осврнуваме на тероризмот и еколошките закани, како закани кои може да нанесат сериозни последици по глобалната безбедност.

## *1.1 Концепти и теории за глобалната безбедност*

Повеќето од авторите се согласуваат со тоа дека безбедноста претставува еден сложен концепт. Сепак, безбедноста претставува неутрализирање на заканите кои се појавуваат во општествата. Меѓу авторите отсекогаш постоела дилема или несогласување околу тоа дали главниот интерес на безбедноста да биде индивидуалната, државната или меѓународната безбедност. Во времето на Студената војна преферирана беше државната безбедност. Денес голем број современи автори се залагаат за проширен концепт на безбедноста, кој ќе биде дефиниран надвор од државната безбедност.[182] Оттука сè повеќе ќе се интензивира безбедносната димензија во меѓународните односи, без да се поставаат некакви ограничувања. Сметаме дека трансформацијата на безбедноста во XXI век ќе се темели на сè поизразената меѓузависност кај актерите, а тоа ќе придонесе за префрлување на тежиштето од глобализацијата и националната (државната) безбедност кон глобализираната безбедност. Во тој поглед глобализацијата ја опфаќа идејата дека моќта сè повеќе ќе се организира од далечина, односно моќта во глобални рамки ќе се практикува низ

[181] Кузмановски З., „Влијанието на глобализацијата врз факторите за развој на тероризмот”, Филозофски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир Скопје, 2010 год.
[182] Шолте Ј., “Глобализација” Академски печат, Скопје 2008 год.,. стр., 229.

трансрегионална, транснационална или трансконтинентална основа.[183] Затоа се поставува прашањето како да се трансформира или вклопи „внатрешното“ со „надворешното“, без да се појават „црни дупки“ кои ќе остават последици по националната и глобалната безбедност.[184]

Според истражувањата, воочивме дека системот на глобализацијата е фрагментиран, бирократски и нестабилен. Државите постепено ја губат моќта во одлучувањето, меѓународните институции покажуваат бројни слабости во управувањето, но опаѓа и нивната способност да гарантираат колективна безбедност. Меѓу другото, се зголемува и нивото на ескалација во сферата на финансиските пазари, односно финансиската криза ги интензивира тензиите и нестабилностите во многу региони. На повидок се трговски конфликти, економски национализам и можно враќање на антагонистичките регионални блокови, при што сѐ почесто информатичко-технолошкиот напредок се користи на штета на поединците, државите и организациите.

Сметаме дека економската глобализација, која ги „окупира и потчини“ останатите глобализациски аспекти, придонесе за тоа судбината на светот да зависи исклучиво од пазарите и слободата на трговијата, маргинализирајќи ги останатите вредности како мирот, безбедноста, разноликоста, толеранцијата и човековите слободи и права. Но, од друга страна пак, глобализацијата придонесе за длабока трансформација во меѓународните безбедносни односи помеѓу земјите, како и во рамки на регионалните и меѓународните организации и институции. Динамиката на глобализацијата ги „натера“ државите и организациите да пристапат кон нови промени, кои претставуваат дополнителен проблем во однос на тоа како да се одржи чекорот со глобалните случувања, а притоа некои од земјите пристапија кон нови стратегиски определби, одбранбени приоритети, ангажмани, па дури и кон промена на националните интереси. Оттука сметаме дека проектот на глобализацијата е делумно неуспешен експеримент затоа што глобалната ера на Аброу (The Global Age), има повеќе „морбидни симптоми“, чијшто третман речиси е безнадежен. Немоќта да се справиме со нив ќе доведе до опасни турбеленции на Розенау (Turbulence in world

[183] Види поопширно кај Мекгру Е., “Глобализацијата и светската политика”, во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, 2009 год., стр., 14-33.

[184] Bilgin P., Morton A.D. Rethinking State Failure: The politicaleconomy of security, in: State Failure Revisited I: Globalization and Security and Neighborhood effects, INF report 87, Institute for Development and Peace, 2007, p. 18.

politics) насекаде и во сите сфери, кои сите ќе нè втурнат во забеганиот дел од глобалното ризично општество на Бек (Global Risk Society).[185]

Во ерата на глобализацијата, во која сè повеќе доминира сфаќањето на безбедноста не само како состојба на државата туку како социјална конструкција која истовремено влијае и на безбедноста на поединецот. Прашањата кои се поврзани со глобализацијата и безбедноста во меѓународните односи не се во доволна мера актуализирани. Денес можеме да издвоиме два клучни правци на објаснувања поврзани со процесот на глобализацијата и безбедноста:[186]

- Едниот правец произлегува од анализите кои се фокусирани на проблемите поврзани со националната и воената безбедност,
- другиот правец е насочен кон поврзување на тероризмот како глобална закана со нефукционалноста на државата.

И двата правци кои ја објаснуваат поврзаноста на глобализацијата и безбедноста се фокусирани исклучиво на симптомите, но не и на основните причини што придонесуваат за нарушувањето на глобалната безбедност во современото општество.[187]

Можеме да констатираме дека поврзаноста помеѓу глобализацијата и безбедноста е многу сложена и манифестира појава на конфликти, кои, пак, во голема мера ја поткопуваат безбедноста, а со самото тоа се усложнува и процесот на глобализацијата. Глобализацијата го нагласува процесот преку кој безбедноста се интернационализира, но исто така го нагласува и процесот со кој безбедноста сè повеќе станува и внатрешен државен феномен.[188] Глобализацијата ги намалува разликите помеѓу националната и меѓународната политика и безбедност, ставајќи акцент на превенирањето на можните безбедносни ризици.

Во теоријата постојат повеќе мислења за конститутивните елементи коишто можат да послужат како почетна точка во дефинирањето на глобалната безбедност.**[189]** Во теориско практичниот концепт може да се зборува за три концепти на глобална

---

185 Booth K., Theory of World Security, Cambrige University Press, New York, 2007, p. 400.
186 Милевски Т., „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008 год., стр., 79.
187 Исто, стр., 79/80.
188 Исто, стр., 79/80.
189 Превземено од Стефановска С. „За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2 август С, Штип, 2007, стр. 227.

безбедност: идеалполитички, реалполитички и почетен концепт на глобална безбедност.[190]

- Идеалполитичкиот концепт на глобалната безбедност претпоставува дека постои само глобална безбедност којашто е детерминирана од глобалните закани и глобалниот интерес што ги опфаќа индивидуалната, националната и регионалната безбедност како свои супсистеми без голем слободен простор за дејствување.[191]
- Реалполитичкиот концепт на глобалната безбедност е сличен на традиционалниот концепт на безбедноста. Националната, регионалната и глобалната безбедност се автономни системи кои меѓусебно се поврзани низ сектори: воен, политичко-правен, економски, социјален и еколошки. [192]
- Почетниот концепт на глобална безбедност поаѓа од реалитетот на индивидуалната, националната, регионалната и глобалната безбедност, чиишто меѓусебни односи суштествено се поинакви во однос на идеалполитичкиот и реалполитичкиот концепт.[193]

Оттука глобалната безбедност може да се дефинира како безбедност детерминирана од глобалните интереси и глобалните закани, која секако ги опфаќа индивидуалната, националната и регионалната безбедност помеѓу кои постои тесна врска преку сектори чијашто суштина е меѓусебно коригирање, контролирање и моделирање со цел да се постигне мир и безбедност на планетата и помеѓу луѓето.[194]

## 2. Глобални закани

Глобализацијата, покрај позитивните тенденции, продуцира и негативни тенденции, од кои произлегуваат глобални закани какви што се глобално организираниот криминал, тероризмот, ширењето на оружјето за масовно уништување, еколошките закани и др. Освен овие негативни тенденции, глобализацијата генерира и нови видови глобални закани какви што се компјутерскиот криминал и перењето пари, како и криминалните мрежи од светски размери.[195]

---

[190] Превземено од Стефановска С. „За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2 август С, Штип, 2007, стр. 227.
[191] Исто, стр., 227.
[192] Исто, стр., 227.
[193] Исто, стр., 227.
[194] Исто, стр., 227.
[195] Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје 2008 год., стр. 58.

Овие глобални закани наметнуваат проширување на безбедноста со нови содржини, економски, социјални и еколошки. Значи, безбедноста бара да се прошири просторно и содржински, па така таа станува глобална безбедност.[196]

Денес не постои место на Земјината топка коешто е имуно на современите ризици и опасности. Заканите што денес се надвиснати во светот варираат по интензитет и форма: започнувајќи од климатските промени, борбата за ресурси, финансиските кризи, терористичките напади, здравствените проблеми во Африка, етничките и политичките судири, судирите на Блискиот Исток, напнатоста помеѓу регионалните сили во Азија, па се до развојот на оружјето за масовно уништување.

Постојат разни толкувања и гледишта околу поимот безбедност меѓу високоразвиените земји и земјите во развој. Кај развиените земји, нивната небезбедност се појавува надвор од нивните национални граници, додека во земјите во развој заканите по нивната безбедност доаѓаат однатре. Според меѓународните организации (ООН, НАТО и ЕУ), како и според Оксфордската експертска група, секоја од овие организации има свој пристап околу класификацијата на глобалните закани во XXI век. Во табелата бр. 2 може да се видат глобалните закани според приоритетите коишто се сметаат за главни двигатели, а кои може да придонесат за нарушување на глобалната безбедност и стабилност.

Табела бр. 2[197] Видови безбедносни закани

| Реден бр. | **Оксфордска истражувачка група** | **ООН** | **НАТО** | **ЕУ** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Климатски промени | Економски и социјални закани (сиромаштија, болести и | Регионални конфликти и кризи | Тероризам |

[196] Стефановска С., „За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти“, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2 август С, Штип, 2007 год., стр. 227.

[197] Abbott C., Rogers P and Sloboda J., Global Responses to Global Threats: Sustainable security for the XXI-st Century, Oxford Research Group, June 2006, p.4., достапно на: http://www.oxfordresearchgroup.org.uk/sites/default/files/globalthreats.pdf.; A more secure world: Our shared responsibility, United Nations, 2004, p.2., достапно на: http://www.un.org/secureworld/report2pdf.; Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the Nort Atlantic Treaty Organisation, Lisabon, November 2010, достапно на: http://www.nato.int/strategic-concept/index.html; A Secure Europe in a Better World, European Security Strategy, Brussels, December 2003.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | уништување на животната средина) | | |
| 2 | Војни за ресурси | Меѓудржавни конфликти | Ширење на оружје за масовно уништување и негова испорака | |
| 3 | Маргинализација на мнозинствотоод светската популација | Внатрешни конфликти (цивилни војни, геноцид и сл.) | Меѓународен тероризам | |
| 4 | Глобална милитаризација | Нуклеарни, радиоактивни, хемиски и биолошки оружја | Сајбер нападите и други технолошки трендови | |
| 5 | | Тероризам | Енергетска небезбедност,ограничување на ресурсите | |
| 6 | | Транснационален организиран криминал | | |

Можеме да забележиме дека секоја закана различно се рангира во зависност од пристапот на организацијата и можеме да заклучиме дека за две различни организации една иста закана има поинаква позиција во табелата. Но, генерално гледано, сите загрозувања на глобалната безбедност се заемно поврзани и ниедна закана не може да се гледа изолирано. На пример, тероризмот не се појавува само во земјите со дисфункционален систем, или, пак, климатските промени не ги погодуваат само богатите или само сиромашните земји.

Денес актуелни се заканите кои ги продуцираат недржавните субјекти, а дел од нив се поврзани и именувани за најголема закана на западната цивилизација, а со тоа и на самите процеси на глобализацијата. Се проценува дека со намалувањето на улогата на државата сè повеќе ќе се зголемува бројот на недржавните актери кои ќе имаат поголемо влијание во „зоните на хаосот“ и ќе имаат моќ и сила слично како државите. Оттука сè почесто ќе има случаи различни групи да им се спротивставуваат на државите, а сè помалку ќе има судири на релацијата држава против држава. Ова значи дека безбедносните концепти треба од корен да се менуваат затоа што новите актери на сцената се недржавни субјекти.[198] Меѓутоа, како недржавни актери се појавуваат и невладините организации, (пр. Amnesty International и Greenprace), кои имаат моќ и влијание да го стимулираат јавното мислење за прашањата поврзани со националната и меѓународната безбедност. Оттука произлегува мислењето дека недржавните субјекти, (индивидуалци, групи, организации) преку разни форми на притисоци и закани, (од воена, полувоена или невоена природа) врз државите и вооружените сили, придонесоа за насочување на современиот концепт на безбедност кон организации од ваков тип, кои воедно се новите непријатели на државите во современите услови на глобализацијата.[199] Оваа комплексност на варијации и листа на актери кои слободно дејствуваат овозможува да се соберат доволно ресурси со кои може да ја предизвикаат државата и да го доведат во прашање нејзиниот легитимитет. Затоа се бараат различни пристапи и преместувања на ресурси за справување со разните закани во концептот на современата безбедност, бидејќи во денешни услови, националната и наднационалната безбедност се загрозени од страна на субдржавни фактори и организации кои полека го намалуваат државниот монопол на моќ и сила.[200] Поради траекторијата по којашто се движат заканите сè потешко е да се разграничат или одделат таканаречените „меки“ закани кои ги застапуваат неолибералите (климатските промени, болестите, природните катастрофи, економската благосостојба, проблемите поврзани со сиромаштијата, ширењето на идеи и култури како средство на надворешната политика) од „тврдите“, поврзани со високата политика, чиишто застапници се претежно неореалистите (заканите и опасностите за националната и за меѓународната безбедност, воените интервенции, пролиферацијата на оружјето за масовно

[198] Fukujama F., Amerika na Prekretnici Demokratija, moc i neokonzervativno zaavestanje, CID Podgorica, 2007, str. 60.
[199] Show, Donald M., National Security for a New Era: Globalization and Geopolitics After Iraq, Third Edition, Pearson Longman, 2008, p. 174.
[200] Исто, стр., 174.

уништување и др.) „Меките“ теми, на пример, или проблемите поврзани со животната средина може да преминат во „тврди“, бидејќи штетите од климатските промени можат за неколку пати да ги надминат штетите направени од некоја војна или конфликт.[201] Како пример можеме да ги наведеме последиците предизвикани од цунамито во Азија кое се случи на 26 декември 2004 година, при што загинаа 275.000 луѓе, и цунамито од 2011 година кое предизвика нуклеарна катастрофа во Јапонија. Овие природни катастрофи беа со поголеми последици за разлика од некој вооружен конфликт или војна.

Пандемијата на болестите кави што се СИДА, маларија, туберкулоза и појавата на еболата претставуваат голема опасност и се третираат како закана за националната и глобалната безбедност. Глобализацијата придонесе овие смртоносни болести да се прошират и да се појават во сите делови од светот. Најзагрижувачка сè уште сидата, но и САРС, птичјиот грип, свинскиот грип и еболата. Загрижувачки е податокот дека бројот на заболени од СИДА е во постојан пораст и е широко распространет на територијата на Кина и Индија, земји со најбројна популација во светот, со што дополнително се врши притисок на националната и глобалната безбедност. Загрижува и податокот што на прагот на XXI век, 95% од заболените луѓе од СИДА се наоѓале во земјите во развој. Одовде можеме да заклучиме дека овој проблем во контекстот на глобалната безбедноста не е помалку важен од тероризмот или, пак, од воените операции. Овие проблеми се многу лесно забележливи со оглед на тоа што им се дава посебно место во документите за национална безбедност.

Клучен фактор кој може да ја наруши глобалната безбедност е нерамномерната распределба на богатствата предизвикани од глобализацијата. Ова ќе претставува главен двигател на сите несогласувања и закани за глобалната безбедност. На ова тврдење се надоврзуваат мислењата дека тероризмот ќе биде главната алатка со која ќе бидат „урамнотежени“ придобивките на глобализацијата.[202]

За да може да ја разбереме глобалната безбедност, мора да се ослободиме од нашите предрасуди коишто се врежани во традиционалната и доминантната политичка култура за тоа дека безбедноста која треба да ја земеме предвид мора да биде онаа на

[201] Show, Donald M., National Security for a New Era: Globalization and Geopolitics After Iraq, Third Edition, Pearson Longman, 2008, p. 174.

[202] Милевски Т. „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008 год., стр., 30.

државата.[203] Традиционалното разбирање на овој концепт беше тесната поврзаноста на државата со нејзиниот опстанок. Распадот на реалсоцијализмот и блоковската поделеност, односно крајот на Студената војна го промени разбирањето и перципирањето на безбедноста воопшто. Токму големата поврзаност на невоените ризици врз нарушувањето на безбедноста придонесе овој традиционален концепт на сфаќање на безбедноста да се ревидира.

## *2.1 Тероризмот како закана за безбедноста*

Глобализацијата, меѓу другото, се смета и како главна причина за појавата на тероризмот, односно за негово актуализирање на меѓународната сцена и негово ширење, бидејќи продуцира редица економски и социјални нееднаквости за најголем дел од светската популација, но и за разни облици на експлоатација на земјите и дискриминација на народите. Во оваа смисла, тероризмот се јавува како најекстремен израз на незадоволство поради различните состојби во коишто се наоѓаат одредени држави или региони во светот. Како главен виновник за таквите „настанати“ состојби во кои се наоѓаат одделни земји и региони се посочуваат развиените западни земји. Поради игнорантскиот однос на Западот кон проблемите со кои се соочуваат голем број земји во светот, глобализацијата на штета против себе привлекува сè поголем број радикални групи и индивидуи. Овие групи и индивидуи се противат на сегашната форма на глобализацијата, која служи само во интерес на богатите земји. Затоа многумина стравуваат дека ќе дојде до глобализирање на тероризмот како еден вид казна за земјите што ја произведуваат глобалната нееднаквост и асиметрија. Притоа, сакајќи или не, ќе ги вовлече и останатите земји, кои ниту се виновни, ниту пак на каков било начин придонеле за да бидат цел на терористички акти.[204]

Тероризмот претставува едно општо зло, зло коешто не познава граници, луѓе, национална припадност, вера и слично, зло кое се надвиснува над нашите врати. Тероризмот во својата суштина отсекогаш бил и останува насилство, но не какво било, туку инструментализирано и целосно насилство. Терористите секогаш знаат што прават. Нивните дејства се промислени и секогаш насочени кон предизвикување страв и чувство на несигурност. Тероризмот бара публицитет и бара публика. Кога се зборува за феноменот тероризам, многу е тешко да се најде од каде да се започне, а каде да се заврши. Тероризмот е еден од клучните концепти во анализите на

[203] Хју П., „Глобална Безбедност“, Табернакул, Скопје, 2009 год., стр., 278.
[204] Micovic V., Globalizacija i novi svetski poredok, Cigoja stampa, Beograd, 2001 god, str. 164.

современата меѓународна политика. Тероризмот претставува незаконско користење на сила и насилство од страна на поединци или групи кои имаат директна врска со странските сили или чиишто активности ги преминуваат националните граници, насочени против лица или објекти, со цел да го заплашат или да го принудат населението или кој било сегмент од општеството во остварување на своите политички или општествени цели. Во денешно време, најголем број меѓународни терористички организации се спонзорирани од една или повеќе држави. Терористичките организации добиваат целосно поддршка од владите на државите – спонзори, односно за своите активности имаат охрабрување во вид на финансиска помош, обука и заштита од една или повеќе влади.

Во меѓународната заедница, тероризмот нема универзална дефиниција. Заедничката дефиниција за тероризмот се однесува само на оние насилства кои имаат за цел создавање страв (терор), а се извршени од религиозна, политичка или идеолошка цел и се намерно насочени против цивилите. Досегашните истражувања извршени од страна на експертите во оваа област детерминираа постоење на над 100 дефиниции за терминот „тероризам“. Во таа функција е и неможноста да се најде една единствена прифатлива дефиниција за тероризмот. Но вистината за тоа што претставува тероризам треба да ја препознаеме.

Терминот „тероризам“ доаѓа од францускиот збор terrorisme, и првично се однесува на државен тероризам каков што се практикувал од страна на француската влада за време на владеењето на теророт на Француската револуција. Францускиот збор terrorisme потекнува од латинскиот глагол terreō кој значи „Јас заплаши”.[205] „Тероризмот претставува непрекината употреба на насилство против симболични или цивилни цели од страна на мала групација со одредени политички причини, преку поттикнување страв, привлекување што повеќе внимание за политички приговор (жалба, поплака, неправда) или драконски или неодбранлив одговор“.[206] Според Бејлис, Вирц, Греј и Коен, неправилното војување е начин на послабите да се справат со посилните, а тогаш тероризмот е пристапот на најслабите затоа што нивната порака е наменета за најмала публика.[207]

---

[205] Котовчевски М., „Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 год.
[206] Бејлис Џ., Вирц Џ., Греј К., Коен Е., „Стратегија во современиот свет“, Нампрес, Скопје, 2009 год., стр., 165.
[207] Исто, стр., 165.

Тероризмот е посебен облик на политичко насилство, не е филозофија, ниту пак политичко движење. Тероризмот е специфичен облик на политичко насилство кој поседува неколку јасно изразени особини. Попрецизно кажано, станува збор за пет основни карактеристики на тероризмот, и тоа:

1) Тероризмот е однапред смислен акт, кој тежнее кон тоа да прозиведе екстремен страв и насилство;

2) Терористичкиот напад е насочен кон многу поголем број луѓе, не само кон жртвите на директното насилство;

3) Нападите се фокусирани на симболични или случајни цели (по случаен избор), таргетирајќи што е можно поголем број цивили;

4) На терористичките акти општеството гледа како на ненормални во буквална смисла на зборот, кои ги рушат општествените норми и предизвикуваат чувство на несигурност и бес;

5) Тероризмот е насочен во правец на остварување влијание врз политичкото однесување (на пр. да се натераат противниците да ги исполнат сите или некои од барањата на терористите, да испровоцираат непромислена реакција, да ги изнесат во јавноста политичките или религиозните цели, да ги поткопаат владите и институциите кои ги означиле како непријателски).

Од самото дефинирање на тероризмот, произлегуваат и терористичките цели, кои најчесто се од политичка, етничка, религиозна или идеолошка природа.

Терористичкиот акт се разликува од некој друг акт на насилство во следниве елементи:

1) Политичка, верска, етничка или социјална мотивираност,
2) Пораката која се пренесува преку создавање атмосфера на страв, ужас недоверба...
3) Јавност на актот и обелоденување на организацијата која стои зад извршувањето.

Тероризмот намерно се служи со стравот како средство за постигнување на посебните цели. По својата природа е насилен, нехуман и осмислен да манипулира со

своите жртви, а преку нив и со широката популација. Ефектите на тероризмот врз општеството се фокусираат на создавање чувство на страв, паника и несигурност.

Тероризмот со меѓународно значење своите зачетоци ги има уште во далечната 1930 година, кога било извршено првото грабнување на авион. Вистински подем на меѓународниот тероризам започнува кон крајот на шеесеттите години од минатиот век. Денес тероризмот прерасна во глобална закана и сериозен акт за современата цивилизација. Современиот меѓународен тероризам не се однесува само на едно изолирано општество, односно не е насочен само против интересите на една држава. Неговата деструктивна моќ подеднакво ја чувствува целокупната меѓународна заедница, што значи дека е неопходно да се познаваат сите видови поврзаност меѓу терористичките акти и севкупните односи и состојби во меѓународната политика. Голем број меѓународни конвенции го инкриминираат терористичкото однесување и ги обврзуваат сите земји да се борат со сите средства на правната држава против сите видови тероризам. Од тој аспект, можеме да констатираме дека меѓународниот тероризам претставува збир на активности забранети со меѓународното право, насочени против поединци, групи, држави и нејзини институции.[208] Во минатото, во XIX и почетокот на XX век, главна цел на терористите биле поединци, но денес главна цел на терористите е да уништат што поголем број луѓе и материјални добра. Оваа цел во голема мера го загрижува современото глобализирано општество имајќи го предвид фактот дека терористичките организации, не бирајќи средства се трудат да се вооружат со хемиско, нуклеарно и биолошко оружје.[209]

Меѓународниот тероризам ги крши сите конвенции за заштита на човековите права и слободи во национални и меѓународни рамки, со што во голема мера се загрозува хуманата, индивидуалната безбедност на луѓето, кои сè повеќе стануваат жртви на ова современо зло на денешницата. Во извршувањето на терористичките активности важна улога имаат и државите, кои условно можеме да ги поделиме во три групи:

- Држави кои не го поддржуваат тероризмот, меѓутоа тој се спроведува на нивна територија;
- Држави кои не го спроведуваат тероризмот, меѓутоа го поддржуваат;

[208] Бејлис Џ., Вирц Џ., Греј К., Коен Е., „Стратегија во современиот свет“, Нампрес, Скопје, 2009 год., стр., 165.
[209] Милевски Т., „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2008 год., стр., 113.

- Држави кои го поддржуваат тероризмот или од кои доаѓаат програмите и силите коишто го спроведуваат.

Држави кои го спонзорираат тероризмот според западните демократии, а кои во исто време се и носители на глобалните процеси се: Куба, Иран, Ирак, Либија, Северна Кореја, Судан и Сирија.

Најновата етапа во развојот на тероризмот, претставува глобална закана и го отвора патот за создавање нова „империја на насилство“, односно светот го внесува во новото „царство на стравот и ужасот“. Пречекорувањето на последниот праг на тероризам ќе значи отворање на нова „цивилизациска врата“ во пеколот, иако, за утеха, ќе констатираме дека шансите за успешен супертерористички акт сѐ уште се минимални, но прашање е до кога.

За тоа дека остварувањето и реализацијата на овој „терористички сон“ се можни, зборува и податокот дека денес во светот има над 3.000 терористички организации со вкупно 200.000 терористи. За големината и јачината на терористичките организации илустративно говорат извршените 73.785 терористички инциденти од 1970 до 1997 година. Ова го потврдува и зголемениот број на терористички напади во последната деценија (2001 - 2011), кој достигнал бројка од околу 2.400 случаи, што е двапати повеќе од бројот на терористичките напади за периодот од 1991 до 2001 год, додека бројот на повредени или загинати луѓе од терористичките акти се зголемил од 7.000 во 1995 година на повеќе од 25.000 жртви во 2006 година.[210] Исто така, мошне значајно е и тоа што тероризмот се става во функција на интернационализација на војна. Всушност, тероризмот во поново време се дефинира и како „војување“- војување со ниско ниво, конфликт од мали размери, односно војување со низок интензитет, употреба на насилство за остварување определени политички цели. Но, во исто време, неговите активности сѐ повеќе се ставаат и во функција на интернационализација на војната, особено на граѓанските конфликти. Создавањето на сѐ поголем број меѓународни терористички организации и сериозноста на тероризмот како нуклеарна, биолошка и хемиска закана претставува Ахилова пета на нашата цивилизација, смртна опасност за иднината на човештвото. Глобалните закани во целост претставуваат закани на новото време, сериозна опасност за меѓународниот мир и безбедност. Современиот тероризам само ја зголемува таа опасност со тоа што, од ден во ден се

[210] Risar Z.F., Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni, Clio, Beograd, 2008 god., str. 86.

зајакнува сè повеќе. Светот повторно е изложен на нови големи и опасни терористички провокации.[211]

Терористичките дејства претставуваат битен облик на специјалната војна. Терминот тероризам покрива мноштво различни контрадикторни толкувања. Денес доминираат три типа, и тоа: анахистичкиот, неофашистичкиот и државниот тероризам. Така, Црвени бригади, Фракцијата на Црвената армија, Дирекна акција се мотивирани од малограѓанска псевдореволуционерност, Нов напредок, Нова сила, Национален фронт се профашистички групи, а во некои земји, од парламентарните демократии до јужноамериканските диктатури, Израел и Јужна Африка, со разни мотиви и образложенија се развива државниот тероризам. Без оглед на тоа како се декларира, секој вид тероризам ги загрозува демократските процеси и објективно оди под рака со десничарско-реакционерните сили.[212] Специјалната војна претставува збир на организирани и координирани политички, економски, психолошки-пропагандни, информирачко-субверзивни, а често и воени акции, мерки и постапки кои ги презема една или повеќе држави против други земји (група држави), народноослободителни или револуционерни движења, пред сè заради наметнување хегемонија, мешање во постојните политички, економски и општествени односи, остварување на одредени цели и интереси. Преку специјалната војна пред сè се остваруваат целите и интересите на големите сили во светот. Целите на големите сили се одредуваат првенствено од страна на највисоките државни раководства, врз основа на проценките од моменталната меѓународна ситуација. За остварување на зацртаните цели, големите сили ангажираат разузнавачки и други служби и институции, потоа разни здруженија и организации, а по потреба и вооружени сили.

Експанзијата на насилство од сите бои и видови во поново време предизвикува аларм за опасност дури и од нуклеарен тероризам. Бранот на злото со „работно име“ меѓународен тероризам започна во 1968 година, односно по низата значајни настани што беа карактеристични за тој период (поразот на арапските држави во војната со Израел), создавањето на селската герила во Латинска Америка. За западноевропските земји настапи затишје и уверување дека тероризмот конечно е задушен или во најмала мера обезглавен. Меѓутоа, се покажа дека и покрај сите удари што му се задаваат, тероризмот опстојува и зајакнува. Сведоци сме на повторно насилство и провокации

[211] Поопширно види кај Котовчевски М., „Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 год.
[212] Исто.

насекаде во светот. Повторната реафирмација на овој феномен почна спроти католичките празници во 1984 година, кога италијанските неофашисти предизвикаа експлозија на воз во тунел, при што загинаа 17 лица, а повеќе од сто беа ранети. Во 1985 година во атинскиот кварт Глифида летна во воздух ноќен клуб, во кој беа ранети 79 лица, од кои 39 американски војници стационирани во најблиската воена база. Во едно париско предградие беше убиен висок воен француски експерт од Министерството за одбрана, а одговорноста за ова убиство ја презеде организацијата Директна акција.[213]

На 11 септември 2001 година беа урнати Кулите-близначки во Њујорк, при што загинаа околу 3.100 цивили. За овој напад одговорноста ја презеде тогаш најбараниот терорист Осама Бин Ладен со неговата терористичка организација. Во 2002 година во тринеделните снајперски напади во Америка беа убиени 10 цивили, а тројца беа потешко ранети. За овој терористички напад беа обвинети 41- годишниот терорист Џон Ален Мухамед (John Allen Muhammad) и 17- годишниот Џон Ли Молво (Lee Boyd Malvo). Потоа следуваат терористичките напади во Бали, исто така во 2002 година, и во Мароко и Истанбул во 2003 год., во Мадрид во 2004 год. и во Лондон во 2005 година. Основно обележје на тероризмот е неговата континуираност. Дефинирањето на тероризмот сè уште не е завршено главно поради две основни причини: според едни теоретичари е невозможно да се дефинира поради неговите разни облици, а според други, поради политичката обоеност на самиот термин што исклучува секаква објективност.

Етимолошки, терминот тероризам произлегува непосредно од латинскиот израз „терор“ и означува психичка состојба на страв, ужас од определена опасност што постои или, пак, во секој момент се очекува. Тероризмот се јавува со различни идејно-политички сфаќања и вредности, односно неговото толкување е условено класно и идеолошки. Освен ова, се јавуваат и двојни мерила при толкувањето. Така тероризмот кој ѝ одговара на политиката на владеачките кругови се дефинира како политички акт, при што убиство на лојален граѓанин или на дипломатски претставник се прикажува, на пример, како политички, односно како дело на демократската опозиција или како борба за политички права, а истите форми на тероризам што ги загрозуваат интересите

---

[213] Види поопширно кај Котовчевски М., „Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 год.

на тие земји се кваликификуваат како криминал и злосторство.[214] Тероризмот претставува метод на политичка борба заради здружувања на власта, но истовремено и метод за борба против постојаната власт, што значи дека тероризмот како средство на политичка борба подеднакво го користат и оние што се на власт, но и оние кои се обидуваат да дојдат до власт. Во повеќе наврати тероризмот е поистоветуван со герилата, меѓутоа, постојат значителни разлики помеѓу тероризмот и герилата. Герилските активности се карактеризираат по тоа што се вршат пред сѐ во рурални средини, а не во градски каков што е случајот при тероризмот. Герилците, за разлика од терористите, оперираат во релативно броен состав и на ослободените територии спроведуваат и организираат сопствена власт. ЦИА располага со сопствен центар за обучување за задушување на востаничките движења (базите Келт Пирг и Форд Браг во Северна Каролина, базата Форд Амаларг во зоната на Панамскиот Канал), а освен ова илјадници офицери и подофицери на латинско-американските армии се обучувани во други воени логори во Армијата на САД за пресметка со востаничките движења.

Во минатото тероризмот бил ексклузивност на мажите, а во поново време се ангажираат и значителен број жени, како, на пример, легендарниот лик на Палестинката Лејла Калед (Leila Khaled), која на 20 - годишна возраст, поточно во 1969 година, го принудила пилотот на авионот на компанијата ТИА наместо за Сан Франциско да лета за Дамаск. По ова грабнување извршила пластична операција и учествувала во уште неколку акции, а потоа станала пратеник на Националниот совет на Палестина. Потоа следуваат Урлике Мајнкоф (Ulrike Marie Meinhof),[215] која била мозок на јадрото на Фракцијата на Црвената армија, потоа Барбара Мајер (Barbara Mayer), наречена „ангел на смртта“, и еден од основачите и идеолозите на Црвените бригади, Маргарита Кагол (Margherita Cagol). Ова се само неколку од големата галерија на женски терористи, така што тезата дека тероризмот е ексклузивност само на мажите е неодржлива и неоснована.[216]

Социјалната структура на терористите исто така е различна и во неа влегуваат личности од сите слоеви. Кога зборуваме за лицата-терорист, не можеме да ги прифатиме теориите според кои тие се главно ментално растроени личности, криминалци, садисти, односно неморални личности. Тоа би било апсурдно, затоа што

---

[214] Види поопширно кај Котовчевски М., „Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 год.
[215] Исто.
[216] Исто.

досегашните откриени водачи, идеолози и членови на некои терористички организации биле претежно млади образовани луѓе со извонредни интелектуални способности, па дури и со највисок степен на универзитетска наобразба.

Објекти на нападот, односно жртви на терористите може да бидат разни политички личности, функционери, судии и јавни обвинители, високи воени и дипломатски претставници, банки, полициски станици, претставништва, складишта, како и други јавни објекти. При изборот на жртвите, односно објектите, се врши таканаречен селективен терор. Овие напади терористите ги вршат со атентати, грабнувања или земање заложници, киднапирање на авиони, уривања со експлозии, подметнување пожари и други диверзии. Битен елемент кај сите облици на тероризам е насилството, кое претставува средство за постигнување одредена политичка цел. Гледано објективно, терористичките акции ги изведуваат мали групи, при што употребените средства се огромна неусогласеност со целта. Општ заклучок е дека со примена на тероризмот не може да дојде до целосна промена во системот и глобалните политики на одредени земји. Историски гледано не постои пример каде што тероризмот довел до општонароден бунт, туку тој е успешен само во специфични случаи и услови кога настапуваат со јасно дефинирани цели, како на пример, киднапирање, со кое сакаат да ослободат затворени терористи.

Целите на тероризмот се секогаш политички обоени и може да бидат различни, почнувајќи од изнудување одредени отстапки, преку промена на дел од внатрешната и надворешната политика, па сè до јасно манифестирана желба за соборување на поредокот, односно освојување на власта. Условно, политичките цели на терористичката активност можеме да ги групираме во посредни и непосредни. Непосредни цели се давање публицитет на своите дела и идеи, потоа нанесување штета на меѓународниот углед на една земја, предизвикување принуди, разни изненадувања, обезбедување симпатии на одредени слоеви и маси, вршење притисок врз оние што ја поддржуваат антитерористичката активност. Конечните цели може да бидат конкретни (преземање и консолидирање на политичка власт во одредено општество) или неодредени (покренување светска револуција во интерпретација на оние терористички групи чиишто цели ги надминуваат националните граници, а кои ги нарекуваат анархисти), а такви беа Црвените бригади, Црвената армија и други.[217] Меѓународниот тероризам како историска категорија претставува екстремен метод на насилство со кое

---

[217] Види кај Котовчевски М., „Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 год.

организирана група или здружение, организација или држава, односно нејзин орган, кои имаат своја идеологија, цел и план, континуирано се обидуваат преку најкраток пат да ги остварат своите цели, и тоа преку напади на претставници на власта, симболи на државата, но и неселектирање на жртви, а примарна цел е да се предизвика застрашување.[218]

Мораме да истакнеме дека современите терористички организации меѓусебно значително се разликуваат во поглед на нивната големина, организациона поставеност, географски простор на дејствување, идеолошка платформа, меѓутоа сите тие одредени слични организациони и тактички обележја пред се во нивната конспиративност, дисциплинираност, фантастичност, максимално користење на изненадување.

Денес во светот малубројни се земјите во кои не се манифестирал тероризам со меѓународен елемент. Во Европа позначајни терористички организации се: Црвената армија – Германија, ИРА – Северна Ирска, ЕТА – Шпанија, Директна акција – Велика Британија, итн. Во Латинска Америка постојат разни терористички организации кои се продукт на специфичните состојби на овој континент: Тумпамаросите – Уругвај, АЛН – Бразил, Монтонероси – Аргентина, ЕМ-19 – Колумбија, Сандеро Луминосо – Перу, итн. Во Северна Америка најпознати се: Метеоролози – САД, Фронтот за ослободување на Квебек – Канада. На Блискиот Исток: Исламските екстремисти, екстремните палестински терористички организации, ционостичкиот тероризам од страна на Израел, проиранскиот Хезболах, тероризмот на Сиките во Индија, Ал-каеда - Авганистан, чеченските организации, итн.[219]

Иако помеѓу различните терористички организации постојат многу разлики во однос на нивната големина, методите на дејствување, техниките на вршење напади, средствата за напад и сл., може да зборуваме и за нивни заеднички карактеристики кога се во прашање мотивите за нивно дејствување. Притоа треба да се прави разлика помеѓу рационалните и психолошките и културалните мотиви. При планирањето на терористичките напади, организациите секогаш водат грижа за средствата за постигнување на целите и за целите што всушност сакаат да ги постигнат, притоа раководејќи се од т.н. cost-benefit анализа, односно со што помал влог (инпут) до максимален исход (аутпут). Ако одредена цел може да се постигне со многу помал степен на ризик по егзистенцијата и дејствувањето на организацијата, се пристапува

[218] Види кај Котовчевски М., „Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 год.
[219] Исто.

кон примена на такви терористички методи кои водат до тој степен на ризик. Психолошката мотивација кај терористите произлегува од нивното лично незадоволство од сопствените животи и од цврстата убеденост дека само како дел од организацијата можат да ја остварат својата функција во овој живот. Веруваат дека сите луѓе надвор од организацијата се нивни непријатели и поради тоа им е многу полесно да ги дехуманизираат жртвите на нападите.

Сепак, секој облик на тероризам е неприфатлив, претставува општествена негативна појава и е неспоив со хуманистичките цели. Бидејќи тероризмот е појава која датира и опстојува уште многу одамна, жртвите и последиците од него се многу големи. Во најново време, со појавата и примената на најсовремените борбени средства, последиците од постоењето на овој вид тероризам се несразмерно поголеми во споредба од порано. Стравувањето од меѓународниот тероризам денес е стигнато и до таа мера што се очекува и примена на нуклеарните борбени средства со помал интензитет само за да се остварат поставените цели, без да се обрнува внимание на поголемиот број човечки жртви и материјални штети.[220]

Покрај постоењето на несогласување околу дефинирањето на тероризмот, меѓународната заедница сепак успева да се усогласи околу тоа некои категории на насилство да се сметаат за меѓународен тероризам (Хашката, Монтреалската, Њујоршката конвенција), како и другите политичко-правни инструменти изготвени во ООН (декларации), директно или индиректно зборуваат за тероризмот како глобален проблем и негово елиминирање (сузбивање).

Соочени со предизвиците и ескалацијата на меѓународниот тероризам државите настојуваат да го спречат и начелно сите се согласуваат за неопходноста за бескомпромисна борба. Меѓутоа, идеолошката и блоковската конфронтација оневозможуваат да се спроведат таквите декларативни заложби, пред сè поради тоа што одредени земји преку тероризмот остваруваат сопствени цели. Досегашните одбранбени средства и механизми против тероризмот не се покажаа доволно ефикасни, односно не ги спречија и не ги уништија неговите корени, што значи дека научно не се доволно испитани сите причини за негово настанување, па е невозможно да се примени соодветна терапија.[221]

---

[220] Види кај Котовчевски М., „Борба против тероризмот“, Македонска цивилизација, Скопје, 2004 год.
[221] Исто.

Сепак, постојат доста познати антитерористички единици во светот кои успешно изведуваат операции против тероризмот, како, на пример, западно германската антитерористичка единица ГСГ; САС; и СБС во Велика Британија; единиците на НОСК - Италија; Египетската антитерористичка единица САИКА; Зелените беретки и Ренџерите како и ДЕЛТА одредите во САД; Руските специјални антитерористички единици СПЕНЦАЗ.

Поранешниот шеф на Американската дипломатија, Џорџ Шулц, создаде доктрина за борба против тероризмот според која секоја терористичка акција мора да биде одмаздена, односно САД ќе употреби воена сила.[222]

По две години од нападот на 11 септември, во 2003 година Владата на САД ја објави Националната стратегија за борба против тероризмот. „Мора да се бориме против терористичките мрежи и сите оние што ги поддржуваат нивните напори да шират страв низ светот со употреба на секој инструмент на национална моќ – дипломатијата, економијата, правото, засилувањето, финансиите, информациите, разузнавањето и војската“.[223]

Но дали е постигната целта дали денес сме побезбедни од можните терористички напади? Државите вложуваат огромни средства за да се заштитат од ова зло, но сѐ уште сме далеку од постигнување на нашата цел. Во контекст на ова размислување би сакал да ја цитирам надалеку позната изрека на британскиот научник Пол Вилкинсон, кој во една пригода за британскиот весник Дејли телеграф изјави: *„Борбата против тероризмот е како да си голман на фудбалски натпревар, може брилјантно да одбраниш стотици голови, но луѓето ќе го запомнат само ударот што поминал покрај тебе“.*[224]

## 2.2 *Еколошки закани за безбедноста*

Глобализацијата и нејзините современи аспекти ги надминуваат националните граници и во сферата на животната средина. Опасностите за животната средина создаваат супрационални проблеми кои можат да се решат исклучиво преку регионални, глобални напори и иницијативи. Глобализацијата сфатена како забрзување

[222] Граовац Ж., „Местото и улогата на специјалните единици во современите системи за национална безбедност со посебен осврт на состојбите во Република Македонија“, Магистерски труд, Филозофски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир, Скопје.
[223] Бејлис Џ., Вирц Џ., Греј К., Коен Е., „Стратегија во современиот свет“, Нампрес, Скопје, 2009 год., стр., 203.
[224] Вилкинсон П., „Дејли телеграф“, Лондон, 1 септември 1992 год.

и продлабочување на меѓузависноста, зазема централно место при проучувањето и решавањето на глобалните еколошки проблеми.

Втор поголем безбедносен фактор во дебатите за глобализацијата и глобалната безбедност, секако, претставува еколошката безбедност. Најмаку три глобални еколошки прашања го привлекуваат вниманието на човекот.

Едно од еколошките прашања што се тесно поврзани со еколошката безбедност несомнено претставува нерационалното трошење на природните ресурси. Како резултат на прекумерното искористување на природните ресурси, особено на нафтата и јагленот, паралелно се зголемуваат и стакленичките гасови во атмосферата, предизвикувајќи ефект на стаклена градина и глобално затоплување. Ефектот на стаклената градина предизвикува зголемување на просечната температура од 0,3 до 0,6$C^0$. Глобалното затоплување и влијанието врз климатските промени може да има бројни последици за животната средина, меѓу кои: покачување на морското ниво, зголемена ерозија на почвата, мутирање на болестите и изумирање на некои видови животни и растенија, појава на кисели дождови, итн.

Второ најшироко распространето еколошко прашање е уништувањето на озонската обвивка на Земјата, а се појави како резултат на појавата на хлорофлуорокарбонати и нивната масовна употреба во 50-тите години од минатиот век.

Третиот глобален еколошки проблем во современото живеење, несомнено, претставува губењето на биолошката разновидност. Се проценува дека ¾ од зрнестите култури исчезнале во XX век. Овие глобални еколошки проблеми во голема мера го загрозуваат човековиот опстанок, а со самото тоа претставуваат и голем причинител за загрозување на безбедноста.[225] Имено овие еколошки катастрофи кои настануваат како резултат на прекомерното искористување на природните ресурси од страна на човештвото, се јавуваат не само на локален туку и на глобален план. Безбедносните закани кои произлегуваат од деградацијата на животната средина, без сомнение, претставуваат важен безбедносен предизвик, кој човештвото мора да го решава на

[225] Види поопширно кај Шолте Ј., „Глобализација“ Академски печат, Скопје 2008 год., стр. 58-160.

глобално ниво. Глобалноста на овој проблем предизвикува и создавање на меѓународна законска регулатива.[226]

Заканите се обично очигледни и подиректни од другите видови закани. Според Принс, еколошките закани се „закани без непријател“.[227] Еколошките закани коишто се продукт на глобалното затоплување и на уништувањето на озонската обвивка стануваат дел од нашето секојдневие, но човештвото уште ги доживува како далечни. Справувањето на светската цивилизација со овие закани претставува доста скап проект. Со овие закани светската цивилизација може да се справи само со сеопфатни, глобални и координирани акции.

Трендот на глобалните процеси како никогаш досега не ја загрижувал современата цивилизација. Последиците од глобализацијата, проследена со моќта на економскиот развој и зачестената трка за профит, успејаја во голема мера да ја нарушат глобалната рамнотежа помеѓу економско-технолошкиот развој и животната средина. Исто така, енормниот пораст на светската популација која живее во неразвиените и земјите во развој од една страна, и претераните барања на екстремно богатите и високо - развиените земји од друга страна, ги засегна „планерите на глобалниот поредок“, околу тоа како да се воспостави рамнотежа или одржлив развој помеѓу едните и другите, со претпоставка дека во иднина ќе имаме сè помало количество природни ресурси кои ќе може да ги задоволат потребите на човештвото. Одовде, економската димензија на глобализацијата изразена преку капиталот доведе до дехуманизација и на разни видови отуѓеност и експлоатација на природните ресурси без преседан во историјата.[228] Запоставувајќи ги демократијата и човековите права на глобално ниво, високо-развиените земји ги надминуваат веќе и глобалните граници, со што глобалната економија станува глобален еколошки безбедносен проблем. Меѓутоа, најизразените глобални еколошки закани кои може да доведат до загрозување на глобалната безбедност или до светска катастрофа се: климатските промени, ширењето на пустините, појавата на кисели дождови, загадувањето на воздухот, исцрпувањето на природните ресурси (нафта, природен гас, вода), осиромашувањето на озонската обвивка, употребата на оружје за масовно уништување, природните катастрофи (поплави, земјотреси, урагани и др.), демографскиот пораст на населението,

---

[226] Саздовска М., М., „Меѓународни стандарди и практики за заштита на животната средина“ Факултет за безбедност, Скопје, 2010 год., стр., 36.

[227] Хју П., „Глобална безбедност“, Табернакул Скопје, 2009 год., стр., 160.

[228] Ацевски И., „Екологијата, средината и социјалните промени“, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 2006 год., стр., 57 - 59.

еколошките миграции, итн. Сепак, остварувањето на сопствените цели и националните интереси државите не можат да го реализираат во име на загрозување на глобалните интереси. Овие глобални интереси подразбираат универзално подобрување на човековите потреби и условите за живот и физичкиот интегритет на Земјата, заедно со нејзина еколошка заштита од негативните аспекти на човековото дејствување.[229]

Грижата на меѓународната заедница за проблемите поврзани со животната средина на глобално ниво произлезе од фактот што проблемите кои беа споменати не може да се локализираат на подрачјето на една држава, туку напротив тие претставуваат глобален проблем и така ќе бидат и третирани.[230] Поради тоа прашањата поврзани со националните интереси и националната безбедност треба да бидат во согласност со глобалните интереси. Затоа секое излегување на националните интереси од зацртаната рамка или нивно ставање во подредена позиција ги загрозува примарните глобални интереси.[231]

Во таа насока ќе образложиме само еден од неколкуте најзначајни глобални еколошки проблеми - глобалните климатски промени кои се нерешлива енигма за државите и нациите, а воедно претставуваат и закана за глобалната безбедност. Пред сè глобалните климатски промени и глобалното затоплување, гледани како светски проблем, во иднина ќе имаат сè поголемо значење и приоритет. За справување со еколошките промени што ќе бидат предизвикани од овие два проблема, нема да бидат доволни само националните капацитети и средствата на државите. Примерот со делумното потпишување на Протоколот од Кјото укажува на тоа дека глобалните интереси (глобалното затоплување) не ги засега сите држави и влади подеднакво. Со потпишувањето на Протоколот од Кјото во 1997 година е направен првиот чекор во ограничувањето на емисиите на стакленичките гасови, бидејќи за првпат се специфицирани правните обврски. Согласно со овој протокол, кој стапи на сила во 2005 година, развиените земји имаат специфични обврски во првиот период (2008 - 2012) да ги намалат вкупните емисии на стакленички гасови за најмалку 5% во споредба со емисиите од 1990 година. Договорените цели се разликуваат помеѓу развиените земји (САД се обврзале да ги намалат емисиите за 7% ЕУ за 8%, Јапонија и

---

[229] Turek F., “Globalizacija i Globalna sigurnost”, Hrvatska udruga za medunarodne studije – HUMS, Varazdin, 1999, str. 88.

[230] Саздовска М., М., „Меѓународни стандарди и практики за заштита на животната средина“ Факултет за безбедност, Скопје, 2010 год., стр., 36.

[231] Turek F., “Globalizacija i Globalna sigurnost”, Hrvatska udruga za medunarodne studije – HUMS, Varazdin, 1999, str. 88.

Канада за 6%). САД не го потпишаа Протоколот од Кјото, иако се најголемиот загадувач во светот во поглед на емисиите на штетни гасови, но на средбата во Бали во декември 2007 година речиси 200 земји на ООН постигнаа договор за отпочнување на нови преговори за нов пакт против глобалното затоплување, откако беше предложено богатите земји да им помогнат на земјите во развој со цел да се спротивстават во борбата против ефектот на стаклена градина.[232] Меѓутоа, развиените земји, засегнати за својот економски развој, не се заинтересирани за последиците што ги предизвикуваат на останатиот дел од светот, иако при реализирањето на некои договори или протоколи, први на удар се земјите чијашто економија е во транзиција, како и земјите во развој, а тоа е пред сè поради тешкотиите што ќе им бидат наметнати поради ограниченото користење на т.н. чисти технологии, имајќи ја предвид нивната висока цена на светскиот пазар.

Од овде со сигурност можеме да констатираме дека аспектите на глобализацијата се нехумани, деморализирачки и неправедни, најмногу спрема неразвиените земји и земјите во развој. Ова се потврдува и со фактот што климатските промени во 1950 година се позачестени и поинтензивни, при што бројот на ураганите и циколоните се зголемил за двапати, а бројот на сушите и поплавите се зголемил за четири-пати. Овие последици најмногу ги почувствувале сиромашните и неразвиените земји, затоа што десетте најголеми природни катастрофи во 2007 година кои однеле и најголем број жтрви, се случиле токму во сиромашните и неразвиените земји.[233] Но дали за овие катастрофи вина се бараат кај најмоќните економии во светот, САД, Јапонија, ЕУ, Кина или можеби виновникот е некој друг? Дали глобалните еколошки проблеми станаа најважниот индикатор за процена на степенот на загрозеност на глобалната безбедност, кој постепено го турка светот во војни и дестабилизација и, на крајот, од кој зависи судбината на целокупната светска цивилизација?

Веројатно одговорот на овие прашања е потврден, сепак тоа се најмоќните економии во светски рамки, а знаеме дека високо - развиените земји во атмосферата испуштаат огромно количество на јаглероден диоксид, многу поголемо отколку неразвиените и земјите во развој. Имено, земјите како САД, Австралија, Канада, Кина и Сингапур, земји кои се наоѓаат на врвот според растот на нивните економии, се и на

[232] Поопширно види на http//www.un.org.htm
[233] Klimatske promene najvise ce osjetiti siromasne zemlje, Svijet, 12 prosinca, 2007 god.

врвот и на листата на најголемите светски загадувачи на животната средина. Одговорот на второто прашање е поткрепен со повеќето експертски ставови и документи, меѓу кои и извештајот на Пентагон, кој говори за тоа дека драматичните промени во иднина ќе ја засегнат целата планета, односно на Земјата ѝ се заканува глобална катастрофа. Експертите претпоставуваат дека климатските промени може да доведат до глобални катастрофи и загуба на милиони луѓе во војни и природни непогоди, со акцент на тоа што идните војни ќе бидат војни за опстанок. Според Министерството за одбрана на САД, помеѓу 2010 и 2020 година може да дојде до опаѓање на просечната годишна температура во Европа, а климата во Велика Британија ќе биде слична на онаа во Сибир. Милиони луѓе на планетва ќе имаат проблем со снабдувањето со храна и вода за секојдневна употреба, така што изворите за вода по долината на Нил, Амазон, Тигар, Еуфрат, Јордан, Инд и Дунав ќе бидат главни жаришта на конфликти и војни.[234] Слични вакви податоци говорат за тоа дека климатските промени предизвикани од глобалното затоплување ќе засегнат приближно половина од светското население, затоа што климатските промени, поради зголемената температура, ќе предизвикаат подигање на нивото на океаните и морињата, односно зголемување на нивото на светското море поради топење на ледниците, засилување на бурите, при што ќе бидат загрозени основните животни услови на 2,7 милијарди луѓе. Како резултат на ова ќе дојде до недостик на храна, на вода за пиење и на други ресурси потребни за нормален развиток на едно општество, при што неизбежна ќе биде и појавата на војни и политички дестабилизации на земјите и регионите. Недостигот на природни ресурси и постојаното зголемување на светското население ќе доведе до неизбежни насилства, воени дејствија, социјални протести и, секако, насилни миграции од Африка, Азија и Јужна Америка кон богатиот Запад.

Сепак сето ова не е ситуација без решение, сè уште не е доцна за заедничко спротивставување и координација помеѓу државите заради надминување на опасноста. Меѓународната заедница сериозно ја свати опасноста од систематското уништување на животната средина од страна на човекот. За таа цел беше покренато прашањето за донесување на меѓународни правни акти кои ќе ја регулираат оваа проблематика. Во овие правни акти (конвенции договори) се разработуваат принципите и механизмите за

[234] Алармантно о опасностима глобалног загревања, Време, Београд, 2004 год.

имплементација на стандардите за заштита на животната средина, како и широка лепеза на прашања поврзани со оваа проблематика.[235]

За трајно елиминирање на глобалното затоплување, експертските проценки говорат дека се потребни 18 трилиони долари, или, со други зборови ова изнесува и претставува 600 пати поголем износ од вкупниот светски бруто национален доход во 2002 година.

Заканите коишто ги елабориравме посочуваат на силна врска со процесите на глобализацијата бидејќи тие имаат планетарни димензии и големи последици врз нашата заедничка иднина. Нивното одбегнување и нерешавање ќе создаде големи компликации во односите помеѓу државите и помеѓу организациите и институциите. Затоа е потребна поинаква класификација на заканите во однос на последиците, и тоа: првата категорија да се однесува на последиците коишто ги надминуваат територијата и физичките ограничувања, кои ги споделуваме и се именувани како општо добро за сите; втората да се однесува на економско-социјалните проблеми чие решавање е од општ интерес и се од хуман карактер; и третата категорија да се однесува на законските одредби кои треба да се усогласат на глобално ниво со цел да се стават под контрола т.н „слободни стрелци“.[236] Затоа новата безбедносна агенда мора да биде флексибилна и конструктивна во однос на актуелните случувања. Притоа, треба да се земат предвид традиционално воените и современо невоените средства за справување со заканите, затоа што безбедноста е променлива категорија и не ни е дадена еднаш за секогаш и тешко се повлекува линија помеѓу заканите и опасностите.

---

[235] Саздовска М., М., „Меѓународни стандарди и практики за заштита на животната средина“ Факултет за безбедност, Скопје, 2010 год., стр., 36.
[236] Risar Z.F., Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni, Clio, Beograd, 2008 god., str. 86.

## IV ДЕЛ

### 1. *РЕСУРСИ*

Терминот **„ресурси“** за прв-пат го употребил Е. Ф. Шумахер (Ernst Friedrich "Fritz" Schumacher) во 70-тите години од XX век во својата книга **„**Малото е убаво**“** (Small is Beautiful), објавена во 1973 година. Во неа Шумахер ги критикува западните економии, појавата на енергетската криза и појавата на глобализацијата. Оваа книга е прогласена за една од 100-те највлијателни книги објавени по Втората светска војна. Книгата „Малото е убаво“ ја доби и престижната награда „Prix Européen de l'Essai Charles Veillon“ (Европска награда за есеј Чарлс Веллион) во 1976 година.

Природните ресурси што се распространети по Земјата се поделени на *обновливи, необновливи* и *постојани ресурси*. Обновливите извори на ресурси се најповолни за користење од страна на човекот, и тие може да се користат на неопределено време само ако правилно и систематски се експлоатираат. Кога обновливите ресурси се трошат на начин што го надминува нивното обновување, тие, несомнено, ќе исчезнат од лицето на Земјата. Постојаните ресурси како извори на енергија, едноставно, не треба да се обновуваат. Најдобар пример од овој тип на ресурси се ветерот, плимата и сончевото зрачење. Во литературата постои и друга поделба на природните ресурси, и тоа на *биотски* и *абиотски*. Биотските ресурси се добиени од растенија и животни, додека абиотските ресурси се добиени од нежив свет, како, на пример, од земјата, водата или воздухот. Минералните и енергетските ресурси се исто така абиотски ресурси кои доаѓаат од природата.

Терминот **„војни за ресурси“** за прв-пат беше искористен од страна на генерал Александар М. Хејг помладиот (Alexander Meigs Haig, Jr.), поранешен врховен командант на американските и НАТО силите во Европа. Во декларацијата презентирана во подкомисијата на Сенатската комисија за внатрешните и островските прашања, тој тврдел дека агресивното раздвижување на вооружените сили од страна на тогашен СССР во Авганистан, Средниот Исток и Африка имале за цел да се попречи пристапот на САД до виталните суровини (нешто што денес САД го практикуваат со

нивното масовно воено присуство во овие региони). Во таа пригода Хејг изјавил: “дојде ерата на војните за ресурси“.[237]

Искористувањето на природните ресурси, според некои аналитичари, е главен извор на нарушувањето на добрососедските односи помеѓу државите, кои во одреден временски период може да генерираат конфликти.

## *1. Основно значење на ресурсите*

По завршувањето на Студената војна помеѓу Истокот и Западот, некои политиколози со различни убедувања се обиделе да го определат водечкиот принцип на новата меѓународна политика. Томас Фридман (Thomas Lauren Friedman) од The New York Times ова го именува како „најважното нешто“. Тој пишува исклучиво за надворешните работи, вклучувајќи ги овде глобалната трговија, Блискиот Исток и прашањата поврзани со животната средина. Фридман е неколку кратен добитник на Пулицеровата награда, награда која се смета за највисоко признание во областа на новинарството, печатените медиуми и литературните достигнувања. Неколкумина автори се обиделе да го определат тоа „најважно нешто“, а како наистакнати се издвојуваат: Семјуел Хантингтон (Samuel P. Huntington),[238] кој тврди дека динамиката на светската безбедност ќе се управува и ќе зависи од „судирот на цивилизациите“. Роберт Дејвид Каплан (Robert David Kaplan), кој живо опишува еден свет на претерано бројно население и анархија; па дури и самиот Фридман, кој во „Законот на маслиновото дрво“ тврди дека економската „глобализација“ е основен препознатлив белег на светот. Секое од овие објаснувања придонесува за подобро разбирање на меѓународната динамика и секое од нив учествува во спорот за светската политика. Сепак, ниту едно од овие објаснувања не нуди целосна слика и анализа на акуелната состојба во светот. Тезата на Хантингтон (Huntington) за светскиот судир на цивилизациите, со која тој претпоставува дека некои држави ќе ја разработат својата политика за безбедност врз основа на некаква припадност кон определено религиозно општество или „цивилизација“, христијанскиот Запад, источноправославниот блок, исламскиот свет па т.н. конфликт помеѓу нациите, објаснува Хантингтон, ќе биде последната фаза во еволуцијата на конфликтот во современиот свет.[239] Меѓутоа, некои

---

[237] Котовчески М., Војни за ресурси - неизбежните географски ограничувања генератори на нови конфликти и нестабилност. Скопје: Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год., стр., 14

[238] Hutington, P. S., The Clash of Civilizations” Foregin Affairs, vol 72, no. 3 1993.

[239] Исто.

блиски случувања во нашето непосредно опкружување ја потврдуваат оваа теза на Хантинтон. Таква беше војната во Босна и војната во Косово и тие претставуваат потврда на ова негово гледиште. Но, од друга страна ова гледиште е оспорувано од други настани. Овде може да ја споменеме налудничавата трка за богатство за природни ресурси, каде што припадноста кон каква било цивилизација е без никакво значење. Само како за илустрација на ова тврдење, коешто е спротивно на гледиштето на Хантингтон, може да послужи примерот во Каспискиот регион. Соединетите Американски Држави се во сојуз со три муслимански држави, и тоа: Азербејџан, Турција и Туркменистан, а во соперништво се со две други претежно христијански држави, Ерменија и Русија. Слични вакви тенденции и примери имаме насекаде во светот, каде што интересите поврзани со природните ресурси добиваат на тежина за разлика од етничката и религиозната припадност.

Појавите на насилство и анархија во Африка, предвидени од Каплан, не успеале да ги натераат големите енергетски компании да се откажат од енормните приходи од нафтените операции во овие земји. Само за илустрација, во 1999 година американските нафтени компании го објавија создавањето на нови големи компании за искористување на нафтата во три држави (Ангола, Чад и Нигерија), каде што често се доминантни конфликтите. Исто така, и покрај тоа што теоријата на Фридман за глобализацијата го објаснува во голем дел првостепеното место на економските односи во меѓународната политика, тој претпоставува дека најважните спорови поврзани со ресурсите ќе се разрешуваат преку пазарните механизми. Но на овој начин не се зема предвид фактот, што одделни влади воделе војни не еднаш туку повеќе пати за „стратегиските национални интереси“, а овде се вклучуваат и резервите на вода и нафта.[240]

Една од најважните компоненти на постојаната борба за ресурси е **економската димензија**. Економската димензија, дефинирана преку глобалниот пазар, претставува брз проток на капитал, роба, услуги и работна сила. Моментално најзначајно на глобално ниво е воспоставувањето концепција на одржлив развој, со кој треба да се реши или да се намали јазот помеѓу богатите и сиромашните. Одржливиот развој би се спротивставил на неограничениот економски раст на развиените земји.[241] Сѐ поголемиот раст на глобалните економски компании, кои, пак, успеваат да ги контролираат светските текови и ресурси, и сѐ поголемата улога на светските

[240] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија
[241] http://jcr.sagepub.com/cgi/content/abstract/52/6/795

економски организации какви што се СТО (Светската трговска организација), ММФ (Меѓународен монетарен фонд), СБ (Светска банка), а кои веќе ги преземаат некои од функциите на државата, само го продлабочуваат јазот помеѓу богатите и сиромашните, а со самото тоа се зголемува и можноста за избувнување воени конфликти помеѓу „експлоататорите“ и „експлоатираните“.

**Политичкиот аспект** на војната за ресурси поврзани со новиот плурализам и неолибералниот модел ги наметнува универзалните вредности на почитување на човековите права и демократија. Негативните аспекти од оваа гледна точка се тоа што денес сè почесто се преземаат воени интервенции во името на „демократијата и почитувањето на човековите права“, за некои држави со сила да се натераат да ги почитуваат вредностите на западните демократии. Оние држави што не ги исполнуваат споменатите „вредности“ на капитал-системот се соочени со неприкосновената воена моќ на западните системи. Меѓутоа, неприкосновен е фактот што е невозможно да се објасни динамиката на меѓународната политика и безбедност без притоа да се истакне непроценливото значење на природните ресурси. Можеме да заклучиме дека не постои држава во светот којашто поседува природни ресурси без притоа нејзината политика да не е насочена кон заштита на природните ресурси со коишто располага, и заштитата на овие ресурси да е подигната на ниво на национална безбедност. Операцијата ЦЕНТРАЗБАТ[242] покажа дека прашањата поврзани со ресурсите фигурираат и доминираат и во меѓународните односи и заземаат централно место во овие односи. Конфликтите поврзани со ресурсите првовремено може да не се покажат како „најважното нешто“ во односите помеѓу државите, но помагаат да се објаснат голем дел од случувањата на меѓународните сцена денес.[243]

Процесите на борбата за ресурси, како и сè поголемиот притисок за наметнување на така-наречениот нов светски поредок и промените што тој ги носи, нема да имаат подеднаква полза и корист за сите држави на планетава. Разликите што се создаваат на посреден или непосреден начин не носат благосостојба и стабилност за новиот светски поредок. Културните диспаритети, т.е. создавањето на мултикултурни заедници, избледувањето на традиционалните вредности и обичаи, и, најзначајното од сè, асимилирањето на сопствениот идентитет и јазик со глобалните културни вредности, ќе влијаат кај некои народи и земји. Во регионите каде што постојано

[242] http://www.evrazia.org/modules.php?name=News&file=article&sid=2785
[243] Исто.

имаме незадоволство, на ваквото „наметнато“ влијание народите ќе се обидат да му се спротистават преку етнички чистења и насилства, а сè со една единствена цел: да ги назначат сопствените културни вредности над останатите. Во тој контекст се и последиците за државите, за кои многумина велат дека ќе го изгубат сопствениот суверенитет, а државите се принудени да го сторат тоа поради партиципирањето во регионалните и светските организации и тела. Од друга страна, тоа предизвикува процеси кои се спротивни на нејзиниот универзален стратегиски концепт, а тоа се регионализацијата и фрагментацијата.[244]

Но зошто ресурсите станаа толку исклучително важни? Како што беше споменато досега во овој труд, прифаќањето на една централна економска безбедносна политика неминовно води до зголемено насочување внимание кон природните ресурси. Ова особено е важно за оние држави чиишто индустриски раст и развој зависат исклучиво од увозот на природните ресурси. Исто така, целосното бришење на идеолошките конфликти во современиот свет, придонесе за тоа прашањата поврзани со природните ресурси да ја заземат централната улога, претворајќи ги побарувањето и заштитата на природни ресурси во првостепена задача на безбедносната политика на одредена држава. Некои од природните ресурси се со непроценлива вредност за државите коишто располагаат со нив. Таков е примерот со суровата нафта во Каспискoто регион, во Каспиското Море, каде што резервата на суровата нафта од страна на Министерството на САД во 1997 година е проценета на речиси 4 милијарди американски долари. Ова претставува само една од многуте причини поврзани со природните ресурси и со прашањето зошто е „оправдано да се војува“.[245] Меѓутоа, овие фактори сами по себе не објаснуваат зошто прашањата поврзани со природните ресурси се претворија во стратегиски национални интереси со врвен приоритет во државите. Како одговор на ова прашање може да наведеме неколку поединечни фактори: како битен фактор можеме да го вклучиме постојаното зголемување на побарувачката на секаков вид трговски стоки. Како резултат на зголеменото побарување, најверојатно ќе се појави и недостиг на ресурси. Аналогно на ова, споровите за сопственоста на богатите наоѓалишта на природни ресурси во регионите каде што ги има во изобилство, а кои се со непроценлива вредност, ги мобилизира

[244] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[245] Види поопширно кај Клер Т. М., „Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 18-23.

државите одбраната на ресурсите да ја стават високо во рамките на своите одбрамбени политики.

Една од главните причини, како што наведовме во овој труд, претставува зголемената потреба за ресурсите, која расте со молскавична брзина. Со постојаното зголемување на светското население, општествата имаат зголемена потреба за повеќе природни ресурси, како храна, вода, нафта, гас, дрвен материјал, јаглен, минерали, ткаенини и др., со кои ќе ги задоволуваат основните материјални потреби. И покрај тоа што постои нерамномерна потрошувачка на природни ресурси на светско ниво, потрошувачката постојано се зголемува. Некои земји претставуваат многу поголеми потрошувачи на ресурси за сметка на други земји. Само за илустрација, САД трошат приближно 30% од сите суровини, што човештвото ги користи во текот на целата година. Исто така, речиси и секое друго општество во светот постојано ги зголемува своите потреби за основните природни ресурси. Зголемената побарувачка на природни ресурси во голем степен е причинета од драматичното зголемување на бројот на светското население. Колку за потсетување, само во последните педесет години населението во светот се зголеми приближно за 3 милијарди луѓе, зголемувајќи се од 2,6 милијарди луѓе во 1950 година на малку повеќе од 6 милијарди луѓе во 1999 година.[246] Денешната бројка на светското население во (2014 год.) изнесува приближно 7,15 милијарди луѓе, што претставува зголемување за фантастични 4,5 милијарди, и тоа за период од 60 години. Светското население се зголемува приближно за 80 милиони луѓе годишно. Со ова темпо, како што напоменавме во 2010 година, светското население броеше приближно 7 милијарди луѓе, а до 2020 година се претпоставува дека ќе има приближно околу 8 милијарди луѓе. Зголемувањето на светското население неминовно ќе придонесе и за зголемување на потребите на ова население и од природни ресурси. Со зголемувањето на бројот на светското население перманентно се зголемува и потребата за храна, вода, облека, живеалишта и други основни секојдневни потреби. Ова зголемување само по себе го објаснува зголемувањето на потребата за многу суровини, а со тоа и за искористување на многу природни ресурси. Меѓутоа, зголемувањето на бројот на населението е само една од многуте причини за зголемената побарувачка на ресурси. Еден друг многу важен сегмент во светските односи претставува и влегувањето на индустријализацијата во сè повеќе и повеќе

[246] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

делови од Земјината топка и перманентното зголемување на бројот на богатите луѓе во светот. Зголемениот број на богати луѓе, пак, води до незапирлива побарувачка на енергија, автомобили, градежни материјали, разни видови уреди за домаќинствата и други трговски стоки, кои зависат или се многу тесно поврзани со природните ресурси.[247] Во периодот помеѓу 1950 и 1999 година, за период од 50 години, бруто светскиот производ се зголемил за неверојатни 583%, од приближно 6 милијарди американски долари на 41 милијарда долари. Дури и кога светскиот бруто производ се претвори во паричен износ по глава на жител, зголемувањето е огромно, од 2.500 долари во 1950 година на 6.750 долари во 1999 година. Голем дел од светското население сега може да си дозволи стоки и услуги кои претходно биле недостапни. На пример, во 1953 година во светот имало приближно 53 милиони автомобили, додека таа бројка во 1999 година достигнува приближно 520 милиони. Денес во светот има приближно 850 милиони автомобили и камиони и со ова темпо на зголемување се предвидува нивниот број до 2020 година да достигне до 1,1 милијарда. Исто така, се зголемува и бројот на сопственици кои во своите живеалишта, користат најразновидни апарати за домаќинствата, почнувајќи од фрижидери, телевизори, клима уреди, компјутери и друга слична опрема за домаќинствата. Зголемувањето процентуално е слично како зголемувањето кај автомобилите, односно со слични размери. Од причина што производството и употребата на овие производи вклучува трошење на големо количество енергија, минерални и други суровини, светската потрага по многу ресурси засекогаш го надмина човечкиот прираст.[248]

Зголемувањето на побарувачката на енергија и стоки за широка потрошувачка нај јасно е изразено во Азија и на тихоокеанскиот брег. Во овој дел од светот индустријализацијата и економијата се развиваат со особено брзо темпо. Овде од особена важност е да се спомене темпото на брзиот економски раст на Кина. Само во периодот помеѓу 1990 година и 1996 година економскиот раст на Кина се зголеми за неверојатни 93%. Зголемувањето на економскиот раст беше една од главните причини за неверојатната зголемена побарувачка на автомобили, разни уреди за домаќинствата и други стоки за широка потрошувачка. Во периодот до 1985 година помалку од една петина од градското население во Кина имала телевизор во боја. До 1998 година, секое средно ситуирано семејство имало повеќе од еден телевизор. Во истиот период

[247] Види поопширно кај Клер Т. М., „Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 18-25.
[248] Клер Т. М., „Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 18 - 25.

процентот на домаќинствата кои имале фрижидер во своите домови се зголеми од 7% на 73. Со сличен процентуален пораст се зголемил и бројот на сопствениците на клима уреди, разни електронски уред и бањи.[249] За производството и дистрибуција на сите овие стоки за широка потрошувачка, Народна Република Кина потрошила големи количества природни ресурси, вклучувајќи нафта, јаглен, дрвен материјал и разни други минерални суровини. Голем број стручњаци од целиот свет го делат мислењето за тоа дека економијата на Кина, односно вртоглавиот раст на кинеското стопанство ќе продолжи да се развива со невидена брзина и во наредните децении. На овој начин ќе се зголеми и потребата на државата за искористување на сè поголеми количества природни ресурси. Според анализите на Министерството за енергетика на САД, потрошувачката на енергија во Кина ќе се зголеми приближно за 4,3% годишно во периодот помеѓу 1997 година и 2020 година, односно за околу четири пати повеќе од Европа и САД заедно. Ова зголемување ќе придонесе за зголемена потрошувачка на природни ресурси, на нафтата за 150%, зголемена употреба на јаглен за 158% и зголемување на потрошувачката на природен гас за над 1.000%. Ваков зголемен раст на економиите се очекува и кај други нации со брзорастечка економија. Според Министерството за енергетика на САД, потрошувачката на енергија во периодот 1997-2020 година ќе се зголеми за 3,7% годишно во Индија, 3,4% во Бразил и 3% во Мексико. Овие три држави заедно со Кина во 2020 година ќе имаат потреба од 151 квадрилиони британски термички единици енергија, односно три пати повеќе од потребите коишто ги имале во 1990 година.[250] (британската топлинска единица (BTU vs Btu) е традиционална единица за енергија еднаква на околу 1055 џули).

Според анализите на научната фела, зголемената потреба за природни ресурси во државите кои имаат брзо-растечка економија, како и во државите што се во развој, ќе се компензира, односно ќе биде урамнотежено со намалувањето на потребите за природни ресурси во одамна индустријализираните држави, затоа што високата технологија во нивните општества ќе придонесе за поголема енергетска ефикасност, како и искористување на обновливите извори на енергија. Меѓутоа, дали оваа анализа и теорија во пракса се точни? Дали веќе одамна развиените земји се помали потрошувачи на природни ресурси или, пак, благодарение на својот развој и стандард тие претставуваат поголеми потрошувачи? Имајќи го предвид досегашното искуство,

[249] “Not Quite a Biloin”, Economist, 2 January 1999, p. 56.
[250] Види поопширно кај Клер Т. М., „Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 18-23.

можеме да заклучиме дека употребата на високата технологија во секојдневниот живот не придонесе за намалување туку за зголемување на потребите од природните ресурси и во голема мера ги претвори општествата на овие високоразвиени економии во **потрошувачки општества**, општества што трошат повеќе од она што им е потребно. Ова размислување може да го потврдиме со фактот, што со технолошкиот напредок во развиените општества се придонесе за зголемување на животниот стандард на населението. Со зголемувањето на животниот стандард на населението пропорцијално се зголеми и личната потрошувачка. Кога за пример би ја зеле една од најразвиените економии во светот – САД, и кога би направиле една анализа, на пример, за сопствениците на автомобили, ќе дојдеме до заклучок дека тие поминуваат сè поголеми растојанија со секоја помината година, од 2,4 милијарди километри во 1982 година до 4 милијарди километри во 1995 година, што претставува речиси двојно зголемување за период од 13 години. Во контекст на ова тврдење би го зеле и примерот на најмоќната економија во светот, САД. Граѓаните на Америка трошат 11,3 литри бензин дневно. Седмичната потрошувачка на бензин е еднаква на просечната тежина на еден Американец. Бројот на членови на едно средно просечно американско семејство се зголемил за една третина од почетокот на 1970 година. Како резултат на ова, крајната (нето) потрошувачка на природни ресурси во САД продолжи да расте во последните децении. Слична е состојбата и во Европската унија и во други високоразвиени региони во светот.[251] Земајќи ги предвид сите овие анализи и податоци, можеме да дојдеме до заклучок дека побарувачката за природни ресурси на глобално ниво ќе продолжи да се зголемува и во наредните декади од овој век.

Друга главна причина што е тесно поврзана со зголемувањето на побарувачката и употребата на природни ресурси претставува и економскиот раст. Како резултат на ова се очекува да се зголеми светскиот приход по глава на жител за близу 2% годишно во наредните неколку децении, односно речиси два пати повеќе од човечкиот прираст.

[251] Клер Т. М., „Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 23.

График бр. 2 Популација на светското население од 1800 до 2100 година и негова осцилација.[252]




Ако ова зголемување на приход продолжи да се користи како, на пример, за купување материјални добра, коли, камиони, електрични уреди, станови и др., светската побарувачка за природни ресурси ќе биде зголемена значително повеќе за разлика на онаа во 90-тите години.[253] Со зголеменото побарување на природните ресурси се направи проблем и на глобално ниво. Само за илустрација, општо познат факто е дека светските резерви на некои природни ресурси се доста ограничени, а притоа некои од нив не се обновливи. Богатството на планетата Земја со стратегиски важни природни ресурси како вода, обработлива површина, минерални суровини, дрвен материјал, извори на гориво и сл. не е бесконечно. Исто така, постојат разни ограничувања и во поглед на нивното искористување од страна на човекот. Според некои анализи од 1970 година до 1995 година, Земјата има изгубено приближно една третина од своето природно богатство, повеќе од кој било друг период од почетокот на нејзиното создавање, а сето тоа е како резултат на влијанието на човекот. Ова истражување е направено од страна на Светскиот фонд на дивата природа (World Wide Fund for Nature - WWF) во 1998 година. И покрај тоа што истражувањето и проучувањето на Светскиот фонд не се однесува на сите природни ресурси, сепак, тоа покажа дека постои опасност. Опасноста е поврзана со опстанокот на човештвото, кое ќе биде исправено пред сериозен недостиг на многу природни ресурси, што несомнено би се одразило на опстанокот на светската цивилизација, а аналогно на ова ќе се придонесе и за нарушување на глобалната безбедност како резултат на недостиг на природните ресурси.

[252] https://www.google.com/search?q=World-Population-1800-2100

[253] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

Дали некои природни ресурси ќе се потрошат целосно или делумно е нешто што не може да биде предвидено со стопроцентна сигурност. Многу видови природни ресурси се широко распространети по Земјината површина и постојано се откриваат нови резерви. Други ресурси, како дрвениот материјал, теоретски се создадени (се смета дека дрвјата може да се обноват на местата каде што претходно биле отсечени). Исто така, може да биде најдена и замена за некои природни ресурси кои се загрозени од потрошување. Но очигледен и неспорен е фактот што светските резерви на некои природни ресурси се намалуваат со брзина на светлината, при што човечката цивилизација не успева навреме да почне да користи нови или, пак, алтернативни извори на некои природни ресурси.[254]

Многубројните природни ресурси потребни и неопходни за функционирање на општествата, меѓу кои нафтата и водата, односно нивното искористување и нивната заштита, се подигнати на степен на национална безбедност. Овие природни ресурси се од исклучително значење за опстанокот на модерното општество и без нив е незамислив и опстанокот на светската цивилизација. Нафтата и водата во големи количини се користат од страна на човекот, при што постои голема веројатност до средината на XXI век нивното количество да биде толку намалено што задоволувањето на светската потрошувачка ќе биде доведено во прашање и би било оневозможено во целост. Во почетокот на 2000 година утврдените светски резерви на нафта биле проценети на 1,033 милијарда барели. Ова количество се сметаше како доволно за задоволување на светската потрошувачка на нафта. Во тој период се трошеле приближно по 73 милиони барели на ден.[255] Меѓутоа, ако гиземеме предвид претходните анализи (погоре во овој труд) и ако потрошувачката на нафта би се зголемила за приближно 2% годишно, како што предвидува Министерството за енергија на САД, постојните резерви на нафта ќе исчезнат за период од 25 до 30 години, а не како што се претпоставуваше, односно за период од 40 години. Секако, откривањето на нови нафтени наоѓалишта ќе ги зголеми светските резерви на овој природен ресурс. Откривањето и развојот на нови технологии ќе обезбеди и други резерви кои моментално се недостапни или нивното искористување претставува тешкотија. Такви се резервите на нафта во северен Сибир и во длабочините на Атланскиот Океан, на кои човештвото може да смета во иднина. Меѓутоа, дури и да

[254] Види поопширно кај Клер Т. М., “Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год.
[255] BP Amoco, Statistical Review of World Energy 2000 (London: BP Amoco, 2000), p.4.

биде така, светот веројатно ќе почне да чувствува значаен недостиг на нафта до почетокот на втората или третата деценија на XXI век.[256]

Иста таква алармантна состојба имаме и со водата. И покрај тоа што Земјата на располагање има големо количество солена вода, светската резерва на пивка вода е ограничена. Само како за илустрација ќе дадеме еден податок: само 3% од вкупната резерва на вода во светот е пивка вода, а поголемиот дел од таа вода се наоѓа во поларните врвови и ледниците. Една половина од лесно достапното количество пивка вода, приближно 12.000 км$^3$ годишно, веќе е приспособено за употреба од страна на човекот. Каков што е случајот со нафтата, зголемувањето на бројот на светското население и постојаното подобрување на животниот стандард ќе придонесе за непрекинато зголемување на потребите за вода на светското население. Во најдобар случај, работите да продолжат да се развиваат така, до средината на XXI век потребата за вода на човекот ќе достигне до неверојатни 100% од постојаната резерва на пивка вода, предизвикувајќи силен недостиг и притисок во некои региони, проследени со засилена трка за пристап до важните извори и резерви на пивка вода.[257]

Освен на нафта и вода, во текот на наредните деценији може да се очекува значителен недостиг и на други видови природни ресурси. На пример, загубата на светското пространство под шуми, кое се намалува секоја година континуирано, и тоа во просек од 0,5%, површина што претставува еквивалент на големината на Англија и Велс заедно. При ова намалување пространствата со шуми на голем број видови дрвја им се заканува исчезнување или веќе исчезнале. Приближно 70% од тропските суви шуми се уништени, заедно со 60% од шумите во умерениот појас и 45% од тропските влажни шуми. Некои од овие шуми се обновени, но ова не може да ги компензира годишните загуби на шумската покривка во целост. Искористувањето на некои ресурси во голема мера ќе зависи од глобалните климатски промени. Постојаното натрупување јаглероден диоксид и други стакленички гасови кои предизвикуваат затоплување на Земјината атмосфера, создавајќи го така наречениот ефект на стаклена градина, кој се појавува како резултат од зголемената потрошувачка на фосилни горива, ќе придонесе за постепено зголемување на средните годишни температури, а со тоа за појава на суши во некои региони. На тој начин ќе биде доведен во прашање опстанокот на многу растителни и животински видови. Глобалните климатски промени, кои веќе се видливи

[256] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси”, Магистерски труд, Филозовски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[257] Исто.

и остварливи, може во голема мера да го намалат и нивото на врнежи или да ги зголемат испарувањата во сувите региони, при што ќе се намали притокот на вода во реките што значат живот за одредени региони, како Нил, Јордан, Тигар, Еуфрат, Инд и други реки. Професорот Томас Хомер – Диксон (Thomas Homer – Dixon) од универзитетот во Торонто изјавил: „сличен недостиг во околината ќе ја разгори уште повеќе трката помеѓу одделни групи луѓе и општества за пристап до есенцијалните ресурси“.[258]

Зголемувањето на светската потрошувачка, како и влошувањето на природните услови во животната средина ќе придонесат за намалување на многу природни ресурси. Со намалувањето на природните ресурси, пак, цената на она што ќе остане достапно ќе биде значително зголемена. Во повеќето случаи човештвото ќе биде принудено да бара алтернативни извори на природни ресурси или, пак, да користи нивна соодветна замена, при што во голема мера би се ублажил светскиот недостатиг на ресурси. Богатите економии кои располагаат со потребните средства ќе бидат економски моќни и ќе плаќаат многу повисока цена за ресурсите неопходни за живот. Меѓуота, економијата и пазарот нема да може да го разрешат секој проблем штој ќе биде поврзан со ресурсите, ниту пак ќе можат да ги спречат идните конфликти што ќе бидат создадени поради недостиг на природните ресурси. Некои природни ресурси, како на пример, водата, не може да бидат заменети со други. Многу општества нема да бидат во состојба да си дозволат да платат повисока цена за добивање на овој природен ресурс неопходен за живот. Таквите новонастанати состојби може да предизвикаат судир помеѓу одделни држави за пристап до овој вид ресурси, но исто така може да предизвикаат судири и во самата држава. Зголемувањето на потребата за ресурси, а паралелно на тоа и зголемувањето на нивната цена, ќе придонесат спротивставените групи во државите каде што го има соодветниот природен ресурс да го заштитат, а со тоа да ја зачуваат својата контрола над соодветните ресурси, без разлика на тоа дали станува збор за нафта, вода, природен гас, јаглен, разни минерални суровини и слично. Самиот овој факт ќе придонесе за зголемување на бројот на конфликтите кои ќе бидат тесно поврзани со ресурсите.

Опасноста од создавање конфликти поврзани со перманентното намалување на стратегиските ресурси станува уште поголема ако се земе предвид фактот што многу

---

[258] Homer – Dixon, “Environmental Scarcities and Violent Conflict”, International Security, vol 19, no.1, 1994, p 5.

од клучните извори и резерви на природните ресурси се во сопственост на две или повеќе држави или нации, или, пак, се наоѓаат во некоја спорна гранична зона или исклучителна економска зона. Обично државите претендираат да располагаат со доволно количество природни ресурси за задоволување на своите потреби кога ресурсите се наоѓаат на нивната територија. Со зголемувањето на потребите за природни ресурси ќе дојде и до нивно зголемено искористување. Реално би било политичките елити кои се на власт (владите) во одделни држави да се обидат да го зголемат својот пристап до наоѓалиштата во спорните територии. Зголемувајќи го својот пристап до овие ресурси кои се наоѓаат во некоја спорна територија или на територија со нејасно исцртани граници, политичките елити кои се на власт во одредена држава ризикуваат да влезат во конфликт со соседната или со соседните држави.

Избивањето на конфликти поврзани со пристапот до природните ресурси може да се создаде и во поволни услови, кога односите помеѓу две држави се пријателски и добрососедски (како што имаме случаи во некои делови од Африка и Средниот Исток). Конфликтите поврзани со оспорувањето на стратегиско важните ресурси можат да прераснат во сериозен вооружен судир и да придонесат за дестабилизација на регионот, па и пошироко.[259]

Причината за избувнувањето на конфликти, како што напоменавме претходно, може да бидат спорови од најразлична природа. Несогласувањата може да настанат околу некој конкретен извор на природен ресурс кој се наоѓа на територијата на неколку држави. Ова може да биде некоја голема река или некој подземен нафтен базен, или, пак, подземен базен на пивка вода. Таков е примерот со реката Нил (Nile), која поминува низ девет држави, реката Меконг (Mekong), која поминува низ пет држави и реката Еуфрат (Euphrates), која поминува низ три држави. Овие реки извираат од една држава, а поминуваат низ други пред да се влеат во морето. Државите кои се наоѓаат по горното течение на овие реки не можат секогаш да го контролираат протокот на вода за сметка на оние држави кои се наоѓаат по долното течение на реката. Конфликт може да настане кога државите по горното течение, користејќи ја својата положба, го зголемуваат протокот на вода за сопствени потреби за сметка на државите по долното течение на реката.

[259] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

Слика 04, Текот на реката Нил[260]




Слика 05, Текот на Реките Тигар и Еуфрат[261]




Избувнување воен конфликт, а со тоа и загрозување на регионалната и глобалната безбедност може да настане и кога некој голем нафтен базен се наоѓа на територијата на две држави и кога една од двете држави користи несразмерно големо количество од заедничките нафтени резерви, што може да предизвика намалување на нафтените добивки за другата држава, при што неизбежен е конфликтот помеѓу овие држави. Таков школски пример имаме на Блискиот Исток и ова претставуваше еден од основните проблеми кој постојано ги оптоваруваше меѓусебните односи на Ирак и Кувајт кон крајот 80-тите години од минатиот век. Република Ирак тогаш тврдеше дека државата Кувајт искористува многу повеќе сурова нафта од она што ѝ припаѓа од заедничкото нафтено поле во Румалија (Rumaila).

Ист таков проблем делат и други три држави на Блискиот Исток - Саудиска Арабија, Јемен, Обединетите Арапски Емирати и Оман. Овие три држави, исто како и во претходниот случај, делат една нејасно исцртана граница крај Rub' al Khali. Како во случајот со Ирак и Кувајт, и овие држави своите меѓусебни односи постојано ги оптоваруваат со прашањата кои се поврзани со рамномерниот пристап и искористувањето на нафтените ресурси во овој регион.

[260] http://www.britannica.com/EBchecked/topic/415347/Nile-River
[261] http://www.biblestudy.org/maps/euphrates-river-valley-map.html

Слика, 6 Нафтено поле Румалија[262]




Слика, 7 Спорна гранична линија (Rub' al Khali)[263]




Вториот вид конфликти е поврзан со изјавувањето претензии кон светското море по однос на водните реони и минерали. Како што беше истакнато претходно, Законот за морето на ООН (United Nations Convention on the Law of the Sea (UNCLOS) дозволува државите кои граничат со океан да се стекнат со исклучителни права на сопственост врз една економска зона којашто се наоѓа на двесте милји (321,87 км) од брегот, во рамките на која тие можат да ги користат морската флора и фауна и постојаните резерви на природни ресурси. Ова разграничување одговара за големите водни пространства, но може да создаде големи проблеми и несогласувања проследени со извор на непријателства во случаи кога неколку држави граничат со море. Таков пример имаме кај Каспиското Море, или кај некое друго слично водно тело со нејасно определени граници. При таква состојба неколку држави може да претендираат за суверена економска зона и да создадат спорови во однос на положбата на нивните водни граници. Еден таков одличен пример за вакво несогласување и извор на конфликти претставува Јужното Кинеско Море (South China Sea), каде што седум држави, Брунеј, Кина, Индонезија, Малезија, Филипини, Тајван и Виетнам, не ги кријат своите јасни намери и своите нескриени територијални претензии кон големите водни пространства на Јужното Кинеско Море.[264]

---

[262] http://www.hydrocarbons-technology.com/projects/rumaila-oil-field-expansion/
[263] http://www.britannica.com/EBchecked/topic/511779/Rub-al-Khali
[264] Клер Т. М., „Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год.

Слика, 8 Јужно Кинеско Море[265]




Слика, 9 Касписки регион




Избувнување на воени конфликти и дестабилизација на глобалната безбедност може да се создаде и во однос на пристапот до поголеми водни пространства какви што се Персискиот Залив (Persian Gulf) или Суецкиот Канал (Suez Canal), кои се важни поморски патишта за пренесување на овие ресурси. Еден голем процент од светската потрошувачка на нафта се пренесува со супер танкери кои патуваат од Персискиот Залив до пристаништата во Европа, Јужна и Северна Америка и Јапонија. Овие така наречени супертанкери минуваат преку тесни делови, какви што се Хормоуз (Hormuz), Малака (помеѓу Индонезија и Малезија) или Црвено Море, каде што слободното минување на овие пловни објекти е од приоритетна важност за одржување на постојаниот проток на ресурсите. Државите кои увезуваат и кои во голема мера се зависни од природните ресурси, што се извезуваат од овие региони не секогаш се против решенијата на властите кои ги контролираат овие патишта за затворање или ограничување на пристапот до нив. Имајќи ја предвид војната помеѓу Иран и Ирак која започна на 22 септември 1980 година и траеше сè до 20 август 1988, со цел непречено поминување на танкерите низ Персискиот Залив, Кувајт го постави американското национално знаме како гарант за безбедноста на танкерите и како гарант за непречен и безбеден извоз на сурова нафта од ова воено подрачје. Ова беше последица на постојаните тензии и на постојаните судири помеѓу Иран и Ирак.

Еден од клучните фактори кои исто така не може да бидат заобиколени кога се работи за нарушувањето на глобалната безбедност во денешното глобализирано

[265] http://www.cfr.org/china/south-china-sea-tensions/p29790

општество, секако, претставуваат нафтените и гасоводните цевководи низ коишто се пренесуваат природните ресурси, а особено оние што поминуваат низ тензични земји и региони, и претставуваат еден нераскинлив дел од проблемот кој е поврзан со доставата на природните ресурсите до крајните потрошувачи.[266]

Земајќи ги предвид претходно спомenатите фактори, кои имаат големо влијание врз глобалната безбедност, секако, битен елемент во загрозувањето на глобалната безбедност претставува и незапирливото зголемување на светската побарувачка на природни ресурси. Со зголемената побарувачка на ресурси се појавува и зголемената потреба од нив, а зголемената побарувачка ги зголемува и проблемите кои се поврзани со правото на сопственост. Сето ова во иднина најверојатно ќе придонесе за нови поместувања и нарушувања на глобалната безбедност.

Првите два фактора очекувано ќе ја зголемат трката помеѓу одделни држави за пристап до стратегиски важните суровини, додека третиот фактор ќе стане причина за нови несогласувања и избивање конфликти. Освен тоа секој од овие фактори ќе го засили своето дестабилизирачко влијание на другите два фактора. Со постојаното зголемување на потрошувачката на природни ресурси ќе се појави и забрзан недостиг на природните ресурси. Аналогно на ваквата состојба несомнено ќе се предизвика голем притисок на политичките елити кои управуваат во државите заради брзо и одлучно решавање на овој проблем. Ова секако ќе потикне одделни држави да се концентрираат кон најголема можна контрола и искористување на ресурсите во оспоруваните територии, односно местата каде што се наоѓаат изворите на овие природни ресурси. На тој начин ќе се зголеми опасноста од создавање конфликт помеѓу државите кои делат или покажуваат нескриени претензии кон одреден извор на природни ресурси. Повеќето од тие конфликти најверојатно ќе се решаваат без да се употреби воена сила, односно со постигнување меѓусебна согласност за проблемот помеѓу засегнатите нации и држави. Вакво сценарио при кое идните недоразбирања би се решиле спогодбено ќе биде од огромна корист за глобалната безбедност и слободниот пристап до ресурси на светскиот пазар. Предвидените економски добивки од постигнувањето заеднички прифатливи решенија се неколкукратно поголеми од истите кои се појавуваат кога има војна. Затоа повеќето држави се наклонети кон тоа

---

[266] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

да се откажат од своите барања за поголема контрола на некој витален ресурс ако им се обезбеди доволна експлоатација на ресурсот кој е предмет на спор.[267]

Но преговорите и влијанието на интересите на светските пазари секогаш не се покажуваат како силни фактори за избегнување конфликти и преовладување на разумот. Можно е ресурсите да бидат толку важни за опстанокот на една нација или на нејзината економска благосостојба што компромисот околу заедничка поделба на некој важен ресурс едноставно да е неизводлив и незамислив. Само како пример, можеме да претпоставиме дека најмоќната економија на светот, САД, нема да дозволи под никакви услови Персискиот Залив да падне во рацете на некоја „непријателска“ земја која ќе ја има целокупната контрола над слободниот извоз на нафта на светскиот пазар земајќи го предвид значењето на Персискиот Залив за САД. Исто така, Египет нема да дозволи Судан или Етиопија да добијат целосна контрола на горните теченија на реката Нил. При ваквите состојби, кога овие прашања се издигнати на највисоко ниво, ниво на национална безбедност, тешко дека ќе се земат предвид евентуални преговори, а со тоа и постигнување на некаква спогодба, кои би биле против националните интереси на некоја држава.[268]

Слободниот светски пазар и пазарните интереси исто така може да ја зголемат веројатноста од избувнување на вооружени конфликти. Ваква состојба имаме кога некој даден оспоруван природен ресурс е толку ценет од материјална гледна точка што ниту еден од земјите-аспиранти за контрола на овој вид ресурс нема да сака да го загуби. Таков пример имаме во Демократска Република Конго (некогашен Заир), каде што внатрешните сили и извесен број на надворешни сили се борат за контрола и доминација над профитибилните полиња богати со злато. Слична ваква состојбата имаме и во Сиера Леоне, каде што станува збор за повеќедецениски конфликт поврзан со вредните полиња на државата кои се богати наоѓалишта на дијаманти. Во практика појава на такви вооружени конфликти се создаваат во сиромашните и недоволно развиени држави, каде што сопственоста на природните ресурси се смета за единствени начин за натрупување огромни богатства.[269] Зголемената опасност од избувнување на внатрешни конфликти кои се поврзани со ресурсите се зголемува уште повеќе од сè понагласената поделба на граѓаните на сиромашни и богати. Оваа појава честопати се посочува како резултат на глобализацијата и на појавата на глобално

[267] Клер Т. М., „Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год.
[268] Исто, стр. 29/30.
[269] Исто, стр. 29/30.

општество. Сепак, додека високо развиените земји успеваат да обезбедат економски просперитет и благосостојба на своите граѓани, оние земји што се на дното на економската скала сѐ потешко си обезбедуваат пристап до основните ресурси неопходни за опстанок, како храна, земја за обработка, вода за пиење, и друго. Со постојаното намалување на природните ресурсите и постојаното зголемување на цените, сиромашните земји кои се наоѓаат на дното на економскиот развој ќе се најдат во една исклучително безизлезна и опасна состојба. Нееднаквоста ќе придонесе за зголемување на опасноста од глобализациски јаз помеѓу „победниците“ и „победените“. Владите на државите што ја губат и што ќе ја изгубат битката со т.н. модерно време честопати ја префрлуваат вината за економските проблеми врз надворешните фактори и влијанија, или врз политичарите кои не уживаат доверба во поголемиот дел од општеството. За да ја прикријат таквата состојба, а со тоа и нивната неспособност да се снајдат во современите цивилизациски текови, тие се дрзнуваат да предизвикаат разни кризни состојби, со крајна цел да го оттргнат вниманието на своите граѓани од проблемите кави што се невработеноста, сиромаштијата и гладот. Во блиска иднина таквата опасност само ќе се изострува од причина што зголемената економска трка и притисокот од страна на фондовите за меѓународни заеми ќе ги принудат владите на развиените нации да ги стопираат субвенциите за храна и други основни суровини и да ги приватизираат претпријатијата за извршување на таквите основни услуги каква што доставата на пивка вода.

Еден таков одличен пример со кој се потврдува таквата теза е случувањето во 2000 година во Боливија. Во овој период, градот Кочабамба во Боливија бил зафатен од масовни протести. Исти такви протести имало и во други поголеми градови во оваа држава, а биле насочени против намерата на владата да ги приватизира јавните претпријатија и да наложи такса на водата за пиење. Овие протести од 2000 година во Боливија се познати како „Кочабамба војни за вода“ и претставуваат серија протести што се одржаа во Кочабамба, трет по големина град во Боливија. Протестите на граѓаните се одвивале континуирано започнувајќи од јануари 1999 и април 2000 година, како одговор на граѓаните за приватизацијата на водоснабдувачките системи. За да не дојде до поголема ескалација на протестите претседателот Хјуго Банзер (Hugo

Banzer Suárez) објавил вонредна состојба во државата и ја ангажирал Боливиската армија за расчистување на протестите.[270]

Во повеќето случаи светските пазарни интереси може да помогнат да се избегне користењето сила при појава на недостиг на ресурси. Но постојат и реални состојби кога тие не можат да извршат поголемо влијание. Кога ќе се случи тоа, споровите поврзани со пристапот до исклучително вредните ресурси може да доведат до вооружен конфликт и дестабилизација со несогледливи последици за глобалната безбедност. Слични такви судири може да се претворат во внатрешна борба за контрола над определен ресурс, територијален конфликт за некоја спорна гранична или исклучително важна економска зона, воено-поморски спор за некој особено важен воден пат или локална борба за власт во региони кои содржат големи резерви на природни ресурси, какви што се Персискиот Залив и Каспиското Море. Во какви форми и да се појават овие вооружени судири, сепак, тие најточно може да бидат опишани како „војни за природни стратегиски ресурси“,[271] кои во голем дел се поврзани и гравитираат околу целосното поседување и користењето на важните природни ресурси.

Враќајќи се назад во минатото, во историјата на човештвото, ќе дојдеме до заклучок дека човековото минато е преплавено од војни водени за поседување на природните ресурси. Овие војни се водени уште од најраните цивилизации па сѐ до денес. Секако, трката по ресурсите нема да биде единствената причина за создавањето и избувнувањето на вооружени конфликти во XXI век. Не се за потценување и другите фактори кои може да доведат до дестабилизација на светското општество и нарушување на безбедноста на одредени држави, региони или, пак, континенти. Таквите фактори, како етничката нетрпеливост, економската неурамнотеженост или неблагосостојба, претставуваат предуслов за избувнување вооружени конфликти. Меѓутоа, овие фактори сѐ почесто се поврзуваат со споровите кои се водат за правото на сопственост пристап до основните природни стратегиски ресурси. Колку и да постојат политички и религиозни поделби помеѓу две држави или две општества, веројатноста за избувнување воен конфликт помеѓу нив е поголема доколку една од државите верува дека другата држава на нејзина сметка ги загрозува нејзините стратегиски важни резерви на вода, храна или енергија (нафта, природен гас, јаглен,

[270] Клер Т. М., „Војни за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 31/32.

[271] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

дрвен материјал и др.) Сепак, на сите овие процеси треба да се гледа со пооптимистички став. Борбата за стратегиските ресурси е процес кој им нуди шанса на државите да се вклопат во севкупните светски текови и збиднувања, без исклучоци. Позната е изреката на поранешниот генерален секретар на ООН, Кофи Анан (Kofi Annan): **„се менувале или не тоа не е прашањето, туку менувањето значи да опстоиш“**.[272] Во контекст на ова, државите треба да се адаптираат на тој начин што ќе преземат мерки и активности што најмногу им одговараат за нивен побрз развој и благосостојба.

Можеме да констатираме дека во време на глобализација и воспоставување на новиот светски поредок, секоја индивидуа, држава и регион може да се вклопи во севкупните светски случувања на начин што ќе биде сопствена полза, но секако не и на штета на другите. Констатиравме дека правилната распределба на природните ресурси е повеќе наклонета кон нејзините економски аспекти, така што и во иднина овие аспекти ќе преовладуваат за сметка на другите. Човечката цивилизација е уморна од војни, на државите и народите веќе не им се потребни војни од најразличен интензитет, туку економски развој и економски просперитет, преку кои ќе се надминат сите несогласувања и недоразбирања. Со самото тоа ќе се отстранат причините за меѓусебни судири, бидејќи овие ресурси подденакво им припаѓаат на сите и се наследство на човечката цивилизација.[273]

## *2. Нафтата, природниот гас и водата како природни стратегиски ресурси и извор на конфликти*

Военото минато и историја ги одбележува долгиот список на војни за природни ресурси, чиишто почетоци и корени можеме да ги бараме уште во времето на развојот на најраните цивилизации. Дури и првичните основни причини за отпочнување на првите конфликти во историјата на цивилизациите неизбежно се поврзани со ресурсите неопходни за опстанок на човештвото. Борбите за пасишта, ловишта, земја, вода, биле неизбежни во почетокот на развитокот на човековата цивилизација. По завршувањето на Втората светска војна, во периодот на така наречената Студена војна зад завесите на идеолошката конфронтација помеѓу Истокот и Западот и тогашните суперсили, секогаш се криеше новото глобално позиционирање за освојување нови

[272] http://www.biography.com/people/kofi-annan-9185694
[273] http://jpr.sagepub.com/cgi/content/abstract/41/3/337

сфери на влијанија кои суштински се поврзани со новата геостратешка положба, но и со нивното богатство на стратегиски суровини.[274]

Со постојаното намалување на резервите на нафта и гас, борбата околу поделбата на овие ресурси од ден во ден станува сѐ пожестока. Последното недопрено парче земја ги крие последните резерви на нафта и гас (се претпоставува дека ова парче земја е Арктикот) и содржи дури 25% од светските резерви на овие ресурси, но тие се наоѓаат длабоко под морското дно. Станува збор за приближно 100 милијарди барели нафта и 44 милијарди барели гас.

Во овој дел од светот постојано никнуваат воени бази од земјите кои претендираат за освојување на овие богатства, како Русија, САД, Канада, Норвешка и Данска. Воените аналитичари досега ја отфрлаа можноста за војни за ресурси во овој дел од светот, но сведоци сме на постојана милитаризација на засегнатите држави во овој регион. Во контекст на ова мое тврдење ќе го цитирам премиерот на Канада, Стефан Харпер, кој изјави: „За одржувањето на суверeноста на Арктикот важи мотото „use it or lose it“ (искористи го или изгуби го)“[275]. Така, на покривот од светот се поочигледно сѐ поставуваат цртите за војна за стотици милијарди вредните ресурси.[276]

### *2.1 Нафтата и природниот гас како природни стратегиски ресурси и извор на конфликти*

Од аспект на меѓународната безбедност, природен ресурс кој привлекува посебно внимание и интерес претставува нафтата. Во овој труд секако не помалку значење ѝ се дава и на водата како еден важен стратегиски ресурс кој претставува предуслов за опстанокот на светот воопшто.

Големите империјалистички сили како Велика Британија и Франција имале заеднички интереси за Средниот Исток. Исто така, тие имале соодветни односи со тогашна Царска Русија како дел од својата „руска кампања“. За време на Втората светска војна Хитлер планирал да воспостави контрола над реката Дунав и нејзиниот влез во Црното Море, како и над нафтените полиња во Баку и на Кавказ. По завршувањето на Втората светска војна, САД ја презеле контролата од Велика Британија и Франција и склучиле спогодба со тогашниот СССР и новите арапски

---

[274] Поопширно види кај Котовчески М., „Војни за ресурси-неизбежните географски ограничувања генератори на нови конфликти и нестабилност“, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год.
[275] http://pm.gc.ca/eng
[276] Jutarnji list, 27. 05 2009

држави во регионот, особено по Суетската криза. Поширокиот регион на Средниот Исток и до ден-денес претставува арена во која се судираат интересите и се кршат копјата на САД, Европската унија, Русија и Кина околу енергетските ресурси на овој регион. Факт е дека најголемите светски резерви на нафта се концентрирани во неколку региони во светот (Саудиска Арабија, Ирак, ОАЕ, Кувајт, Иран, Венецуела, Русија, Мексико, САД, Либија, Кина, Нигерија, Норвешка и Обединетото Кралство). Само петте најголеми светски водечки производители, Саудиска Арабија, Ирак, Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ), Кувајт и Иран поседуваат околу две третини од целокупните светски резерви на нафта. Високата концентрација на нафтени наоѓалишта во неколку региони покажува дека нафтените резерви во светот и нивната експлоатација се многу тесно поврзани со политичките, економските и социјалните услови во една релативно мала група држави. Стратегиски важните ресурси, какви што се нафтата, водата и природнот гас, заземаат значајно место во политиките на моќните држави и претставуваат објект на натпревар помеѓу повеќето земји. Овие ресурси имаат стратегиско значење за секоја меѓународна и регионална сила, за развојот на нивните општества и за нивните економии. Денешните движења на меѓународната сцена покажуваат дека политиките на големите сили, првенствено на САД, преку соработка со Русија и воспоставување хегемонија над Евроазија се начин за обезбедување контрола над значајните региони богати со стратегиски ресурси.[277]

На евроазиското копно живеат приближно околу 75% од вкупното светско население, од овде 60% отпаѓаат на вкупниот светски бруто национален производ, како и 75% од светските енергетски ресурси. Исто така, 63% од вкупните светски резерви на нафта се наоѓаат на Средниот Исток и 25% или 261 милијарда барели нафта само во Саудиска Арабија. Од сите производители, држави и региони на нафта и природен гас во светот (Саудиска Арабија, Ирак, Русија, Кувајт, Либија, Иран, кавкаскиот регион и регионот околу Каспиското Море), единствено Венецуела, Мексико и сојузните држави на САД, Тексас и Аљаска, се наоѓаат надвор од евроазиското копно.[278] Во случај на избувнување вооружен конфликт или одредени политички несогласувања во овие држави и региони, се отежнува доставувањето сурова нафта на светскиот пазар, со што останатиот дел од светот може да претрпи значителни економски тешкотии. Главната карактеристика за сите држави и региони кои произведуваат нафта и

[277] Милески Т., „Еколошка безбедност“, Филозофски факултет, Скопје, 2006 год., стр., 87.
[278] Исто, стр., 87.

природен гас, со исклучок на оние од Северна Америка, претставува постојаниот извор на насилство и конфликти. Истите овие држави (исклучок претставува Венецуела) се опкружени или се под влијание на значајни евроазиски сили (Русија, Кина, Германија, Велика Британија и Франција, вклучувајќи ја овде и Јапонија, која постепено станува респектибилна и глобална сила) и сите се со колонијално минато. Исто така арабиските интереси и интересите на организациите на државите-извозннчки на нафта (Organization of Petroleum Exporting Countries OPEC) се во рамките на економските и политичките интереси на САД. Ваквата констелација на односите егзистира и по завршувањето на Студената војна, односно блоковската поделеност помеѓу Истокот и Западот. Нафтата, природниот гас и другите енергетски и водни ресурси отсекогаш претставувале двигатели на модерните економии и општества. Нафтениот удар што го потресе светот во периодот од 1973 до 1974 година (The 1973 oil crisis), предизвикан од арапското нафтено ембарго, предизвика вештачки недостиг на нафта на светскиот пазар, што кулминираше со продолжена економска рецесија. Новиот посериозен нафтен шок се случи во периодот од 1979 до 1980 година, по Исламската револуција во Иран.[279] На графиконот подолу се прикажани осцилациите на цените на нафтата од 1861 до 2007 година. Нагло зголемување на цената на нафтата имаме во 1973 година, за време на првата енергетска криза, и повторно во текот на 1979 година, за време на втората енергетска криза.

Графикон 3,[280]




[279] Милески Т., „Еколошка безбедност“, Филозофски факултет, Скопје, 2006 год., стр., 87/88.
[280] https://www.flickr.com/photos/economicron/4480551642/

Во 1995 година Министерството за одбрана на САД во извештајот насловен како „Нашите врвни национални безбедносни интереси на Средниот Исток“ го нагласува овозможувањето достава на нафта од Персискиот Залив до светскиот пазар по стабилна цена.[281] Редефинирањето на поранешниот Советски Сојуз неминовно водеше кон политичко-економски кризи на енергетските и нафтоводните мрежи, кои беа централистички управувани и планирани од државните авторитети. Исто така, процесот на приватизација е далеку од комплетиран во Русија, во новите независни држави во Централна Азија, Кавкаскиот и регионот на Црното Море. Повеќето од нив се поврзани со поранешната советска енергетска мрежа и имаат примено нова геополитичка димензија во Евроазија.

Тенденциите за појава на нови нафтени шокови не само што не се прекинати туку може уште пожестоко да бидат манифестирани во текот на наредниот период. Примерот со Ирак по воената интервенција на САД го потврдува фактот дека на повидок се серија нови нафтени удари. Состојбата со нуклеарната програма на Иран и сѐ почестата најава за воено разрешување на овој проблем, несомнено, ќе доведат до други посериозни потреси на глобалната сцена.

## *2.2 Водата како природен стратегиски ресурс и извор на конфликти*

„Вискито е за пиење, а за водата ќе се тепаме“ рекол некогаш писателот Марк Твен.[282] Во почетокот на XXI век, ова мрачно предвидување за иднината станува наше секојдневие.

Од Аралското Море во централна Азија до езерото Чад во супсахарска Африка, езерата се намалуваат со молскавична брзина. Последица од намалувањето на водните ресурси се и постојаните несогласувања на соседните држави, а водата е ресурс кој лесно се одлева. Двајца од секои пет луѓе на планетава живеат крај река или езеро кои се простираат преку границите на две или повеќе земји, а токму оваа хидролошка меѓузависност го има потенцијалот да предизвика засилена конкуренција за водните ресурси и избивање конфликти.[283]

---

[281] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

[282] Воткинс, К., Бернтел, А. (2007). Како да се избегне војна за вода. (Кевин Воткинс е директор на Канцеларијата за развој на човештвото во програмата за развој на ОН, а Андер Бернтел е извршен директор во Меѓународниот институт за вода во Стокхлом).

[283] www.eko.net.mk/news/newsDetail

Од овде се поставува прашањето: Како светот да се насочи кон соработка, а не кон војна за вода?

Доколку се разгледа целокупната состојба од последниот период на Блискиот Исток и во останатиот дел од светот, може да се дојде до заклучок дека се отвораат нови можности за вооружени конфликти околу еден друг мошне важен природен ресурс - водата. Постојат големи тензии и нетрпеливост помеѓу одредени држави во поглед на искористувањето на природните извори на водата за пиење, особено во сливните подрачја на реките Нил, Еуфрат и Тигар.

Во Турција реките Тигар и Еуфрат се сметаат за неискористени ресурси за вода и електрична енергија. Изградбата на турските брани на овие две реки претставува голема закана за стотици илјади земјоделци, кои полека но сигурно го губат пристапот до овој ресурс кој живот значи.

По завршувањето на Втората светска војна, па сè до денешен ден, изворите на вода за пиење, како и соодветната инфраструктура, во регионот на Блискиот Исток често претставувале стратегиска цел на вооружените сили на земјите кои гравитираат околу овој ресурс. Така, на пример, за време на арапско-израелските војни најмногу страдала водоснабдувачката инфраструктура. Ист таков пример на уништување на водоснабдувачката инфраструктура има и за време на војната помеѓу Ирак и Иран. Нападот на Кувајт од страна на Ирак, за време на Првата заливска војна (First Gulf War) како последица го имаше безмалку целосното уништување на кувајтската водоснабдувачката инфраструктура. За време на интервенцијата на сојузничките сили во Ирак беше уништена речиси целата водоснабдувачка инфраструктура на главниот град на Ирак, Багдат. Покрај ова, на најголемиот број речни текови на Блискиот Исток изградени се голем број брани кои служат за производство на електрична енергија или за акумулирање на водата за пиење, за наводнување или пак за индустриски потреби.[284] Ваквата состојба во голема мера ги загрози државите што се наоѓаат во долните теченија на реките, што во повеќето случаи претставува уште една причина повеќе за избивање на непријателства и конфликти помеѓу одредени држави.

Сè поголемиот пораст на бројот на населението на Блискиот Исток, како и забрзаниот индустриски развој на регионот доведоа до зголемена побарувачка на вода за пиење. Оттука се зголемија и проблемите поврзани со обезбедување пивка вода и

[284] Милески Т., „Еколошка безбедност“, Филозофски факултет, Скопје, 2006 год., стр., 89/90.

ова претставува едно од главните стратегиски прашања во овој регион. Како дополнителен проблем кој ги оптоварува меѓусебните односи на државите во регионот, секако, се и нерегулираните односи на овие држави околу заедничкото искористување на водните ресурси. Според податоците од годишниот извештај на Светската банка од 1994 година, Блискиот Исток и Северна Африка со забрзани чекори се движат кон водна криза. Таквата состојба неминовно може да генерира нарушување на стратегиската рамнотежа во регионот со пошироки безбедносни последици.[285] Исто така, голем број од овие држави се исправени пред нови внатрешни и надворешни безбедносни предизвици и ризици од најразлична природа, особено во регионот на Персискиот Залив. Исто така, Блискиот Исток претставува средиште на сите несогласувања во кои се вкрстуваат геостратегиските, геополитичките и економските интереси на моќните економии на САД, неговите сојузници и на другите големи сили, вклучувајќи ги овде Русија и Кина, а секако не заборавајќи ги Бразил и Индија.

Она со што се соочува светската цивилизација денес и што претставува предизвик за целокупната глобална безбедност, секако, е глобалната криза предизвикана од повеќедецениската негрижа за водните ресурси. До 2025 година повеќе од 2 милијарди луѓе на Земјата ќе живеат во земји и региони кои нема да можат да ги задоволат основните потреби за вода во домаќинствата, земјоделството и индустријата. Постојаниот пораст на бројот на населението врши дополнителен притисок на ограничените водни ресурси. Развојот на индустријата и забрзаната урбанизација недвосмислено влијаат на животната средина, а со тоа и директно вршат притисок на искористувањето на водните ресурси.

Настанатите проблеми се веќе видливи. Во северниот дел на Кина реките во својот долен тек се суви во поголемиот дел од годината. Слична е состојбата и во Индија, каде што во некои делови од државата површинските води се намалуваат со голема брзина, при што се загрозени 10 до 20% од земјоделското производство.[286]

Проектите кои се подготвуваат во овие две држави (Кина и Индија) за пренасочување на водните ресурси од регионите со вишок кон регионите со недостиг на вода, несомнено, ќе предизвикаат катастрофални последици за соседните земји. Бангладеш го предупреди својот сосед Индија дека секое пренасочување на водните

---

[285] Милески Т., „Еколошка безбедност“, Филозофски факултет, Скопје, 2006 год., стр., 89/90.

[286] Види поопширно на www.eko.net.mk/news/newsDetail

ресурси на реката Ганг за снабдување со вода на големите индиски градови ќе предизвика несогледливи последици и ќе ги загрози милионите земјоделци во земјата.

Опасноста од конкуренција за водата е реална, но во секое зло има и нешто добро. Соработката привлекува внимание и заемно почитување, додека несогласувањето предизвикува судири и заемна недоверба. Таков пример на соработка имаме во Јужна Африка, каде што Лесото обезбедува вода за пошироката област околу градот Јоханесбург, кој за возврат добива пари за одржување на системот. Позитивен пример за соработка и распределба на водните ресурси има и во западна Африка, помеѓу Сенегал, Мали и Мавританија, во распределбата на водните ресурси на реката Сенегал. Иако соработката околу распределбата на водните ресурси помеѓу државите е распространета во некои региони низ светот, но тоа не значи дека ризиците од војна за вода ќе исчезнат. Исто како нафтата и другите енергенси, и водата претставува природен ресурс неопходен за живот. Снабдувањето со вода е еднакво важно како и снабдувањето со енергија, но овде постои едно големо предупредување; за разлика од нафтата, природниот гас и другите енергетски ресурси, водата, едноставно, нема замена. Поради оваа причина, ниедна земја не може да си дозволи да нема доволни количества од овој ресурс.[287]

[287] Воткинс К., Бернтел А., Како да се избегне војна за вода. (Кевин Воткинс е директор на Канцеларијата за развој на човештвото во програмата за развој на ОН, а Андер Бернтел е извршен директор во Меѓународниот институт за вода во Стокхлом).

## V ДЕЛ

### *НАФТАТА КАКО ПРИЧИНА ЗА КОНФЛИКТ*

Голем број од водечките производители на нафта кои се лоцирани во овој нестабилен и ризичен регион (регионот на Персискиот Залив) се изложени на постојани внатрешни политички и етнички немири, како и на историска поделеност и нетрпеливост помеѓу муслиманските групи на Шиитите и Сунитите - верска нетрпеливост која денес кулминира во граѓанска војна во Ирак.[288] Со започнувањето на користењето на нафтата во почетокот на минатиот век, како и со нејзиниот извоз, разликите помеѓу овие ривалски муслимански групи уште повеќе се зголемија. Несогласувањето околу сопственоста на богатите наоѓалишта на нафта и распределбата на профитот кој се остварува со извозот на нафтата сè повеќе се продлабочија. Појавата на исламскиот фундаментализам и долготрајното управување на тоталитарните режими уште повеќе ја усложнија и онака веќе сложената состојбата. Имајќи ја предвид сложената состојба во регионот, моќните економии во светот беа принудени да бараат алтернативни решенија со кои ќе ја намалат својата нафтена зависност од регионот на Персискиот Залив. Како резултат на ова, во почетокот на седумдесеттите години од минатиот век, со забрзано темпо се активира експлоатацијата на нафтените резерви во Северното Море и на Северниот Пол, како и создавањето нови производствени бази во Африка, Латинска Америка и во Каспискиот регион. Последните недопрени резерви на нафта и гас останаа во регионите со крајно сложени природни услови на Северниот Пол. Според некои проценки, арктичкото дно крие околу 100 милиони барели нафта. Со правото на сопственост на оваа ничија и негостопримлива земја полагаат Русија, Данска, Норвешка, САД и Канада.[289] Денес сме сведоци и можеме да забележиме присуство на воени бродови на двете супер-сили САД и Русија во арктичките води. Во овој дел од светот плови Руската Северна флота, предводена од ракетниот крстосувач „Петар Велики“, и Втората флота на САД со административно седиште во Норфолк, Вирџинија. Русија веќе сериозно ја сфаќа трката по нафтените богатства на Северниот Пол и има намера да потроши милиони долари за модернизација на Северната флота.[290]

---

[288] Котовчески М., „Војни за ресурси-неизбежните географски ограничувања генератори на нови конфликти и нестабилност“,Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год., стр., 4/5.
[289] Извор: Комерсант. РУ
[290] Исто.

Барањето на алтернативни снабдувачи со овој стратегиски ресурс, првенствено насочени кон Северниот Пол, Венецуела, Африка и кон други земји, потврди дека не постои гаранција за нивна заштита од избувнување на евентуални конфликти и несогласување. Во изминативе години во Колумбија и Нигерија имаше внатрешни немири, додека Венецуела со новата политика станува посебна приказна, каде што САД сè повеќе ги губат своите позиции и своето гарантирано снабдување со нафта од овој регион.[291]

Како и во останатие региони богати со ресурси, така и Каспискиот регион во денешно време не е ништо постабилен од Персискиот Залив или од некои други региони. Сведоци сме на тоа дека сè помал е бројот на држави богати со нафта во кои не е присутна опасноста од ненадејно избувнување на нови или разгорување на старите конфликти и несогласувања. И покрај сите овие проблеми околу експлоатацијата и транспортот на нафтата, државите кои претставуваат големи потрошувачи на овој ресурс ќе мора да сметаат на релативно несигурните доставувачи во овие кризни региони на Персискиот Залив, Каспискиот басен, Латинска Америка и Африка. Државите-зависнички ќе бидат принудени внимателно да го следат развојот на сите случувања на политички, економски и воен план, поврзани со овие држави богати со нафта, и да интервенираат безрезервно во случаи кога е загрозено слободното извезување на нафта од овие региони на светските пазари. Покрај заштитата што ја обезбедуваат моќните економии, првенствено САД, во регионите со огромни нафтени резерви, друг главен приоритет на овие сили предводени од САД е и заштитата на патиштата по кои поминува овој главен ресурс. Во овој контекст, најзначајни се шесте транзитни делови за кои се претпоставува дека при евентуален вооружен конфликт би било оневозможено слободното извезување на нафта на светскиот пазар. Тие главни транзитни патишта се:

- **Хормускиот премин,** кој се наоѓа во реонот на Персискиот Залив,
- **преминот Малака,** кој се наоѓа во регионот на Индискиот Океан и Јужно Кинеското Море,
- **Бабелмандебешкиот премин** кој се наоѓа на излезот на Црвеното Море,
- **Суецкиот канал,**

---

[291] Котовчески М., „Војни за ресурси-неизбежните географски ограничувања генератори на нови конфликти и нестабилност“,Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год., стр., 4/5.

- **нафтоводот во Сумед** во реонот на Средоземно со Црно Море, и
- **Панамскиот Канал**.[292]

Осигурувањето на безбеден транспорт на нафта преку овие „критични точки“ се издигна како прашање од голема стратегиска важност за државите-увознички на нафта, како прашање од национален интерес и безбедност. Во овие „енергетски игри без граници“[293]сè поизвесно станува дека секој обид да се попречи транспортот на нафта од некоја „непријателски настроена сила“, несомнено, ќе предизвика жесток воен одговор од страна на САД и на нејзините сојузници, како и на другите големи сили кои ќе бидат директно загрозени од таквиот потег на соодветната држава. Потенцијално загрозените држави, како одговор на заканите од овој вид, ја зголемуваат својата борбена подготвеност и својот воен капацитет за изведување военопоморски операции во овие области.[294] Ваквото сценарио изгледа неверојатно, но е реално.

Со ова можно сценарио за загрозување на слободниот извоз на нафта на светските пазари, САД во минатото се справуваа лесно, но САД денес имаат нов соперник - Кина, која доживува неверојатен економски пораст и во која побарувачката за ресурси, вклучувајќи ја овде и нафтата, драстично се зголеми во изминатите години, па затоа и е потребно сè повеќе енергија за да го задржи својот економски раст. Пекинг поседува повеќе од 1.300 милијарди долари девизни резерви, кои почна да ги користи преземајќи активна улога во светската нафтена геополитика, концентрирајќи се главно на африканскиот регион. Во оваа игра за ресурси, Кина приоритет му даде на централниот дел од Африка, поточно на просторот помеѓу Чад и Судан. За таа цел, во 2006 година Народна Република Кина за Нигерија, Ангола и Мозамбик издвои повеќе од 8 милијарди американски долари. Кина постигна значаен договор за нафта со двете најголеми африкански нации, Нигерија и Јужна Африка, кои на Пекинг му овозможуваат вадење нафта од Нигерија преку конзорциум кој вклучува и јужноафрикански компании. Со ова Кина доби пристап до огромни количини нафта. Договорот е тежок 2,27 милијарди американски долари при што кинеската државна компанија добива дури 45% од сопственииштвото на големите наоѓалишта на нафта во морето околу Нигерија. Нигериската нафта претходно беше сметана од страна на САД

---

[292] Котовчески М., „Војни за ресурси-неизбежните географски ограничувања генератори на нови конфликти и нестабилност“,Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год., стр., 5/6.
[293] Исто, стр. 5/6.
[294] Исто, стр. 5/6.

за ексклузивно сопственништво на англо-американските компании Ексон, Шел и Шеврон.[295] САД постепено ја губат својата доминација во остварувањето на својот национален интерес, што подразбира контрола на сите извори на нафта во светот. Можеме да кажеме дека на повидок е необјавена нова Студена војна за нафта.

## 1. Конфликтите за нафта во Каспискиот регион

Нафтените резерви на некогашниот СССР по неговиот распад се распределија и станаа сопственост на новите независни држави во Каспискиот регион. Поради настанатата состојба, западните држави предводени од најмоќната економија во светот, САД, своите стратегии ги насочија кон новосоздадените држави. Ваквото внимание од страна на Западот кон овој регион и овие држави не беше поради нивните цивилизациски достигнувања, туку поради големото количество на природни ресурси (нафта и гас) кои се сместени длабоко во нивната територија.

Во прилог се инфраструктура за нафта и гас во Каспискиот регион, слика бр. 10[296]




Потенцијалот што го има Каспискиот регион е значаен за светскиот пазар на ресурси, вклучувајќи ги овде нафтата и гасот, и претставува потенцијално жариште за избувнување конфликти. Каспискиот регион е областа што ги опфаќа земјите околу Каспиското Море, и тоа Азербејџан, Казахстан, Туркменистан, дел од Русија, Иран, и Узбекистан, кој нема излез на Каспиското Море, но претставува најголем производител и извозник на природен гас во овој регион. Се претпоставува дека овој регион има

[295] Тањуг
[296] U.S. Energy Information Administration, U.S. Geological Survey.

резерви на нафта и гас и истите се проценуваат на 3%, односно 4% од вкупно утврдените светски резерви на овие ресурси во светот.

Според анализите на EIA (U.S. Energy Information Administration) производството на сурова нафта во овој регион е во постојан пораст, освен во последните години, што се должи на актуелните случувања во овој регион, со просечно производство од 2,6 милиони барели на ден (види графикон бр. 4), односно 3,4% од вкупното светско производство на сурова нафта во светот. Во анализата се вели дека потенцијалот на овој регион во минатото бил компликуран поради несоодветната инфраструктура, несогласувањето околу извозните маршрути и постојаните несогласувања околу границите помеѓу земјите во овој регион, типично за регионите кои се богати со природни ресурси. Денес сите овие земји во Каспискиот регион претставуваат минорни производители на сурова нафта на глобално ниво, кои се соочени со сложени економски и политички текови, кои настанаа како резултат на распадот на Советскиот Сојуз и распадот на системот на регионална трговија.

Графикон бр. 4 Производство на нафта во Каспискиот регион 2000-2012 год.[297]




Од графиконот можеме да видиме дека најголеми производители на нафта во овој регион се Азербејџан и Казахстан. Во споредба со 2000 година, производството на нафта во Каспискиот регион е зголемено за 2,5 пати, и тоа, како што претходно напоменавме, во Азербејџан и Казахстан. За разлика од некои други делови во светот, каде што државите кои располагаат со богати наоѓалишта на ресурси немаат постигнато договор за распределба на овие ресурси, Русија, Азербејџан и Казахстан во

[297] http://www.eia.gov/todayinenergy/detail.cfm?id=12911

мај 2003 година постигнаа договор за поделба на морската граница во Каспиското Море. Казахстан постигна договор за поделба на 64% од северниот дел на Каспиското море на три нееднакви делови, при што Казахстан доби 27%, Русија 19%, а Азербејџан 18%.[298]

Развојот на нафтените ресурси во овој регион е предводен од два проекта: Тенгиз во Казахстан и Азери во Азербејџан. Со овие два проекта во 2002 година заедно се произведувале околу 410 илјади барели дневно, што претставува ¼ од вкупното производство на нафта во регионот. Во Тенгиз се врши експлоатација на нафтата од страна на американскиот нафтен гигант Шеврон-Тексако, додека на спротивната страна на Каспиското Море се лоцирани Бритиш Петролеум и Ексон.[299] Нафтената компанија Лукоил во 1995 година започна со истражување во северниот дел на Каспиското Море, а во 2003 година најголемите руски нафтени компании, Лукоил и Газпром, формираа заедничка компанија со државната нафтена компанија на Казахстан, која ја нарекоа КазМунаиГаз, со цел развој на наоѓалиштата на нафта и гас.

Своето производство на нафта касписките држави го приспособиле за потребите на некогашниот Варшавски пакт и неговите економии. Овој природен ресурс, сè до распадот на Варшавскиот пакт, се наоѓаше на слободниот светски пазар во премали количини за да може сериозно да влијае на цената на „црното злато“. Технологијата за производство на овој ресурс беше на многу ниско ниво сè до влегувањето на западните нафтени компании во овој дел од светот. Овие нафтени компании го имаат ексклузивното прав добиено по пат на концесии за експлоатација на овој ресурс. Останатите земји во Каспискиот регион имаат направено многу малку за развој и искористување на своите природни ресурси. Ова се должи на фактот што резервите на природните ресурси нафта и гас во останатите држави се многу помали во споредба со резервите на Азербејџан и Казахстан.

Азербејџан стана важен регионален производител на природен гас во 2006 година, со стартот на производството во областа Шах Дениз. Со стартот на производството на природен гас и во Туркменистан, во областа Galkynysh во 2009 година, се зголемија шансите регионот да стане еден од поголемите производители на природен гас на светско ниво. Касписките природни ресурси моментално се релативно далеку од светските пазари (берзи), кои бараат добра инфраструктура и големи

[298] Ревија „Капитал“ (2007) Ресурси, Скопје, бр. 236.
[299] Исто.

инвестиции за транспорт. Способноста за извоз на овој природен ресурс на светските пазари првенствено ќе зависи од зголемената побарувачка на овој ресурс на домашниот пазар, како и од изградбата на дополнителна инфраструктура за извоз на овој ресурс. Во прилог е графиконот бр. 5 на кој е прикажано производството на гас во Каспискиот регион во периодот од 2000 до 2012 година.

Графикон бр. 5 Производство на нафта во Каспискиот регион 2000-2012 год.[300]




Од графиконот можеме да забележиме дека Казахстан и Азербејџан во континуитет го зголемуваат своето производство на гас на годишно ниво, додека кај останатите земји од овој регион производството на гас е речиси релативно исто. Можеме да забележиме дека земјите од регионот го зголемиле своето вкупно производство во период од 12 години за 1,5 пати повеќе за разлика од 2000 година, односно од нешто помалку 1,2 трилиони кубни метри во 2000 година до приближно 2,8 трилиони кубни метри во 2012 година.

Во споредба со останатите држави во Каспискиот регион, Исламска Република Иран вложува мали средства и напори за експлоатација на природните ресурси во овој дел од земјата.

Количествата сурова нафта со кои располага Каспискиот регион може да одиграат клучна улога во контролата и влијанието на цената на нафтата на светските пазари.

[300] U.S. Energy Information Administration, IHS EDIN, Eastern Bloc Energy, Rigzone, and Rystad Energy

## *2. Конфликтите за нафта во реонот на Персискиот Залив*

Од сите региони за производство на нафта, Персискиот Залив е регионот кај кој постои најголема веројатност од создавање вооружен конфликт во денешно време. Со своите близу 2/3 нафта од светските резерви и со зголемената побарувачка на овој енергетски ресурс во наредните децении, Овој залив со сигурност ќе продолжи да биде центар на силен светски „натпревар“. Покрај ова, регионот на Персискиот Залив постојано е во борба за власт и територијални спорови. Во минатото сето ова било една од причините за избувнување на насилство, а веројатно оваа тенденција ќе се зачува и во иднина. Аналогно на ова и имајќи ги предвид надвиснатите проблеми во овој регион, кои би ја нарушиле и загрозиле светската испорака на нафта на светскиот пазар, зголемувањето на можноста од надворешно вмешување, а особено од страна на САД, е сѐ поизвесно. Многу фактори имаат големо влијание на можното создавање вооружен конфликт и избувнување на војна во Заливот, а не се поврзани со нафтата.

Се поставува прашањето: дали се соочуваме со ера на војни за енергетски ресурси, во која нафтата ќе стане безбедносно национално прашање за кое ќе се грижат армиите? И дали нафтата може да поттикне мир и соработка?

Многу години пред 1908 година, кога биле откриени првите поголеми наоѓалишта на нафта во Иран, политичките амбиции, религиозните разлики и алчноста често пати биле причина за избувнување вооружени конфликти. Меѓутоа, со откривањето на нафтата во овој регион, веројатноста од избувнување нови воени конфликти е сѐ поголема, а нивните уништувачки последици би биле огромни. За нестабилноста во овој регион, секако, придонесува и поделбата на овие енергетски ресурси помеѓу две или повеќе држави или тоа што пограничните региони на државите се недефинирани, нецелосни и со нејасно исцртани граници. Причините за избувнување на вооружени конфликти се многу едноставни и многу лесни. Сопственоста на овие спорни области богати со ресурси е клучна при генерирањето на идни воени конфликти. Поседувањето на овие извори на природни ресурси може да им донесе приход на земјите од милијарди долари годишно од природен гас и од нафта. Одовде можеме да заклучиме дека не е мало искушението во кое паѓаат некои држави

при одлуката да ја присвојат спорната територија по пат на воена сила, наместо да им дозволат на своите противници да добијат цели области или дел од нив.[301]

Исто така, воен конфликт може да настане кога некој голем подземен базен на нафта и природен гас се наоѓа на границата помеѓу две држави и кога една од државите се обидува да извлече несразмерно големо количество нафта или природен гас од заедничкиот подземен базен.

Кон крајот на 1980 година, Ирак го обвини Кувајт дека извлекува повеќе нафта од дозволеното количество од заедничкото нафтено поле во Румаила (Rumaila). Ова подоцна, во 1990 година, беше искористено како повод за окупирање на Кувајт од страна на ирачката војска, окупирање што западните сојузници на чело со САД го искористија за започнување војна против Ирак.[302]

Постоењето на огромните резерви на нафта во Заливот ја зголемува можноста од избувнување воен конфликт на уште еден начин. Сите овие држави располагаат со огромни приходи добиени од нафтата и земјениот гас, при што државите во регионот имаат финансиска моќ за купување големо количество софистицирано оружје. По зголемувањето на цените на нафтата, членките на Организацијата на државите извознички на нафта (ОПЕК) во периодот 1973 – 1974 година добија енормно високи приходи од нафтата. Во тој период државите во регионот на Заливот потрошија стотици милијарди долари за увоз на оружје, а во повеќето случаи станува збор за купување најмодерно и најопасно конвенционално оружје кое можело да се замисли во тоа време. Добивањето на толку големо количество современо оружје и милитиризирањето на регионот ги зголемија апетитите на некои од регионалните сили во Заливот, вклучувајќи го овде поранешниот шах на Иран и поранешниот лидер на Ирак, Садам Хусеин. Располагањето со таква воена моќ го натера Садам Хусеин да изврши окупација на Кувајт во 1990 година. Поседувањето на современото конвенцијално вооружување во тој период, Садам Хусеин го искористи за окупација на Ирак, со мисла дека ниедна надворешна сила нема да се осмели да ја спречи во својата намера исклучително добро вооружената армија на Ирак да го окупира Кувајт!? Но ова претставуваше само почеток за започнување на воените интервенции на Западот во овој дел од светот.

---

[301] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[302] Исто.

Фактот дека државите во регионот на Заливот располагаат со современа воена техника, оружје и опрема, војните кои ги воделе меѓусебно биле со голема деструктивна моќ врз живата сила материјално техничките средства и животната средина. За време на Иранско-ирачката војна (Iran–Iraq War) која траела од септември 1980 година до август 1988 година, се проценува дека загинале речиси еден милион невини жртви и е направена материјална штета од речиси 100 милијарди американски долари.[303]

Со самото зголемување на приходите од продажбата на нафтата, пропорционално се зголемил и ризикот од избувнување внатрешен конфликт во регионот на Заливот, особено во оние држави каде што политичката елита и принцовите добивале поголем дел од приходите од продажбата на т.н. „црно злато". Поголем дел од овие држави се обиделе да ги избегнат внатрешните борби поврзани со распределбата на приходите од нафтата на тој начин што на своите граѓани им обезбедиле бесплатно образование, здравствена заштита, храна, станови и енергија. Но концентрацијата на толку големо богатство во рацете на владејачката елита, односно во една мала група граѓани несомнено ќе придонесе за незадоволство меѓу нивното население. Во случаи кога ова незадоволство ќе биде измешано со друг вид незадоволство, без разлика на тоа дали е од религиозна, политичка или идеолошка природа, често доаѓа до избувнување на насилство.[304]

Многу од овие фактори може да се забележат и во други региони со големи резерви на нафта. Она по што се разликува Персискиот Залив од другите области е фактот што големите сили, вклучувајќи ги овде Велика Британија и САД, учествуваат во решавањето на локалните несогласувања со цел да не дојде до посериозно нарушување на извозот на нафта од регионот до светските пазари.[305] Велика Британија имала главна улога во внатрешните работи на Заливот во периодот од пред Првата светска војна па сè до крајот на седумдесеттите години од минатиот век. САД стануваат главен учесник во регионот започнувајќи од раните педесетти години на минатиот век па наваму. Политичките елити на двете држави веруваат дека пристапот до енергетските резерви на Персискиот Залив е од големо стратегиско значење за нивната национална безбедност и често пати одлучуваат да користат сила за надминување на пречките за производство и доставување нафта на светските пазари.

[303] Roberts P., "The end of Oil", Houghton Mifflin Company, New York, 2004, p. 141 - 145.
[304] Исто, стр. 141 – 145.
[305] Исто, стр. 141 - 145.

Велика Британија веќе нема големо влијание во Заливот, но сепак нејзиното присуство не е за потценување. САД постојано го зголемувале своето воено присуство во регионот, а со самото тоа и своето влијание. Американските стратези го намалувале присуството на американската војска во некои региони во светот, како што се Европа и Далечниот Исток, но за таа цел военото присуство на САД во регионот на Заливот постојано се зголемувало. Со давањето согласност за испраќање американска војска во овој регион, американските стратези јасно и недвосмислено ги покажаа своите намери за тоа дека САД нема да дозволат на ниту една држава во регионот, па и пошироко, да го попречи слободниот извоз на нафта од Заливот до пазарите на Запад.[306]

Овој принцип за првпат бил предложен од страна на претседателот на САД Џими Картер во јануари 1980 година. Во текот на годините овој принцип е користен како оправдание за користење воена сила во регионот на Заливот од страна на американските воени сили. Веројатно ова ќе биде и поводот за идни воени интервенции од страна на САД.[307] Американските официјални лица тврделе дека присуството на американската војска во регионот на Заливот и демонстрираната желба од неколку држави и влади - нивни сојузници во регионот за користење сила која ќе ги спречи непријателските сили да го попречат слободниот извоз на нафта, а во исто време ќе се намали и опасноста од избувнување воени конфликти во регионот. Во исто време, додека САД ги попречуваат некои од државите од регионот да имаат значајна улога во Заливот, сè поголемото воено присуство на САД, како и периодичното користење на воена сила предизвикувало несогласување со политиката на САД од страна на сојузниците. Таква беше состојбата во Саудиска Арабија, каде што зголемениот број на американски воени сили доведе до силна нетрпеливост од страна на воено настроените исламски лидери кои се против присуството на немуслиманите, неверниците на нивната света земја и се со остра осуда за САД и вечниот непријател на арапскиот свет – Израел. Постојаните воздушни напади на САД врз Ирак за време на Заливската војна натераа многу Ирачани да го насочат својот гнев кон Америка, а не кон тогашниот нивни долгодишен лидер Садам Хусеин. Честите напади врз Ирак, како и наметнатите економски санкции создадоа револт кај американските граѓани, кои

[306] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, (2004): p. 141 – 145.
[307] http://www.centcom.mil/execsum.html

почнаа да веруваат дека САД се понаклонети да користат сила против Арапите и муслиманите, отколку против некои други свои непријатели.[308]

Имајќи ги предвид сите овие фактори можеме да дојдеме до заклучок дека ова претставуваше искра за избувнување на чести насилства. Аналогно на ова прашање, може да поставиме и друго прашање: „ не е спорен фактот за тоа дали ќе има конфликт во регионот на Персискиот Залив туку кога ќе се појави тој и во каква форма“.[309]

Општо познато е значењето на Персискиот Залив во глобални рамки, а динамиката на иден светски конфликт во целост ќе се должи на неговата геологија. Пресметано е дека 65% од светските нафтени резерви се наоѓаат во овој регион, регионот на Персискиот Залив, и дека кон веќе познатите наоѓалишта на нафта ќе се додадат и нови наоѓалишта. Покрај тоа, нафтените резерви во Заливот се високо концентрирани и се наоѓаат на помала длабочина, а тоа ги прави лесно достапни за експлоатација. Голема е веројатноста во иднина да бидат откриени и нови нафтени резерви во северниот дел на Атланскиот Океан и во Сибир, или во некои други оддалечени места, но само Персискиот Залив може да обезбеди големи количества нафта кои ќе можат да ги задоволат зголемените побарувања за овој енергетски ресурс во XXI век.

Регионот на Персискиот Залив вклучува пет главни и неколку второстепени производители на нафта. Водечки светски производител на нафта е ***Саудиска Арабија*** (Saudi Arabia) со докажани резерви на црното злато од 267 милијарди барели (42×109 м$^3$), што претставува 25% од светските резерви на нафта. Со сегашното темпо на експлоатација на нафтата, Саудиска Арабија ќе може да го експлоатира овој природен ресурс во наредните 90 години. Резервите на природен гас во Саудиска Арабија се проценуваат на над 7 трилиони м$^3$. Економијата на Саудиска Арабија претежно е базирана на извозот на нафта. Саудиска Арабија произведува нешто повеќе од 11 милиони барели на ден (1,7x106 м$^3$ ден.), а на светскиот пазар извезува 8,9 милиони барели на ден (1,41x106 м$^3$ ден).[310] Владата на Саудиска Арабија инвестирала над 71 милијарда американски долари за да се зголеми производството на нафта на 12 милиони барели на ден (1,9x106 м$^3$ ден) до 2009 година, и до 12,5 милиони барели дневно (1,99x106 м$^3$ ден) започнувајќи од 2015 година (види графикон 6). Најголемото

[308] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.
[309] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[310] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.

нафтено поле во светот, Ghawar, е во можност да произведе 5 милиони барели сурова нафта дневно и располага со 70 милијарди барели сурова нафта.[311]

Графикон 6, Докажани резерви на нафта на Саудиска Арабија (сино) и Венецуела (црвено).[312]




Според последните геолошки истражувања, неоткриените резерви на нафта во ***Ирак*** (Iraq) изнесуваат околу 150 милијарди барели, што значи дека Ирак ги поседува најголемите нафтени резерви во светот. Официјално потврдените резерви на нафта во Ирак изнесуваат околу 143 милијарди барели ($24x10^9$ $м^3$), што ја прави трета земја во светот по богатство со нафта. Како резултат на воената интервенција и граѓанските немири, официјална статистика не е направена уште од 2001 година, а овие податоци во голема мера се базирани на 2Д сеизмичките податоци од пред три децении. Меѓународните геолози претпоставуваат дека неистражената територија може да содржи многу поголеми резерви.[313]

Графикон 7, Докажани резерви на нафта во Ирак (US EIA)[314]




[311] Клер Т. М, „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 65 - 67.
[312]http://www.bloomberg.com/news/2012-06-13/venezuela-overtakes-saudis-for-largest-oil-reserves-bp-says-1-.html
[313] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.
[314] http://www.eia.gov/countries/country-data.cfm?fips=iz

Повеќедецениските санкции и двете заливски војни ја доведоа нафтената инфраструктура во Ирак во многу лоша состојба. И покрај големите напори за реконструкција и модернизација, ирачката нафтена индустрија не е во состојба да ги исполни производство за потребите на светскиот пазар. Светската банка проценува дека се потребни 1.000.000.000 американски долари, за тековно одржување на производството на нафта, додека за долгорочно одржување на нафтената инфраструктура, инвестициите би достигнале над 100 милијарди американски долари. Еден од најголемите предизвици за развитокот и опстанокот на нафтениот сектор е нерамномерната распределеност на ресурсите во границите на Ирак. Најпознатите нафтени извори се наоѓаат во шиитските области на југот од земјата и на курдскиот север, додека со малку природни ресурси располага населението кое се наоѓа во централниот дел на Ирак, а тоа се Сунитите. Во 2006 година, дневното производство на нафта во Ирак изнесувало просечно околу 2 милиони барели дневно, што претставува намалување од околу 2,6 милиони барели нафта дневно пред интервенцијата на САД во 2003 година. Со сегашното темпо на експлоатација на нафтата Ирак ќе може да го експлоатира овој природен ресурс во наредните 158 години.[315]

Нафтените резерви на ***Обединетите Арапски Емирати*** (United Arab Emirates) изнесуваат околу 98 милијарди барели (15.6x109 $m^3$). ОАЕ произведуваат околу 2,9 милиони барели дневно (460x103 $м^3$ дневно), со интенција дневното производство да се зголеми до 5 милиони барели дневно (790x103 $m^3$ дневно), започнувајќи од 2014 година. Со сегашното темпо на експлоатација на нафтата ОАЕ ќе може да го експлоатираат овој природен ресурс во наредните 93 години.[316]

Резервите на нафта во ***Кувајт*** (Kuwait) изнесуваат околу 8% од вкупните светски нафтени резерви. Кувајт е трета земја во ОПЕК според производството на нафта. Нафтените резерви на Кувајт се проценуваат на 96, 5 милијарди барели, невклучувајќи ги овде резервите кои се наоѓаат во неутралната зона помеѓу Кувајт и Саудиска Арабија. Најголемите резерви на нафта, 70 милијарди барели, се наоѓаат во Бурган (Burgan), второ по големина нафтено наоѓалиште во светот. Нафтата во областа Бурган е откриена во февруари 1938 година. Нафтените компании на САД и Велика Британија започнале со комерцијално производство на нафта во Бурган во 1946 година. Пошироката област Голем Бурган е најголемо нафтено поле во светот, со вкупна

[315] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 61 - 67.
[316] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.

површина од околу 1000 км$^2$. Голем Бурган се состои од три производствени потполиња: Бурган, со вкупна површина од 500 км$^2$, Магва (Magwa), со вкупна површина од 180 км$^2$ и Ахмади, со површина од 140 км$^2$. Повеќето нафтени полиња во Кувајт се постари од 60 години, што значи дека во иднина нивното одржување би можело да стане проблем.[317]

Слика 11, Нафтено поле Бурган[318]




Голем дел од западниот и јужниот дел на Кувајт е дом на некои од најголемите нафтени полиња во светот. Темнината дел на земјиште во јужниот дел на Кувајт е местото каде што се наоѓа нафтеното поле Бурган (слика 11).

Нафтените резерви на ***Иран*** (Iran) во почетокот на 2001 година се проценуваа на 99 милијарди барели, но во 2002 година, како резултат на студијата на дирекцијата NIOC (Национална иранска нафтена компанија), се покажаа огромни резерви на сурова нафта, што сега се рангираат на трето место по големина во светот и се3 проценуваат на околу 150 милијарди барели (24×109 м$^3$). Ова претставува 10% од вкупните светски утврдени нафтени резерви.[319] Иран претставува четврта земја во светот по производство на нафта и е втор по големина производител во ОПЕК по Саудиска Арабија. Производството на сурова нафта во 2009 година во Иран изнесуваше околу 4.172.000 барели дневно (663,3 × 103 м$^3$) (види графикон 8).

[317] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.
[318] http://www.eia.gov/countries/cab.cfm?fips=ku
[319] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.

Графикон 8, Утврдени резерви на нафта во Иран[320]




Со сегашниот степен на експлоатација на нафта, Иран ќе може да го експлоатира овој природен ресурс во наредните 98 години, доколку не бидат откриени нови нафтени наоѓалишта. Започнувајќи од 2006 година, Иран троши 1,6 милиони барели нафта дневно (250 x 103 m$^3$). Домашната потрошувачка на нафта е голема поради зголемувањето на бројот на населението и поради големите државни субвенции за бензин, што го намалува количеството нафта за извоз. Поради недостигот на капацитет на иранските рафинерии, Иран е втор најголем увозник на бензин по САД. Меѓутоа, со намалувањето на субвенциите за бензин и зголемувањето на капацитетот на иранските рафинерии, увозот на бензин речиси престана. Високите цени на нафтата на светскиот пазар му овозможија на Иран да ги зголеми своите девизни резерви на 60 милијарди американски долари, но не успеаја да ги решат економските проблеми кави што се високиот степен на инфлација и големиот процент на невработено работоспособно население.[321] Покрај големите резерви на сурова нафта, Иран има потенцијал за откривање нови нафтени наоѓалишта во подрачјето на Каспиското Море, североисточниот дел на Иран, централен Кавир (Central Kavir) и особено областите од Агхар (Aghar) и Далан (Dalan), полињата со природен гас во провинцијата Фарс (Fars province) до Хормоуз (Hormuz) и централен Персиски Залив (Central Persian Gulf). Според податоците на NIOC од почетокот на експлоатацијата на суровата нафта до крајот на 2007 година Иран има произведено 61 милијарда барели нафта.[322]

---

[320] http://www.eia.gov/countries/cab.cfm?fips=ir

[321] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

[322] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.

Меѓутоа, главен проблем на речиси сите земји во регионот на Заливот е тоа што речиси сите имаат нафтени наоѓалишта кои лежат во пограничните области со соседните држави. Таков е случајот и со Иран, каде што дури 23 нафтени полиња се наоѓаат во пограничната област и се делат помеѓу Иран и соседните земји, вклучувајќи ги Кувајт, Ирак, Катар, Бахреин, ОАЕ, Саудиска Арабија и Туркменистан.

Слика 12, Нафтената инфраструктура на Иран[323]




Овде можеме да ги земеме предвид и нафтените резерви на ***<u>Бахреин</u>***, ***<u>Оман</u>***, ***<u>Катар</u>*** и ***<u>Јемен</u>***. Сите овие девет држави заедно произведуваат речиси 21,3 милиони барели нафта на ден (во 1999 година), или 30% од вкупното светско производство на нафта. Овие држави во Персискиот Залив имаат речиси 703,7 милијарди барели сурова нафта, што претставува 65% од светските резерви на сурова нафта[324] (види табела бр. 3).

Табела 3, Добивање сурова нафта и докажани резерви на сурова нафта во реонот на Персискиот Залив за 1999 година.[325]

| **Држава** | **Производство (м.б.д)** | **Процент на општо светско производство** | **Докажани резерви (мда.б)** | **Процент на светски резерви** |
|---|---|---|---|---|

[323] http://www.eia.gov/countries/cab.cfm?fips=ir
[324] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, (2004): 145-152.
[325] Извор: БП Амоко, Статистички преглед на светските енергетски ресурси 1999 година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Иран*** | **3,55** | **5,1%** | **89,7** | **10%** |
| ***Ирак*** | **2,58** | **3.6%** | **143** | **10,7%** |
| ***Кувајт*** | **2,03** | **2,9%** | **96,5** | **9,3%** |
| ***Оман*** | **0,91** | **1,3%** | **5,3** | **0,5%** |
| ***Катар*** | **0,72** | **1,0%** | **3,7** | **0,4%** |
| ***С. Арабија*** | **8,60** | **11,9%** | **263,5** | **25,5%** |
| ***ОАЕ*** | **2,51** | **3,2%** | **97,8** | **9,4%** |
| ***Јемен*** | **0,40** | **0,6%** | **4,0** | **0,4%** |
| ***Други*** | **0,10** | **0,1%** | **0,2** | **0,4%** |
| ***Вкупно*** | **21,40** | **29,7%** | **703,7** | **65,1%** |

- **м.б.д** милиони барели на ден,
- **мда.б** милијарда барели.

Клучен фактор овде се докажаните резерви на сурова нафта. Со докажани резерви од 703,7 милијарди барели на сурова нафта и со непознато количество нерегистрирани резерви на овој природен ресурс, можно е во наредните децении државите од регионот на Заливот да продолжат со експлоатација на нафта од земјата со исто, па дури и со забрзано темпо, без да ги трошат сопствените резерви. И другите производители, кои имаат помали резерви, исто така го експлоатираат овој ресурс со брзо темпо. САД произведуваат 2,8 милијарди барели годишно. Ако ова темпо се задржи и во наредните години и доколку не се откријат нови резерви на сурова нафта, резервите на САД, кои изнесуваа 28,6 милијарди барели во 2000 година, до 2010 година требаше да бидат потрошени. Меѓутоа, во регионот на Заливот резервите се толку големи, што дури и при веројатно зголемување на темпото на производство од 20 на 40 милиони барели на ден, во 2010 година ќе останат значајни резерви на овој природен ресурс.

Во врска со прашањето за резервите треба да се спомене и Саудиска Арабија. Кралството Саудиска Арабија не само што претставува водечки светски производител на нафта туку е еден од најголемите сопственици на сурова нафта. Во 1999 година во

Саудиска Арабија дневно се експлоатирале 8,6 милиони барели нафта или 12% од светското производство. Со докажани резерви од 264 милијарди барели, Саудиска Арабија има повеќе нафта отколку Северна Америка, Јужна Америка, Европа и поранешниот СССР заедно. Освен тоа повеќето геолози веруваат дека зголеменото истражување во регионот ќе доведе до откривање нови резерви на овој природен ресурс, што пак, од своја страна ќе го зацврсти статусот на Саудиска Арабија како водечки доставувач на сурова нафта во светски рамки. Факт е дека Саудиска Арабија и другите производители на нафта од регионот на Заливот располагаат со големо количество од овој природен ресурс, без кој современото живеење е незамисливо. Овие држави може да го зголемат своето производство до степен кој би можел да одговори на очекуваното зголемување на светската побарувачка на нафта. При услови на зголемена побарувачка на нафта од 55% во периодот помеѓу 1997 и 2020 година, како што предвидуваат од Министерството за енергија на САД (United States Department of Energy), најголем дел од зголемената побарувачка на нафта ќе треба да се извезе од регионот на Заливот. Ова се должи на фактот што не постои друг толку голем басен во светот кој би можел да одговори на зголемената побарувачка на овој ресурс. Ова е една од причината што сите предвидувања поврзани со побарувањето и резервите на нафта се насочени кон регионот на Персискиот залив. Само овој регион може да одговори на постојаното зголемување на побарувачката на овој природен ресурс, од 27% во 1990 година, на 33% во 2010 година и на 39% 2020 година.[326]

Државите-увознички на нафта стануваат сè позависни од енергетските ресурси на Заливот. Според Министерството за енергија на САД, светскиот увоз на нафта од Персискиот Залив ќе се зголеми двојно во периодот помеѓу 1997 година и 2020 година, од 16,3 милиони барели на 36,4 милиони барели на ден. Меѓутоа, не се предвидува подеднакво зголемување на увозот на нафта во сите развиени држави. Увозот на овој ресурс кај некои земји ќе биде незначителен, додека кај други земји зголемувањето ќе биде значително. Само за илустрација, се предвидува дека количеството нафта што ја увезува Народна Република Кина ќе се зголеми за неверојатни 969% во наредните две децении, од 0,5 на 5,3 милиони барели на ден, а количеството нафта што го увезуваат северноамериканските држави ќе се зголеми за 105%, од 2,9 до 4,1 милиони барели на ден (види табела 04)[327].

---

[326] World oil consumption.

[327] Изво: Министерството за енергетика на САД.

Табела 4, Светски увоз на сурова нафта од регионот на Персискиот Залив, (1997 година и 2020 година во милиони барели на ден).

| Реон и држава увозник | Реален увоз во 1997 година милиони барели на ден | Пресметан увоз во 2020 година милиони барели на ден | Процент на зголемување |
|---|---|---|---|
| ***Северна Америка**** | **2,0** | **4,1** | **105%** |
| ***Западна Европа*** | **3,5** | **3,7** | **6%** |
| ***Развиена Азија***** | **4,8** | **5,5** | **15%** |
| ***Кина*** | **0,5** | **5,3** | **960%** |
| ***Југоисточна Азија*** | **4,2** | **9,0** | **114%** |
| ***Сите други*** | **1,3** | **8,8** | **577%** |
| ***Вкупно за сите држави*** | **16,3** | **36,4** | **123%** |

* САД, Канада и Мексико

** Јапонија, Австралија и Нов Зеланд

Глобалното производство на сурова нафта во 2009 година достигна 29 милијарди барели (4,6 × 109 м3) нафта и 3 трилиони $м^3$ природен гас.[328]

Зголемената зависност на индустријализираниот свет од енергетските ресурси и нивната зависност од резервите кои се наоѓаат во регионот на Персискиот Залив, ќе ги интензивираат непријателствата и ќе ги изострат конфликтите. Наоѓалиштата на сурова нафта и природен гас кои се наоѓаат во оспорените територии ќе бидат исклучително вредни и важни и секоја од државите која има претензии да врши експлоатација ќе биде во големо искушение овие природни ресурси да си ги обезбеди по пат на сила. Исто така, некои од државите кои располагаат со современо

[328] Roberts P., “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.

вооружување, а кои имаат претензии да бидат лидери во регионот, може да одлучат да ги прошират своите нафтени резерви со окупирање на соседните држави, каков што беше обидот на Садам Хусеин во 1990 година.

Постојаното зголемување на приходите од продажбата на сурова нафта во рацете на една мала група луѓе исто така може да доведе до зголемување на желбата за револучија меѓу сиромашното население. Секое слично развивање на настаните може сериозно да го загрози извозот на овој природен ресурс од регионот и, секако, да придонесе за сериозни потреси во западните економии, а со тоа и за воени интервенции од страна на САД.

Зголемувањето на енергетската зависност на меѓународната заедница од регионот на Персискиот Залив исто така претставува голем проблем и може да создаде нови причини за идни воени конфликти. Со самото зголемување на бројот на државите кои увезуваат поголем дел сурова нафта од Заливот, трката за пристапот до постојаните резерви на сурова нафта постојано ќе се зголемува. Слободниот светски пазар ќе овозможи да се намали притисокот околу овој витален природен ресурс на тој начин што моќните економии ќе можат да си го обезбедат овој природен ресурс со тоа што ќе плаќаат поголеми такси и така ќе ги принудат посиромашните држави и послабите економии да се задоволат со помали количини на овој ресурс. Меѓутоа, секако овде во игра е и едно друго сценарио. Можно е некои од државите-увознички на нафта да побараат други начини за задоволување на своите потреби, како, на пример, формирање воени сојузи со локалните власти за нивно воено помагање со достава на оружје и друга помош во замена за нафта. Веќе постојат слични вакви спогодби во регионот на Заливот. Пред 1999 година Франција одржуваше добри врски со режимот на Садам Хусеин, додека Кина е во слични односи со Иран.[329] Таков буквален пример денес имаме за време на Арапската пролет (Arab Spring), која претставува бран на демонстрации кои се случуваат во арапскиот свет, а започнаа на 18 декември 2010 година и траат до денес, при што од власт беа симнати долгогодишни диктатори кои управуваа со своите земји со децении.

Таков беше случајот и во Либија, каде што од власт беше симнат Муамер Гадафи. Оваа држава во североисточна Африка пред војната произведуваше 1,6 милиони барели сурова нафта дневно, што претставува речиси 2% од светското

329 Георгиев Г., „Војни за природни стратегиски ресурси“, Филозофски факултет-Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2009.

производство. Судирите во оваа северноафриканска земја од февруари 2011 година ја намалија експлоатацијата на нафтените наоѓалишта на максимални 60 илјади барели дневно, во вредност од 1,5 милиони евра, додека нафтената инфраструктура во оваа земја во голема мера е оштетена, што е предизвикано од немирите во државата. По соборувањето од власт на либискиот претседател Муамер Гадафи во 2011 година, либиските бунтовници изјавија: „Кога ќе ја консолидираат власта во земјата, пристап до либиската нафта ќе имаат Италија, Франција и Велика Британија“,[330] а според некои тврдења, проблеми со експлоатацијата на нафта ќе имаат Бразил, Кина и Русија - земји кои беа особено воздржани во текот на судирите во Либија. Претставникот на кинеското Министерство за трговија  Вен Џонглианг во Пекинг на 23 август 2011 година изјавил дека кинеските инвестиции во Либија се проценуваат на 18 милијарди американски долари и дека се загрозени од конфликтите во таа земја, но изразил надеж дека соработката ќе продолжи откако повторно ќе се воспостави стабилност во земјата. „Инвестициите на Кина во Либија, особено инвестициите поврзани со нафтата, се од заемна економска корист во соработката помеѓу народите на двете земји“,[331] истакнал Вен. Претседателот на руско-либискиот бизнис-сојуз, Арам Шегунц, изјавил дека на руските нафтени компании нема да им се дозволи да го обноват производството во Либија доколку бунтовниците и НАТО го соборат режимот на Муамер Гадафи. „Либија дефинитивно ја загубивме. Нема да ни дадат зелено светло, и доколку некој мисли поинаку, тој е во голема заблуда“, тврди Шегунц.[332] Руските компании, какови што се „Газпром“„Газпромњефт“ и „Татњефт“ вложија стотици милиони долари во освојувањето на наоѓалиштата на нафта и гас во Либија. Истовремено, италијанската компанија „Ени“ испратила тим од техничари во источна Либија со цел што е можно поскоро да ги обноват нафтените инсталации,  означувајќи ја со тоа трката за нафта, во која водечка позиција има Италија. Освен италијанските компании, договори со Гадафи имаа и британската „БП“, француската „Тотал“ и австриската „ОМВ“, како и неколку американски компании, но воените бунтовници ги доведоа во прашање тие договори.[333]

Меѓутоа, слободниот пазар може да одигра и негативна улога на друг начин. Со зголемувањето на цените на нафтата може да се предизвикаат големи економски

[330] Барико А., (2011 Август), „Глобализација или Колонизација“ Дневник весник „Вечер“, стр. 15.
[331] Исто.
[332] Исто.
[333] Исто.

проблеми за државите-увознички на нафта, како демонстрации, штрајкови, немири и други форми на граѓанска непослушност. Во слична таква ситуација и развој на настаните, владите може да користат крајно непопуларни мерки за обновување на општествениот поредок. Ова може да вклучи воспоставување режим, контрола на цените или прогласување на воена состојба. САД нема да се двоумат да употребат воена сила против државите кои на кој било начин ќе го попречат или ќе го сопрат слободниот извоз на сурова нафта од регионот на Персискиот Залив до пазарите на Запад. „Стратегиските интереси на САД во Заливот постојат долго време“, изјавил генерал Антони К. Зини (Anthony Charles Zinni) пред Конгресот во 1999 година, тогашен врховен командант на американските вооружени сили. Од причина што 65% од светските резерви на нафта се наоѓаат во државите од регионот на Заливот, САД и нивните сојузници треба да имаат слободен пристап до енергетските ресурси во регионот.[334] Меѓутоа, додека стратегиските цели на САД долго време остануваат непроменети, стратегијата за нивното исполнување се измени. За исполнување на своите сратегиски цели, САД сè почесто користат воена сила.

Американските политичари во 1943 година за прв пат јасно ја изразиле оваа стратегија за обезбедување доволни количини нафта од регионот на Заливот. Американските воени стратези ја забележале потребата дека по завршувањето на Втората светска војна западните економии ќе имаат зголемена побарувачка на овој природен енергетски ресурс од регионот на Заливот и дека ќе мора да ја зацврстат својата улога во областа на Персискиот Залив. Аналогно на ова, во 1945 година САД воспоставија дипломатски односи со Саудиска Арабија, при што тогашниот претседател на САД оствари средба со тогашниот крал на Саудиска Арабија, Абдул Азис Ибн Сауд (Abdulaziz Ibn Saud), основоположник на современата саудиска држава.[335] Прогласувајќи ја нафтата од Персискиот Залив како стратегиски важен ресурс, САД не го зголемија своето воено присуство во регионот на Заливот. Своите вооружени сили во регионот САД ги зголемуваа постепено што резултираше со промена на нивната национална стратегија. Во почетокот, за врфеме на Студената војна, военото присуство на САД во регионот беше незначително. Традиционално доминантна сила во оваа областа беше Велика Британија, при што таа ја одржуваше стабилноста во регионот на Заливот. Меѓутоа, во 1968 година тогашниот премиер на

[334] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 69 – 73.
[335] Исто..

Велика Британија, Џејмс Харолд Вилсон (James Harold Wilson), објавил дека Велика Британија ќе ги повлече своите вооружени сили од источниот дел на Суецкиот Канал до крајот на 1971 година. Самото повлекување на Британците од овој регион би придонело за формирање опасен безбедносен вакум. За таа цел, за да не дојде до таква состојба, САД прифаќаат поголем дел од одговорноста во одржувањето на стабилноста во овој регион. Националниот совет за безбедност, во тоа време на чело со Хенри Кисинџер (Heinz Alfred "Henry" Kissinger), направил основен избор на стратегиските интереси на САД во Заливот, при што претседателот Никсон го потпишал меморандумот бр. 92, поврзан со националната безбедност на САД, со кој воеciv присуство на САД во регионот на Заливот требало да се прошири и да се зголеми. Донесеното решение за засилено воено присуство на САД во регионот на Заливот ја доведе политичката елита на САД пред голема дилема. Во тоа време војната во Виетнам беше во постојан подем, а американските граѓани не се согласувале за отпочнување на уште поголема воена операција во земјите од таканаречениот трет свет. Поради настанатата состојба САД не биле во можност да одат спротивно од изразеното јавно мислење на своите граѓани, кои биле против испраќањето американски воени сили во регионот на Заливот. Со цел да бидат надминати таквите проблеми, САД ја прифаќаат таканаречената стратегија на замена, односно користење локални пријателски земји и сили, кои би ја играле улогата на „чувари“ на западните интереси во регионот на Заливот. За таа цел, САД на своите сојузници им доставуваат големи количества на воена помош и им даваат стратегиски насоки за дејствување. „Тоа што ние го решивме,“ додал државниот заменик-секретар Џозеф Џеј Сиско, „е да се обидеме да им помогнеме на две клучни држави во регионот, Иран и Саудиска Арабија да станат главни сили за стабилноста во регионот на Заливот по повлекувањето на Британците“.[336] Оваа политика, политика на барање заменици, ја определуваше американската стратегија во регионот на Заливот кон средината на седумдесеттите години од минатиот век. За таа цел, во периодот помеѓу 1970 година и 1978 година, САД му продаде на Иран високотехнолошка воена опрема во вредност од 20 милиони американски долари. На тој начин Иран директно ја зголеми својата конвенционална воена моќ. И покрај американската политичка поддршка и доставеното најсовремено оружје што треба да ја гарантира безбедноста на Иран од надворешен непријател, ова не беше доволен гарант за шахот Мохамед Реза Пахлави

[336] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 69 – 73.

(Mohammad Rezā Shāh Pahlavī) да го заштитат од внатрешните противници. Мнозинското муслиманско население во Иран сметало дека врските и добрите односи на шахот со САД се доказ за неговото користољубие, неговата еретичност, безбожност и наклонетост кон Западот. Блиската поврзаност на шахот со САД и неговото неконтролирано богатење, како и изнесувањето на богатството надвор од земјата и недомократското владеење, помогнати од страна на војската и насилното задушување на опозицијата, предизвикале невиден отпор кај народот во Иран. До крајот на 1978 година незадоволството од владеењето на шахот го достигнало својот врв и станало практично неодржливо. Незадоволниот ирански народ предводен од тогашниот ајатолах Рухола Хомеини кренал револуција против шахот и неговата династија. Поради огромниот притисок, на 16 јануари 1979 година шахот ја напуштил државата. Во март 1979 година со референдум е изгласана Исламската Национална Република. За неколку месеци Иран преминал под управување на исламскиот режим, претставен од ајатолахот Рухола Хомеини (Ruhollah Musavi Khomeini), при што и формално престанало владеењето на династијата Пахлави. Со прогласувањето на Исламската Република Иран во декември 1979 година и прогласувањето на новиот Устав и именувањето на Хомеини за политички и верски доживотен водач, во Иран повторно е воспоставен исламскиот закон – шеријат. По овие случувања во Иран, САД биле принудени да направат нова целосна проценка на својата стратегија во регионот на Заливот. Од двата клучни столба на „стратегијата на замена“, Иран станува премногу моќна држава, додека Саудиска Арабија станува премногу слаба за да ги заштити сама стратегиските ресурси. И покрај новонастанатата состојба, САД се обиделе да ги зајакнат одбранбените способности на Саудиска Арабија, преку доставување големи количества современа борбена опрема. За американската политичка елита стратегијата на замена станала практично неодржлива и САД морале да ја прифатат директната одговорност за одржување на стабилноста во регионот на Заливот за да се овозможи непречена достава на овој важен природен ресурс на светските пазари. Како поткрепа на сето ова било и обраќањето на претседателот Џ. Картер во јануари 1980 година. Тој го опишал Заливот како област од „стратегиски интерес“[337] за САД и предупредил дека секој напад во овој регион „ќе биде одбиен со сите потребни средства, вклучувајќи ја и употребата на безгранична воена моќ на САД“.[338] Со цел оваа изјава на претседателот Картер да добие на тежина, тој формирал Единици за брзо реагирање (ЕБР). Овие

[337] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 73/74.
[338] Исто.

единици претставувале воени сили кои се наоѓале на територијата на САД, кои се добро опремени и се во постојана борбена готовност со можност во секое време да бидат испратени во регионот на Заливот за извршување најсложени борбени операции. Претседателот Картер во тоа време започнал со создавање нови воени бази на САД во регионот, ги подобрил веќе постојните бази и дозволил да се зајакне присуството на американската воена морнарица во водите на Средниот Исток. Сите овие активности налагале испраќање на една постојана американска флота во Заливот со главен штаб во Бахреин. И покрај тоа што овие мерки во тоа време не биле прифатени како сериозни, нивниот придонес од аспект на денешно време биле многу значајни, бидејќи се зајакнала воената моќ на САД во регионот, а таа остана гарант и до ден-денес за слободен извоз на „црното злато“ на меѓународните пазари. Во 1983 ЕБР била преименувана како Централни воени сили (ЦВС) на САД, а со самото тоа ѝ се зголемиле надлежностите и одговорноста. Подоцна военоморската флота во Бахреин станала јадрото на Петтата американска флота на САД во регионот на Заливот (види слика 13).

Слика 13, Зона на одговорност на Петтата американска флота




ЦВС (некогашни ЕБР) имале за задача да го заштитат регионот на Заливот од можен напад од страна на тогашниот ривал - Советскиот сојуз. Меѓутоа, до крајот на осумдесеттите години од минатиот век, кај американската политичка елита почнало да се јавува страв од зголемената воена моќ на тогашен Ирак. Ирак во тоа време, по завршувањето на осумгодишната војна со Иран (1980 - 1988), бил добро вооружен со современа воена технологија од тогашно советско и француско производство и почнал да претставува закана за сите земји во регионот. Опасноста особено била присутна за

јужните соседи од регионот на Заливот, а особено Кувајт, кој го сметал како дел од својата територија. Стравувајќи дека големото влијание на Садам Хусеин во регионот на Заливот ќе го загрози пристапот на Западот до стратегиските резерви на сурова нафта, американските стратези го насочиле своето внимание кон Ирак. Кон крајот на 1989 година, началникот на Генералштабот на Американската војска, генерал Колин Пауол (Colin Luther Powell), го ополномоштил новоназначениот главен командант на ЦВС, генерал Х. Норман Шварцкопф (Herbert Norman Schwarzkopf), да изготви детален план за војна со Ирак, во која ќе бидат користени сите расположливи средства на Американската војска. Генералот Шварцкопф и неговиот Кабинет работеле на оваа проблематика првите пет месеци од 1990 година. Според податоците објавени во медиумите, планот познат како Оперативен план 1002-90 налагал испраќање неколку вооружени механизирани дивизии, како и доволен број воздушни и поморски сили. За да ја испробаат оперативноста на планот, ЦВС направиле воена вежба во средината на јули 1990 година со симулирање воен судир помеѓу вооружените сили на САД и вооружените сили на Ирак.[339] Само еден месец по завршувањето на вежбата на 2 август истата година, Садам Хусеин го нападнал и го окупирал Кувајт. Генерал Шварцкопф во тоа време бил повикан од страна на американскиот претседател во Белата куќа за понатамошно постапување. Два дена подоцна претседателот Буш му наредил да ја започне подготовката за реализација на Оперативниот план 1002-90.[340] По шест месеци започна операцијата ***„Пустинска бура“*** (Persian Gulf War).

Воениот конфликт во Заливот во 1991 година стана важен дел од военото учество на САД во регионот. До тој момент американската воена стратегија беше насочена кон минимизирање на директното учество на Американската војска во регионот на Заливот, меѓутоа за време на операцијата Пустинска бура САД учествуваше со најмногубројна воена сила. Освен тоа, по завршувањето на војната американските официјални претставници јасно му ставија на знаење на светот и регионот и ја изразија својата подготвеност да учествуваат во кој било иден конфликт во регионот на Заливот и да дејствуваат сосема самостојно. „Соединетите држави ќе продолжат да користат разни видови средства за зацврстување на безбедноста и стабилноста во регионот на Персискиот Залив на тој начин што ќе соработуваат со

[339] http://www.globalsecurity.org/military/ops/oplan-1002.htm
[340] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

своите пријатели и сојузници“,[341] изјави во 1995 година помошникот-секретар Џозеф Нај, „но ќе продолжи да биде во готовност да ги заштити стратегиските интереси на САД во регионот единствено ако за тоа се укаже потреба“.[342] Операцијата Пустинска бура стана прифатливи модел на американското воено мешање во регионот на Заливот, а тоа претставуваше брзо натрупување воздушни, поморски и копнени сили, проследени со незамислива офанзива, при која се користи високотехнолошко оружје и опрема. Сите овие предности што ги имаше војската на САД требаше да се искористат за да се победи непријателот со минимални човечки загуби од страна на вооружените сили на САД и неговите сојузници. Способноста на ЦВС да остават впечаток како силна и решителна воена сила е од посебно значење за нивната стратегија и можното контролирање на борбените дејствија на борбеното поле. Овие два принципа на готовност за еднострана интервенција во Заливот и една воена доктрина на „решителна победа“ беа основните постулати на воената стратегија на САД во регионот на Персискиот Залив. Овие принципи неколку пати биле ставени во искушение, и тоа во јануари, февруари, ноември и декември 1998 година. САД испратија воена сила во регионот на Заливот, за продолжени воздушни напади над Ирак. Првиот ракетен напад беше одложен во последната минута, откако Садам Хусеин им дозволи на претставниците на ООН да извршат инспекција на ирачките објекти за кои се претпоставуваше дека служат за производство на оружје за масовно уништување. Вториот напад започна во декември 1998 година, по одбивањето на каква било соработка од страна на Садам Хусеин со ООН. За овој напад САД не добија меѓународна поддршка, како ниту во претходниот случај, но американските официјални претставници останаа на тврдењата дека САД ќе го бомбардираат Ирак кога за тоа ќе има потреба. Тоа и го остварија со најновата војна и соборувањето на ирачкиот претседател Садам Хусеин од власт а подоцна и негова ликвидација.[343] По соборувањето од власт на Садам Хусеин, САД уште повеќе ја зголемија својата воена моќ во регионот на Персискиот Залив. Но од причината што е невозможно да се стационираат постојано голем број вооружени сили со комплетното нивно вооружување и опрема (имајќи ги овде предвид и огромните трошоци дури и за држава како САД), како и фактот дека никој од сојузниците на САД во регионот на Заливот не е спремен да прифати голем број американски војници на своја муслиманска

[341]Поопширно види на http://www.defense.gov/
[342] Исто.
[343] Исто.

територија, Министерството за одбрана на САД го реши овој така наречен хендикеп, (за брзо испраќање вооружени сили во загрозените подрачја) на начин кој пак на нив најмногу им одговара. Имено за таа цел Пентагон распореди големи резерви тешко вооружување во околината и обезбеди нови воени бродови и авиони кои ќе пренесуваат значителен број воена сила од САД до Персискиот Залив. Армијата на САД има складирано доволно оружје за опремување на една цела кувајтска војска и е во процес на создавање на уште едно такво складиште во Катар. Освен тоа воената морнарица на САД има складирано тешко вооружување за една војска со големина од 15.000 војници на бродови, претходно стационирани во регионот, а военото воздухопловство располага со доволна количина опрема за отворање воздухопловна воена база за многу краток временски период.[344]

Табела 5, Капацитетот на воената морнарица на САД во Персискиот Залив во Јануари 1998 година.[345]

| **Вид на воен брод** | **Име на бродот** | **Основно воено вооружување** | **Екипаж** |
|---|---|---|---|
| **Носач на авиони** | ***НИМИЦ*** | (14), F-14 tom cat, (36), F/A-18 hornet, (4), EA-6B, (23) други типови на авиони | ***5.500*** |
| | ***ЏОРЏ ВАШИНГТОН*** | (14), F-14 tom cat, (36), F/A-18 hornet, (4), EA-6B, (21) други типови на авиони | ***5.500*** |
| **Крстосувач** | ***НОРМАНДИЈА*** | Наведувачки ракети Томахавк, стандардни ракети и ракети | ***358*** |

[344] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[345] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 75.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од типот Харпун | |
| **Разорноваччи** | ***КАРНИ*** | Наведувачки ракети Томахавк, стандардни ракети и ракети од типот Харпун | ***339*** |
| | ***ЏОН ЈАНГ*** | Наведувачки ракети Томахавк, стандардни ракети и ракети од типот Харпун | ***339*** |
| | ***БАРИ*** | Наведувачки ракети Томахавк, стандардни ракети и ракети од типот Харпун | ***300*** |
| | ***ИНЏАРСОЛ*** | Нема податоци | ***300*** |
| **Фрегати со насочувачки ракети** | ***РОЈБАН ЏЕЈМС*** | Стандардни ракети и ракети од типот Харпун | ***200*** |
| | ***САМУЕЛ Б. РОБЕРТС*** | Стандардни ракети и ракети од типот Харпун | ***200*** |
| **Подморници за напад** | ***АНАПОЛИС*** | Наведувачки ракети од типот Томахавк, МК-48 торпедо | ***133*** |
| **Воени бродови за поставување мини и** | ***ДЕКСТРАС*** | Систем за деминирање | ***81*** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **деминирање** | | | |
| | ***АРДАНТ*** | Систем за деминирање | ***81*** |

Воената стратегија на САД во регионот на Заливот е насочена кон зацврстување на воената способност на пријателските сили, особено на Кувајт и Саудиска Арабија, како и кон намалување на воената моќ на Иран и порано на Ирак. Меѓутоа, со соборувањето на Садам Хусеин, воената моќ на Ирак е целосно уништена и во моментот таа не претставува ама баш никаква сериозна закана за регионот, но воената моќ на Исламската Република Иран претставува рак рана на земјите од Западот. Со развојот на иранската нуклеарна програма, состојбата во регионот уште повеќе се усложнува, при што би дошла до некоја точка од каде што нема враќање.[346]

Со цел да ја засилат воената моќ на своите сојузници, САД доставиле големи количества модерно воено вооружување на државите-членки на Советот за соработка во Заливот - ССЗ (Cooperation Council for the Arab States of the Gulf), сојуз со јасно дефинирани услови помеѓу Бахреин, Кувајт, Оман, Катар, Саудиска Арабија и Обединетите Арапски Емирати. Целта на нивното вооружување не е овие држави да станат воено независни, туку да се подобри нивната способност за да можат да им пружат помош на американските вооружени сили во случај на избувнување воен конфликт од големи размери. „ССЗ нема да успее да ја оттргне надворешната агресија од страна на Иран“, беше забележано во 1998 година од страна на Пентагонскиот институт за науки за национална безбедност, меѓутоа при доволна помош од страна на САД нивните вооружени сили може да бидат од голема помош за вооружените сили на САД. За оваа цел, на државите-членки на ССЗ САД им продале оружје, вклучувајќи овде и воени авиони F-15 eagle, F-16 hornet, тенкови М-1 амбрамас, хелихоптери АН-64 апач (AH-64D Apache) и ракети од типот Патриот за воздушна одбрана. Само во периодот помеѓу 1990 година и 1997 година, САД им доставиле на овие држави оружје и опрема во вредност од над 42 милијарди долари, и ова претставуваше најголемиот и најскапиот трансфер на воена техника во кој било регион во светот од еден единствен

[346] http://www.reuters.com/article/2013/12/07/us-usa-hagel-dialogue-idUSBRE9B602920131207

доставувач (види табела бр. 6). Исто така, Министерството за одбрана на САД ги обучуваше пријателските војски и воените сили на државите на ССЗ.[347]

Табела 6, Спогодбата за трансфер на оружје со одредени држави од Заливот, 1990-1997 година (изразено во милиони американски долари)[348]

| **Корисник** | **1990 - 1993** | **1994 - 1997** | **Вкупно 1990 - 1997 год.** |
|---|---|---|---|
| **Бахреин** | 300 | 300 | 600 |
| **Кувајт** | 3.700 | 500 | 4.200 |
| **Оман** | 100 | 0 | 100 |
| **Саудиска Арабија** | 32.000 | 4.200 | 36.200 |
| **ОАЕ** | 600 | 300 | 900 |
| **вкупно** | **36.700** | **5.300** | **42.00** |

Тесната врска помеѓу трансферот на оружје од страна на САД и пошироките стратегиски интереси на САД во регионот на Персискиот Залив особено се истакна во март 2000 година, кога САД на ОАЕ му продадоа 80 воени авиони F-16 Hornet, најнов модел. Продажбата на воените авиони на ОАЕ од страна на САД, во вредност од 7 милијарди американски долари, е малку чудна и необична од неколку причини:

- Прво, воените авиони F-16 hornet кои беа продадени на ОАЕ се од моделот Блок-60 (F-16E Block 60), во кој се вградени најсовремените електронски и радарски системи, кои не се вградени во ниту едни воени авиони од овој тип со кои располага военото воздухопловство на САД.
- Второ, уште почуден факт е тоа што со продажбата на овие воени авиони ОАЕ се обврзаа овие борбени авиони да ги управуваат американски воени пилоти од воената база изградена во ОАЕ за потребите на воздухопловните сили на САД.

---

[347] Поопширно види кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 75 – 80.
[348] Исто, стр. 75 – 80.

Освен тоа според информациите на Пентагон трансакцијата на авионите F-16 хорнет блок 60 треба да доведе до други форми на заедничка помош и соработка, како на пример, користење на локалните пристаништа од воената морнарица на САД. „САД можат да одговорат многу побргу и поодговорно при избувнувањето воен конфликт во регионот ако војската на САД ги користи за тоа воените бази, пристаништата и инфраструктурата во ОАЕ“[349] изјавиле претставниците на военото воздухопловство на САД пред Конгресот на 7 март 2000 година.

Табела 7, поголеми трансфери на воено оружје од САД за државите од Персискиот Залив 1990 - 1998 година.[350]

| **Примател** | **Година** | **Вредност** | **Количина и вид на оружје** |
|---|---|---|---|
| **Бахреин** | 1992 | $ 303 милиони | (20) F-16A/B воени авиони |
| **Кувајт** | 1992 | $ 2,5 милијарди | (6) Патриот за воздушна одбрана со 450 ракети Патриот ‘ Хоук ракетни батерииз за воздушна одбрана со 342 ракети Хоук |
| | 1993 | $ 4,5 милијарди | (256) М-1А2 Амбрамс-тенкови, (125) М-113 оклопни транспортери, (52) М-577 транспортни 130.000 парчиња од 120 мм тенковска муниција |
| | 1994 | $ 692 милиони | (16) АН-64 Апачи хелихоптери за напад со 500 противтенковски ракети |
| | 1995 | $ 461 милиони | (16) UH -60 L црн сокол хеликоптери |
| | 1998 | $ 609 милиони | (48) хаубици М 109А6 (18) М88А2 превозни средства за спасување и |

349 Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 79/80.
350 Исто, стр., 80/89.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | (24) M-113A3 борбени транспортери |
| **Оман** | 1991 | $ 150 милиони | (119) B-300 командно блендирани превозни средства |
| **Саудиска Арабија** | 1990 | $ 3,4 милијарди | (1.117) блендирани лесни превозни средства, (2000) TOU противтенковски ракети и соодветна основна база за NPSA |
| | 1990 | $ 206 милиони | (150) M-60A3 тенка |
| | 1990 | $ 2 милијарди | (24) F-15S/D eagle, авиони ловци |
| | 1990 | $ 300 милиони | (12) AH-64 Апачи хелихоптери за напад со 150 противтенковски ракети |
| | 1990 | $ 984 милиони | (6) Системи Патриот за воздушна одбрана со 384 ракети Патриот |
| | 1990 | $ 3,1 милијарди | 150 M-A2 Амбрамас тенка, (200) M-2 воени оклопни возила за пешадијата, (207) M-113 оклопни транспортери |
| | 1991 | $ 3,3 милијарди | 912) Системи Патриот за воздушна одбрана со 758 ракети Патриот |
| | 1992 | $ 9 милијарди | (72) F-15X eagle ловци, (900) Маеврик ракети, (300) BB ракети и (300) BB ракети |
| | 1995 | $ 690 милиони | 195.000 парчиња од 90 мм. Муниција и друго вооружување за NPSA |
| | | | Опрема за подршка на 5 E-3 Авакс авиони и 7 KE-3A танкери за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1997 | $ 1,4 милијарди | воздушно полнење на гориво, (130) 90 мм. Оружени куполи за лесни блендирани возила |
| **Обединети Арапски Емирати (ОАЕ)** | 1991 | $ 683 милиони | (20) АН-64 Апачи хелихоптери за напад со 620 противтенковски ракети |
| | 1994 | $ 330 милиони | (10) АН-64 Апачи хелихоптери со 360 противтенковски ракети |
| | 1998 | $ 7 милијарди | (80) F-16S/D hornet авиони со 491 AMRAAM ракети (267) ВВ ракети, 1163 Маверик ВЗ ракети и други бомби и ракети |

Легенда:

ВВ - ракети, воздух-воздух

ВЗ - ракети, воздух-земја

НПСА – Национална полиција на Саудиска Арабија

Со цел да ја намалат воената моќ на Иран и тогашната воена моќ на Ирак, САД воспоставиле економски и трговски санкции, а против Ирак извеле воздушни и ракетни напади против неговите воени бази и постројките за производство на оружје за масовно уништување. Оваа политика имала за цел да ја ограничи способноста на Иран и во тоа време Ирак за производство на оружје за масовно уништување - хемиско, биолошко и нуклеарно оружје - како и балистички проектили со кои би се лансирало оружјето за масовно уништување. Овие мерки на двојно ограничување се сметале за важен дел од политиките на САД што ги спроведуваа во Персискиот Залив, а со помош на овие мерки САД успеале да ја намалат воената и борбената моќ и влијанието на некогашниот сојузник Иран и тогашен Ирак во регионот на Заливот. И покрај тоа што санкциите станаа добро прифатлива практика за поткопување на воената моќ на непријателските држави, САД влегоа и во директен воен судир со Ирак. Според тогашниот претседател Бил Клинтон, целта на нападот врз Ирак, извршен во декември

1988 година, познат како операција „Пустинска лисица“ (Operation Desert Fox), имал за цел да ја уништи „програмата на Ирак за производство на оружје за масовно уништување (ОМУ), како и неговата воена моќ, која е закана за соседните држави во Заливот“.[351]

По завршувањето на операцијата Пустинска лисица, САД продолжија да ги бомбардираат воените бази во Ирак како дел од еден систематски план за ограничување и уништување на воената моќ на тогаш добровооружениот Ирак.

Сите овие напори што САД ги реализираа во регионот на Заливот, проширувањето на воените бази во регионот, зголемувањето на воената моќ на сојузничките сили, како и перманентното намалување на воената моќ на противничките сили, беа дел од една конзистентна, добро изградена политика, која имаше за цел да ја зголеми и да ја демонстрира американската воена надмоќ во областа на Персискиот Залив. Обезбедувањето таква воена надмоќ во регионот на Персискиот Залив се процени како една од најважните стратегии на САД. Воените стратези на САД не можеа со апсолутна сигурност да предвидат каков ќе биде видот и типот на воените дејствија и каде ќе се изведуваат овие воени дејства, па поради тоа САД се трудеа да имаат на располагање поголем број варијанти. Концентрирањето на американски вооружени сили во регионот на Персискиот Залив не се одвиваше стихијно туку по добро осмислено сценарио. Целта на американската политичка елита беше да обезбеди воена надмоќ на сопствените вооружени сили во која било состојба. Меѓутоа, распределувањето на огромната воена моќ на САД во регионот не се одвиваше толку случајно и без план. Американските стратези користеа три можни сценарија за избувнување војна во регионот на Заливот:[352]

- *Првото можно сценарио* за избувнување војна во регионот е можниот обид на Ирак повторно да посегне по нафтените полиња на Кувајт и Саудиска Арабија. Ова сценарио, гледано од денешно аспект, е практично неостварливо, имајќи ја предвид состојбата во која се наоѓа ирачкото општество по падот на режимот на Садам Хусеин. Сведоци сме на секојдневни меѓусебни убивања кај двете најбројни заедници во Ирак, Шиитите и Сунитите, и комплетна дисфункционалност на системот во Ирак. Ирачката држава се наоѓа на работ од избувнување граѓанска војна, а најновите случување во Ирак и формирањето на

[351] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, София, 2003 год., стр., 83.
[352] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, София, 2003 год.

Исламската Држава Ирак и Левант (Islamic State of Iraq and the Levant - ISIL), а сега таканаречената Исламска Држава (Islamic State), која опфаќа територии и на други држави во Заливот, само ја потврдуваат оваа теорија.

- *Второто сценарио* што го предвидуваа американските воени стратези е можниот обид на Иран да го затвори преминот Хормоуз, при што би дошло до директно попречување на испораката на нафта до светските пазари. Ова сценарио, гледано од денешен аспект, изгледа најверојатно бидејќи сме сведоци на секојдневни закани од страна на Исламската Република Иран дека ќе го затвори преминот Хормуз (види слика 14) и ќе ја употреби целокупната воена моќ со која располага Исламската република за остварување на оваа цел доколку на кој било начин САД и меѓународната заедница извршат каков било притисок врз Иран.

Слика 14, Локација на Хормуз (Hormouz)



- *Третото сценарио* разработено од американските воени стратези е можното избувнување на граѓански немири внатре во државата Саудиска Арабија носечени против кралското семејство, инаку традиционален сојузник на САД.[353]

Аналогно на постојната политика на САД, американските вооружени сили би требало ги земат предвид двете последни сценарија за можни и најсериозни нарушувања на безбедноста во регионот на Заливот, а со тоа и можното воено дејствување на САД при новонастанатата состојба. Во минатото американските вооружени сили постојано влегувале во директни судири со вооружените сили на Ирак. Воената морнарица на САД е присутна во регионот на Заливот и соседните региони за време на целата година. САД започнаа со меѓународна кампања против

[353] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год.

приврзаниците на Осама Бин Ладен и неговата терористичка организација Ал-каеда (Al-Qaeda) и други непријатели на САД и неговите сојузници во регионот на Заливот. Овие дејствија на САД често пати се причина за избувнување насилства и немири во муслиманските земји. Во минатите времиња воените стратези на САД најголемо внимание посветуваа на можниот напад на Кувајт и Саудиска Арабија од страна на Ирак. Поради тоа САД превзеле разни мерки за ограничување на воената моќ на Ирак. Првичните напори на САД за ограничување на воената моќта на Ирак биле насочени кон редовната војска на Ирак. И покрај фактот дека вооружените сили на Садам Хусеин беа значително ослабнати пред да бидат користени за напад на Кувајт во 1990 година, сепак, тие претставуваа респектабилна сила за САД и за неговите сојузници. Според изјавата на генерал Џ. Х. Бинфорд Пиј, поранешен главен командант на ЦВС, Садам Хусеин продолжува да ја одржува најголемата армија во регионот.[354] Армијата на тогашен Ирак можеше бргу да се мобилизира и да земе учество во воените дејствија и поради тоа и понатаму да претставува сериозна закана за Кувајт и Саудиска Арабија.[355] Пиј и другите официјални лица на САД во тоа време посебно внимание и ѝ обрнувале на Републиканската гарда. Ирачката Републиканска гарда го претставувала јадрото на ирачката војска. Нејзина првобитна функција била заштита на Садам Хусеин, па таа била основана како лична стража. Подоцна била зголемена во поголема воена единица. Републиканската гарда била распуштена по нападот на Ирак од страна на САД во 2003 година. Пред нападот на сојузниците, Републиканската гарда броела околу 80.000 до 100.000 добро вооружени војници и располагала со уште дополнителни 15.000 до 20.000 војници распоредени во Специјалната републиканска гарда (СРГ). Не сметајќи ја СРГ, Републиканска гарда била распоредена во 2 корпуса, кои биле составени од една пешадиска дивизија, една дивизија специјални сили, две механизирани дивизии и 3 оклопни дивизии. Специјалната републиканска гарда била составена од 4 бригади. При нападот на Ирак во 2003 година, Републиканската гарда била сместена по должината на реката Тигар, северно и јужно од Багдад, додека Специјалната републиканска гарда била сместена по должината на реката Тигар, јужно од градот Багдад. Оваа воена единица во тоа време претставувала сериозна закана за САД и претставувала високоподвижна добро вооружена воена сила која играла водечка улога при секој ирачки напад во минатото. Се претпоставува дека бившите припадници на Републиканската гарда сè уште учествуваат во герилските напади кои

[354] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год.
[355] http:www.state.gov/wwwregions/nea/iraq-vhite-paper.html

се случуваат на територијата на Ирак, а се насочени кон САД и неговите сојузници. Дисфункционалноста на Ирак настана по нападите од страна на сојузниците. Се претпоставува дека во тоа време Ирак располагал со технологија за производство на хемиско и биолошко оружје, како и со балистички ракети за пренос на ова оружје. Меѓународната заедница немаше точни информации за нивниот капацитет, а поголемиот дел од таа опрема беше уништена за време на операцијата Пустинска бура, како и од резултатот на работата на специјалната комисија на УНСКОМ (United Nations Special Commission (UNSCOM), основана во 1991 година со цел да го надгледува спроведувањето на Резолуцијата 687 (United Nations Security Council resolution 687) на Советот за безбедност на ООН. Со оваа резолуција му се забрани на Ирак да поседува балистички ракети и оружје за масовно уништување. Во тоа време САД презедоа разновидни превентивни мерки и активности кои беа насочени кон ограничување на заканата од можен ирачки напад. Овие мерки наложуваа економски и трговски санкции, блокирање на поморските патишта за да може да се оствари трговското ембарго. Над ирачкото небо беа воспоставени забранети зони за летање, а периодично се изведуваа воздушни и ракетни напади над воените бази на Ирак од страна на САД. Распоредувањето на воената опрема во Кувајт и Катар и постојаното присуство на американската V флота во регионот на Заливот придонесе за постепено но сигурно слабеење на воената моќ на Ирак и негово целосно уништување по падот на Садам Хусеин. Целокупниот ангажман на американската војска, како и испраќањето на една постојана војска од 20.000 војници во регионот на Заливот и трошењето на милијарди долари годишно за одржување на оваа воена сила, претставуваше огромно финансиско оптоварување дури и за држава каква што е САД.[356] Со перманентното бомбардирање на ирачките воени инсталации, САД систематски и смислено учествуваа во оваа операција, која Самуел Баргер (Samuel Richard "Sandy" Berger) ја нарече „разоружување спроведено од воздух“[357], односно систематско уништување на ирачките воени бази и опрема преку постојани воздушни и ракетни напади. За време на операцијата Пустинска бура, тој изјавил: „Ние успеавме да уништиме или да направиме значајна штета на голем дел од технологијата што Ирак ја користи за развивање и производство на оружје за масовно уништување. Ние го уништивме и главниот штаб на специјалните републикански сили, како и главните штабови на уште

---

[356] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[357] Исто.

неколку вооружени сили, касарни и бази за обука“.[358] Меѓутоа, и покрај огромното уништување на ирачката воена и материјална сила, воените стратези на САД го сметаа военото наоружување на Ирак за сериозна закана.

Во 1999 година генерал Зинин (Anthony Charles Zinni) истакнал дека уништувањето на основните средства и специјализираната технологија ги одложило плановите на Ирак за производство на балистички ракети и оружје за масовно уништување за една или две години. Зини претпоставил дека треба на секои две години да се спроведуваат нови напади врз Ирак за да не може да го обнови својот ракетен арсенал. Операцијата „Јужна стража“ (Operation Southern Watch) ја извршуваше функцијата на претходните напади во периодот помеѓу декември 1998 година и август 1999 година. Американските и британските воени авиони во тој период истрелале над 1.100 ракети на 359 цели во Ирак. Само за споредба, ова претставувало трипати повеќе истрелани ракети врз цели во Ирак отколку за време на операцијата Пустинска лисица.[359]

Манифестирајќи ја својата огромна воена моќ, како и својата неприкосновена борбена способност, американската армија честопати спроведуваа воени вежби на ирачко-кувајтската граница. Воените вежби познати под името операција “Пустинска пролет“ (Operation Desert Spring) се спроведувале три до четири пати годишно. На овој начин американската војска го обезбедувала т.н. ЦВС, продолженото американско воено присуство по должината јужната граница на Ирак. Операцијата „Пустинска пролет“ е дел од тековната операција во Кувајт предводена од страна на САД, започната на 31 декември 1998 година по операцијата Пустинска бура и операцијата Пустински штит. Операцијата имала за цел да го задржи военото присуство на САД во Кувајт и да се обезбеди контрола и заштита на вооружените силите на Кувајт. САД исто така спроведуваа и периодични поморски и воздушни вежби во регионот. Операцијата „Светла ѕвезда“ и операцијата „Цврста неприкосновеност“ имаа за цел да проверат дали Пентагон е во состојба да започне уште поголема операција од операцијата Пустинска бура.[360]

Стратегијата на „двојно ограничување“ продолжи и врз Исламската Република Иран, втората главна пречка за постоењето на американската апсолутна превласт во

---

[358] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 85.
[359] http://csis.org
[360] Исто.

регионот на Персискиот Залив. По соборувањето на режимот во Ирак, Иран сега претставува главна закана за САД и за нивната превласт во регионот. Иран денес можеби единствената држава во регионот на Заливот која може најсериозно да им попречи на американските нафтени интереси. Во 1999 година генерал Зини (Anthony Charles Zinni) истакнал дека во моментот Иран останува потенцијално најопасна закана за мирот и стабилноста во регионот на Персискиот Залив. И децении по револуцијата, Иран сѐ уште има амбиции да стане водечка сила во регионот на воен, политички и економски план и да застане на чело на исламскиот свет во регионот на Персискиот Залив и пошироко. Исламска Република Иран не претставува директна закана за земјите во регионот, барем за досега. Со постојаното зголемување на моќта на својата воена морнарица, военото воздухопловство и напорите да произведе нуклеарно оружје, Иран може сериозно да го загрози слободниот извоз на нафта на светскиот пазар преку Персискиот Залив и преку исклучително важниот проток Хормуз, кој го поврзува Заливот со Арапското Море и со останатиот дел од светот. И покрај фактот што воената морнарица на Иран не располага со големи воени бродови, сепак, Иран успеа да добие три големи воени подморници од класата Кило (Kilo class), фрегати со ракетно вооружување, разорувачи од класата Јамаран (Jamaran Class destroyer), подводни мини и сл. Ова вооружување е повеќе од доволно за сериозно да го загрози слободниот пристап до водните транспортни патишта во регионот на Заливот. Покрај трите подморници од руско производство од класата „Кило“, кои патролираат во Персискиот Залив, Исламската Република Иран, произведува и свои мини подморници од класата Ghadir и Nahang (персиски кит), кошто се во оперативна употреба.

Со ширина од приближно од 10 км од најтесната точка, Министерството за енергетика на САД го смета преминот Хормуз за најважниот воден пат за транспортирање на нафтата. Низ преминот поминуваат над 15 милиони барели нафта дневно. Исламската Република Иран има распоредено ракетни системи на двата краја на преминот и има во сопственост голема резерва од подводни мини и во состојба е целосно да го загрози транспортирањето на сурова нафта преку овој исклучително важен премин. Некои воени стратези на Пентагон тврдат дека Иран ќе се обиде да го затвори преминот Хормуз во случај на иден воен судир со САД. Иран се стреми да ја засили и својата контрола над Абу Муса (Abu Musa) (види слика 15), и над двата острова Тунб, една мала група острови која обезбедува пристап на Западот до Заливот.

Слика 15, Местоположбата на островите Abu Musa во Персискиот Залив.[361]




Во 1971 година И. Р. Иран ги окупира островите Тунаб, кои претходно им припаѓаа на Обединетите Арапски Емирати. До 1994 година иранската држава го делеше Абу Муса со Шарџа, друг дел од ОАЕ по што Иран си обезбеди целосна контрола над островот. По притисокот на ОАЕ спорот да биде решен со меѓународно посредништво, Техеран изјавил: „островите се неразделен дел од Исламската Република Иран“.[362]

Неприкосновената воена моќ којашто САД и сојузниците ја манифестираа во регионот на Заливот првенствено им послужи на САД да го спречат секој обид на Иран да го отежне или оневозможи транспортот на сурова нафта од регионот на Персискиот Залив кон светските пазари. При евентуален воен судир, САД со сигурност ќе ја искористи целокупната своја воена моќ, која ќе биде користена за уништување на иранските воени бродови, ракетни системи, аеродроми и радарски станици. Доколку би дошло до воена интервенција од страна на САД, нападите ќе се извршат од распоредените воени бродови и авиони во регионот, како и од воените бази што САД ги поседуваат во регионот на Персискиот Залив. И покрај фактот што Иран може да успее да уништи извесен број танкери, малку веројатно е сценариото дека ќе успее да го спречи целокупниот проток на сурова нафта на светските пазари. Овој факт се должи на огромната воена моќ којашто ја имаат САД во регионот. Единствен проблем при избувнувањето иден воен судир во овој регион би било оружјето за масовно уништување со кое „располага“ Иран, а кое може да биде искористено за одмазднички напади на Иран против своите соседи, па и пошироко. Во својот арсенал на ракетно

[361] http://www1.american.edu/ted/abumusa.htm
[362] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

оружје Иран располага со балистички ракети од сопствено производство, руско, кинеско и од севернокорејско потекло. Слични такви дејствија нема да влијаат на крајниот резултат на војната, којашто најверојатно ќе доведе до целосно уништување на Исламската Република Иран (како што се случи и со Ирак), но овие воени дејствија со сигурност ќе одземат многу човечки животи и ќе предизвикаат значителни материјални штети[363]. Со цел да ја неутрализираат оваа опасност која секојдневно демне во регионот на Персискиот Залив и да се спротивстават на оваа закана, САД имаат распоредено противракетни системи од типот „Патриот“ во регионот и се обидуваат на секој можен начин да го ограничат пристапот на Иран до современа ракетна технологија како и можноста Иран сам да произведе оружја за масовно уништувања.

Имајќи ја предвид реалната фактичка состојба и огромната воена моќ на САД во регионот, дел од луѓето што учествуваат во политичкиот живот во Иран кои добро ја познаваат оваа неприкосновена воена моќ, а кои очајно се стремат да ја подобрат економската состојба во државата, се обидуваат да ја намалат напнатоста во Заливот и да ги обноват поранешните добри врски на Иран со Западот. Најголем поддржувач на оваа политика е Мохамед Катами (Sayyid Mohammad Khātamī), умерен ирански муслимански духовник, кој беше избран за петти претседател (2 август 1997 година до 3. август 2005 година) на Исламската Република Иран. И покрај ограничувањето на власта на Катмани по сила на иранскиот Устав, кој гарантира неограничена власт на вишите религиозни водачи, тој честопати ја истакнуваше својата определба да се подобрат односите на Иран со другите држави од регионот на Заливот, но и со западните сили вклучувајќи ги овде и САД.

Во јуни 1998 година, како знак на одобрување на напорите и политиките на Катами, државниот секретар на САД Медлин Олбрајт изјави дека САД се подготвени да разработат „една патна карта која ќе доведе до нормални заемни односи“,[364] но под услов Иран да ги реши проблемите кои се однесуваат на американските интереси, а тоа е борба против тероризмот и стремежот на Иран да создаде оружје за масовно уништување. Меѓутоа и покрај овие напори, за жал, односите на Иран со меѓународната заедница драстично се променија за време на последниов период. Изборот за претседател на М. Ахмандинеџат (Mahmoud Ahmadinejad) во 2005 година и

363http://csis.org
364 Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 88.

развојот на нуклеарната програма од страна на Иран за мирољубиви цели, дополнително ја усложнја и онака сложената состојба во односите на Западот и земјите во регионот, особено со Израел и Саудиска Арабија. Мала е веројатноста дека САД ќе го промени својот став во однос на вооружувањето на Иран или, пак, ддека ќе ја ограничи својата подготвеност за водење војна. Според тврдењето на генералот на американската војска, Пиј, загриженоста на американските воени стратези не се состои во политичката ориентација на Иран, туку во неговиот воен потенцијал и можноста да произведе оружје за масовно уништување. Дополнителна загриженост претставуваат и ракетните системи со кои располага Исламската Република, а кои може да се вооружат и со нуклеарни боеви глави.

Исламската Република со население од 78.868.711 жители, меѓу кои има високообразовни инженери од секаков профил, изобилство на минерални суровини и огромни резерви на земјен гас и нафта, овозможуваат брз раст на економијата на Иран а со самото тоа претставуваат и можна закана за државите од Заливот и интересите на САД.  И покрај фактот дека Иран во моментот сè уште не располага со потребната технологија за производство на нуклеарно оружје, многумина западни аналитичари веруваат дека Иран се стреми да создаде тајна атомска програма под закрила на своето тврдење дека развивањето на нуклеарната програма е исклучиво за мирновремени цели.

Иранската нуклеарна програма (Nuclear program of Iran)[365] беше покрената во 1950 година во соработка со САД и траеше сè до 1979 година, до Иранската револуција, кога САД и некои европски држави ја прекинаа соработката со Иран. Иранската нуклеарна програма беше запрена непосредно по револуцијата, за време на војната со Ирак, а по наредба на тогашниот ајатолахот Хомеини, кој бил голем противник на оваа програма. Сепак во 1990 година Иран потпишува договор со Русија за завршување на нуклеарниот реактор во Бушер и започнува со изградбата на постројки за тешка вода, збогатување на ураниумот, како и со изградба и осовременување на рудниците за ураниум кои се наоѓаат на југот од земјата. Набргу по потпишувањето на договорот, Иран стана предмет на пропагандни напади од поголемиот дел на западните медиуми, со едно единствено образложение - дека Иран оваа програма ја развива не за мирољубиви цели туку со цел да произведе нуклеарно оружје. Стравот од можното развивање на нуклеарното оружје од страна на Иран и

365 Поопширно види на http://www.nti.org/country-profiles/iran/nuclear/

можен израелско-американски напад врз Иран беа јасно изразени во пролетта 2012 година, кога еврејската држава излезе со јасна порака до Иран - дека ја осудува нуклеарната програма на Иран и дека земјата може да се соочи со катастрофални последици.

Слика 16, Нуклеарна програма на Иран,[366]

Слика 17, Нуклеарна постројка IR-40 во Arak






Исламската Република како држава-учесник во спогодбата на НАТО за ограничување на распространетоста на атомското оружје дозволи да се изврши инспекција на неговата постојна опрема за реализирање на својата нуклеарна програма. Не е јасно досегашното темпо и обемот на напорите на Иран во обидот да создаде нуклеарно оружје, но сепак, голем дел од аналитичарите сметаат дека на Иран ќе му требаат повеќе од десет години за да создаде нуклеарно оружје.

Како што напоменавме претходно во трудот, третото сценарио кое е важно за воената стратегија на САД, а кое може да придонесе и за дестабилизација во регионот на Заливот е поврзано со можноста за создавање внатрешни закани за дестабилизација на монархијата Саудиска Арабија. Заштитата и унапредувањето на Саудиска Арабија е основен дел од безбедносната политика на САД во регионот на Заливот уште од далечната 1945 година. Тогашниот претседател на САД, Рузвелт, остварил средба со тогашниот крал на Саудиска Арабија, Ибн Сауд (King Abdul-Aziz bin Saud), и му ги потврдил поддршката и пријателството на САД кон Саудиска Арабија и лично кон кралското семејство. Основата на оваа поддршка е една недоречена спогодба, во замена за заштитата којашто САД му ја обезбедува на кралското семејство. Врз основа на оваа спогодба, Саудиска Арабија им дозволува на американските компании слободен пристап до нејзините нафтени полиња. Започнувајќи од тогаш па наваму, Саудиска Арабија игра главна улога во спроведувањето на националните интереси на

[366] http://www.nti.org/country-profiles/iran/nuclear/

САД во регионот на Заливот. Благодарение на оваа поддршка од страна на САД, пустинското кралство е заштитено од секакво можно влијание однатре и однадвор, со кое би се нарушила нејзината безбедност. Во контекст на ова, како и воените дејствија кои беа спроведени против Ирак, и неговата целосна деструкција, САД успеаја да оттргнат една голема закана за Саудиска Арабија, а се разбира и за националните стратегиски интереси на САД во регионот. Со неутрализирањето на можните опасности однадвор, (освен Иран), САД ја насочија целокупната своја моќ на заштита на Саудиска Арабија однатре. Внатрешната безбедност на Саудиска Арабија се претвори во главен приоритет на САД. Заканата за внатрешната безбедност на пустинското кралство стана реалност на 13 ноември 1995 година. Во тоа време беше нападнат штабот на националната полиција на Саудиска Арабија во Риад (Riyadh) со камион-бомба, при што животите ги загубија петмина американски и двајца индиски службеници. На 25 јуни наредната година се случи друг терористички напад со камион-бомба, при што беа убиени деветнаесетмина американски војници, припадници на воздухопловните сили на САД во станбената зграда Кобар Таурс во градот Кобар (Khobar), кој се наоѓа во близина на националната нафтена компанија Сауди Армако (Saudi Aramco) во седиштето на Дхаран. Во овој терористички акт беа повредени и 372 невини граѓани[367] (види слика 18).

Слика 18, Терористички напад на станбената зграда Кобар Таурс во градот Кобар (Khobar), пред и по нападот.





Според аналитичарите, извршителите на бомбашките напади во градот Кобар најверојатно се членови на саудиски исламски милитантни групи, вклучувајќи овде и многу ветерани од Авганистанската војна водена со тогашниот СССР. По овие

[367] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

терористички напади американската војска и разузнавачките служби биле под жестоки критики поради нивниот недостиг на подготовка за она што се случило во градот Кобар. Клинтоновата администрација признала дека тие добиле бран заканувачки предупредувања насочени кон Американците и американските инсталации во Саудиска Арабија неколку недели пред извршувањето на нападот. Сепак, американските служби не успеале да се подготват соодветно и да се заштитат од овој терористички акт, при кој загинаа 19 американски претставници на вооружените сили. По терористичкиот напад на кулите во Кобар, САД и коалиционите сили ги префрлиле своите вооружени сили во воздухопловната база Принц Султан (Prince Sultan Air Base) во близина на Ал Кхарј (Al Kharj) во централниот дел на Саудиска Арабија, на околу 113 км од Риад. Воздухопловните сили на САД и Велика Британија во оваа база требаше да бидат стационирани сѐ до крајот на 2003 година. По повлекувањето на француските вооружени сили, вооружените сили на САД и Велика Британија беа префрлени во Доха, Катар, во воздухопловната база Ал Удиед (Al Udeid Air Base)[368]

Повеќето од аналитичарите сметаат дека крајната цел на организациите, кои се одговорни за овие и за други терористички напади во Саудиска Арабија е да се симне од власт сегашниот режим и да се замени со исламска власт. Десидентите од Саудиска Арабија тврдат дека слична револуција како оние во останатиот исламски свет кои во последните години го зафатија овој регион познат како „Арапска пролет“ која сѐ уште трае, ѝ е потребна и на Саудиска Арабија. Огромната корумпираност на сегашното кралско семејство, кое присвоило големо богатство од продажбата на нафта, е причината за неговата недостојност за да управува со државата. Доказ за корумпираноста на сегашното кралско семејство е присуството на „неверниците“ на светата муслиманска земја, на луѓето од нафтената индустрија и војниците кои не се муслимани. Единствениот начин да се симне кралското семејство од власта и да се стави крај на едно владеење е само преку светата муслиманска војна џихад. САД и Велика Британија, како најголеми поддржувачи на овој т.н. „невернички“ режим, ќе бидат исто така цел на светата муслиманска војна за ослободување на најсветите муслимански територии од „неверниците“. Една мала но влијателна група исламски фундаменталисти се залага за превземање радикални мерки, вклучувајќи овде напади на воените бази на САД и на сојузниците, како и напад на владини институции во Саудиска Арабија. „За екстремистите една влада е незаконска кога е влада на

[368] http://www.globalsecurity.org/military/facility/udeid.htm

неверници[369] објаснува Џамил Кашоги (Jamal Khashoggi), новинар од Саудиска Арабија. И во моментот кога една влада е прогласена за влада на неверници, тие веруваат дека можат да почнат војна против неа“.[370] Исламската религија и шеријатот се основата на нивното сфаќање и разбирањето на светот. Овие фундаменталистички групи привлекуваат следбеници – поддржувачи на нивните гледишта и идеи од другите муслимански држави ширум светот. Во повеќето случаи незадоволството е од економска природа, но има случаи кога незадоволството е предизвикано и од други фактори во самата држава или во нејзиното опкружување.[371]

По падот на цената на нафтата во 1990 година, се намалиле и приходите од нафта во Саудиска Арабија. За да се справи со таквата состојба, саудиската влада ги намалила социјалните осигурувања на своите граѓани, невработеноста почнала да се зголемува и многу голем дел од младите луѓе ги изгубиле привелегиите што ги имале на располагањедотогаш. Како последица на таквата состојба и забраната на изразување на своето незадоволство на јавни собири, дел од граѓните на Саудиска Арабија почнале да споделуваат крајно радикални и политички идеи. Постоењето и дејствувањето на овие фундаменталистички организации продолжува и денес и покрај напорите на Саудиска Арабија да пронајде соодветен начин за справување со нив на кој било начин. Тешкотиите што ги има саудиската држава за справување со овие групи делумно се должи на нивниот претежно релиогиозен карактер, кој им обезбедува имунитет против проверките од страна на саудиските власти. Исто така, многу битен факт претставува и тоа што овие групи се заштитени од богатите арапски бизнисмени и вишите духовници на Иран, Судан и другите муслимански држави во регионот. Ефикасноста и „успехот“ на овие организации се должи на фактот што помеѓу нив има докажани членови кои учествувале во поранешните војни, пред сè во Авганистан за време на војната со тогашниот Советски Сојуз, но и во војните кои се водат денес во останатиот дел на светот против муслиманите. Мултинационалниот состав на овие организации, нивната финансиска моќ и меѓународните врски со другите терористички организации ги прави исклучително моќни и опасни. Овие мали, непробојни ќелии тешко се откриваат и уништуваат.[372] За да се спречи прераснувањето на овие „мали“ организации и групи во една сериозна закана за режимот на Саудиска Арабија, САД

[369] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 91.
[370] Исто, стр. 91.
[371] Исто, стр. 91.
[372] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

презеле интензивни мерки за заштита на нивниот стратегиски партнер во регионот на Заливот по секоја цена. За таа цел тие презеле мерки и активности за заштита на саудиската држава од деструктивни активности внатре во самата држава. Носечката и главната одговорност за обезбедување внатрешната безбедност и внатрешната стабилност, како и за заштита на кралското семејство ѝ е доверено на националната гарда на Саудиска Арабија (The Saudi Arabian National Guard). Националната гарда на Саудиска Арабија претставувала посебна воена сила. Таа не претставувала дел од саудиските одбранбени сили поради нејзината специфична улога во системот. Улогата на Националната гарда првенствено е за заштита на кралското семејство, но истовремено претставувала и противтежа на редовната саудиска војска. Покрај првостепената функција на заштита на кралското семејство, на националната гарда на Саудиска Арабија ѝ се доверува и една друга важна задача, а тоа е заштита на стратегиските објекти и природните ресурси и заштита на светите муслимански места Мека и Медина. Саудиската Националната гарда располага со 125.000 припадници, од кои 25.000 припадници се под директна команда на кралското семејство. Овие припадници се обучувани од корпорацијата Винел (Vinnell Corporation), составена од воени ветерани, учесници во Виетнамската војна, учесници во Заливската војна и во операциите водени од страна на САД во Заливот. Од самото создавање на оваа вооружена сила, целокупната опрема и обука се обезбедува и изведува од страна на САД. Националната гарда на Саудиска Арабија не поседува тенкови, но за таа цел поседува илјадници оклопни возила, авиони и хеликоптери и сите останати видови воена опрема, вклучувајќи и тешка артирелија. Саудиската Национална гарда е препознатлива по беретките во зелена боја, која претставува традиционална муслиманска боја.[373] Во 1990 година Саудиска Арабија склучи договор за набавка на опрема за потребите на националната гарда во вредност од 3,4 милијарди американски долари. Произведувачите на оружје од САД требало да достават 1.117 оклопни возила V-150, 2.000 TOW противтенковски ракети и 27 хубици М-198, 155 мм. Исто така, во 1993 година Саудиска Арабија потпиша нови два договора за набавка на воена опрема во вредност од 819 и 690 милиони долари. Во 2001 година бил потпишан нов договор за набавка на воена опрема за потребите на саудиската Национална гарда во вредност од 2,2 милијарди долари. Договорот предвидувал набавка на 724 оклопни возила LAV-II 8×8 во десет различни варијанти.

[373] Поопширно види на http://www.sang.gov.sa/

И покрај тоа што главната одговорност за заштита на кралското семејство од внатрешни закани ѝ била доверена на националната гарда на Саудиска Арабија, САД, како и вообичаено, исто така презеле соодветни сопствени мерки за заштита. САД ги подобриле своите разузнавачки сили кои требало да ги откријат водачите на арапските екстремистички организации, а особено тогашниот најбаран терорист Осама Бин Ладен и неговите следбеници. САД со оваа јасно сакаше да покаже дека се спремни да одговорат со целокупниот свој воен арсенал на сите оние што ќе се дрзнат да ги нарушат стратегиските интереси на САД во Саудиска Арабија, а со тоа и во регионот. Оваа своја заложба САД јасно и недвосмислено ја потврдиле во август 1988 година, по терористичките напади на американските амбасади во Кенија и Танзанија, но особено по терористичките напади од 11 септември 2001. Со тврдењето дека организацијата на најбараниот терорист во тоа време Осама Бин Ладен, Ал Каеда, стои зад бомбашките атентати врз амбасадите, САД ги бомбардираа базите за вежбање на терористите во Авганистан и една фабрика за оружје во Судан, за која се претпоставувало дека произведува хемиско оружје. И покрај сите овие воени активности против поддржувачите на Ал Каеда, сепак, не беа убиени високи претставници од оваа терористичка организација или блиски соработници на Осама Бин Ладен, се покажа решителноста на САД за заштита на сопствените национални интереси.

САД се подготвени со свои сопствени сили, да ја заштитат власта во С. Арабија од внатрешен напад. Во 1981 година ова недвосмислено го истакна, тогашниот претседател на САД, Роналд Реган, кој изјавил дека САД нема да толерираат никакви активности кои може да ѝ наштетат на Саудиска Арабија и да дозволат монархијата да биде загрозена на начин како тоа што се случи во Иран пред две години. „Нема да дозволам Саудиска Арабија да ја подели судбината на Иран“ изјави Реган пред Сенатот во Белата куќа.[374] Но, без сомнение, последно нешто би го посакале САД е нивно директно учество во евентуални граѓански немири и избувнување на можна граѓанска војна во случајот со другите држави денес во регионот на Заливот. Но доколку се процени дека ангажирањето на САД е неопходно, тие би учествувале без никакво двоумење. За да не дојде до такво сценарио, кое би било спротивно на интересите на САД, тие своето тежиште го насочија кон јакнење на разузнавачките служби и на рано разоткривање на дејствијата и активностите против кралското семејство и владата во Саудиска Арабија. Но, и покрај спроведените активности и мерки на претпазливост од

[374] Roberts P. “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company ,New York, 2004, p. 144.

страна на САД за да не дојде до влошување на моменталната состојба во кралството Саудиска Арабија, САД се решени по секоја цена да ја заштитат арапската монархија имајќи го предвит фактот за високиот стратегиски интерес на Саудиска Арабија во политиката на САД во регионот на Заливот. Досега САД не покажаа ни малку двоумење во врска со својата политика кон Саудиска Арабија, ниту пак во меѓувреме имаат нешто променето. Напротив, САД денес се уште потесно поврзани со владејачкиот режим во Саудиска Арабија отколку во периодот на Реган во 1981 година.[375] Од сето ова можеме да дојдеме до заклучок дека САД по секоја цена ќе спречат какви било опасности насочени кон владејачкиот режим во Саудиска Арабија, со употреба на целокупниот потенцијал кој им стои на располагање.

Создавањето политички и економски проблеми, постојаните непријателства и несогласувања поврзани со определување на границите (видовме претходно дека границите во регионот на Заливот сѐ уште не се дефинирани, па поединечни земји имаат постојани проблеми околу разграничувањето) исто така може да предизвикаат воено вмешување од страна на САД. Слично како во Саудиска Арабија, политички немири има и во помалите кралства од Заливот. Во секој случај, протестите против политичките елит во државите се една комбинација од религиозно несогласување, економска нестабилност и спротвиставување на присуството на воените сили на САД и на нивните сојузници во земјите од Заливот.

Друг важен фактор што може да ја наруши стабилноста во регионот на Заливот е опасноста од борбата за власт помеѓу наследниците на монархиите. Во Саудиска Арабија не е сосема дефинирано како точно се наследува престолот по смртта на постојниот монарх, крал Фахад. Може да настанат борби за власт помеѓу многуте потомци на Ибн Сауд. Слични несогласувања може да избувнат и во други држави, како Бахреин, Кувајт и ОАЕ.

Од стратегиска гледна точка, САД се најзагрижени за состојбата во Бахреин (види слика 19). Загриженоста на САД за Бахреин е поради една причина: V американска флота. Зоната на одговорност на V американска флота е во реонот на Персискиот Залив.[376] За разлика од своите соседи, Бахреин располага со мали количества гас и нафта и не е во можност да обезбеди пристоен социјален живот на своето население како што е случајот во државите богати со природни ресурси. Во

[375] Roberts P. “The end of Oil”, Houghton Mifflin Company ,New York, 2004, p. 144.
[376] Исто, стр., 145.

последните неколку години животниот стандард на граѓаните во оваа земја се намалил, а невработеноста се зголемила, при што неминовна беше појавата и избувнувањето на антивладини протести и немири на разни групи млади луѓе, повеќето од мнозинската група на Шиитите, кои се посиромашни од малцинството на Сунитите. И покрај фактот што овие протести беа задушени од страна на власта, отпорот против режимот продолжи во главниот град Манама, како и во други градови во земјата.

Слика, 19 Локација на Бахреин на Блискиот Исток




Во денешно време ниту една од бунтовничките сили во Бахреин и останатите царства во Заливот не се доволно силни за да можат да ја преземат власта во свои раце. Меѓутоа, и покрај тоа постојат докази дека во иднина незадоволството ќе се зголемува.[377]

Како што напоменавме претходно во овој труд, не е за потценување избувнувањето на воени конфликти, а со самото тоа и евентуално нарушување на глобалната безбедност да настане како резултат на територијалните разграничувања и несогласувања помеѓу државите во регионот на Заливот. Несогласувањето помеѓу Исламската Република Иран и ОАЕ околу прашањето за островот Абу Муса и островите Тунаб не се единствениот сериозен територијален спор во регионот. Неколку други такви спорови се појавија во врска со разграничувањето или сопственоста на други вредни територии.

Саудиска Арабија и Катар неколку пати беа во судир околу прашањето за текот на нивната граница. И покрај напорите Египет да биде посредник во решавањето на овие несогласувања, спорот остана нерешен до ден-денес.

[377] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

Катар исто така влезе во спор со Бахреин, во овој случај спорот беше за островите Хавар, (Hawar Islands) песочни острови од другата страна на западното крајбрежје на Катар во сопственост на Бахреин. Тие се наоѓаат на западниот брег на Катар во Заливот на Бахреин на Персискиот Залив. И покрај тоа што на прв поглед овој спор изгледа незначаен, тој е од посебно значење затоа што се смета дека овие територии кријат големи резерви на нафта и природен гас и се една од причините за несогласувањето помеѓу овие држави.

Но, во поседедно време на повидок е четвртото можно сценарио кое ги загрижува стратезите на САД, а кое е директно поврзано со стабилноста на регионот на Персискиот Залив - формирањето на Исламската држава на Ирак и Левант или Исламската Држава. ИСИЛ или ИД првобитно беше формирана како милитантна фундаменталистичка група од страна на Сунитите кон крајот на 2004 година во Ирак и учествуваа во бројни терористички акции против американските и други сили на Западот. Во текот на наредните години ИСИЛ беше активен во борбата против ирачките шиитски паравоени формации, а по американското повлекување од Ирак, и против ирачката влада. Активностите на ИСИЛ до 2012 година беа значително намалени сѐ до избивањето на Граѓанската војна во Сирија. По избивањето на Граѓанската војна во Сирија, ИСИЛ ја користи шансата и своите активности ги проширува кон западниот дел од Ирак и склучува сојузи со други исламистички групи од Сирија. Во 2012 год. е освоен градот Ал-Рака, кој претставуваше прв поголем град под контрола на сириските бунтовници, но и седиште на ИСИЛ. Во јуни 2014 година ИСИЛ презеде голема офанзива во Ирак, при што беа освоени градовите Мосул, трет по големина град во Ирак, и градот Тикрит, како и други бројни стратегиски градови во северниот и во централниот дел на Ирак. До крајот на јуни истита година, Ирак ја загуби контрлата на границата со Јордан и Сирија. На 29 јуни 2014 година, на дел од територијата на Ирак и Сирија ИСИЛ прогласи калифат, а Абур Баки Ел Багдади е прогласен за калиф. Исламската држава Ирак и Левант е преименувана во Исламска Држава. На 23 септември американските вооружени сили, заедно со своите арапски сојузници, Бахреин, Јордан, Саудиска Арабија, Катар и Обединетите Арапски Емирати, извршија воздушни напади над Исламската Држава. На повидок е избувнување на нов вооружен конфликт, кој е тесно поврзан со распределбата и поседувањето на природните ресурси, во овој случај нафтата, како и повторна нестабилност во регионот на Персискиот Залив.

Освен регионот на Персискиот Залив, кој претставува темпирана бомба и постојана закана за глобалната безбедност, во иднина не е исклучена можноста од избувнување на воени конфликти и интервенции од страна на големите сили и во Каспискиот регион и Јужнокинеското Море. Слично како и во регионот на Персискиот Залив, и овде државите се оптоварени со меѓусебни нерешени прашања што ги компликуваат нивните меѓусебни односи. Пет држави во каспискиот басен пет, Азербејџан, Иран, Казахстан, Русија и Туркменистан, веќе подолго време континуирано си ги оспоруваат поморските граници едни на други.

Слика 20 Местоположба на Каспиското Море,




Слика 21, Нафтоводи во Каспискиот регион.




Иста таква состојба на постојани тензии има и во Јужното Кинеско море. Овде седум држави, Брунеј, Кина, Индонезија, Малезија, Филипини, Тајван, и Виетнам, повеќе или помалку се вовлечени во идентични меѓусебни конфликти и спорови.

Сл. 22 Јужно Кинеско море



Избувнувањето на едно посериозно насилство во кое се вмешани виталните интереси на многу нации и држави, може да предизвика воена интервенција од страна на САД и на другите држави-сојузнички на САД, увозници на нафта. Конфликтот од

овој вид и евентуалната вооружена интервенција може да ескалира и во голема мера да ги загрози регионалниот и светскиот мир и безбедност. На глобалната сцена во иднина ќе бидеме сведоци на сè повеќе и повеќе конфликти чијшто суштински мотив ќе биде нафтата и нејзиниот безбеден транспорт до крајните корисници.[378]

[378] Котовчески М., „Војни за ресурси - неизбежните геогравски ограничувања генератори на нови конфликти и нестабилност“, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2008 год., стр., 7.

## VI ДЕЛ

### *ВОДАТА КАКО ПРИЧИНА ЗА КОНФЛИКТИ*

Ајнштајн еднаш рекол: „Би сакал да знам што мислел Бог, преостанатото се само детали. Но јас би сакал да дознаам како го создал светот“.[379] Водата е почеток на сè. Во извесна смисла може да кажеме дека сè потекнува од водата и во неа се задржува сè.

Вкупната количина вода на нашата планета е непроменлива. Само еднаш во геолошката историја на Земјата постоеле, односно биле создадени поволни природни услови за создавање на сегашните количини вода. Водата во сегашните услови не може да се создаде, но исто така не може ни да се уништи како материја. Таа ја менува само формата на постоење. Водата е една од најдинамичните материи на нашата планета.[380] Од сета вода на нашата планета, помалку од 1% е пивка вода. Оваа резерва вода е непроменета во целиот тек на историјата на човештвото, иако бројот на населението континуирано се зголемувал. Светот досега не видел толку луѓе на планетата Земја колку во денешно време (7,122 милијарди во 2014 год.), но би имало доволно вода за сите кога не би постоел насилниот напад на човечката цивилизација. Да погледнеме и да замислиме како би било кога би немало вода, на пример, таа да исчезне длабоко во земјата. Кој ќе ни даде вода која слободно извира од земјата и истата ни е лесно достапна.[381] Во денешно време, водата за пиење не е достапна за повеќе од милијарда луѓе. Повеќе од 5 милиони луѓе, од кои половина се деца, умираат поради недостиг на чиста вода за пиење секоја година, односно десет пати повеќе отколку оние што секоја година гинат во војните водени низ светот. Ако овој проблем и понатаму остане нерешен и човекот не му посвети доволно внимание, водата неминовно ќе стане извор на меѓународни конфликти во XXI век. Сега веќе водата постепено го добива својот статус на неопходен ресурс кој земјите почнуваат посериозно да го разбираат и сфаќаат, и околу кој се води политичкиот дијалог.

Како што можеме да забележиме, многу се зборува и се пишува за претстојната нафтена криза, затоа што се трошат нејзините резерви. Меѓутоа мислам дека е многу поважно да се грижиме за водата за да не западнеме во криза за вода. Според податоците на ООН, околу 10 милиони тони нафта се излеваат во океаните. Покрај

[379] Говор на Robert Klima, professor of the institute of nuclear physics, Vienna Austria.
[380] Змејковски М., „Човекот, водата и животната средина“, Графомак - Кичево, Скопје, 2002, стр. 26.
[381] Види повеќе, Kurt Wüthrich, (2002). Nobel Prize in Chemistry.

атлантскиот брег на САД се закопани 90.000 контејнери со радиоактивен отпад, кој зрачи со сила од 100 КЦИ, додека на европската страна зрачењето изнесува 500 КЦИ. Крајбрежните земји исфрлаат индустриски градежен и радиоактивен отпад во океаните. Фрлени во водата, некои од штетните материи се раствораат и го менуваат квалитетот на водата, но и нејзината меморија. Океаните сè уште се способни да ја избришат оваа негативна меморија поради нивната соленост. Но и покрај тоа присутно е дејството на растворање. „За оваа проблематика треба да се истражува и да се проучува, затоа што понекогаш поради високото ниво на растворање меморијата на водата може да има уште поголемо влијание врз штетните материи. Така се создава ниво на растворање со висока концентрација. Мора да се обрне внимание на ова“.[382]

Претходната година температурата на длабоката студена вода под Голфската струја паднала за $1^0$C. Во изминатите девет години брзината на топење на гренландските санти е тројно зголемена. Во изминатите триесет години разорната моќ на ураганите се зголемила двојно. Бројот на природните катастрофи се зголемува. Од 1973 до 1982 година во светот се случиле 1.500 природни катастрофи. Од 1983 до 1992 година имало 3.500 катастрофи. Овој број на природни катастрофи од 1993 до 2000 година се зголемил на 6.000 катастрофи. Приближно 230.000 луѓе умреле или исчезнале во декември во 2004 година за време на цунами во југозападна Азија, а 500.000 луѓе останале без покрив над главата. Во октомвриските поплави во Европа во 2005 година 200.000 луѓе останале без своите домови. Над 1.300 луѓе загинале при ураганот Катрина во август истата година, а еден милион луѓе останале без своите домови. Речиси 4 милиони луѓе загинале во природните катастрофи во текот на претходните 30 години, додека 4,5 милијарди биле погодени од овие катастрофи. Сета оваа состојба е настаната како резултат на негрижата на човекот за животната средина и може битно да влијае на нарушувањето на глобалната безбедност.

Секако, еден од битните фактори кој не е за занемарување зашто има значително влијание во предизвикувањето идни воени конфликти, а со самото тоа и нарушување на глобалната безбедност, е неправилната распределба на водните ресурси на планетата Земја. Во одделни делови на Земјата постојат големи вишоци вода, додека во многу други делови се јавува голем недостиг на вода. Прилично мал е бројот на региони во светот каде што количеството вода е избалансирано. Иако вкупното количество вода на Земјата, како што спомнавме претходно, е непроменливо, бројот на

[382] Види повеќе, V. Kaznacheev, member of the Russian Medical Academy, Nowosibirsk, Russia

потрошувачите и потрошувачката на вода секоја година постојано се зголемува. Според податоците на Светската здравствена организација, околу 80% од сите болести на светот потекнуваат од употребата на неисправна и нехигиенска вода. Во 1900 година потребите за вода на целокупното светско население изнесувале приближно 21,6 км$^3$ пивка вода, додека во 2000 година таа количина ќе достигне до 438 км$^3$, што претставува зголемување за повеќе од 20 пати. Од овие податоци се забележува дека потрушувачката на вода секоја година се зголемува сѐ повеќе и повеќе.[383] Американската централна разузнавачка агенција ЦИА, ревизорската куќа „Прајсвотерхаус“ и британското Министерство за одбрана го отворија прашањето за идните „војни за води“. Поради намалувањето на резервите на вода на Блискиот Исток, Азија и во супсахарска Африка, сѐ поверојатни се конфликтите помеѓу државите водени поради вода. Од овде се поставува прашањето: дали се соочуваме со ера на „војни водени за вода“, во која реките, езерата и подземните водотеци ќе станат безбедносни национални прашања за кои ќе се грижат армиите? И дали водата може да поттикне мир и соработка?[384]

Со оглед на настаните од минатото, тешко е да не им се придружиме на песимистите, кои војната за вода не ја гледаат како иден проблем туку како сурова реалност. Доколку го разгледаме конфликтот во Либан и уништувањето на каналите за наводнување при израелското бомбардирање, кои носат вода од реката Литани до земјоделските површини во приморските рамнини и делови од долината Бека, ќе забележиме дека уништувањето на водоснабдувачкиот систем го доведе во прашање опстанокот на илјадници жители.[385] Примерот со системот за наводнување на реката Литани не е единствен. Случајот во Шри Ланка кога Тамилските тигри одбија да ги отворат браните за снабдување со вода на каналите за наводнување, кои обезбедуваат вода за полињата со ориз, предизвика вистински вооружен судир, при што беа убиени 17-мина земјоделци.[386] Без сомнение, конфликтите околу водните ресурси зависат од локалните фактори, но нивната зачестеност ни дава на знаење дека не можеме да ги третираме како изолирани настани.

---

[383] Змејковски, М., „Човекот, водата и животната средина“, Графомак - Кичево, 2002 год., стр., 27.
[384] Воткинс, К., Бернтел, А. (2007). Како да се избегне војна за вода. (Кевин Воткинс е директор на Канцеларијата за развој на човештвото во програмата за развој на ОН, а Андер Бернтел е извршен директор во Меѓународниот институт за вода во Стокхлом).
[385] Исто.
[386] Исто.

Согледувајќи ја важноста на водата како витален стратегиски ресурс од кој ќе зависи опстанокот на една држава или цивилизација можеме да дојдеме до заклучок дека конфликтите помеѓу државите за контролирање на овој многу важен ресурс може да избувнат и поради разместеноста на еден конкретен извор, кој зафаќа делови од територијата на неколку одделни држави. Такви случаи кога водните ресурси се поделени помеѓу повеќе држави постојат многу. За анализа на оваа состојба, како пример можеме да ги земеме реките во регионот на Блискиот Исток, како Нил, Меконг и Еуфрат. Реката Нил поминува низ девет држави, реката Меконг поминува низ пет држави, додека реката Еуфрат поминува низ три држави. Државите кои се наоѓаат на просторот во горното течение на овие реки секогаш се во позиција да го контролираат водниот тек за сметка на државите кои се наоѓаат во долното течение. Избувнување на вооружени конфликти во овој случај може да настане кога државите кои се лоцирани по горното течение од реката за свои потреби присвојуваат поголема количина од водните ресурси за сметка на државите кои се наоѓаат по долното течение на реките.

Денес, во почетокот на XXI век, конфликтите за вода претставуваат постојана закана за војна. Во еден поширок регион кој се простира од Северна Африка до Блискиот Исток и Јужна Азија, побарувачката за вода со молскавична брзина ги надминува постојните резерви. Клучните водни извори во овие региони припаѓаат на две или повеќе држави, кои во повеќето случаи немаат спогодба за начинот на распределување на постојните резерви. Таквата опасност е особено голема во регионите со малку врнежи каде што неколку држави своите потреби за вода ги задоволуваат од еден единствен извор на вода. Такви се регионите околу реките Нил, Јордан, Еуфрат, и други. Ако во блиска иднина не се најдат начини за намалување на потрошувачката на вода по глава на жител во овие региони, секое зголемување на потрошувачката на вода од населението на една држава ќе доведе до намалување на водните резерви за останатите држави, што пак, може да предизвика несогласување и појава на конфликти кои може да продуцираат војна.

Многу други фактори во иднина може да придонесат за избувнување на конфликти поврзани со водоснабдувањето. Со зголемувањето на бројот на светското население се зголемуваат и потребите за вода за секојдневна употреба и за производство на храна. За проблемот да се продлабочи уште повеќе, демографскиот бум, односно зголемувањето бројот на населението е концентрирано токму во овие региони каде што резервите на вода веќе не се доволни за задоволување на потребите

на населението. Појава на ваков вид проблеми имаме во Северна Африка, Средниот Исток и во јужна Азија. Брзиот економски развој на овие региони, како и сè поголемата потрошувачка на вода во индустријата доведоа до зголемена потреба за вода. Во иднина конфликтите за поделба на водните ресурси ќе бидат сè понеизвесни, а секоја употреба на воена сила од една или од друга страна инволвирана во конфликтот ќе води кон тешки последици.[387]

На прв поглед водата може да изгледа како малку веројатен извор на конфликти и несогласувања помеѓу државите. Несогласувањето околу овој природен ресурс ја карактеризира целата историја на човештвото. Но дали е тоа така? Во светот многу се зборува за нафтената криза имајќи го предвид фактот што резервите од овој ресурс се трошат многу бргу. Мислам дека многу поважно е светската цивилизација да се грижи за водата за да не западнеме во криза, бидејќи по тоа нема враќање. Проучувајќи ги конфликтите назад во историјата, во Стариот Завет се зборува за неможноста на Израелците да дојдат до Ветената земја и до плодородните долини на реката Јордан, без притоа да го прогонат населението што живеело на овие простори. „Оди во земјата кај што тече мед и млеко“ му рекол Господ на Мојсеј, исправувајќи се во Синајската Пустина и ќе спроведам пред тебе еден ангел, и ќе ги прокудам Хананејците, Аморејците, Хетејците, Ферзејците, Евејците и Невусејците“.[388] Подоцна како наследник на Мојсеј, Исус Навин (Joshua) ги преведува дванаесетте племиња на Израел преку реката Јордан, Господ му наредува да го погуби населението на Јерихон и останатите во областа. По многубројните битки, Израелците успеваат да ја заземат, а со тоа и да завладеат со целата област.

Како што напоменавме претходно во трудот, во историјата на светската цивилизација постоеле многу војни коишто се водени за вода. За да преживеат, разните цивилизации низ вековите, граделе сложени системи на канали за водоснабдување кои честопати биле објект на напад за време на војна. Кога Сенхериб Асириски го напаѓа Вавилон во 689 година пред Христта како одмазда за смрта на својот син, тој го руши водоснабдувачкиот систем на градот и ја насочува водата кон центарот на градот при што целосно го разрушува и опустошува. Историјата на човештвото досега многу пати покажала дека растот и падот на една цивилизација зависел од тоа колку таа

[387] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[388] (изв. 33:1-3)

цивилизација успеала или не успеала да ги искористи водните ресурси.[389] Исто така, досегашните искуства покажуваат дека политичките елити на државите кои се зафатиле да ги решаваат вистинските проблеми, кои биле поврзани со водата, во најголем број од случаите ја добивале поддршката на својот народ. Денес во светот тешко може да се најде земја што во целост ги има решено сите проблеми поврзани со водата. Со зголемувањето на бројот на населението се зголемува и проблемот поврзан со овој многу важен ресурс кој „живот значи“. И во поновата светска историја конфликтите за вода и понатаму продолжуваат. Еден од клучните моменти во историјата на Велика Британија е 1885 година, кога генералот Чарлс Гордон (Charles George Gordon) и неговата војска се поразени од група судански следбеници на Мохамед Ахмад (Muhammad Ahmad bin Abd Allah) во близината Хартум (Khartoum). Овој град имал стратегиска важност бидејќи овде се составуваат двата ракави на реката Нил. Триесет години подоцна била избегната војна помеѓу Велика Британија и Франција поради друга исто така стратегиска позиција на реката Нил, кој се наоѓа во градот Фошода (Fashoda) во Јужен Судан.[390]

Конфликтите за војна не престануваат и во XX век. Арапско-израелската војна од 1967 година во голема мера е предизвикана од борбата за контрола на притоките на реката Јордан. Регионот на Блискиот Исток и Персискиот Залив и понатаму остануваат нестабилни но овој пат нестабилноста е поврзана со еден друг исто така важен ресурс кој живот значи - водата. Во управувањето со водните ресурси Сирија се соочува со бројни предизвици, и тоа:

- Сите големи реки во земјата се делат со соседните земји. Сирија зависи во голема мера од приливот на вода од Турција преку реката Еуфрат и нејзините притоки.
- Високиот пораст на населението и урбанизацијата го зголеми и онака големиот притисок врз водните ресурси.
- Не постои правна рамка за интегрирано управување со водните ресурси.

Институциите задолжени за управување со водните ресурси се многу слаби и високо централизирани, па често им недостасува моќ за да ги спроведат прописите. Политиките поврзани околу водните ресурси се фокусирани на изградба на брани и развој на современото земјоделство. Во Сирија постојат 165 брани со вкупен капацитет

[389] Colins O, “The Waters of the Nil”, Princeton, Marcus Wiener, 1996, p. 49-63.
[390] Исто.

на складирање од 19,6 км$^3$.  Сириската влада спроведува голема програма за изградба на пречистителни станици, вклучувајќи и повторна употреба на веќе прочистена отпадна вода за наводнување за потребите на земјоделството. Во 1975 година е избегнат воен судир помеѓу Ирак и Сирија бидејќи Сирија започнала да го полни вештачкото езеро Асад (Assad), при што драстично го намалува протокот на водата на реката Еуфрат во Ирак. Со посредство на Саудиска Арабија, Сирија попуштила пред притисокот на Ирак и од езерото Асад пуштила поголема количина вода за потребите на Ирак. Несогласувањето било ублажено, а избувнувањето на војна беше избегнато. Како резултат на ова несогласување, подоцна Сирија и Ирак потпишале спогодба, со која 50% од водите на реката Еуфрат да ги препушти на Ирак. Езерото Асад претставува вештачка брана изградена на реката Еуфрат во провинцијата Ар-Ракках (Ar-Raqqah) во Сирија. Провинцијата Ar-Raqqah е една од четиринаесетте провинции во Сирија. Таа се наоѓа во северниот дел на земјата и зафаќа површина од 19.616 km$^2$. Оваа провинција брои население од околу 921.000. Главен град е градот Ар-Raqqah. Езерото Асад е создадено во 1974 година, кога браната Tabqa била затворена. Езерото Асад е најголемо езеро на Сирија, со максимален капацитет од 11,7 км$^3$ (2,8 кубни милји) и максимална површина од 610 км$^2$. Провинцијата Ар Raqqah е испреплетена со голема мрежа на канали за наводнување кои користат вода од езеро Асад за наводнување на земјоделското земјиште од двете страни на реката Еуфрат. Освен за наводнување на земјоделските површини, езерото обезбедува вода за пиење за градот Алепо (Aleppo).[391]

Во 1989 година Ирак и Сирија потпишаа нов договор за споделување на водните ресурси според кој максимум 42% (210 m$^3$/s) од површинските води на реката Еуфрат доделени од страна на Турција припаѓаат на Ирак. Во 1990 година Турција го запира текот на реката Еуфрат за да наполни една од своите брани, при што на повидок беше избувнување на нова криза. Слични такви кризи се создаваат и во други делови на светот.

Сè уште не постои конечен договор во врска со распределбата на водните ресурси на реките Еуфрат и Тигар. Во 2005 година група научници и пензионирани функционери од Сирија, Ирак и Турција, со цел да не дојде до можни идни несогласувања во врска со распределбата на водните ресурси на овие реки, иницираат

[391] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

средба помеѓу овие три држави, позната како „Еуфрат-Тигар иницијатива за соработка“. Целта на оваа иницијатива е да се промовира соработка помеѓу трите земји насочена кон разрешување на проблемите поврзани со водата. Во март 2008 година овие три земји формираа заеднички институт наречен „Институт за вода“ со седиште во Турција. Овој Институт за вода има за цел да работи во насока на решавање на проблемите поврзани со распределбата на водните ресурси помеѓу трите земји. Но денес, 6 години по формирањето на заедничкиот Институт, состојбата е значително влошена. Граѓанската војна која ја зафати Сирија во голема мера ја компликува и онака сложената состојба во овој дел од светот. Сириските владини трупи и милитантите на Исламската Држава водат „војна за вода“ заради контрола на ограничените ресурси на вода во земјата. Една од причините за недостигот на вода е осумгодишниот период на суша во Сирија, како и претераното користење на водата од езерото заради производство на електрична енергија. Под контрола на Исламската Држава, водата во езерото Асад се намали за рекордни 6 метри под минималниот водостој. Доколку водата се намали за уште 3 метри, ќе престане да работи водоснабдувачкиот систем кој со вода за пиење и наводнување снабдува 5 милиони граѓани. Ова дополнително ја усложнува и веќе онака сложената состојба и би довело до хуманитарна катастрофа со несогледливи последици по регионот.

Промената на климата на глобално ниво уште повеќе ја усложнува веќе сложената состојбата во овој дел од светот. Зголемувањето на концентрацијата на јаглероден диоксид во атмосферата ќе доведе до покачување на средните температури на глобално ниво, а со тоа и промена на врнежите на многу места во светот. Како резултат на оваа промена може да дојде до зголемување на врнежите во некои региони и нивно намалување во други региони.

Слика. 23 Зголемување на температурата на Земјата во последните 120 год. [392]




[392] http://www.nmsea.org/Curriculum/Primer/Global_Warming/fossil_fuels_and_global_warming.htm

Научниците сè уште не можат со сигурност да докажат кои региони ќе бидат погодени, но многумина веруваат дека во голем број од топлите континентални области, како североисточна Африка (каде што тече реката Нил) и југозападна Азија (каде што течат реките Тигар и Еуфрат), резервите на вода ќе бидат намалени уште повеќе. Недостигот на вода во овие области не значи дека веднаш ќе дојде до избувнување на вооружени конфликти, а со тоа и до дестабилизација на безбедноста генерално, но веројатноста за избувнување вооружени конфликти е мног голема. Во регионите каде што државите имаат добри односи и своите несогласувања околу водните ресурси ги решаваат на еден традиционално мирен начин, преку преговори, различните ставови по однос за распределбата на водните ресурси може да ги решат без употреба на сила. Едни од најстарите спорови за овие ресурси се појавуваат во регионите каде што државите немаат традиционално добри односи и каде што различните ставови по однос на водните и другите ресурси веќе биле причина за избувнување вооружени конфликти во минатото. Во овие области или региони евентуалниот иден недостиг на вода би можел многу лесно да предизвика ескалирање на непријателствата, како и зголемена опасност од појава на војна, особено ако една од државите во конфликтот претпоставува дека другата страна присвојува повеќе од резервите на вода.[393] Во регионите каде што резервите на вода се ограничени државите сметаат дека борбата за контрола на природните ресурси е целосно оправдана, гледано од аспект на националната безбедност, односно дека „целта ги оправдува средствата“. Обично државите го избегнуваат користењето сила при разрешувањето на меѓусебните конфликти, освен кога не се во прашање природни ресурси што се од витално значење за државните интереси. Во регионите како Европа и Северна Америка, каде што има доволно водни ресурси, избувнувањето на такви конфликти е малку веројатно. Меѓутоа, во регионите каде што количеството вода е недоволно за задоволување на основните потреби на населението, водата е високо во агендата на националната безбедност на државата.[394]

Во регионите со ограничени ресурси на вода, војувањето и чувањето на водните резерви се смета за приоритетна задача на државата.[395] Развојот и напредокот на првите вистински држави, Египет, Месопотамија и Кина, биле многу тесно поврзани

---

[393] Клер Т. М, “Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год.

[394] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

[395] Според бившиот премиер на Израел Моше Шарет (Moshe Sharett), водата не е луксус, водата е самиот живот.

со изградбата и развивањето на канали и водоснабдувачки системи од страна на тогашните владетели, фараони, кралеви и императори. Во поново време, градењето брани и водоснабдувачки системи се смета за приоритетна и основна функција на државата. Областите во кои државите се принудени да се борат за пристап до резерви на вода, по природа се многу нестабилни. Состојбата станува уште посложена доколку имаме демографски бум на населението и тоа постојано се зголемува, а потрошувачката на вода по глава на жител се намалува. Намалувањето на резервите на пивка водата и зголемувањето на бројот на светското население во иднина несомнено ќе придонесат за појава на вооружени конфликти кои ќе бидат поврзани со зголемената потреба за вода. Според Клаус Т., претседател на УНЕСКО, во блиска иднина неизбежна е појавата на воени конфликти поврзани со водата. „Во блиска иднина најжестоките војни ќе бидат водени не толку за земја или за нафта туку за вода“.[396] Ова мислење го дели и бившиот премиер на Израел, Ицак Рабин (Yitzhak Rabin), кој истакнува дека дури и да се решат сите истакнати проблеми на Средниот Исток, а не се најде соодветно решение за проблемот со водата, мирот во тој регион би бил практично невозможен.[397]

За да можеме во целост да ја разбереме оваа опасност потребно е да ја проучиме динамиката на глобалната употреба на водата, резервите и потребите за вода, како и распределувањето на постојните резерви на овој природен ресурс. Ако ја гледаме водата како природен ресурс, ќе откриеме дека помеѓу водата и нафтата постојат големи сличности. Таа е од животно значење за многу човечки дејности, а нејзините резерви се трошат. Постојаното зголемување на бројот на населението, како и растечката благосостојба, ја зголемуваат потребата од нафта и од вода, при што секојдневно се приближуваме до недостиг на вода за секојдневна употреба на светско. Како што споменавме претходно, важните извори на вода и нафта често се распоредени во граничните региони, каде што може многу лесно да дојде до избувнување на вооружени конфликти кои подоцна може да прераснат во отворени непријателства и избувнување војна помеѓу соседните држави, а сето ова да придонесе и за нарушување на глобалната безбедност. Според анализата што ја има изработено Центарот за човекови населби при ООН, многу делови во светот се соочени со недостиг на вода и беа соочени со можна опасност до 2010 година да останат без вода

---

[396] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 163 - 166.
[397] Исто, стр. 163 – 166.

и да западнат во криза што може да се претвори во вооружени судири и во војни. Ако човештвото не преземе некои посериозни мерки за подобрување на снабдувањето со вода, светот ќе западне во водна криза со несогледливи последици за светскиот мир. „Додека војните досега главно се водеа поради нафтата, денес сме цврсто убедени дека повеќето судири во XXI век ќе избувнат поради водата“, изјави претставник на ООН.[398] Денес во 80 земји во светот нема доволно вода, а речиси 40% од светското население секојдневно мора да се снаоѓа и да троши многу од своето време за да ги задоволи основните потреби за вода. Овој недостиг на вода претставува сериозна закана по здравјето на луѓето, индустријата и за земјоделството.

Водата значи живот и претставува неопходна потреба на луѓето за пиење, капење, санитарни потреби, како и за производство на храна. Според извршените истражувања, минималната количина вода којашто е потребна на еден човек за да преживее и да функционира беспрекорно е помеѓу 100 и 200 литри на ден или 36 до 72 м$^3$ годишно. Меѓутоа, тоа претставува само дел од општата потреба за вода. Водата е потребна во земјоделството, индустријата и енергетиката. Од овде можеме да дојдеме до заклучок дека минималната потреба за вода по глава на жител изнесува 1.000 м$^3$ годишно. Најмногу вода човекот користи (ако ја исклучиме водата за задоволување на основните човекови потреби) за наводнување на основните земјоделски култури. Вештачкото наводнување дава можност за наводнување на земјоделските култури во региони со малку врнежи (како голем дел од Северна Африка, југозападна Азија и американскиот Југозапад), но овозможува и добивка на две годишни реколти во места со умерена клима. Користењето на вештачкото наводнување во последните педесет години доведе до огромен прогрес во прехранбената индустрија, што од своја страна овозможи постојано зголемување на бројот на населението на Земјата. Секое понатамошно зголемување на бројот на населението аналогно ќе доведе и до сериозно зголемување на потребата за вода. Секоја година на Земјата се раѓаат од 80 до 100 милиони луѓе. Бројот на жители на Земјата се зголемува двапати, според сегашните услови, на секои 50 до 55 години, додека потрошувачката на вода се зголемува двапати на секои 25 години. Потрошувачката на вода во големите градови во текот на овој век се зголемила за повеќе од 100 пати. Современите градови денес дневно трошат од 500 до 1.000 литри вода по човек. Потребите за вода во индустријата се многу големи, со

[398] Змејковски М., „Човекот, водата и животната средина“, Графомак - Кичево, 2002 год., стр., 28/29.

понатамошна тенденција на зголемување.[399] Според прогнозите, во 2020 година светската популација би броела 8.000.000.000, луѓе при што ќе бидат потребни и дополнителни количини вода. Но дали нашата планета Земја располага со овие дополнителни количини вода? И покрај фактот што околу 70% од Земјината површина е покриена со солена вода, слатководните резерви се ограничени. Тие претставуваат помалку од 3% од сите водни резерви на Земјата, од кои 2/3 се ледници и поларен лед, а голем дел од останатите води се наоѓаат во почвата и во слоевите на Земјата. Со други зборови ова значи дека помалку од 1% од слатководните резерви и едвај 0,01% од сите водни резерви се достапни за луѓето. Овој мал дел од резервите достигнува до Земјата преку врнежи. Секоја година на Земјата паѓаат околу 110.000 км$^3$ слатка вода во форма на дождови и снег. Околу 2/3 од оваа количина или околу 70.000 км$^3$ се враќа обратно во атмосферата, преку испарување. Ова значи дека остануваат околу 40.000 км$^3$ истечни води, кои се враќаат кон океаните во форма на реки, потоци и подземни води. Секоја година околу половина од овие истечни води се губат поради наводнување, а останатите слатководни резерви, околу 12.500 км$^3$ годишно, претставуваат количество вода достапно на луѓето за пиење и за други основни потреби. Ако овие 12.500 км$^3$ слатководни резерви хипотетички би биле распоредени рамномерно, тие би биле и повеќе од доволни за задоволување на основните потреби на човештвото. Според некои научни пресметки, во моментот се користат околу половина од сите откриени резерви. Меѓутоа, со секој демографски бум количеството вода достапно по глава на жител се намалува. Освен тоа, колку побогати и поразвиени стануваат општествата толку повеќе вода користат. Ова се должи на сѐ поширокото распространување на разните апарати во домаќинството на кои им е потребна вода. Исто така, сѐ поголемата консумација месо создава потреба и од поголемо производство на зрнести култури, а со самото тоа на истите им е потребно повеќе вода. Постојат и други безброј такви други примери кои водат кон неминовно зголемување на потребите за вода на населението.[400]

Како што споменавме претходно во трудот, во периодот помеѓу 1950 година и 1990 година населението на Земјата се зголемило двојно, а потребата за вода се зголемила за 300%. Ако овој однос се зачува, наскоро ќе почнеме да употребуваме 100% од постојните светски резерви на вода. Евентуалното зголемување на

[399] Змејковски М., „Човекот, водата и животната средина“, Графомак - Кичево, 2002 год., стр., 28/29.
[400]http://www.academia.edu/2078323/The_Legal_Response_to_International_Water_Conflicts_The_UN_Water courses_Convention_and_Beyond

количествотосолена морска вода или пречистувањето на отпадните води би можело значително да ги зголеми овие резерви, но технологијата којашто е достапна денес и процесите со коишто се изведува ова, во моментот се многу скапи и економски неиздржливи за да се реши проблемот во блиска иднина. Ако резервите на вода, хипотетички, беа рамномерно распоредени, недостигот на вода ќе се чувствуваше најверојатно по две или три децении. Но, како што напоменавме, водата не е распределена рамномерно, некои области имаат среќа да располагаат со исклучително богати резерви, додека други се принудени да се справуваат со значително помали количини. На пример, водите на Амазонија сочинуваат околу 16% од годишното количество на светските истечни води. За разлика од оваа област, сувите и полусувите области на Земјата, кои сочинуваат околу 40%, и каде што живеат околу 1/5 од светското население на Земјата, едвај добиваат 2% од водните резерви. Поради оваа нерамномерност при распределбата на водните резерви, некои области во светот веќе се исправени пред сериозен недостиг на вода. Се проценува дека многу делови од светот во XXI век ќе се соочат со криза поради недостиг на вода, којашто би можела да претставува движечка сила за избувнување на идни воени конфликти и избувнување на војни. Само за илустрација, најмалку 1,7 милиони Британци пијат вода што ги надминува законските ограничувања на ЕУ. Во Унгарија, област во која живеат околу 300.000 жители, во околу 700 населби вода им се доставува со цевки од околните места или им се носи со цистерни бидејќи нивните бунари се премногу загадени со нитрити. Нитритите од вештачките ѓубрива кои се користат во земјоделството се инфилтрираат во подземните води и ги загадуваат. Едно истражување од 1984 година што го спроведе американската Агенција за заштита на животната средина покажа дека од вкупно 124.000 испитани бунари, 24.000 имале зголемено ниво на нитрити, а 8.000 биле загадени над дозволеното ниво пропишано со соодветна законска регулатива. Речиси 300 извори на вода во Велика Британија се контаминирани со пестициди над дозволените граници, а близу 50 милиони американски граѓани пијат вода загадена со пестициди. Според некои статистички податоци, помеѓу 400.000 и 2.000.000 луѓе секоја година страдаат од акутно труење со пестициди.[401] Според статистичките податоци, 20% од населението во Унгарија нема здрава вода за пиење, додека околу 3 милиони жители на оваа европска земја се соочуваат со голем недостиг на вода за пиење.

[401] Змејковски М., „Човекот, водата и животната средина“, Графомак - Кичево, 2002 год., стр. 30.

Појавата на сериозен недостиг на вода е најочигледна во регионот на Средниот Исток и во југозападна Азија. Според истражувањата, средното годишно количество на истечни води во овие области во 1995 година изнесувало околу 1.250 м$^3$ или количество за задоволувањето на основните човекови потреби. Единаесет држави од овој регион (Алжир, Египет, Израел, Јордан, Либија, Мароко, Саудиска Арабија, Сирија, Тунис, ОАЕ и Јемен) располагаат со годишни водни резерви од околу 1.000 м$^3$ а можеби и помалку по глава на жител, што претставува просек под минималното ниво за нормално функционирање.

Во табела 8 ќе го видиме постојното количество вода по глава на жител во одредени држави во Северна Африка, Средниот Исток и во југозападна Азија.

Табела 8, Постојното количество вода по глава на жител изразена во м$^3$ по човек на годишно ниво[402].

| **Држава** | **1990 година, м$^3$ год.** | **2025 година, м$^3$ год.** |
|---|---|---|
| **Алжир** | 750 | 380 |
| **Либија** | 160 | 60 |
| **Египет** | 1.070 | 620 |
| **Мароко** | 1.200 | 680 |
| **Тунис** | 530 | 330 |
| **Израел** | 470 | 310 |
| **Јордан** | 260 | 80 |
| **Иран** | 2.080 | 960 |
| **Либан** | 1.600 | 960 |
| **Јемен** | 240 | 80 |
| **Саудиска Арабија** | 160 | 50 |
| **Оман** | 1.330 | 470 |
| **Бурунди** | 660 | 280 |

402 Извор: Питер Х Кенија. Глајк, „Вода и конфликт“ Меѓународна безбедност, 1993 с, 101. Изменета помеѓу 1990 Либани 2025 год. се заснова на прогнози за покачување на бројот на населението во Либија.

| | | |
|---|---|---|
| **Етиопија** | 2.360 | 980 |
| **Кенија** | 590 | 190 |
| **Руанда** | 880 | 350 |

Овие држави успеваат да ги надополнат осиромашените резерви со несолена морска вода или вода од подземните извори, но сепак повеќето од нив се среќаваат со сериозни тешкотии при задоволувањето на елементарните потреби на растечкото население (види табела 8).

Она што треба сериозно да го загрижува човештвото, а го споменавме и претходно во овој труд, е фактот што многу од клучните извори на водни во овие области од светот се поделени помеѓу две или повеќе држави. Обично овие извори претставуваат големи речни системи, како Нил и Еуфрат, кои извираат во една држава и течат низ неколку други пред да се влеат во морето. Нил, на пример, тече низ девет држави и неговите водни ресурси ги искористуваат овие држави. Тигар и Еуфрат течат низ четири држави и од исто толку држави се користат и нивните водни ресурси, додека искористувањето на светата река Јордан ее одвива во три држави, заедно со областите од западниот брег, кои се под палестинска управа. Кога во светот би постоеле некакви идеални услови, овие држави би можеле да се договорат за рамномерно распределување и располагање со водните ресурси. За жал, во реалноста ова ретко се случува. Тоа што најчесто се случува е прекумерното присвојување на водните ресурси од страна на моќните држави, причинувајќи на тој начин тешкотии и незадоволство кај останатите засегнати држави.[403] Едно неодамнешно испитување спроведено од страна на научниците од Орегонскиот државен универзитет (Oregon State University-OSU) посочи мноштво проблеми. Со помош на сложени топографски системи за составување карта на основните речни базени е утврдено дека 261 од тие водни базени се простираат на две или повеќе државни граници. Овие базени покриваат околу 45% од Земјината површина, со исклучок на Антарктикот. Со други

[403] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

зборови, 145 нации во светот сметаат на овие природни водни ресурси, а некои се 100% зависни од нив.[404]

Многу од важните подземни базени, вклучувајќи ги и оние со стратегиска важност, како подземниот базен на пивка вода кој лежи под Израел и Западниот брег, исто така се поделени од две или повеќе држави. Распределувањето на водните ресурси од вакви заеднички извори е постојан извор на напнатост, недоверба и конфликти. Дури и во идеални услови кога вода има во изобилие, а односите помеѓу државите се добри, искористувањето на водните ресурси може да доведе до нестабилност. Кога водата се намалува политичката клима во одредена држава се влошува, при што оваа напнатост честопати ја достигнува својата кулминација. Ако некоја од членките на овој систем се обиде да го зголеми својот дел од намалените водни резерви, веројатноста за тоа другите земји да одговорат со сила е многу голема. Секој обид на државите по горното течение на реките да ја сопрат реката или да го контролираат на кој било друг начин течението на реката би предизвикало незадоволство и напнатост помеѓу државите со несогледливи последици. Конфликти за нерамномерната распределба на овој ресурс, водата, може да се создадат и во самите држави. Таков случај имаме во дваесеттите години на минатиот век, кога група фармери од долината Оунс во источна Калифорнија неколку пати ги саботираа обидите на државата да изгради водоснабдувачки систем, одведувајќи ги нивните водни резерви во далечниот Лос Анџелес. Водоснабдувачкиот систем на Лос Анџелес, кој го снабдува овој милионски град со вода за пиење, е оддалечен 800 км од извориштата.

Друг таков пример имаме во јужна Индија, каде што се водеше војна помеѓу земјоделците од државата Каранатка (Karnataka) и државата Тамил Наду (Tamil Nadu) за користење на водните ресурси на реката Каувери.

Слика 24, Карнатка, Тамил Наду




Слика 25, Река Каувери[405]



[404] From Scarcity to Security: Averting a Water Crisis in the Midle East and Nort Africa Washington, D.C. World Bank, 1995, p. 6 - 7.

Еден друг вид конфликт поврзан со водните ресурси може да избувне кога земјите во развој се обидуваат да ги приватизираат водните ресурси, со цел привлекување странски инвестиции. Таков случај имаше во април 2000 година во Боливија, кога загинаа петмина луѓе, а стотина други беа ранети и повредени за време на жестоките протести кои се водеа против приватизирањето на водните резерви и наложувањето на такса на водата за пиење во градот Кочабамба (Cochabamba), третиот по големина град во државата.[406] И покрај фактот што слични такви внатрешни конфликти може да станат сѐ пораспространети, најголема загриженост во иднина ќе предизвикуваат меѓународните конфликти за водните ресурси поврзани со најважните водни системи на Средниот Исток и југозападна Азија - Нил, Јордан, Тигар и Инд. Овие водни ресурси се центар на конфликти во текот на целата историја на човештвото, всушност, некои од најраните војни запишани во аналите на историјата се водени по нивните брегови. И покрај напорите кои се прават за постигнување спогодба за правично распределување на водата меѓу државите, помеѓу нив сѐ уште постојат различни ставови. Ако не се постигне напредок со слични спогодби за распределба на водните ресурси, зголемениот недостиг на вода, заедно со зголемениот број на населението ќе донесе една сѐ по нестабилна и неизвесна состојба. Како во случајот со нафтата, и овде најдобриот начин да се разбере динамиката на евентуалните идни вооружени конфликти за вода е да се проучи точката каде што се пресекуваат политичките, економските и воените фактори и можните воени судири.[407] Распределбите и користењето на водните ресурси честопати се спорна и емотивна тема. Конфликтите околу водните ресурси може да бидат во рамките на една земја, еден регион или, пак, да зафатат поголеми делови од еден континент. Во Африка повеќе од 57 големи реки или речни базени се поделени помеѓу две или повеќе држави. Реката Нил ја делат девет држави, додека реката Нигер ја делат десет држави. Реката Нигер (Niger River) претставува главен природен ресурс во Западна Африка. Се протега на околу 4.180 километри и дренира област од 2.117.700 км$^2$. Нејзиниот извор се наоѓа во југоисточниот дел на Гвинеја. Реката Нигер претставува трета најдолга река во Африка, по реката Нил и реката Конго (исто така познат како река Заир).

Слика 26. Течението на реката Нигер, како и речниот слив на реката (прикажано со зелено).

---

[405] http://india-wris.nrsc.gov.in/wrpinfo/?title=Cauvery
[406] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 173.
[407] Исто, стр. 173.






## 1. *Конфликтите за водата во нилскиот басен*

Водите на реката Нил од дамнешни времиња го одржувале човековиот опстанок во реогионот на денешен Египет и Судан. Секоја есен бурните води што доаѓаат од планинските делови на Етиопија го исполнуваат Нил и неговите притоки, наводнувајќи ги плодородните низини на речната долина. Пред многу векови земјоделците од низините се учеле како да ги задржат водите што се повлекуваат во плитки базени, при што на овој начин ја продолжувале плодородната сезона и создавале можност за поинтензивно обработување на земјата. Проследената благосостојба довела до пораст на бројот на населението, а по некое време и до појавува на градови, држави и империи. Големите египетски цивилизации ѝ ги должат својата вечност и богатството на реката Нил. Не се случајни активностите кои се водени во тоа време, а кои даваат и објаснување зошто нивните владетели ги преземале сите можни мерки за да го осигурат понатамошното течение на реката. Оваа своја цел за заштита на водните ресурси на реката ја остварувале со помош на разни религиозни ритуали, а кога имало потреба, без двоумење употребувале и воена сила.[408]

Во североисточна Африка, при појава на несогласување државите честопати од бираат решавањето на споровите да го извршат по пат на воена сила. Таков е случајот со Египет, каде што силата е пред разумот со една единствена цел: да се обезбеди египетско владење на горните и главните притоки на Нил. Земајќи предвид фактот дека целата вода на реката Нил доаѓа од места кои се наоѓаат надвор од територијата на Египет и дека Египет нема друг значаен воден ресурс, египетската политичка елита честопати се обидува да ја придобие контролата на горните притоки на реката за да не дојде до можност некој друг да го менува нејзиниот природен тек или да го искористува водното богатство на Нил. И покрај тоа што древните Египјани не успеале да го откријат местото од каде што извира Нил, тие сепак успеале да го проследат

[408] Colins O, “The Waters of the Nil”, Princeton: Marcus Wiener, 1996, p. 63.

нејзиниот пат до територијата на денешен Судан и безброј пати се обиделе да ја освојат оваа област. Кога во средината на XIX век британската круна воспоставила протекторат над Египет, го прифатила истиот начин на дејствување.[409] Оваа стратегија му дала можност на Египет (чијашто територија воопшто не придонесува за годишното течение на реката) да присвои поголем дел од водните ресурси на реката Нил за сопствени потреби. Државите кои се наоѓаат во горното течение на реката не се економски моќни и немаат доволно средства да градат вештачки брани кои би ги користеле за сопствени потреби, заводоснабдување или пак за наводнување. Оваа привилегирана позиција на Египет му дозволува да напредува и да се развива, а со тоа и да се богати. За остварување на оваа цел, египетската држава отсекогаш му посветувала доволно внимание на развојот на сопствените вооружени сили. Ова се должи на подредената позиција на Египет во врска со ресурсите на реката Нил, имајќи го предвид фактот дека се наоѓаат во долното течение на реката. За таа цел, египетските вооружени сили можат во секое време да спречат секави можни дејствија во врска со водните ресурси на реката од страна државите кои се наоѓаат во горното течение на реката Нил.[410] Со постојаното зголемување на потребата од водни ресурси во регионот расте и искушението за поголемо искористување на водните ресурси на реката Нил. Веројатноста од избувнување идни вооружени конфликти ќе зависи од тоа колку државите од горното течение на Нил се подготвени на ризик да предизвикаат инциденти со Египет доколку присвојат поголема количина од водните ресурси на реката Нил и колку Египет е подготвен и решен да го спречи оваа. За да можеме да ја разбереме целосната состојба во овој дел од светот, ќе ја опишеме географијата на реката Нил и ќе ја разгледаме нејзината мината, сегашна и идна употреба во египетското општество, но и значењето на реката во општеството.

Нил претставува најдолга река во светот и се простира на 6.650 км започнувајќи од својот извор во Екваторијална Африка до својот излез или влевање во Средоземното Море. По пат кон север, Нил ги собира и ги оддава своите води во девет држави, и тоа: Бурунди, Конго, Египет, Етиопија, Кенија, Руанда, Судан, Танзанија и Уганда. Базенот на Нил опфаќа 3.350.000 км$^2$, или околу 1/5 од територијата на Африка. Оваа огромна област вклучува необично големо разновидност од клими, вклучително тропски дождовни шуми, пространи савани, пространи калливи подрачја

---

[409] Colins O, “The Waters of the Nil”, Princeton: Marcus Wiener, 1996, p. 63.
[410] Исто, стр. 63.

и пустини. Секое од овие подрачја придонесува на свој начин кон уникатната и единствена хидрологија на реката Нил.[411] Најдолгиот ракав на реката, Бел Нил, извира во големиот езерски регион во централна Африка. Од влажните планински територии на Бурунди, Кенија, Руанда и Танзанија доаѓаат многубројни реки и потоци, кои се влеваат во езерото Викторија, најголемото езеро од Екваторијалните Езера, чии води се вливаат во реката Нил. Тргнувајќи од северниот крај на Викторија, Бел Нил тече на север до езерото Киога во Уганда, а по тоа на запад до езерото Алберт (познато уште како Мобуту) во Конго. По Алберт, Бел Нил се спушта во саваните на Јужен Судан и се излева во пространите калливи подрачја познати како Суд. По оваа област, која му ја дава неговата специфична млечна боја, Бел Нил продолжува на север кон Хартум, каде што ги соединува своите води со водите на Син Нил.[412] И покрај тоа што е пократок од Бел Нил, Син Нил носи поголеми количества вода. Тој извира од Тана, високо во планините на Етиопија, и ги собира водите на многубројните притоки, пред да влезе во Источен Судан. Откако поминува околу 483 км до Хартум, Син Нил се соединува со Бел Нил формирајќи ја реката Нил. Собрани заедно, водите на Атбара и Син Нил даваат околу 72% од водите на Нил. Откако се спојува со Атбара, Нил продолжува на север кон египетската граница и го формира вештачкото езеро Насерово Езеро (Lake Nasser), гигантски базен создаден како резултат на изградбата на Асуанската брана на Нил2, пред да се влее во Средоземното Море. При влезот во Египет, Нил оформува долга и тесна долина, долга околу 765 км и широка помеѓу 9,6 и 16 км, каде што живее поголемиот дел од населението на Египет и каде што се одгледува поголемиот дел од храната потребна за населението на Египет. Секое лето надојдените води на Атбара и Син Нил ја наводнуваат долината обезбедувајќи вода и земјоделски производи, со што го одржуваат животот во оваа област повеќе од 7.000 години. Ова е прочуената долина на Нил во Египет, позната како Долината на кралевите, домот на фараоните и големите споменици во Гиза и Луксор. На ова место е распространет денешен современ Каиро со своите 7.009.765 жители.[413] Откако ќе го напушти Каиро, Нил се разлева во многубројни ракави, движејќиу се кон Средоземно Море, кои, пак, го оформуваат триаголниот регион на делтата на Нил. Од египетска гледна точка, контролата врз водните ресурси на Нил во неговото горно течение е од суштинско значење за преживувањето и благосостојбата на државата. Поради овој факт, Египет не дозволува

[411] Colins O, “The Waters of the Nil”, Princeton: Marcus Wiener, 1996, p 66.
[412] Исто, стр. 66.
[413] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 174 - 181.

изградба на какви било водоснабдувачкиу системи во горното течение на реката Нил, кои би можеле да го попречат нормалното течение на реката. Меѓутоа, кога сложената хидрографија на Нил е опишана за првпат во почетокот на дваесеттиот век, хидроинженерите почнале да говорат за потребата од тоа целиот регион да се разгледува како целосен хидролошки систем. Во 1920 година, Мардок Мекдоналд (Murdoch Macdonald), главен британски инженер во Египет во тоа време, предложил изградба на редици вештачки брани по горното течение на реката Нил кои би го овозможиле собирањето на водата за време на периодите на обилните врнежи, и нејзино користење за време на сушните периоди, а сè со цел овој план да му обезбеди на Египет доволно количество вода дури и во периодот кога врнежите во Екваторијална Африка се намалуваат.[414] Ваквото планирање со водните ресурси на реката Нил во почетокот на XX век било сè уште возможно бидејќи во тоа време Велика Британија и другите европски сили сè уште владееле со целиот овој регион. Меѓутоа, по поделбата на посебни и независни држави, ваквото планирање станува сè потешко и речиси невозможно. Египет ја добива својата целосна независност во 1922 година и веднаш ги покажува своите аспирации врз водните ресурси на реката Нил. Пред да ја потпишат спогодбата со Велика Британија во однос на користењето на водните ресурси на реката Нил, египетските власти си обезбедуваат ветување од страна на Лондон дека нема да се градат никакви водоснабдувачки објекти во горниот дел на реката Нил без да имаат согласност од страна на Египет. Потпишаната спогодба за водите на Нил е прва спогодба од ваков вид во оваа област и таа уште повеќе го отежнала менаџирањето со водните ресурси на реката Нил. Проблемот со менаџирањето со водните ресурси на Нил станал уште полош по завршувањето на Втората светска војна, кога прво Судан, а подоцна и британските колонии на Централна Африка станале независни држави. Новонастанатите држави кои се наоѓале по горното течение на Нил ја сметале спогодбата од 1929 година за неважечка по однос на водите кои се наоѓаат на нивната територија. Во исто време, Етиопија, која никогаш не ја потпишала спогодбата од 1929 година, отфрла секакви спогодби, склучени од страна на Италија (нејзиниот бивши колонизатор) во нејзино име, па си започнала проекти за користење на водите на Син Нил за сопствени големи водоснабдувачки системи. Овој став на Етиопија предизвикал голема загриженост во Египет. За првпат во својата понова историја Египет бил исправен пред ваков сериозен проблем со

[414] Colins O, “The Waters of the Nil”, Princeton: Marcus Wiener, 1996, p. 133.

нарушување на користењето на водните ресурси на реката Нил. Во Египет во тој момент почнува да се говори за водата како проблем поврзан со националната безбедност на државата. Тогашната египетска влада ја продолжува градбата на Асуанската брана. Езерото кое настанало како резултат на изградбата на Асуанската брана (1958 и 1970 година) е долго околу 550 км и има максимална ширина од 35 км. Езерото има површина од 5.250 $км^2$, а има најголем волумен од 157 $км^3$ вода. Подигнувањето на нивото на езерото во текот на 90-тите години на XX век довело до изливање вода во западната пустина, со што настанало езерото Тошка во 1998 година. Езерото ѝ обезбедило сигурни водни резерви на египетската држава, и тоа приближно околу 160 $км^3$ вода.[415] Освен изградбата на Асуанската брана на својата територија, Египет се обидел да издејствува градбите на разните водоснабдувачки проекти во Судан делумно да се одвиваат врз градбата на постојните вештачки брани и водоснабдувачките системи. И покрај тоа што сето ова Египет го правел по пат на преземање дипломатски и економски мерки за спроведување на својата водна политика, Египет не се двоумел да користи заплашувања и уцени со употреба на воена сила, при што еднаш дури испратил и своја војска во спорниот реон на египетско-суданската граница. Во 1959 година Судан ја потпишал новата спогодба со Египет за распределба на водните ресурси на реката Нил, која ја заменила спогодбата од 1929 година. Според новата спогодба, која била наречена „Спогодба за полно користење на водите на Нил“, на Египет му припаѓаат 55,5 милијарда $м^3$ вода годишно или околу 2/3 од пресметаното средноаритметичко годишно количество од 84 милијарда $м^3$. Судан добивал 18,5 милијарди $м^3$ годишно, а останатите 10 милијарди $м^3$ се сметаат за изгубени преку испарување и истекување од Насеровото Езеро. Со потпишувањето на оваа спогодба двете држави си обезбедуваат мирен пристап до значителни количества од водните ресурси на реката Нил и ја намалуваат (барем за момент) опасноста од меѓусебен вооружен конфликт.[416] Меѓутоа, потпишувањето на оваа спогодба има и еден многу сериозен недостаток: со оваа спогодба не се предвидувало никаков дел од водните ресурси на реката Нил за државите кои се распоредени по горното течение на реката.[417] Поради стравувањето дека Етиопија и останатите држави од горното течение на реката Нил ќе продолжат да работат на своите планови за добивање повеќе вода за сопствени потреби, како и тоа дека Судан еден ден ќе побара повеќе од 18,5 милијарди

---

[415] Colins O, The Waters of the Nil (Princeton: Marcus Wiener, 1996, p. 76.
[416] Исто, стр., 76.
[417] Исто, стр., 77.

кубни метри вода, Египет не се откажува од својата политика на заплашувања и уцени за преземање соодветни мерки доколку во иднина некои од овие предвидувања се случат. По потпишувањето на мировниот договор со Израел, тогашниот претседател на Египет, А. Садат (Anwar El Sadat), изјавил дека само водата може да го натера Египет да влезе повторно во војна. Садат ѝ ставил на знаење дека ќе бидат бомбардирани водоснабдувачките системи во Етиопија доколку владата на оваа држава го исполни својот план да користи дел од водите на Син Нил за задоволување на сопствените водоснабдувачки потреби.[418] Во осумдесеттите години на минатиот век, тогашниот надворешен министер (подоцна генерален секретар на ООН), Бутрос Бутрос-Гали (Boutros Boutros-Ghali), вели: „наредната војна во нашиот дел на светот ќе се води поради вода, а не поради политички причини“.[419] За голема „среќа“ на Египет, државите кои се наоѓаат во горното течение на реката Нил не се во состојба да ги реализираат своите амбициозни планови за разделување на водите на реката. Етиопија е ослабната од децениските конфликт со сепаратистичките сили во Еритреја, од нападите на Сомалија, а подоцна и од војната со веќе независната Еритреја. Судан е раскинат од внатрешни немири, како и од вооружениот конфликт во немуслиманскиот Југ, при што како резултат на овој конфликт се создадоа две независни држави од некогашниот Судан, од која југот е претежно со христијанско население. Создавањето на новата држава Јужен Судан дополнително ја искомпликува и онака сложената состојба во овој дел од светот. Овие екваторијални држави остануваат разорени од етнички и политички борби. Поради ваквата состојба, во блиска иднина е исклучена можноста за нови инвестиции во вештачки брани и водоснабдувачки проекти во државите кои се наоѓаат во горното течение на реката Нил. Согледувајќи ја користа од ваквата состојба, египетската држава на секој можен начин се обидува да си ја зачува својата привилегирана позиција во однос на распределбата и користењето на водните ресурси на реката Нил. Заради задржување на таквата состојба, египетската држава постојано ги помага антивладините сили во соседните држави. Како резултат на поддршката на оваа своја политика, Египет ова го покажа со нескриена поддршка која беше насочена кон сомалиските иредентисти во етиопската област Огаден (Ogaden War), како и со поддршката на Суданската народослободителна армија (ОАСД) во Јужен Судан.

---

[418] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 180.
[419] Исто, стр., 180.

Крајот на XX и почетокот на XXI век државите распоредени по горното течение на реката Нил го дочекаа со поделби, внатрешни конфликти и погранични спорови. Во некои од овие конфликтни зони веќе течат мировни преговори. Судан се подели на две држави од кој Северен Судан е претежно со муслиманско население додека новоформираната дражава Јужен Судан е со доминантно христијанско население. Многу голема е веројатноста дека дел од овие држави по нивното консолидирање ќе се вратат кон своите дамнешни планови за изградба на хидроелектрични и водоснабдителни системи по горното течение на реката Нил.

Етиопија со нескриени намери ги објави своите амбициозни планови за изградба на нови водоснабдувачки системи, како и за изградба на системи за наводнување, додека Уганда се стреми кон изградба на нови хидроелектрични проекти. Новоформираните држави од поранешен  Судан, исто така, не ги кријат своите амбиции за зафаќање на поголем дел од водните ресурси на реката Нил, и покрај тоа што овие две новоформирани држави сè уште ги чувствуваат последиците од долгогодишната граѓанска војна.

Сите овие случувања по горното течение на реката Нил сериозно го нарушија комодитетот на Египет. За да биде состојбата уште посложена во овој регион, свој придонес дава и големиот прираст на населението во овој дел од светот. Со зголемувањето на бројот на населението се зголеми и нивото на урбанизацијата, а аналогно на ова се зголеми и годишната потреба за вода во овој регион. Во 1922 година Египет станува независна држава, а во тоа време бројот на население во државата изнесувал 13.500.000, во 1960 година населението се зголемува повеќе од двојно и изнесува околу 30.000.000 жители. Во 1988 година бројот на населението достигнува 66.000.000 жители, додека во 2009 година бројот на население достигнува 76.000.000 жители. Бројот на население во 2012 година изнесувал 82.550.000 жители, додека во 2014 година бројот на население се зголемил на фантастични 87.269.564 жители. Само за период од две години бројот на население во Египет се зголемил за приближно 5 милиони жители. Ако населението во Египет продолжи да се зголемува со ова очекувано темпо, тогаш во 2025 година Египет ќе брои 95.000.000 жители, а до средината на овој век 115.000.000 жители.[420] Со зголемувањето на бројот на население за десет пати во период од 100 години, задоволувањето на секојдневните потреби на сите овие луѓе ќе биде вистински предизвик и тешка задача, а нивната исхрана ќе

[420] http://www.worldpopulationstatistics.com/egypt

претставува уште поголем предизвик. Имајќи го предвид фактот дека во Египет сите полиња веќе се обработуваат, а единствениот начин да се произведе повеќе храна и да се задоволат потребите на граѓаните на Египет е претворањето на сè поголеми површини неплодна земја во вештачки наводнувани и обработливи површини. За да се зголеми производството на храна и истовремено да се намали пренаселеноста на Нилската Долина, египетската држава троши милијарди долари за развивање на неплодородното земјоделско земјиште во Западната Пустина, а со самото тоа и намалување на притисокот во регионот на Нилската Долина. Во 1997 година египетската влада одлучила да развие проект кој треба да му помогне на Египет да се справи со својата брзорастечка популација. Овој проект беше наречен „Нова долина“ или „Тошка проект“ и се состои од систем на канали кои ќе носат вода од Насеровото Езеро за наводнување на западните делови од пустината Сахара. На Насеровото Езеро ќе биде изградена пумпна станица во вредност од четири милијарди американски долари, која годишно ќе испумпува по 5,5 милијарди $м^3$ вода во новоизградените канали, кои ќе ги опслужуваат новонаселените колонии.[421] Ако сè се одвива според планираното, овој амбициозен план ќе треба да обезбедува вода за 588.000 хектари земја (2.340 $км^2$) и ќе овозможи населување на од 3.000.000 до 7.000.000 жители во вештачки создадените оази. Овој проект треба да биде завршен во 2020 година, при што се очекува да се зголемат обработливите површини во Египет за 10%. При изготвувањето на овој проект, египетската влада настојувала да биде реализиран без да се зголеми општата потрошувачка на вода од реката Нил. Ова може да се реализира единствено преку преработување и повторна употреба на отпадните води, како од индустријата така и од населените места, а истите да бидат искористени за вештачко наводнување на земјоделските површини. Меѓутоа, повеќето експерти сметаат дека целото количество вода што ќе биде заштедено на овој начин ќе биде изгубено поради растечкиот број на населението и зголемената урбанизација, а со самото тоа ќе бидат зголемени и потребите за вода на новосоздаденото население. Бројот на населението на Египет, како што истакнавме претходно, се очекува да порасне за речиси триесет милиони помеѓу 1998 година и 2025 година, при што Египет ќе се најде во многу незавидна положба и ќе биде многу тешко да се придржува кон оние 55,5 милијарди $м^3$ вода годишно, предвидени со спогодбата со Судан од 1959 година. Имајќи ја предвид новонастанатата состојба, египетската држава ќе биде сè понерамнодушна кон

[421] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 179 - 181.

изградба на какви било водоснабдувачки проекти кои ќе треба да бидат изградени од државите кои се распоредени во горното течение на реката, а кои би можеле да доведат до намалување на пристапот на Египет до водните реурси на реката Нил.

Меѓутоа, Египет не е единствената држава што го има проблемот со прирастот на населението. И останатите држави во регионот кои се наоѓаат во горното течение на реката Нил се исправени пред многу голем проблем, односно и тие имаат голем прираст на населението. Постојаното зголемување на бројот на население, од друга страна, значи и зголемување на потребите за вода кои ќе треба да бидат земени од реката Нил или од неговите притоки. Прирастот на населението во овој регион е еден од најголемите во светот. Зголемувањето на населението во Етиопија изнесува 3,2%, во Уганда 2,6%, во Кенија и некогашен Судан изнесува 2,2%.[422] Кога овие бројки би ги споредиле со просечното зголемување на бројот на населението во светот, кое изнесува приближно 0,8%, ќе забележиме дека состојбата во овој регион е повеќе од алармантна. Ако тенденцијата на зголемување продолжи и во иднина, населението во Кенија би се зголемило од 62 милиони во 1998 година на околу 212 милиони во 2050 година, што претставува зглоемување на населението од 150 милиони луѓе, што е двојно повеќе од населението во Египет во 2000 година. Од 29 милиони жители во некогашен Судан, населението во двете новоформирани држави ќе се зголеми на 60 милиони жители, што претставува зголемување за двапати. Идентична е состојбата и со зголемувањето на бројот на население во Кенија. Од 29 милиони жители населението ќе се зголеми на 66 милиони жители, што исто така претставува зголемување за двапати. Зголемувањето на бројот на населението во Уганда ќе се зголеми за трипати, односно од 21 милион на 66 милиони жители. Од сето ова можеме да дојдеме до заклучок дека бројот на населението во регионот околу реката Нил, вклучувајќи ги овде сите држави кои се наоѓаат по течението на реката, во периодот од 2000 година до 2050 година ќе биде зголемено приближно за 300 милиони жители[423] (види табела 9).

Табела 9, Очекуван прираст на населението во одредени држави во нилскиот речен базент.[424]

| **Држава** | **бр. на нас.** | **бр. на нас.** | **бр. на нас. (приближно)** | **бр. на нас. (приближно)** | **% прираст** |
|---|---|---|---|---|---|

[422] http://www.worldpopulationstatistics.com
[423] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[424] Исто.

| | 1950 | 1998 | 2025 | 2050 | 1998-2050 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Египет** | **21,8** | **65,7** | **95,8** | **115,5** | **76** |
| **Етиопија** | **18,4** | **62,1** | **136,3** | **212,7** | **243** |
| **Кенија** | **6,3** | **29** | **50,2** | **66,1** | **128** |
| **Судан** | **9,2** | **28,5** | **46,9** | **59,9** | **110** |
| **Уганда** | **4,8** | **21,3** | **45** | **66,3** | **211** |
| **Општо** | **60,5** | **206,6** | **374,2** | **520,5** | **152** |

Овие бројки говорат за фактот дека несогласувањето и избувнувањето на идните вооружени конфликти поврзани со водните ресурси на реката Нил може да станат уште пожестоки во блиска иднина. Неверојатни се податоците за зголемувањето на бројот на населението во овој регион и речиси незамисливо е дека Етиопија, Судан, Јужен Судан и Уганда ќе можат да прехранат уште дополнителни 225 милиони жители без притоа да имаат сериозно зафаќање од водните ресурси на реката Нил, кои ќе бидат дополнително искористени за наводнување на обработливите површини и за употреба на водата од страна на населението. Ако ја разгледаме хидрографијата во овој дел од светот, ќе забележиме дека единствен извор на вода во овој регион претставува реката Нил и нејзините притоки. Неспорен е фактот дека политичките елити на овие држави ќе се обидат да ги развијат своите долго одложувани планови за изградба на брани и други водоснабдувачки објекти. Дури и Судан, кој беше растргнат од граѓанска војна и од поделбата на државата на Северен и Јужен Судан, и кој во континуитет има проблеми со Египет кога станува збор заискористување на водните ресурси на реката Нил, не ја крие својата намера да ја зголеми количината вода од реката Нил за сопствени потреби.[425]

Борбата за пристап до водните ресурси на реката Нил којашто постои помеѓу државите кои се наоѓаат по нејзиното течение, како што напоменавме претходно, во голема мера ќе зависи и од глобалните климатски промени. Невозможно е да се предвиди со апсолутна точност ефектот на појавата на стаклената градина и глобалното затоплување ,а со самото тоа и покачувањето на температурата на Земјата и

[425] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

настанатите промени околу количеството на врнежи во регионот во кој тече реката Нил. Голема е веројатноста дека ќе бидат создадени значителни промени кои битно ќе влијаат на безбедноста во овој регион. Според размислувањето на некои аналитичари, реката Нил ќе добие повеќе вода во својот горен тек благодарение на зголеменото количество врнежи во планинските делови на Централна Африка и Етиопија, но повеќето количество вода ќе биде загубен поради зголеменото испарување кое ќе се појави како резултат на повисоките температури на почвата во пониските и суви региони. Таквото сценарио би било добредојдено за државите кои се наоѓаат во горното течение на реката Нил, но е многу неповолно за државите кои се наоѓаат по долното течение на реката, а особено засегнат ќе биде Египет. Но египетската држава и понатаму ја користи својата стратегија на заплашување и не ги крие своите намери дека ќе употреби воена сила доколку државите кои се наоѓаат во горното течение на реката ги реализираат своите водоснабдувачки проекти, а со самото тоа и зафаќањето од водните ресурси на реката би биле поголеми. Досегашната привилегирана позиција околу водните ресурси на реката Нил Египет си ја обезбедуваше со континуираните закани. Секогаш кога некоја од државите кои се наоѓаат во горното течение на реката Нил ќе ги објави своите проекти за водоснабдување, Египет секогаш реагира, предупредувајќи ги за последиците кои може да настанат доколку државите се дрзнат да зафатат поголеми количини од водните ресурси на Нил.[426]

Во 1995 год. суданската влада истакнал дека не се согласува со потпишаната спогодба од 1959 година за распределување на водните ресурси на Нил помеѓу Египет и тогашен Судан. Тогашниот египетски претседател Мохамед Хосни Мубарак изјави дека секое дејствио преземено во таа насока ќе го принуди Египет да се спротивстави со целокупните ресурси за да го заштити своето право и својот живот.[427] Плашејќи се од можната воена интервенција од страна на Египет, Судан се откажува од своите намери за какви било дејствија поврзани во оваа насока. Но, населението во Судан е соочено со секојдневниот притисок од постојаното зголемување на нивниот број во државата, како и во регионот, па нема да биде многу далеку денот кога некои од државите кои се наоѓаат во горното течение на реката Нил ќе се спротвистават на политиката на заплашување што ја користи Египет веќе подолго време и, секако, ќе дојде до избувнување на вооружен конфликт со несогледливи последици за регионот,

[426] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[427] Исто.

па и пошироко. Имајќи ги предвид ризиците што ги крие секоја употреба на воена сила, се претпоставува дека Египет ќе бара мирно решавање на проблемот. Во контекст на ова тврдење се случувањата од август 2000 година, кога Египет се согласил да размисли за прифаќање нова спогодба за распределување на водните ресурси на реката Нил. Новата спогодба на државите распоредени по горното течение на реката ќе им овозможи пристап до поголеми количества вода. Сепак, ова не е официјално потврдено и засега е мала веројатноста Египет да прифати суштествено намалување на количеството на водните рсеурси што сега ги користи.

Мислам дека секој обид од страна на која било од државите распоредени по горното течение на реката Нил да присвојат поголеми количиства вода без да добијат согласност од Египет би завршиле со воен одговор од страна на Египет. Доколку Египет одлучи да употреби воена сила за да ги заштити претензиите кои ги има кон водните ресурси на реката Нил, најверојатно ќе ги употреби своите воздухопловни сили за напад на вештачките брани и другите водоснабдувачки ситеми коишто египетската држава ги смета како проблем за нормалниот тек на реката. Оваа тактика Египет ја користи уште од далечната 1978 година, кога Етиопија ја објавила својата намера да користи дополнителни количества на вода од Син Нил за сопствени водоснабдувачки потреби. Веројатноста дека во иден вооружен конфликт Египет ќе ја употреби оваа тактика е голема. Благодарение на помошта од САД, Египет располага со респективилна воена сила, вклучувајќи ги овде и воздухопловните сили, во кои се наоѓаат стотина најсовремени борбени авиони од француско и американско производство. И покрај тоа што египетските воздухопловни сили не може да се споредат со воздухопловните сили на еврејската држава - Израел, египетската авијација далеку ги надминува своите соседи, но и државите кои се наоѓаат во горното течение на реката Нил. Копнената војска (КоВ) Египет би можел да ја употреби во иден вооружен конфликт за водните ресурси на реката Нил единствено против новоформираната држава Северен Судан. Во минатото, како и за време на колонијалниот период, имаме безброј примери кога египетската војска влегувала на територијата на тогашен Судан. Таква инцидентна состојба имаме во 1994 година, кога Египет ги испраќа своите вооружени сили во регионот на Халејаб (Hala'ib), што претставува спорна гранична област окупирана од Судан. Доколку Судан не ја почитува спогодбата од 1959 за распределба на водните ресурси на Нил и започне да употребува повеќе вода од договорените 18,5 милијарди м$^3$ вода годишно, египетската

држава најверојатно ќе ја исполни својата закана и ќе одговори со употреба на воена сила. Со своите 3.855 тенкови, вклучувајќи ги овде и 555 тенкови од американско производство М-1А1 Абрамас, веројатноста Египет да извојува победа е голема имајќи ја за противник далеку послабо вооружената суданска армија, која згора на тоа сега е поделена помеѓу двете држави, со што нејзината борбена моќ уште повеќе е намалена.[428]

Во овој регион, регионот на реката Нил, се можни и други сценарија за распределба на водните ресурси. Наместо да војуваат, Египет и Северен Судан би можеле да се обединат за да се спротивстават на секое застрашувачко дејствие од страна на Етиопија или некоја од останатите држави кои се наоѓаат над овие две држави по горното течение на реката. Исто така, Етиопија и Северен Судан би можеле да се обединат во антиегипетска коалиција. Но најверојатно сценарио за државите што се распоредени по течението на реката Нил, а коешто денес го практикуваат, е да продолжат и понатаму да ги помагаат востаничките групи на териториите на соодветните соперници, правејќи им проблеми во реализирањето на своите големи водоснабдувачки проекти.[429] Единствен начин за државите да го избегнат таквото црно сценарио и развивањето на настаните по надолна линија е склучувањето меѓусебен договор, сличен како оној од 1920 година, чија цел би била зголемување на водните резерви на сите заинтересирани држави. Еден таков план најверојатно би опфаќал изградба на дополнителни вештачки брани и резервоари по горното течение на реката Нил, каде што нивото на испарување е највисоко. Еднаш завршени, овие проекти ќе овозможат да се намали нивото на водата во Насеровото Езеро, заштедувајќи на овој начин милијарди кубни метри вода кои секоја година се губат поради испарување. Завршувањето на каналот Џонглеј во Јужен Судан, проект кој започнал во 1978 година и бил одложен поради воените дејствија во регионот во 1984 година, исто така ќе ги намали значително годишните загуби како последица на испарувањето. Ако овие проекти бидат спроведени како што треба, тоа сигурно би ги зголемило резервите на вода за вештачко наводнување и најверојатно би се обезбедиле дополнителни резерви на вода за периодите на суша. Меѓутоа, за сето ова да биде реално изводливо, државите кои се наоѓаат по течението на реката Нил ќе треба да си ги приспособат своите планови на реалните потреби, без притоа да им се нанесе штета на другите држави кои

[428] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стоjанов, София, 2003 год., стр., 186.
[429] Исто, стр., 186.

се наоѓаат по долното течение на реката. Заедничките интереси околу правилното распределување на водните ресурси на реката треба да надвладеат над индивидуалните интереси. Ова без сомнение, ќе биде добродојдено за државите распоредени во горното течение на реката Нил. Но дали сето ова ќе биде прифатено од страна на Египет добронамерно, за кој загубата на каков било дел од контролата врз водните ресурси на реката Нил е крајно непожелна и дескредитирачка. Се претпоставува дека поради оваа причина египетската држава во блиска иднина не би се согласила со каков било проект за водоснабдување кој нема да е под целосна не е под контрола на египетската држава. Веројатноста за тоа одобри реализација на некој таков проект во иднина е многу мала, речиси неверојатна.[430]

Освен во североисточна Африка, голем недостиг на вода за секојдневна употреба има и во северниот дел на овој континент, пред сè во Либија. Оваа состојба се должи на еден друг фактор кој не е за занемарување при проучувањето на целокупната состојба поврзан со водните ресурси во овој регион. Поради недостигот на пивка вода, земјите од овој регион, вклучувајќи ја овде и Либија, непосредниот сосед на Египет и Судан, ги користи подземните води за задоволување на сопствените потреби. За да го ублажи овој недостиг на вода за секојдневна употреба, Либија изработила голем проект познат под името „Голема река“, чијашто вредност се проценува на 25 милијарди американски долари. Водата за овој проект ќе биде исцрпувана на длабочина од 100 до 700 метри во пустината Сахара, поточно во областа Киренајка (Cyrenaica) - оазата Куфра (Kufra). Водата ќе се испумпува во цевковод, чијшто дијаметар изнесува 4 метри. Секојдневно во цевководот би требало да се испумпуваат приближно околу 6.000.000 м$^3$ вода и ќе се наводнуваат 170.000 h обработливо земјиште. Црпењето на толкаво количество подземна вода би можело да влијае многу негативно. Негативното влијание при исцрпувањето на подземните води ќе се одрази на развојот на земјоделството во соседен Египет, како и на намалување на вододтеците во северозападен Судан.[431] Ова заначи дека поширокиот регион останува нестабилно подрачје со зголемен ризик од избувнување на воени дејствија поврзани директно или индиректно со водните ресурси на реката Нил.

[430] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[431] Змејковски М., „Човекот, водата и животната средина“, Графомак - Кичево, 2002 год. стр. 32.

## *2. Конфликтите за вода во реонот на реките Јордан, Тигар, Еуфрат и Инд*

Блискиот Исток е еден од најпогодените региони во светот од недостиг на вода. Повеќе од 90% од големите реки минуваат низ границите на соседните држави. Највредниот ресурс во регионот тече во реката Јордан, или протекува во подземните водотеци помеѓу Израел и окупираните палестински територии.[432] Овие реки претставуваат единствен извор на вода во регионот, кој бил населен уште од дамнешни времиња. Во 1998 година во овие региони живееле приближно 500 милиони на луѓе, а според некои претпоставки бројот на населението до 2050 година ќе се зголеми за двапати. Во овој регион, кој е претжно сув и каде што количеството врнежи е многу мало, а подземните водни басени се исцрпени, овие реки се единственото нешто што живот значи. Во иднина не треба да нè изненадат никакви постапки од страна на државите низ кои поминуваат овие реки насочени кон одбрана на нивните водни ресурси (види табела 10).

Табела бр. 10[433]

| **Приближно број на население во милиони** | | | | | | **Прираст во %** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Речен басен** | **Држава** | **1950 г.** | **1998 г.** | **2025 г.** | **2050 г.** | |
| **Тигар, Еуфрат** | **Ирак** | **5,2** | **21,8** | **41,6** | **56,1** | **157,3** |
| | **Сирија** | **3,5** | **15,3** | **26,3** | **34,5** | **125,5** |
| | **Турција** | **20,8** | **53,8** | **85,8** | **97,9** | **53,4** |
| | **Вкупно** | **29,5** | **100,9** | **153,7** | **188,5** | **86,8** |

Како што напоменавме претходно, овие области околу реките биле населувани од дамнешни времиња од најразлични племиња и народи. Подоцна на овие простори

[432] Воткинс, К., Бернтел, А. (2007). Како да се избегне војна за вода. (Кевин Воткинс е директор на Канцеларијата за развој на човештвото во програмата за развој на ОН, а Андер Бернтел е извршен директор во Меѓународниот институт за вода во Стокхлом).
[433] Извори: Светски институт за ресурси, 1998-1999, стр. 244.

биле формирани и првите светски цивилизации. Сите цивилизации формирани во овој регион тврделе дека имаат законско право да располагаат со водните ресурси во регионот во којшто се наоѓале. Со постојаното зголемување на бројот на населението во овие региони, се зголемувала и потребата за вода. Аналогно на ова дошло и до зголемување на вооружените конфликти кои биле поврзани со водните ресурси во овие региони. Многу од древните месопотамски текстови говорат за спорови или вооружени конфликти во регионот на реката Еуфрат, или пак за контрола на долината на светата реката Јордан.

Слика 27, Текот на реката Јордан,[434]




Слика 28, Текот на реките Тигар и Еуфрат[435]




Денес, на прагот од XXI век, водните ресурси на овие реки се разделени помеѓу соседните држави. Водните ресурси на реката Јордан (Jordan River) ги делат четири земји: Ираел, Јордан, Либија, Сирија и Палестина. Водните ресурси на реките Тигар и Еуфрат (River Tigris, and Euphrates) ги делат Иран, Ирак, Сирија и Турција. Во прилог ќе го разгледаме зголемувањето на бројот на населението во речниот басен на реката Јордан за периодот од 1950 година до 2050 година (види табела 11).[436]

Табела бр. 11

| **Приближно број на население во милиони** | | | | | | **Прираст во %** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Речен басен** | **Држава** | **1950 г.** | **1998** | **2025 г.** | **2050** | |

[434] http://www.mapisrael.info/jordan-river

[435] http://www1.american.edu/ted/ice/tigris.htm

[436] Извори: Светски институт за ресурси, 1998-1999, стр. 244.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јордан** | **Израел** | **1,3** | **5,9** | **8,0** | **9,1** | **54,2** |
| | **Јордан** | **1,2** | **6,0** | **11,9** | **16,7** | **178,3** |
| | **Либан** | **1,4** | **3,2** | **4,4** | **5,2** | **62,5** |
| | **Вкупно** | **3,9** | **15,1** | **24,3** | **31,0** | **105,3** |

Во еден друг регион на другата страна од светот, водните ресурси на реката Инд (Indus River) исто така се разделени помеѓу четири држави, почнувајќи од Авганистан, Кина, Индија, Пакистан (Кашмир, област која се бори за независност). Овие држави и области каде што поминува реката Инд, која живот значи, се длабоко разделени по секаква основа, почнувајќи од политичка, економска, па до религиозна, етничка и идеолошка. Во прилог ќе го разгледаме зголемувањето на бројот на населението во речниот басен на реката Инд за периодот од 1950 година до 2050 година (види табела 12).[437]

Табела бр. 12

| **Приближно број на население во милиони** | | | | | | **Прираст во %** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Речен басен** | **Држава** | **1950 г.** | **1998 г** | **2025 г.** | **2050 г** | |
| **Инд** | **Индија** | **357,6** | **975,8** | **1330,2** | **1532,** | **57,1** |
| | **Пакистан** | **39,5** | **147,8** | **269,9** | **357,4** | **141,8** |
| | **Вкупно** | **397,1** | **1123,6** | **1599,1** | **1890,1** | **53,4** |

[437] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 212-219.

Слика, 29 Течението на реката Инд и нејзините притоки[438]




Од претходните две табели можеме да забележиме дека зголемувањето на населението во овие региони е несразмерно големо, а водните ресурси на овие реки се ограничени. Состојбата со распределбата на водните ресурси овде е слична како онаа со распределбата на водните ресурси на реката Нил. Како и во регионот на реката Нил така и овде се можни избувнувања на вооружени конфликти заради водните резерви на реките Јордан, Инд, Тигар и Еуфрат. Во регионот на Нил, од периодот на колонијализмот па сѐ до денес, не биле направени некои посериозни обиди за рамномерно распоредување, односно управување со водните ресурси на оваа река. Освен спогодбата помеѓу Судан и Египет од 1959 година, не постојат други планови за распределба на водните ресурси на реката Нил помеѓу сите засегнати страни во регионот. Исто така и државите низ кои поминуваат реките Јордан, Тигар, Еуфрат и Инд во минатото се труделе да разговараат и да преговараат за изнаоѓање заемно прифатливо решение за распределба на водните ресурси. Некои од овие договори пропаднале, а некои од нив биле одложени со цел државите да се воздржат од употреба на воена сила. Од овде произлегува и прашањето коешто ќе се поставува и во иднина: дали овие држави ќе успеат мирно да ги користат водните ресурси или поради зголемувањето на бројот на населението мирот и стабилноста ќе бидат сѐ понеизвесни? Основна разлика помеѓу реката Нил и овие четири реки е распределбата на воената сила. Во регионот на реката Нил, Египет е единствената земја со забележителна воена сила, која ѝ дава можност да игра главна улога во регионот при распределбата на водните ресурси на реката Нил. Во случајот со останатите четири реки може да

[438] http://history-world.org/indus_valley.htm

забележиме дека повеќето од државите располагаат со моќна воена сила, но истата речиси подеднакво е распоредена. Избалансираноста на воената моќ на овие држави ја неутрализира воената моќ да биде алатка која ќе служи како уцена при распределбата на водните ресурси на овие реки. Како што може да се забележи во табелата бр. 13, државите кои се наоѓаат во овие области располагаат со едни од најголемите и најдобро вооружени армии во светот.

Табела бр. 13[439]

| **Речен басен** | **Поголеми држави** | **Бр. на вооружени сили** | **Тенкови** | **Тешка артилерија** | **Воени авиони** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јордан** | ***Израел*** | 173.500 | 3.800 | 1.430 | 459 |
| | ***Јордан*** | 104.000 | 1.200 | 521 | 93 |
| | ***Либан*** | 67.900 | 92 | 267 | 0 |
| **Тигар и Еуфрат** | ***Иран*** | 545.600 | 1.345 | 2.460 | 304 |
| | ***Ирак*** | 375.000 | 2.200 | 1.950 | 310 |
| | ***Сирија*** | 316.000 | 4.650 | 1.930 | 589 |
| | ***Турција*** | 639.000 | 4.205 | 2.372 | 440 |
| **Инд** | ***Индија*** | 1.173.000 | 3.314 | 6.875 | 774 |
| | ***Пакистан*** | 587.000 | 2.320 | 1.830 | 389 |

Избалансираноста на воените сили во овие региони не значи дека загрозувањето во овие региони е минато и дека избувнувањето на конфликтите во врска со распределбата на водните ресурси е надмината. Напротив, оваа избалансираност само го развлекува процесот на решавање на водните конфликти, кои неминовно ќе се појават во иднина. Сè додека државите од овие региони не склучат спогодба за рамномерна распределба на водните ресурси, избувнувањето на конфликти е нашата реалност, која тешко може да се предвиди со сигурност.

439 Извор: Меѓународен институт за стратегиски науки, Воен баланс 1999-2000.

## 2.1 Конфликтите за вода во регионот на реката Јордан

Како што можевме да забележиме досега, најголемите проблеми и несогласувања околу распределбата на водните ресурси се јавуваат помеѓу државите низ кои тече реката Јордан. Реката Јордан низ својот тек поминува низ четири држави во кои водата претставува голем дефицит. Во текот на една просечно влажна година реката Јордан располага со 1,38 милијарди м$^3$ вода. Овие количини вода се распределуваат помеѓу четири држави, и тоа: државата Јордан добива 52% или 720 милиони м$^3$, еврејската држава Израел добива 32% или 440 милиони м$^3$, Сирија добива 13%, односно околу 180 милиони м$^3$, додека Либан добива 3% или 40 милиони м$^3$ вода.[440] Секоја од овие држави, со изградба на брани и други водоснабдувачки системи настојува да задржи поголема количина од овој ресурс. Областа којашто ја зафаќаат државите Израел и Јордан, заедно со Западниот Брег, е претежно сува или полусува. Водните ресурси во овој регион се многу мали, така што според податоците на Светската банка, водните резерви на Израел за 1990 година изнесувале 467 м$^3$ по човек, додека во Јордан оваа количина е уште помала, одвај 224 м$^3$. И двете држави се обидуваат на секакви начини да го зголемат својот воден потенцијал, со помош на искористување на подземните басени и со преработка на отпадната вода. Затоа и двете држави се обидуваат да го зголемат количеството на искористување на водата од Јордан имајќи го предвид фактот дека реката Јордан е единствениот значаен воден ресурс во овој регион. Според светските стандарди, реката Јордан не е особено голема или полноводна река, освен тоа водите на реката Јордан се солени, особено во јужниот крај, каде што реката се влева во Мртвото Море. И покрај оваа карактеристика, реката Јордан и неговите притоки обезбедуваат голем дел од водата којашто Израел ја користи за задоволување на сопствените потреби. Оттука можеме да ја видиме важноста на оваа река за овие држави, како и постојаните несогласувања помеѓу овие држави од создавањето на Израел па сѐ до денешен ден. Реката Јордан извира во Либан од планината Хермон. Оваа планина е висока 2.814 m и голем дел од водните ресурси кои се користат доаѓаат од Средоземното Море и протекуваат низ планината како потоци и подземни реки. Три од овие реки се обединуваат и ја формираат реката Јордан.

Реката Хасбани (Hisbani River) извира од западниот дел на планината во Либан, Дан (Dan River) тргнува од изворот Дан, кој се наоѓа во северниот крај на Израел. И

[440] Змејковски, М., „Човекот, водата и животната средина“, Графомак - Кичево, 2002 год. стр. 32.

реката Банијас (Banias) извира од југоисточниот дел на Хермон во Сирија. По спојувањето на овие три реки на околу 4,8 км на израелска територија, реката продолжува на југ и тече околу 40,3 км пред да стигне до Галилејското Море (Sea of Galilee), исто така познато и како Кинерет (Kinneret, езеро Gennesaret) или езеро Тиберија, главен снабдувач на Израел со слатководна вода. Околу 9,5 км јужно од Галилејското Море во Јордан се влива неговата главна притока, реката Јармук (Yarmouk River). Оваа река извира во јужна Сирија и тече околу 40,3 км по сириско - јорданската граница пред да помине на територијата на Израел и да се влее во Јордан. Во оваа точка Јордан достигнува најголемо ниво, при што потоа реката започнува да ја губи својата вода од испарување и станува сè посолена, за на крајот да се влее во Мртвото Море. Во периодот кога териториите на Палестина и Трансјордан биле под британска контрола, владините претставници се обиделе да ги искористат водите на Јордан за индустриски и земјоделски проекти. Во 1939 година Мајкал Ј. предлага план за изградба на водоснабдувачки канали по западната и по источната страна на реката, кои ќе ја пренесуваат водата од Галилејското Море и јужен Јармук. Друг план изработен во 1944 година од страна на Волтер Клеј Лаудармилк (Walter Clay Lowdermilk) предвидувал системи за водоснабдување со канали кои ќе ја пренесуваат водата од реката Јордан до густо населената крајбрежна рамнина и пустината Негев (Negev) на југ. Овие планови никогаш не биле практично остварени, но тие биле основа за многу други проекти кои се појавиле по војната. По создавањето на кралството Јордан (Hashemite Kingdom of Jordan) во 1946 година и Израел (State of Israel) во 1948 година, водоводните инженери од двете држави почнале да развиваат независни планови за користење на водите на реката Јордан. Следејќи го планот „цел Израел“ од 1951 година, Израел го пресушува мочуриштето Хујлех распострането над Галилејското Море и ги започнува плановите за насочување на водите на реката Јордан кон населените области на крајбрежјето. Во исто време, Јордан развивал планови за насочување на водите на реката Јармук кон системот од водоснабдувачки канали распоредени во источен Гор, во долината на реката Јордан. Во 1953 година е потпишана Спогодбата со Сирија, која се согласила за слично пренасочување на водите. Наскоро по тоа почнува и изградбата на каналот Источен гор. Овие првични напори не претставуваат непосредна закана за водната потрошувачка ниту на Израел, ниту пак на Јордан, но сепак, тие предизвикуваат опасност од избувнување на иден конфликт. Знаејќи го фактот дека еден иден конфликт помеѓу Израел и неговите непосредни соседи во врска со нивните водни ресурси ќе ги поткопа напорите на САД

да го спречат можното руско влијание во реонот на Средниот Исток, администрацијата на тогашниот американски претседател Д. Ајзенхауер (Dwight Eisenhower) назначила специјален пратеник во крајбрежните држави, Ерик Џонстон (Eric Johnston), член на државната техничка агенција за соработка. Тогашниот претседател Ајзенхауер му дал задача на Џонстон да врши посредување при склучувањето локална соработка за поделба на водните ресурси на реката Јордан. Американскиот претставник Џонстон на оваа проблематика работел две години, во периодот помеѓу 1953 и 1955 година. Тој честопати патувал до Средниот Исток, и успеал да ги намали разликите помеѓу израелските и арапските инженери, при што успеал да ги натера да постигнат согласност за поделбата на водните ресурси на реката. Според овој план, Јордан добил пристап до дел од водите на Галилејско Море, како и контрола над речиси цел Јармук, додека Израел добил контрола над Горен Јордан, како и право да користи вода од Галилејското Море и да ја насочува кон крајбрежните области и кон Негев. Но кога официјалната спогодба требало да биде реализирана и официјализирана, политичките лидери на двете држави се откажале од планот. Причините поради кои не успеал овој план биле бесмислени, односно Арапите не сакале да потпишат никаков договор кој би можел да биде протолкуван од останатиот арапски свет како признавање на еврејската држава – Израел. Евреите, пак, стравувале од потпишување каков било договор со кој на некој друг би му се дало право да управува со водите од Галилејското Море и Горен Јордан.[441] Откако планот на американскиот претставник Џонстон доживеал неуспех, Израел и Јордан започнале со развивање на свои водоснабдувачки системи независни еден од друг. Израел ја забрзал изградбата на својот национален систем за водоснабдување, познат како НСВ. Овој проект претставувал систем од тунели и канали кои требало да пренесуваат вода од реката Јордан до крајбрежните делови на Израел, како и до пустината Негев. Во исто време Јордан ја забрзува својата работа на каналот Источен Гор, како и на разните проекти кои биле поврзани со каналот. За извесен временски период, овие проекти не предизвикуваат некои посебни конфликти. Проблемите почнале да се зголемуваат, по завршувањето на Националниот систем за наводнување (НСВ). За арапските лидери националниот систем за наводнување (НСВ) претставувал неопростена кражба на водата од реката Јордан. Во 1960 година Арапите ја запираат реката Хасбани во Либан и реката Банијас во Сирија и ги раздвојуваат нивните води преку реката Јармук кон каналот Источен Гор во Јордан. На овој начин

[441] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 196.

тие го заобиколуваат Горен Јордан и Галилејското Море, главниот извор на вода за израелскиот систем од водоснабдувачки канали. Овој арапски план за пренасочување на водите на реката Јордан претставувал сериозна закана за еврејската држава. Без овие 260 милиони $m^3$ вода што годишно ги донесувале реките Хасбани и Банијас, националниот систем за водоснабдување на Израел би бил бескорисен, а додека сите придружни планови за доставување вода на Негев ќе станат беспредметни. Кога во 1960 год. дознаваат за решението на Арапската лига, Израел ги предупредува своите арапски соседи дека секој нивни обид да се раздвојат водите на реката Јордан би претставувал директен напад врз Израел и на тоа ќе се смета како објавување војна и закана за мирот.[442] Четири години подоцна, кога Сирија почнала да го реализира проектот, премиерот Леви Ешкол (Levi Eshkol) ги предупредил арапските земји дека Израел ќе ги преземе сите средства што им се на располагање за да обезбедат непречен проток на реката. Кон крајот на 1964 година, кога националниот систем за водоснабдување на Израел бил речиси завршен, арапскиот проект за насочување на водите сѐ уште бил во тек, случувањата во регионот околу распределбата на водните ресурси на реката Јордан заземаат поагресивен карактер. Првиот сериозен инцидент се случил во средината на ноември, кога во близина на изворот на реката Дан избувнуваат судири помеѓу израелската и сириската војска. Во пролетта и летото, 1965 година на повидок биле нови конфликти, како и воздушни судири помеѓу двете држави. Посериозен инцидент се случил една година подоцна, во јули 1966 година, кога израелските авиони го нападнале каналот Банијас – Јармук. Во август истата година во друг сличен таков инцидент дошло до воздушен конфликт помеѓу двете држави над Галилејското Море. Со зачестувањето на таквите слични инциденти се зголемила напнатоста во овој регион. Главните актери во овие инциденти, Сирија и Израел, забрзано се подготвувале за воени дејствија.[443]

Распределбата на водните ресурси во регионот на Блискиот Исток не претставува единствена пречка и причина која сѐ повеќе го продлабочуваше јазот помеѓу еврејската држава од една страна и арапските држави од друга страна. Арапските држави во ниту еден случај не го одобрувале израелскиот однос кон нивните сонародници, Палестинците, додека, пак, еврејската држава не можела да се

[442] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[443] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стоянов, София, 2003 год., стр.,193 - 202.

помири со фактот дека Сирија и Јордан им помагале на партизанските дејствија на палестинската група Ал Фатах (Fataḥ). Сепак проблемот за водата е прашање на национална безбедност и за двете држави. Никој од инволвираните страни не сака да остапи во конфликтот за водните ресурси на реката Јордан.[444] Двете држави во тоа време продолжиле да стационираат вооружени сили покрај своите граници, а вооружениот конфликт во горниот дел на реката Јордан станал реалност. На 7 април 1967 година изреалските авиони нападнале градежни објекти длабоко на територијата на Сирија. На овој начин избил нов сериозен воздушен конфликт, кој бил проследен со меѓусебни обвинувања, но и со дополнително мобилизирање на вооружените сили. На 18 мај Египет ги прогонил силите за брзо реагирање на ООН, кои биле распоредени на Синајската Пустина, а нивната основна функција била да ги раздвојуваат израелските и египетските сили. Силите на ООН биле поставени како тампон помеѓу египетските и израелските армии и го спречувале пристапот на израелските бродови до заливот Акаба. На 5 јуни 1967 година, овие сериозни инцидентнти прераснуваат во вистински воени дејствија. Како резултат на молскавичната победа во создадениот конфликт, познат како „Шестдневна војна“ (види слика 28), Израел значително ја подобрува својата стратегиска положба наспроти арапските држави во однос на Горен Јордан.

Слика 30 Територии на Израел пред и по шест дневната војна,






Окупацијата на Голанската Висорамнина од страна на Израел му обезбеди директна контрола на реката Бањас, оттргнувајќи ги на овој начин сите закани за водите од горниот дел на реката Јордан. Окупирањето на Западниот брег му обезбеди на Израел пристап до долното течение на реката Јордан и до вредните подземни базени

[444] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр.,193 - 202.

распространети во височините на север од градот Ерусалим. По завршувањето на Шестдневната војна, државата Јордан се нашла во многу неповолна положба. Јордан не само што го загубил Западниот брег туку на неговата територија се доселиле над 300.000 палестински бегалци, за кои требало да се обезбедат храна вода и други средства. И покрај тоа што војната од 1967 година значително ги намалила можностите на арапските држави да ги спречат израелските планови поврзани со водните ресурси на реката Јордан и неговите притоки, тоа не ги спречи новите конфликти за вода од 1967 до 1969 година. Палестинската ослободителна организација (ПЛО) (Palestine Liberation Organization (PLO) спроведуваше повеќе на серии вооружени напади над еврејските села во долината на реката Јордан. Најчести цели на нападите биле израелските системи за водоснабдување. Израелската држава на овие напади возвраќала со напади на каналот Источен Гор во државата Јордан. Изговорите за овие напади на еврејската држава биле со единствено објаснување: државата Јордан ги помагала нападите на Палестинците и присвојувала повеќе вода од она што е потребно од Јармук. Со цел да се надмине настанатата состојба, под посредништво на САД, Израел се соглсил да ги прекине нападите врз каналот Источен Гор, а Јордан требало да ги принуди членовите на ПЛО да ја напуштат територијата на Јордан.[445]

Конфликтот за вода во т.н Октомвриска војна од 1973 година помеѓу Израел и арапските држави бил ставен во втор план и така останало сè до моментот кога Јордан и Сирија ги обновиле своите планови за изградба на вештачка брана на реката Јармук. Изградбата на оваа брана требало да ги собира водите од зимското зголемување на реката, која подоцна, со помош на каналот Источен Гор (сега наречен канал Крал Абдулах), ќе се пренасочи за да може да ја користат фармерите во долината на реката Јордан. Израел тврдел дека овој проект ќе ја користи водата која е потребна за еврејските доселеници во обласата на Голанската Височина. Израел се заканил дека ќе ја запре изградбата на браната со користење на сите можни средства, вклучувајќи и употреба на воена сила. Имајќи го предвид лошото искуство во минатото со еврејската држава, Јордан се откажал од изградбата на овој водоснабдувачки објект. По овој инцидент, притисокот и напнатоста во регионот на Блискиот Исток предизвикани од конфликтите за водните ресурси преминуваат од израелско-јордански конфликт во конфликт помеѓу Израел и Палестина. Користејќи ја својата власт како окупаторска

[445] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, София, 2003 год., стр., 193 - 205.

сила, Израел успеал да ги запре Арапите од Западниот брег да го зголемат количеството вода што го користат од богатите подземни базени во регионот. Во исто време Израел користел големи количества од овие подземни води за задоволување на сопствените потреби и за потребите на еврејските доселеници на Западниот брег. Со користењето на повеќето од подземните резерви во Западниот брег за себе и за еврејските доселеници во областа, Израел создал една неправедна состојба во регионот во кој еврејските доселеници добиваат од пет до осум пати повеќе вода по глава на жител отколку арапските жители. Таквата нерамномерна распределба на водните ресурси е вовед само во нови вооружени конфликти во регионот. Како резултат на неправилната распределба на водните ресурси во окупираните територии сè уште не може да се воспостави мир во регионот на Блискиот Исток.[446]

Започнувајќи од 1967 година па до почетокот на деведесеттите години на дваесеттиот век немало позначајна промена во суштинското распределување на водните ресурси во Западниот брег и долината на реката Јордан. Државите кои биле вовлечени во конфликти во минатото почнуваат да бараат разни начини за мирно решавање на проблемот со распределбата на водните ресурси. За надминување на конфликтната состојба, во 1991 година започнале арапско-израелските мирни преговори под покровителство на САД. Во 1994 година Израел и Јордан потпишале мировен договор, кој опфаќал голем број многу важни прашања, меѓу кои е и проблемот за распределување на водните ресурси. Според член 6. од договорот и анексот кон договорот, Израел се согласува да го ограничи количеството вода што годишно го користи од Јармук и дозволува влевање на повеќе вода од Јордан во каналот Крал Абдулах. Двете држави се согласиле да соработуваат во истражувањата и реализацијата на разни водоснабдувачки проекти во долината на реката Јордан, како и да истражуваат проекти што се поврзани со зачувување на водните ресурси.[447] Иако двете држави тогаш се согласиле на соработка, до ден денешен сè уште нема никакви видливи резултати.

Распределбата на водните ресурси претставувала главен проблем и во преговорите помеѓу Израел и ООН во однос на идниот статус на Западниот брег и Газа. Според привремената спогодба потпишана од двете држави во септември 1995 година, Израел им признавал одредени права на Палестинците врз подземните резерви

[446] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси", Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 193 - 205.
[447] http://www.kinghussein.gov.jo/peacetreaty.html

на вода на Западниот брег. Освен тоа, новоформираната палестинска власт добила дел од правата за распределба на водните резерви во регионот кој се наоѓа под нејзина контрола. И покрај привремената спогодба, Израел ја задржал контролата над водните ресурси на Западниот брег. Со самиот факт што еврејската држава и понатаму ја имала контролата на подземните резерви на Западниот брег, решенијата за некаква правична распределба на водните ресурси во оваа област се усложнуваат. За оваа мошне сложена состојба придонел и периодот на суша кој ја зафатил оваа област во периодот од 1999 до 2000 година. Незадоволството од водната политика на Израел повторно го разгорува палестинскиот народ. Израел на секаков можен начин одрекува да им отстапи какви било права на Палестинците врз водните ресурси на реката Јордан, и покрај тоа што Западниот брег го зафаќа поголемиот дел од течението на реката.[448]

Водата како ресурс претставувала важна точка од мировните преговори помеѓу Израел и Сирија започнати во 2000 година. Како претходен услов за потпишување на каков било мировен договор, Сирија настојувала Израел целосно да се повлече од Голанската Висорамнина и источниот брег на Галилејското Море (езерото Тиверија). Но ова, секако, би го загрозило слободниот пристап на Израел до водите на реката Банијас, при што Израел најверојатно настојувал да добие некоја форма на контрола над оваа важна притока на реката Јордан. Освен тоа мошне веројатно е еврејската држава да посака да воспостави целосна контрола над езерото Тиверија. И покрај спроведените преговори во јануари 2000 година во Шепардстаун, западна Вирџинија, не бил постигнат никаков напредок и разговорите биле прекинати. Смртта на тогашниот сириски претседател Хавез Асад во јуни истата година, политичката нестабилност во Израел и регионот, како и најновите случувања денес во овој дел од светот сè уште го спречуваат обновувањето на преговорите. Преговорите и договарањето претставуваат најголема надеж во регионот на Блискиот Исток за конечно решеавање на проблемите кои со децении ги разделуваат Израел и неговите арапски соседи. Ако сите заинтересирани држави би постигнле согласност по основните прашања и почнат да соработуваат во решавањето на проблемите кои ги оптоваруваат меѓусебните односи, а тие несомнено се однесуваат и на распределбата на водните ресурси, би се спречила една водна катастрофа во регионот и ќе бидат

[448] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

задоволени основните потреби на луѓето кои живеат во областа, без разлика на тоа дали се тоа Евреи или, пак, Арапи.[449]

Како и во другите региони богати со стратегиски ресурси, така и во овој регион дополнителен проблем кој ги оптоварува односите на државите претставува зголемувањето на природниот прираст на населението. Според податоците се очекува бројот на населнието во долината на реката Јордан да биде зголемен повеќе од два пати помеѓу 1990 и 2020 година: од 9,6 милиони на 21,2 милиони жители, со тенденција на постојано зголемување. Ако народите коишто го населуваат овој регион во блиска иднина не постигнат согласност за една општа стратегија поврзана со распределбата на водните ресуси во регионот, постојаниот прираст на населението, како и останатите меѓусебни проблеми што го оптоваруваат регионот со децении ќе станат преголем товар за постојните резерви на вода и ќе придонесат за појава на една хаотична состојба и за избувнување конфликти, а со самото тоа и загрозување на регионалната и глобалната безбедност.[450]

## *2.2 Конфликтите за вода во регионот на реките Тигар и Еуфрат*

Како што нагласивме претходнон во овој труд, на прв поглед водата може да изгледа малку веројатен извор на конфликти и несогласувања помеѓу државите. Но несогласувањето околу овој природен ресуес ја карактеризира целокупната историја на човештвото. Слична таква состојба имаме и во областа каде што поминуваат реките Тигар и Еуфрат. Реката Тигар (The Tigris River) е долга 1.900 км и дренира област од околу 110.000 км$^2$. Реката извира во планините во источна Турција и тече југоисточно во Ирак. При влегувањето на територијата на Ирак, тече во вид на цик-цак до југоисток, а нејзината долина се израмнува и проширува. Во минатото, областа помеѓу реките Еуфрат и Тигар била место каде што биле формирани едни од најстарите светски цивилизации. Во минатото, нивото на реката значително се зголемувало и предизвикувало поплави како резултат на топењето на снегот во планинските предели, како и поради обилните дождови кои се појавуваат кон крајот на зимата и почетокот на пролетта.

Реката Еуфрат (Euphrates) извира во Турција и тече низ Сирија и Ирак пред да му се придружи на Тигар. Водите на реките Еуфрат и Тигар биле клучни за

[449] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 193 – 210.
[450] Исто.

одржувањето и развојот на старата месоптамска култура. Реката Еуфрат е долга 2.700 км и дренира област од 444.000 км$^2$. Текот на Еуфрат е паралелен со текот на реката Тигар. Во северен Ирак Еуфрат ја формира областа Ал Џазира, додека Тигар ја формира источната граница. Еуфрат има просечен годишен тек од 28 милијарди м$^3$, а најголем водостој има во април и во мај. Бидејќи е премногу плитка за пловидба, оваа река е важна само за водоснабдување. Реката несомнено е извор на политичка тензија и несогласувања помеѓу Турција, Сирија и Ирак. Сите овие држави го користатат овој воден ресурс за водоснабдување, како и за производство на електрична енергија.[451] Овие три држави (Турција, Сирија и Ирак) никогаш не постигнале спогодба за поделба и за користење на водните ресурси од реката Еуфрат. Турција досега ги одбиваше сите сириски и ирачки барања да им гарантира доток од 700 м$^3$ вода во секунда од реката Еуфрат. Турската држава на овие две држави со кои ги дели водните ресурси на реката Еуфрат им нудела максимум од 500 м$^3$ во секунда. Со ова количество вода остануваат незадоволни Сирија и Ирак до ден-денес. Речниот систем Тигар и Еуфрат е многу поголем од долината на реката Јордан, а нејзината територија е речиси дваесет пати поголема. Меѓутоа, и овде како и во случајот со реката Јордан имаме поделба на водните ресурси на двете реки помеѓу неколку држави и етнички групи, меѓу кои владее заемна недоверба проследена со постојани инциденти. И во двата случаи, оној на речниот систем на реката Јордан и на речниот систем на реките Тигар и Еуфрат, досегашните обиди да се развие заеднички систем за користење на водните ресурси или да се усогласи водната политика помеѓу државите низ кои поминуваат овие реки е осуден на неуспех. И покрај фактот што некои од државите постигнале индивидуални спогодби помеѓу себе за распределба на водните ресурси, сè уште не постојат планови за реално и целосно распределување на водните ресурси. Одовде неминовно е да се дојде до заклучок дека спорoвите за користењето на малкуте водни резерви ќе продолжат и во иднина. Во овие споменати два региона зголемениот прираст на населението дополнително ги оптоварува меѓусебните односи помеѓу државите. Зголемениот прираст претставува важен фактор и движечка сила која влијае врз проблемот за рамномерно распределување на водните ресурси на овие две реки.

Двете главни реки во системот, Тигар и Еуфрат, извираат од една иста планинска област во југоисточна Турција, при што на крајот се соединуваат, и ја формираат реката Шат ал Арап (Shatt al-Arab), која се влева во Персискиот Залив.

[451] Недељкович М., „Лексикон народа света“, човечанство 2000, Београд, 2001 год.

Меѓутоа, помеѓу овие две точки на спојување, двете реки течат на големо растојание една од друга, Еуфрат оди на југозапад, кон северниот и централниот дел на Сирија, а Тигар на југоисток, кон Северен Ирак. И покрај тоа што по својот пат до Персискиот Залив и двете реки ги собираат водите на разни притоки, поголемиот дел од водите доаѓа од изворите кои се наоѓаат на територијата на Турција, додека кај Тигар овој процент е околу 50%. Растојанието на двете реки при излегувањето од Турција е 402,5 км една од друга. Реката Еуфрат, која се наоѓа западно, влегува во Сирија и по тоа во продолжение на околу 112,7 км тече во јужна насока, пред да се одвои на исток кон ирачката граница, и ги собира водите на своите две притоки, Балих и Хабур (Khabur River), кои исто така извираат во југоисточна Турција. Во исто време, Тигар тече кон сириската граница во должина од 80,5 км пред да влезе во Северен Ирак. На својот пат кон југ, Тигар ги собира водите на неколку важни притоки, меѓу кои Голем Заб, Мал Заб, Узаим и Дијала. Голем Заб извира од Турција, а останатите три реки од планината Загрос (Zagros Mountains) во западен Иран.[452]

По напуштањето на планинските реони на Турција и Ирак, реките Тигар и Еуфрат навлегуваат во опширната алувијална рамнина Месопотамија. (види слика 31) Еуфрат ја поврзува оваа голема рамнина долга околу 805 км и широка околу 241,5 км, од југ и запад, а Тигар ја ограничува од север и исток.

Слика 31, Карта која го покажува речниот систем Тигар - Еуфрат со која се дефинира областа Месопотамија[453]



Пред 7.500 години, овде луѓето за првпат користеле вештачко наводнување во земјоделството и овде се појавиле првите градови-држави. Во доцните библиски времиња, кога поради наводнувањето доаѓа до покачување на соленоста на почвата, значењето на оваа област почнува постепено да опаѓа. Во почетокот на XIX и XX век,

[452] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси", Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[453] http://www.ancient.eu/Mesopotamia/

вештачкото наводнување почнува повторно да се користи. Денес поголем број од населението на Ирак, неговата обработлива површина, како и поголемиот дел од индустријата на државата се концентрирани во оваа област. Во југоисточниот дел на Месопотамија овие две реки поминуваат низ широки мочуришни места. Низ вековите населението овде успеало да создаде своја специфична култура, поврзана со риболовот и сточарството. За време на Заливската војна, 1990 - 1991 година, Ирак се обидел да ги пресуши мочурливите места заради развивање нови обработливи површини, но според некои аналитичари ова се правело со цел да се скроти една област која долги години ги криела шиитските противници на режимот во Багдат.[454] Откако ја напуштаат оваа област, Тигар и Еуфрат ги обединуваат своите води во Ал Курнах и ја создаваат реката Шат ал Араб, која продолжува на југ околу 161 км пред да се влее во Персискиот Злив. Овие две реки се од стратегиска важност за економскиот развој на Ирак и на Сирија. Имено според некои достапни податоци, околу 85% од сите обновливи водни резерви доаѓаат од Еуфрат, додека Ирак целокупната вода ја добива само од овие две реки. Одовде можеме да го согледаме стратегиското значење на овие две реки за Сирија, но и за Ирак. За разлика од Сирија и Ирак, Турција не е толку зависна од водните ресурси на овие две реки, Тигар и Еуфрат. Во моментот само 30% од нејзините водни ресурси се обезбедувааат од овие две реки.[455] Но и Турција како и останатите држави низ кои течат овие две реки има свои планови за водоснабдување и за наводнување на новите земјоделски површини кои ќе се обработуваат во југоисточна Анадолија. Сето ова можеби ќе биде изводливо доколку Турција ги зголеми количествата вода што ќе ги користи од овие две реки. Во последните години овие три држави на реките Тигар и Еуфрат изградија брани за спречување на поплавите, но и за производство на електрична енергија и за наводнување на земјоделски култури. Турција изгради три брани на реката Еуфрат: браната Кебан (Keban Dam) е брана за производство на електрична енергија и за наводнување на земјоделските површини. Браната е изградена на реката Еуфрат, во провинцијата Елазиг (Elazığ Province) во Турција. Оваа брана беше првиот проект од неколкуте големи брани кои треба да бидат изградени на реката Еуфрат од страна на Турција. Иако браната Кебан првично не беше изградена како дел од проектот Југоисточна Анадолија (ГАП), денес таа целосно е интегрирана во овој проект. Овој проект, проектот ГАП, има за цел да го стимулира економскиот развој во југоисточна Турција. Изградбата на браната започнала во 1966 година и била завршена

[454] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 205.
[455] Исто, стр., 206.

во 1974 година. Висината на браната изнесува 207 м додека нејзината должина изнесува 1.097 м. Браната Кебан има површина од 675 км$^2$ и претставува четврто по големина вештачко езеро во Турција, по езерото Ван, езерото Туз и вештачката акумулација создадена од браната Ататурк. Капацитетот на браната изнесува 30.6 км$^3$, а Турција за нејзината изградба потрошила 300.000.000 американски долари. На оваа брана турската држава има изградено хидроелектрична централа со осум турбини, од кои четири се со моќност од 157,5 MW, додека останатите четири се со моќност од 175 MW, со вкупна вредност на инсталираниот капацитет од 1.330 мегавати (MW).[456]

Слика. 32 Карта на која се означени локациите на браните изградени во турско-сирискиот дел на реката Еуфрат[457]






Браната Каракаја (Karakaya Dam) е една од 21 брани кои се опфатени со проектот ГАП. Изградена е на реката Еуфрат и пуштена во употреба во 1987 година. Височината на браната изнесува 158 м, додека нејзината должина изнесува 462 метри. Овде е изградена хидроелектрична централа со шест турбини со моќност од 300 MW, со вкупна вредност на инсталираниот капацитет од 1.800 мегавати (MW).

Слика 33, Браната Каракаја (1987)[458]



Слика 34, Браната Ататурк (1992)[459]



---

[456] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[457] http://www.mfa.gov.tr/turkey_s-policy-on-water-issues.en.mfa
[458] http://www.mfa.gov.tr/dams-and-development.en.mfa
[459] http://www1.american.edu/ted/ataturk.htm

Браната Ататурк (Atatürk Dam) е изградена во чест на Мустафа Кемал Ататурк, основачот на модерна Турција. Изградбата на браната започнала во 1983 година и била завршена во 1990 година. Браната била изградена за производство на електрична енергија и за наводнување на земјоделските површини во овој регион. Оваа брана е една од петте оперативни брани на реката Еуфрат од 2008 година покрај, браните Кебан, Каркадија, Бурчек и Каркамиш. Турција гради уште две брани на оваа река. Висината на браната Ататурк изнесува 169 м, додека нејзината должина е 1.820 м. Оваа брана има вкупна инсталирана моќност од 2.400 мегавати (MW) или производство на 8.900 гигават часови електрична енергија годишно. Вкупните трошоци за изградба на браната Ататурк изнесувале 1.250.000.000 американски долари.[460]

Државата Сирија на својата територија од течението на реката изгради брани во Табака (Tabqa Dam) на Еуфрат, а во изградба беше и друга брана, но поради граѓанската војна изградбат е стопирана. Ирак има неколку брани и на двете реки. Браната Табака (во превод значи брана на револуцијата) се наоѓа 40 километри низводно од градот Ар-Raqqah во провинцијата Ар-Raqqah во Сирија. Висината на браната изнесува 60 метри, а должината 4,5 километри, со што таа претставува најголема брана во Сирија. Нејзината изградба доведе до создавање на вештачкото езеро Асад, најголемиот воден резервоар во Сирија. Браната била изградена во период помеѓу 1968 и 1973 година, со помош на тогашниот Советски Сојуз. Во 1974 година, за да се наполни езерото, протокот на реката Еуфрат бил значително намален, при што избувнал спор помеѓу Сирија и Ирак. За да се избегне вооружен конфликт, несогласувањата помеѓу двете држави биле решени со помош на Саудиска Арабија и тогашниот Советски Сојуз. Браната првично била изградена за да произведува електрична енергија, како и за наводнување на земјиштето на двете страни на реката Еуфрат.[461] Денес оваа брана е под контрола на т.н. Исламска Држава.

Овие водоснабдувачки проекти им овозможуваат на секоја од државите во регионот да можат да ги контролираат сезонските осцилации на реките и на тој начин значително да ги зголемат можностите за вештачко наводнување во земјоделство и поголемо производство на електрична енергија. Меѓутоа, овие водоснабдувачки проекти им овозможуваат на државите кои се наоѓаат во горното течение на реките и да го намалат количеството вода за сметка на државите кои се наоѓаат во долниот дел

[460] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
[461] Исто.

на овие две реки. Ова пак неминовно води до зголемување на тензиите и недовербата помеѓу државите во овој регион.

Како во случајот со реката Јордан и неговите водни ресурси, така и овде државите кои се распоредени на двете реки (Тигар и Еуфрат) се разделени и раскарани за распределба на водните ресурси на овие две реки. Турција и Сирија имаат несогласувања околу спорната област Хатај (Hatay Province), која ѝ е отстапена на Турција од страна на Франција во 1939 година, а припаѓала на Сирија, како и сириската поддршка што ѝ ја дава на Курдската работничка партија (ПКК) во Турција. Сепак, и во долината на реката Јордан, но и овде, водата е суштествена за националната безбедност, особено за безбедноста на државите, распостранети во долниот дел на реките. Поради оваа причина се занемаруваат сите други проблеми кои не се поврзани со водните ресурси, на кога ќе се појави опасност од намалување на водните ресурси во регионот, тие стануваат приоритет број еден на засегнатите страни.[462]

Прва таква посериозна криза од овој вид се појавила во 1975 година, кога била завршена изградбата на сириската брана во Табка на реката Еуфрат. Оваа брана изградена во тогашно време со советска помош, која подоцна е преименувана во Ат-Тарух или „Брана на револуцијата“. Браната е со капацитет од 12 милијарди м$^3$ вода и се планира да наводнува обработлива површина од 640.000 хектари. Кога Сирија започнала да ја полни браната, Ирак изјавил дека количеството вода од реката Еуфрат на неговата територија е драстично помало од нормалниот проток, при што била доведена една целогодишна реколта до работ на исушување. Сирија ги негирала обвинувањата од страна на Ирак, при што и онака нарушените односи стануваат уште посериозни и понапнати. Имајќи ги предвид нарушените меѓусебни односи, кои може да избијат и во вооружен конфликт, било свикано итно собрание на министрите за надворешни работи на државите-членики на Арапската лига. Собранието било свикано на 1 мај 1975 год во Џеда, во посредништво на министерот за нафта на Саудиска Арабија, шеикот Ахмед Заки ал Јамани. Иако тие не успеле да изнајдат решение за спорот помеѓу Сирија и Ирак, привремено била намалена напнатоста помеѓу овие две држави. На 8 јули Сирија го повлекла својот воен аташе од Багдад, при што истото го направил и Ирак, односно го отповикува својот воен аташе од Сирија. Двете држави го затвориле својот воздушен простор за авионите на другата држава и ги зајакнале своите вооружени сили по должината на заедничката граница. До почетокот на август

[462] Недељкович М., „Лексикон народа света“, човечанство 2000, Београд, 2001.

истата година кризата веќе добила застрашувачки размери. Ирак разместил голем дел од своите вооружени сили кон границата со Сирија, кои пред кризата биле распоредени на североисток и се бореле со курдските бунтовници. Во исто време Сирија ги разместила своите вооружени сили кои се наоѓале во реонот на Голанската Висорамнина околу браната Табка и по должината на границата со Ирак. Двете држави продолжиле со непријателствата и меѓусебните обвинувања за повреда на воздушниот простор од страна на противничките воени авиони. По ова следувале и периодични нарушувања на суверенитетот на двете држави. Имајќи предвид дека избувнувањето војна помеѓу овие две држави било неизбежно, на 12 август 1975 година саудискиот принц Фахад во улога на посредник допатувал во Дамаск со цел на мирен начин да бидат решени недоразбирањата и да биде избегнат воениот судир помеѓу овие две држави. Сирија се согласила со заложбите на посредникот и ветила дека ќе пушти дополнителни количества вода во реката Еуфрат. За таа цел, принцот Фахад го убедил Ирак да ги повлече своите вооружени сили по должината на границата со Сирија и да започнат преговори со Сирија за надминување на настанатиот спор околу водните ресурси на реката Еуфрат.[463] Како резултат на оваа криза тогашните претставници на двете држави се сретнале неколку пати, сѐ со една единствена цел: да изнајдат решение за спорот околу распределбата на водните ресурси на реката Еуфрат. Иако претставниците на двете држави се среќавале за разрешување на овој проблем, тие не успеале да постигнат никаков договор. Багдад и Дамаск ги продолжуваат своите несогласувања околу можната распределба на водните ресурси на реката. Овие несогласувања продолжуваат и во наредните 15 години, сѐ до април, поточно до 15 април, кога дошло до поголема криза за вода, како резултат на изградбата на браната „Ататурк“ во Турција. Во тој момент Сирија и Ирак постигнуваат спогодба за распределба на водните ресурси на реката Еуфрат. Сирија тогаш се обврзала дека ќе му доставува барем 58% од надојдените води од Турција на Ирак.[464] Причината за подобрувањето на меѓусебните однсите помеѓу двете држави е решението на Турција да го запре целосно течението на реката Еуфрат за еден месец, почнувајќи од 13 јануари до 12 февруари 1990 година за да ја наполни браната „Кемал Ататурк“. Ова блокирање на реката Еуфрат од страна на Турција се случува во зимскиот период, пред почетокот на сеидбата, кога реката и природно има поголема количина вода од

[463] Види поопширно кај Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 207 - 210.
[464] Исто.

вообичаеното. Ова блокирање на реката практично нема никаков ефект во државите кои се наоѓаат во долното течение на реката. Но со самото ова Турција сакала да ја демонстрира својата моќ и способност дека може да ги контролира водните ресурси на реката кога ќе посака. Таквото однесување на Турција предизвикало сериозно незадоволство во Сирија и Ирак. Незадоволството во тоа време се зголемило уште повеќе поради фактот што Турција и понатаму ја продолжила својата работа околу изградбата на разни водоснабдувачките системи, кои, пак, ќе ѝ овозможат контрола на водните ресурси на Тигар и Еуфрат за свои сопствени водоснабдувачки потреби. Во Турција овој проект бил познат под името Југоисточен анадолски проект (ГАП). Во почетокот на шеесеттите години од минатиот век, ГАП стартувал како широко опфатен проект во вредност од 30 милијарди долари. Овој проект пред сѐ има за цел да го помогне развојот на посиромашните југоисточни делови на државата, но и за производство на електрична енергија и за зголемување на продуктивноста во земјоделското производство. Се предвидува дека при завршувањето на овој проект ќе бидат изградени дваесет и две брани на Тигар и Еуфрат и нивните притоки, деветнаесет хидроцентрали и многубројни водоснабдувачки системи кои ќе наводнуваат два милиони хектари земја. Овој проект драстично ќе ја промени природната слика на Турција. Преку овој проект Турција се надева дека ќе создаде приближно три милиони нови работни места а многу од овие работни места се предвидени за курдското население кое ја населува оваа област. Традиционално ова население во минатото ѝ давало поддршка на Курдската работничка партија која се бори за независност на овој дел од Турција.[465] Посетата од странци во овој крај е ризична, а турските власти не ја препорачуваат. Највисокиот врв во мала Азија (Арарат) се наоѓа токму овде. Главен центар на Курдите во Турција е Дијарбекир, кој се наоѓа на Курдистанската Висорамнина како дел од Источноанадолиската Висорамнина. Овде се наоѓаат наоѓалиштата на нафта како и најголемата рафинерија во Батман. Тешко е да се одреди колку Курди денес живеат во Турција. Најчесто споменуваната бројка е околу 12 милиони жители или околу 24% од населението во Турција. Кога проектот ГАП станал очигледно голем, Сирија и Ирак оправдано почнале да стравуваат за водните ресурси на реките Тигар и Еуфрат. Со цел да се намали напнатоста во овој дел од светот, Турција напоменала дека нема да преземе никакви дејствија кои би можеле да ги загрозат основните потреби за вода на двете

---

[465] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

држави. Како израз на добра волја, во 1987 година Турција потпишала спогодба со Сирија, според која Турција се обврзува да го одржува количеството вода кое влегува во Сирија на средно годишно ниво од 55 $м^3$. Во замена за ова, Сирија требало да ја зголеми безбедноста на турско-сириската граница и да ја прекине својата нелегална поддршка на ПКК (Курдската работничка партија). Но очекувањето на Турција за преземање енергични мерки против ПКК од страна на Сирија биле незадоволителни. Во октомври 1989 година турскиот претседател Тургут Озал ја предупредил Сирија дека доколку не ја прекине својата поддршка на ПКК, Турција ќе ги сопре водите на реката Еуфрат. Во 1990 година Турција ги запрела водите на Еуфрат за да ја наполни браната Ататурк. Се повторила 1975 година. Двете држави си упатуваат заканувачки изјави и ги распоределе своите вооружени сили по должината на меѓусебната граница. Воениот судар помеѓу двете држави станал сè понеизвесен. Сирија и Ирак го искористиле овој момент и ги надминале своите долгогодишни разлики и несогласување и формирале заеднички „фронт“ против Турција во однос на водните ресурси. Но пред тие да преземат какви било непријателски дејствија против Турција, таа го воспоставила нормалниот тек на реката.[466] Со ова однесување Турција сакала уште еднаш да ја покаже својата моќ во однос на контролата на водните ресурси за сметка на своите соседи распоредени по долното течение на реките. Таквото слободно однесување на турската држава е резултат на воената моќ со којшто располага. Можеме само да претпоставуваме како би се одвивал еден иден воен конфликт во регионот на реките Тигар и Еуфрат за распределба на нивните водени ресурси. Имајќи ја предвид разликата во воените сили на двете држави, Турската армија (Turkish Armed Forces -TAF) е речиси два пати поголема од сириската и, благодарение на членството во НАТО, многу подобро вооружена. Сирија е ставена во подредена состојба и не е во можност да планира какви било воени дејствија против Турција. Турција сосема отворено ја покажува својата надмоќ, тврдејќи дека е целосно подготвена да одговори на секој напад врз браната Ататурк или на каков било друг напад кој има за цел да го уништи проектот ГАП. „Не мислам дека треба да се плашиме од заканите за војна во процесот на проекти за развој на Турција“,[467] изјавува Сулејман Демирел, претседател на Турција во тоа време. „Ако има некоја закана, ние ќе ја одбиеме. Турција има повеќе начини да се заштити“.[468] Но и Сирија има начин како да ја дестабилизира Турција и

[466] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 208 – 212.
[467] Исто, стр., 208 - 212.
[468] Исто, стр., 208 – 212.

досега не се двоумеше да го искористи тоа за свои потреби. Укажувајќи на постојаната соработка со ПКК и обезбедувајќи азил на нејзините сили, Сирија успевала да предизвика постојана нестабилност во југоисточна Анадолија, каде што се концентрирани проектите на ГАП и каде што живаеат најголем дел од турските Курди. Напнатоста и несоглсувањето помеѓу овие две држави околу распределбата на водните ресурси не престанува. Во октомври 1998 година Турција ѝ се закнува на Сирија со воена интервенција, бидејќи Сирија не ги отстранила базите на ПКК од нејзината територија. Сириската поддршка на бунтовниците според турските официјални лица претставувала една необјавена војна против Турција. Доколку камповите на ПКК кои се наоѓале на сириска територија не бидат затворени, Турција воено ќе интервенира. За да ја поткрепи своја закана со воени дејствија, Турција ја распоредила својата армија на границата со Сирија во целосна борбена готовност. Стравувајќи од еден пошироко регионален конфликт, лидерите на дел од државите во регионот, вклучувајќи го овде и тогашниот египетски претседател Мохамед Хосни Мубарак, ги посетиле Анкара и Дамаск во обид да го спречат избувнувањето на воени конфликт. Неприкосновената воена моќ на Турција успеала да ја постигне својата цел. Стравувајќи од директен судир со Турција, Сирија се согласила да ја преиспита својата поддршка за ПКК. На 21 октомври Турција и Сирија потпишуваат спогодба со која Сирија била обврзана да ги затвори базите за обука на ПКК, да ја запре својата финансиска помош за партијата и да го протера лидерот на турските Курди Оџалан, кој во тоа време прибежиште наоѓал во Сирија. Потпишаната спогодба помеѓу двете држави во октомври 1998 година ја намалила напнатоста на турско-сириската граница и привремено ја намалила опасноста од избувнување на конфликт.

Со потишувањето на оваа спогодба помеѓу Турција и Сирија, решен е само еден сегмент од меѓусебните односи кои долги години ги оптоварувале меѓусебните односи помеѓу Турција и Сирија. Во спогодбата било решено прашањето околу поддршката на Сирија на ПКК, додека за прашањето околу распределбата на водните ресурси на реката Еуфрат не било воопшто дискутирано. Напнатоста околу распределбата на водните ресурси и вознемиреноста на Сирија, која била предизвикана од турските проекти за водоснабдување, повторно се разбранувани во летото 1999 година, кога областа е опфатена од дотогаш незапаметена суша. Во тој период турската држава ја започнала изградбата на четвртата по големина брана на реката Еуфрат, која се наоѓала 60 км низводно од браната Ататурк, распостранета во Биречик (Birecik

Dam). Намената на браната била за наводнување и производство на електрична енергија. Се очекува таа да произведува 2.500 милијарди киловат часови електрична енергија годишно. Изградбата на оваа брана придонела за заголемување на напнатоста во регионот, каде што состојбата повторно е доведена до точка на вриење.

Во почетокот на XXI век политиката за вода во регионот на реките Тигар и Еуфрат ја достигнува својата кулминација. Највознемирувачкиот фактор е изградбата на нови брани и водоснабдувачки системи во југоисточна Турција, како и перманентното зголемување на бројот на населението во областите околу реките Тигар и Еуфрат. По затворањето на Оџалан и повлекувањето на ПКК, Турција се враќа повторно кон своите проекти за водоснабдување, кои биле запрени за неколку години. Според своите планови, Турција има намера да го зголеми вештачкото наводнување на областите околу реката Еуфрат за десет пати од првата деценија на XXI век, при што значително би се намалило количеството вода кое ќе влегува во Сирија. Во 1999 година Турција ги објавила своите планови за проширување на проектот ГАП, со опфаќање на горното течение на реката Тигар со изградба на брана во Илису (Ilisu Dam), регион населен со Курди, на околу 64,5 км северно од сириската граница. Изградбата на браната на реката Тигар Турција ја започнала на 5 август 2006 година и се очекува таа да биде завршена во 2015 година. И ова е една од 22 брани што ги опфаќа проектот ГАП. Браната ќе биде висока 135, а широка 1.820 метри. Изградбата на браната Турција ќе ја чини околу 1,7 милијарди американски долари. Кога ќе биде завршена изградбата на браната, таа ќе прозведува 3.833 GWh (гигават часови) електрична енергија и ќе зафаќа површина од 313 км$^2$, додека резервоарот на браната ќе има капацитет од 10.400.000.000 м$^3$ вода.[469] По завршувањето на оваа и на останатите брани на реката Тигар, Турција планира да наводнува околу 600.000 хектари земја со вода од реката. Ова ќе го намали течението на реката за околу 5-7 милијарди м$^3$ годишно или Турција ќе искористува околу 1/3 од количеството на нејзините води кои сега влегуваат во Сирија и Ирак. Имајќи го предвид фактот дека реките Тигар и Еуфрат се единствените водни ресурси на овие држави кои се наоѓаат по долното течение на реките Тигар и Еуфрат, секое намалување на водните ресурси на овие реки ќе претставува сериозно нарушување на стабилноста и безбедноста во овој регион.

---

[469] Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.

Како и во регионот на реката Нил, потребата од вода во регионот на Тигар и Еуфрат се зголемува. Државите Турција, Ирак и Сирија, кои ги користат водните ресурси на реките Тигар и Еуфрат, имаат намера да го зголемат своето производство на храна преку нови водоснабдувачки системи, како и да искористуваат поголеми количества вода за индустриски и за други цели. Ова претставува еден од факторите кој битно може да влијае за избувнување на конфликти поврзани со водните ресурси во регионот. Но, како што напоменавме претходно, друг фактор кој ја усложнува и така сложената состојба во овој регионо е високиот прираст на населението. Според Институтот за меѓународни ресурси, населението на Турција се очекува да се зголеми од 64 милиони во 1998 година до 98 милиони во 2050 година. Населението во Сирија се очекува да се зголеми од 15 милиони на 35 милиони, додека зголемувањето на населението во Ирак се очекува да се движи од 22 милиони жители во 1998 година до 56 милиони во 2050 година. Со ваквите прогнози за зголемувањето на населението во наредните педесет години, бројот на населението во регионот се очекува да се зголеми за неверојатни 88 милиони жители, што претставува трипати повеќе од населението на овие три држави во 1950 година.[470] Таквото зголемување на населението во регионот на реките Тигар и Еуфрат несомнено ќе биде и причина за избувнување на нови воени конфликти.

Од досега изнесеното можеме да ја согледаме сериозната безбедносна состојба во регионот каде што течат реките Тигар и Еуфрат и можното нарушување на безбедноста во регионот. По изградбата на секоја брана, како и намалувањето на водните ресурси на која било река, во државите кои се распространети во долниот дел, поради која било причина, ќе се појави чувство на несигурност, загрозеност и напнатост. Додека сите досегашни кризи се завршуваа без употреба на сила, не постои гаранција дека во иднина состојбата нема да излезе од контрола и дека некоја од загрозените држави нема да посегне по оружје за решавање на нерамномерната распределба на водните ресурси на двете реки. Повеќе од јасно е дека единствен начин за да се спречи избувнување на иден регионален вооружен конфликти, кој може да доведе и до избувнување на светски конфликт, е трите држави коишто ги користат водните ресурси на овие реки (Турција, Сирија и Ирак) да се договорат и да склучат меѓусебни одржливи договори за распределување на водните ресурси на овие две реки. Досега во пракса таков план не постои, а исто така не постојат ниту знаци дека трите

[470] World Resources institute, World Resources 1998-99, p. 244.

држави се спремни на еден таков исчекор од кој полза би имале сите три инволвирани држави.

Анализирајќи ја денешната состојба во овој регион, каде што Сирија е вовлечена во граѓанска војна, а Ирак исто така е во граѓанска војна, формирањето на Исламска Држава на територијата на Сирија и Ирак дополнително ја усложни состојбата во овие две држави. Турција го има проблемот со курдското малцинство коешто живее во овој дел на земјата и постојаните закани од страна на Исламската Држава, па тешко изводливо е склучување на каква било спогодаба за распоредување на водните ресурси на реките Тигар и Еуфрат во блиска иднина. Сè додека не се реши проблемот со рамномерното распределување на водните ресурси на двете реки, сведоци ќе бидеме на постојани недоразбирања и несогласувања со можност за нарушување на кревкиот мир кој владее помеѓу овие држави со несогледливи последици за регионот и пошироко.

Но, како светот да се насочи кон соработка, а не кон војни за вода? Опасноста од конкуренцијата за водата е реална, но во секое зло има и нешто добро. Соработката привлекува помалку внимание отколку насилните судири, но таа сепак постои. Снабдувањето со вода е еднакво важно како и снабдувањето со енергија, но за разлика од нафтата, водата нема замена.[471] Покрај многубројните негативни примери низ светот што ги имаме за распределба на водните ресурси, сепак, постојат и примери кои на овој проблем може да му дадат една друга димензија. Како пример ќе го земеме решавањето на проблемот со вода во земјите од Средниот Исток. Во овој дел од светот е изграден еден од најголемите водоводи во светот, со должина од 6.500 км, со дневен капацитет од 6 милиони м$^3$ вода. Овој водовод е наречен Водовод на мирот и со вода обезбедува повеќе земји од Арапскиот Полуостров, вклучувајќи ги тука: Сирија, Јордан, Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин, Катар, Обединетите Арапски Емирати и Оман. Вкупната цена на овој проект, „Водовод на мирот“, чини 21 милијарда американски долари, а цената на еден м$^3$ вода чини од 0,84 до 1,07 американски долари (економист, 1990).[472]

[471] Воткинс, К., Бернтел, А. (2007). Како да се избегне војна за вода. (Кевин Воткинс е директор на Канцеларијата за развој на човештвото во програмата за развој на ОН, а Андер Бернтел е извршен директор во Меѓународниот институт за вода во Стокхлом).
[472] Змејковски, М., „Човекот, водата и животната средина“, Графомак - Кичево, 2002 год., стр. 33.

## 2.3 Конфликти за вода во регионот на реката Инд

Како во случаите со реките Нил, Јордан, Тигар и Еуфрат, така и реката Инд (Indus River) претставува повод за избувнување на многубројни конфликти помеѓу државите кои се распоредени на нејзините брегови, а тоа се Индија и Пакистан. Поголемиот број од овие конфликти се предизвикани од политички и територијални несогласувања околу статусот на областа Кашмир, отколку околу прашањата поврзани со водните ресурси. По првиот вооружен судир во 1948 година, двете држави ги решавале своите конфликти поврзани со водните ресурси на реката Инд со мирни средства, односно на мирен начин, без употреба на сила. Меѓутоа, во последно време напнатоста и нетрпеливоста помеѓу Индија и Пакистан постојано се зголемуваат и постои реална опасност водата да се претвори во причина за иден вооружен конфликт помеѓу овие две држави. Една причина повеќе за загриженост претставува и фактот што и двете држави поседуваат нуклерано оружје и претставуваат нуклеарни сили.

Слика 35, Сателитска снимка на течението на реката Инд и басенот на реката во јужен Пакистан.[473]






Од својот изворот до устието, реката Инд поминува преку териториите на неколку држави: Кина, Индија и Пакистан. Таа претставува најдолга и една од најважните реки во Пакистан. Инд е и најдолга река и трета најголема река во однос на годишниот проток на индискиот потконтинет. Британците го употребиле името „Индија“ за целиот потконтинент според името на оваа река. Инд извира од северната страна на планинската верига Кајлас (Mount Kailash), Западен Тибет, во близина на езерото Мансарвар (Lake Manasarovar), потоа тече низ областа Ладак, која се наоѓа во Кашмир, контролиран од Индија. Таму реката скршнува на југ и влегува во Пакистан, кон југ тече по целата должина на земјата, за конечно да се влее во Арапското Море, во

[473] http://www.eoearth.org/view/article/173762/

близина на пристанишниот град Карачи. Вкупната должина на реката Инд изнесува 3.180 км, а сливното подрачје се проценува на над 1.165.500 км$^2$. Протокот на вода на реката Инд се проценува на 207 км$^3$ годишно.[474] Реката Инд го „наводнува“ екосистемот со богати шуми, низини и пустински предели. Заедно со реките Ченаб, Рави, Сутлеј, Желум, Беас и пресушената Сарасвати, Инд го формира „Сапта Синдум“ - седморечието во провинцијата Синд во Пакистан. Реката Инд има вкупно 20 поголеми притоки. Инд ја обезбедува потребната вода за економијата на Пакистан, особено за земјоделскиот регион Пунџаб и Синд. Реката ги задоволува и потребите за вода во тешката индустрија, а претставува и главен извор за пиење на населението во Пакистан.[475] Реката Инд е една од неколкуте реки во светот кои имаат прилив и одлив. Количината вода во реката варира и во голема мера зависи од годишните времиња. Водите на реката се намалуваат значително во зимскиот период, додека за време на монсунскиот период од јули до септември, се излеваат.

Како во некогашните држави Египет и Месопотамија, така и овде вештачкото наводнување во земјоделството доведува до појава на големи империи и цивилизации. Последни овде биле Британците кои дошле во XVIII век и до средината на XIX век веќе го контролирале басенот на Инд. Една од многубројните амбиции на Велика Британија во Индија била да ги вклучи водите на реката Инд и неговите притоки во големи проекти за водоснабдување. За да го реализираат овој план, Британците успеваат да ја искористат власта во регионот и да создадат еден општ систем за управување со водите на раката Инд, кој го опфаќал целиот басен на реката. Изградените широки канали ги поврзувале различните делови на реката, правејќи го возможно безбедното користење на сезонските приливи на вода во реката, како и наводнувањето на целата област. Првите канали британските колонизатори ги изградиле во далечната 1859 година, а до 1915 година веќе целиот регион на Пенџаб бил испресечен со сложена мрежа од канали. Во моментот на разделувањето, во долината на Инд имало околу 10.500.000 хектари обработлива површина, или 1.200.000 хектари повеќе од обработливата површина на САД во тоа време.[476]

Поделбата на Индија на две суверени држави, на 15 август 1947 година, предизвикала безредие во регионот околу басенот на Инд. Освен тоа што оваа област е

---

474 Георгиев Г., (2009) „Војни за природни стратегиски ресурси“, Магистерски труд, Филозофски факултет - Институт за безбедност, одбрана, и мир, Скопје, Македонија.
475 www.River_Indus/
476 Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр. 214.

поделена на независни, непријателски настроени држави, и водоснабдувчкиот систем кој бил  проектиран и изграден од страна на Британија бил поделен на посебни мрежи. Сирил Радклиф имал тешка задача да го раздели басенот на Инд, при што на новоформираната држава Пакистан ѝ доделил повеќе канали за наводнување. Како нови граници ги оставил горните теченија на петте големи притоки на Пенџаб, како и горните ракави на реката Инд во Индија. На овој начин Индија добила контрола над водите во горното течение на реката, при што на Пакистан му се создаваат дополнителни проблеми околу користењето на водните ресурси.

Слика 36,  Течението реката Инд низ Пакистан до Арапското Море




Важност на оваа поделба била многу големи и за двете држави и за кратко време станала многу очигледна. На 31 март 1948 година, властите во источен Пенџаб (Индија) го запреле пристапот на водата до неколкуте клучни канали во западен Пенџаб (Пакистан). Поради овој недостиг на вода била уништена реколтата на повеќе од 400 илјади хектари обработлива земја во Пакистан. Ова уништување било проследено со глад на населението во Пакистан. Овој акт за населението во Пакистан претставувал непријателски и бил со една единствена цел: поткопување на новоформираната држава. Запирањето на водата за Индијците претставувало акт на меѓусебно недоразбирање, а не акт на непријателство со коешто се сакало да му се наштети на Пакистан. Во мај истата година Индија повторно пуштила вода во каналите, а двете држави прифатиле привремена спогодба во однос на распределувањето на водните ресурси на реката Инд. И покрај напорите за разрешување на недоразбирањата помеѓу двете држави, напнатоста во регионот постојано е присутна и очигледно е сѐ поголема. Секој обид за обединување на разделените водни системи кои сега припаѓаат на двете суверени држви, гледано од денешен аспект, засега е неостварлив и невозможен.

Во наредните неколку години помеѓу Индија и Пакистан непрекинато се создаваат трки во врска со времената спогодба од мај 1948 година, како и во однос на другите прашања поврзани со распределбата на водните ресурси на реката Инд. И двете држави почнале да градат нови канали и нови водснабдувачки системи кои имале за цел да ја намалат нивната зависност од водните ресурси. Како резултат на преговорите водени помеѓу Индија и Пакистан за распределба на водните ресурси, на 19 септември 1960 година лидерите на овие две земји потпишале спогодба позната како „Договор за водите на Инд“. Договорот во име на Индија бил потпишан од страна на индискиот премиер Џавахарлал Нехру (Jawaharlal Nehru), а од страната на Исламската Република Пакистан бил потпишан од страна на претседателот на Пакистан, Мохамед Ајуб Кан (Mohammad Ayub Khan). Договорот бил потпишан во посредство на Светската банка (во тоа време Меѓународна банка за обнова и развој). Договорот од 1960 година довел до конечно разделување на речната мрежа на два посебни система:

- Индија добива контрола над водите на Рави, Беас и Сатлеџ, што претставува 1/5 од водите на реката Инд.
- Пакистан ја добива контролата над водите на самиот Инд, како и над Џелам и Чинаб, или околу 4/5 од вкупното количество на водите.

Индија била должна да продолжи уште некое време да обезбедува вода од трите пакистански реки контролирани од страна на Индија. За да ја надмине ваквата состојба, Пакистан гради нови брани и водоснабдувачки системи на своите реки, за да може да ги надомести евентуалните загуби од своите реки контролирани во горниот дел од страна на Индија. За многумина аналитичари коишто ја имаат проучувано оваа проблематика договорот за распределба на водните ресурси на реката Инд претставува пример за мирно решавање на водните конфликти. Сепак, договорот кој бил постигнат не успеал во целост да ги отстрани причините кои би можеле да придонесат за избувнување на иден вооружен конфликт помеѓу двете држави, поврзан за распределбата на водните ресурси. Индија со овој договор добила помал дел од водните ресурси, но ја зачувувала контролата над некои од клучните притоки на реката Инд. Ова значи дека Индија во иднина би можела да го оспори овој договор бидејќи добива помало количество вода, а во исто време има можност да го спречи течението на реката во Пакистан.[477] Во минатото индиските лидери не користеле такви мерки, но

[477] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, София, 2003 год., стр., 214

сепак сакале да го насочат своето внимание кон побитниот проблем, Кашмир. Меѓутоа, оваа состојба не може да трае бесконечно. Водните резерви на Пенџаб, Раџастан и други региони за производство на жито во Индија се значително намалени поради искористувањето на подземните води во регионот. Како резултат на искористувањето на подземните води се јавува уште поголемо оптоварување на басенот на Инд. Кога на ова ќе се додаде и демографскиот бум во Индија, ќе дојдеме до заклучок дека состојбата од ден во ден се повеќе сè усложнува. Поради сето ова нема да биде далеку денот кога Индија ќе биде принудена да не ја почитува или да ја укине спогодбата од 1960 година.[478] Сепак, најнестабилен фактор кој ги оптоварува односите помеѓу овие две држави, со можност да ескалира, денес претставува положбата на Кашмир (Kashmir).

Регионот Кашмир во рамките на британската круна имал делумна автономност. Во 1947 година Кашмир добил можност да се присоедини кон Индија или Пакистан или да стане независна држава. Пропакистанските муслимани во Кашмир организираат бунт против владата во Кашмир. Тогашниот управител на Кашмир, махараџата Хари Сингх (Maharaja Hari Singh), избрал да се присоедини кон Индија. Одлуката на махараџата за присоединување на Кашмир кон Индија довела до избувнување на војна помеѓу Индија и Пакистан. Како резултат на оваа војна, Кашмир е поделен на два дела, и тоа Азат (Слободен) под контрола на Пакистан, и Џаму, контролиран од Индија, кој ги зафаќа јужниот и источниот дел на областа. Во 1965 година повторно започнува војна помеѓу Индија и Пакистан поради спорната област Кашмир, но состојбата останува непроменета во овој регион. Вооружените сили на двете држави биле распоредени по таканаречената линија на контрола. Исламабад постојано инсистирал на присоединување на Џаму кон Пакистан, кој е контролиран од Индија и каде што мнозинството од населението се муслимани, додека Индија категорично ја одбива таквата опција (види табела 14).

Во прилог табела бр. 14[479]

| **Управувано од (Administered by)** | **Област (Area)** | **Население (Population)** | **% Muslim** | **% Hindu** | **% Buddhist** | **% Other** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **India** | **Kashmir** | ~4 million | 95% | 4%* | – | – |

[478] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 214-218.
[479] Statistics from the BBC In Depth report.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Valley** | | | | | |
| | **Jammu** | ~3 million | 30% | 66% | – | 4% |
| | **Ladakh** | ~0.25 million | 46% | – | 50% | 3% |
| **Pakistan** | **Azad Kashmir** | ~2.6 million | 100% | – | – | – |
| | **Gilgit-Baltistan** | ~1 million | 99% | – | – | – |
| **China** | **Aksai Chin** | – | – | – | – | – |
| ▪ Statistics from the BBC In Depth report. | | | | | | |

За време на Студената војна, конфликтот во Кашмир привремено запира. Конфликтот повторно се разгорува во 1990 година, кога силите кои се борат за независност, започнуваат партизанска војна во делот од Кашмир кој го контролира Индија. Со цел да ја смири состојбата со побунетите, Индија испратила свои вооружени сили (250.000) во оваа област и прогласила воена состојба. Напнатоста во регионот се зголемила до крајни граници и довела до натрупување на индиски и пакистански војски по границата. Состојбата во оваа област станува уште понестабилна кога во летото во 1999 година пакистанската армија влегла во Џаму и Кашмир и го зазела стратегиското место на Каргил, кое се наоѓа од другата страна на контролираната линија од индиска страна. Тогашниот премиер Наваз Шариф (Nawaz Sharif) одлучил да ја повлече пакистанскиата војска, при што бил спречен посериозен воен конфликт помеѓу двете нуклеарни земји. Поради ова негово решение, Наваз Шариф бил разрешен од функцијата од страна на армиски офицери на пакистанската армија, кои го поддржувале пакистанското влегување во Кашмир.[480] Причини поради кои Кашмир има толку многу важна улога во односите помеѓу двете држави има неколку: прво, тој претставува одличен пример за религиозната политика која разделува две држави. Како област населувана од муслимани, според повеќето Пакистанци, Кашмир со право мора и треба да му припаѓа на Пакистан, додека, пак, за индиските лидери тој е национален симбол на мултиетничката суштина на нивната држава.

[480] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 216 – 220.

Но политичките и воените размери на конфликтот околу Кашмир ѝ се добро познати на научната јавност. Кашмир е нераскинлив дел од водната политика на оваа област. Реката Инд поминува преку Кашмир на својот пат од Кина кон Пакистан, а изворите на неколку негови главни притоки, меѓу кои се и Џелам, Чинаб и Рави, се наоѓаат во Кашмир. Ако на кој било начин Индија ја изгуби контролата врз Кашмир во корист на Пакистан или се создаде независна држава, Индија ќе ја изгуби својата контрола над горното течение на реката, со што значително ќе се намали нејзината можност да може да одлучува во распределувањето на водните ресурси и користењето на водите од реката. Меѓутоа, како и во претходните случаи и овде проблемот со постојаното зголемување на бројот на населението и неконтролираното искористување на подземните водни резерви во регионот и зголемената употреба на водите на реката Инд и на нејзините притоки несомнено ќе придонесе да се зголеми значењето на водниот конфликт. Несомнено, големо влијание врз лидерите на двете држави ќе одигра и постојаното зголемување на бројот на населението, а аналогно на ова и зголеменото производство на храна. Во 1950 година, по поделбата, бројот на населението во Индија изнесувал 358 милиони жители, додека населението во Пакистан броело 40 милиони жители. Во 1998 година населението на Индија броело 976 милиони, додека населението на Пакистан се зголемило на 148 милони жители. Во 2011 година населението во Индија се зголемило на 1.210.193.422 жители, додека населението на Пакистан во 2011 година се зголемило на 177.100.000 жители. Според проценките на експертите, во 2025 година населението во Индија ќе се зголеми на 1,3 милијарди жители, а во 2050 година на неверојатни 1,5 милијарди жители, додека пак населението на Пакистан во 2025 година ќе се зголеми на 270.000.000 жители а во 2050 година населението би требало да се зголеми на 357.000.000 жители. Со население зголемено за најмалку три пати од населението во моментот на потпишувањето на спогодбата во 1960 година, Индија лесно може да одлучи дека една таква спогодба која дава 4/5 од водата на реката Инд на Пакистан е неправедна и да посегне по поголемо количество вода, при што избувнувањето на воен конфликт во регионот околу басенот на реката ќе стане неизбежен.[481]

Друга важна карактеристика во овој регион којашто може да предизвика вооружен судир, а со тоа и можно нарушување на глобалната безбедност, секако претставуваат проблемите поврзани со животната средина. Еколошките проблеми

[481] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год., стр., 218 – 225.

поврзани со водните распределби во регионот на реката Инд исто така може да го нарушат кревкиот мир помеѓу двете држави. Индија веќе троши многу вода од клучните подземни басени во државите Андхра Прадеш (Andhra Pradesh), Карнатка (Karnataka), Махараштра (Maharashtra) и Тамил Наду (Tamil Nadu), а соленоста на почвата постојано се зголемува како резултат на вештачкото наводнување, вклучувајќи го овде и Пенџаб. Земјоделската продуктивност со вештачко наводнување е загрозена и од големото иселување од планинските делови на државата, кое води до зголемување на ерозијата на каналите и резервоарите. Некои експерти сметаат дека т.н. Зелена револуција го потрошила својот потенцијал за зголемување на приносите од житни култури, исклучувајќи ја на овој начин можноста од нови приноси во иднина. Исто така, се претпоставува дека глобалното затоплување и ефектот на стаклена градина ќе имаат огромен ефект врз климата во областа, со изразена суша во едни региони и зголемени поплави во други.[482] Постојаното зголемување на бројот на населението и влошувањето на еколошките услови во регионот, како и напредокот на ултранационалистичките групи и зголемената етничка нетрпеливост уште повеќе ја усложнуваат и онака веќе сложената состојба. Во Пакистан спротивставувањето на премиерот Наваз Шариф ја достигна својата кулминација во 1999 година, кога премиерот е сменет од власта со државен удар, четврти државен удар во Пакистан во педесет и двегодишната историја на државата. Индија од своја страна е исправена пред корупција и општествени немири во многу делови од државата, додека и во двете општества економската реформа довела до појава на изолирани групи од премногу богати луѓе. Но најголемиот број население и во двете држави живее во голема беда и сиромаштија. Имајќи ги предвид овие услови, не е тешко да се претпостави како идниот недостиг на храна, во комбинација со безредијата и ксенофобичната политика, ќе доведат до директен судир во однос на распределбата на водните ресурси на реката Инд.

### *3. Меѓународно-правни документи за заштита на животната средина*

Глобалните опасности кои се јавуваат како резултат на прекумерното користење на природните ресурси (нафта, вода и др.), што предизвикува и деградација на животната средина, во голема мера ја загрижи меѓународната заедница. Имено, Меѓународната заедница презеде низа активности, во кои спаѓа и донесувањето на меѓународни правни акти. Во најголем дел од случаите деградацијата и уништувањето на животната

[482] Клер Т. М., „Воини за ресурси“, Захарии Стојанов, София, 2003 год., стр., 219 – 225.

средина не се лоцирани на територијата на една држава туку, напротив, зафаќаат пошироки подрачја кои ги надминуваат националните граници и може сериозно да ја нарушат глобалната безбедност. Тие претставуваат национални, регионални и глобални проблеми, па затоа потребна е меѓународна активност за надминување на овие состојби.[483]

Опсегот на пристапност кон еколошката безбедност може да се класифицира во следните категории:

- Исцрпување на природните ресурси како причина за нестабилност и избивање на конфликт;
- Деградацијата на животната средина настаната како резултат на војни или подготовка за војни;
- Деградацијата на животната средина како закана за човековото здравје и човековата благосостојба;
- Деградација на животната средина која го нарушува суверенитетот.[484]

Во меѓународната заедница постојат повеќе организации кои директно или индиректно ја третираат безбедноста поврзана со животната средина и нејзината заштита, и тоа:

- Програмата за развој при Обединетите нации (UNDP);
- Програмата за животна средина при Обединетите нации (UNEP);
- Фондот за популација при Обединетите нации (UNFP);
- Високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации (UNHCR);
- Светската банка (WB);
- Организацијата за безбедност и соработка во Европа (OSCE);
- Светската програма за храна;
- Светската метеоролошка организација (WMO);
- Светската трговска организација (WTO);
- Европската агенција за животна средина (EEA);
- Организација за храна и земјоделство при Обединетите нации (FAO);
- Европската унија (EU);
- Северноатлантската организација (NATO).[485]

---

[483] Саздовска М., М., „Меѓународна заштита на животната средина“ Ван-Гог Скопје, 2014 год., стр., 09/10.
[484] Види поопширно кај Милески Т., „Еколошка безбедност“ Филозофски факултет, Скопје, 2006 год., стр., 14.

Како резултат на меѓународните активности на организациите и институциите во полето на заштитата на животната средина од понатамошно уништување, донесени се значајни бројни конвенции и директиви, и тоа:

- Декларација за човековата околина од Стокхолмската конференција – 1972 г.;
- Базелска конвенција – конвенција за контрола на трансграничното пренесување опасни материи и нивно складирање;
- Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на флора и фауна (Вашингтонска конвенција, (CITES));
- Конвенција за оценување на влијанијата врз животната средина во прекугораничен контекст (ЕСПО Конвенција);
- Конвенција за биолошка разновидност;
- Рамковна конвенција на обединетите нации за климатски промени;
- Конвенција за нуклеарна безбедност;
- Конвенција за безбедност на радиоактивниот материјал;
- Архуска конвенција;
- Картагена протокол.[486]

Меѓутоа, постојат многу слабости во имплементацијата на овие меѓународни акти. Недостигот од присилни инструменти е само еден од многуте фактори кои го оневозможуваат спроведувањето на овие меѓународни акти. Реализацијата на мерките предвидени во овие меѓународни акти се одвиваат главно врз основа на доброволно извршување. Слабиот мониторинг претставува уште една слабост при имплементирањето на овие меѓународни акти.

И покрај слабостите во имплементацијата на овие акти, сепак, меѓународното законодавство придонесува позитивно во решавањето на сериозните проблеми кои се поврзани со деградацијата на животната средина, а кои во голема мера се појавуваат како резултат на прекумерното искористување на природните ресурси.

За надминување на актуелните состојби Меѓународната заедница мора да го почитува принципот на одржлив развој, со кој би се надминале сите несогласувања околу експлоатацијата на природните ресурси, а со тоа би се намалила деградацијата на животната средина и избувнувањето на конфликти кои сериозно можат да ја

[485] Види поопширно кај Милески Т., „Еколошка безбедност“ Филозофски факултет, Скопје, 2006 год., стр., 29.

[486] Види поопширно кај Саздовска М., М., „Меѓународни стандарди и практики за заштита на животната средина“ Ван-Гог Скопје, 2010 год., стр., 13-36.

нарушат глобалната безбедност. Одржливиот развој за првпат е дефиниран од страна на Светската комисија за животна средина и развој Буртланд (Brundtland Commission),[487] а Гро Харлем Брунтланд (Gro Harlem Brundtlan) беше назначен за прв човек на комисијата во декември 1983 год. од страна на Хавијер Перез де Куљеар, поранешен генерален секретар на Обединетите нации. Основната мисијата на комисијата Брунтланд (наречена по нејзиниот претседател, поранешен премиер на Норвешка) е да ја обедини меѓународната заедница да работи и да го следи одржливиот развој. „Развој кој ги задоволува потребите на сегашната генерација, без да ги компромитира можностите на идните генерации да ги задоволи своите сопствени потреби. Во суштина, одржливиот развој е процес на промени во кој експлоатацијата на ресурсите, насочувањето на инвестициите и насочувањето на технолошкиот развој и институционалните промени се во хармонија и го зајакнуваат сегашниот и идниот потенцијал за да се задоволат човековите потреби и аспирации".[488]

Со примената на ваквото сфаќање на концептот на одржлив развој можно е да се пристапи кон градење одржливо општество, општество кое ќе троши онолку колку што е потребно. Во поткрепа на оваа тврдење е извештајот на Светската комисија за животна средина и развој, позната како комисија Буртланд. Комисијата ја поврзува безбедноста со животната средина и истакнува дека човештвото се соочува со две големи закани, и тоа: опасности кои произлегуваат од евентуалната употреба на оружјето за масовно уништување и деградацијата или уништувањето на животната средина, кои веќе во поголема или помала мера ги чувствуваме насекаде во светот.[489]

---

[487] http://www.un.org/documents/ga/res/42/ares42-187.htm

[488] Види поопширно кај Саздовска М., М., „Меѓународни стандарди и практики за заштита на животната средина" Филозофски факултет, Скопје, 2010 год., стр., 21-22.

[489] Исто, стр., 24-33

## *1. Заклучни согледувања*

Безбедноста и понатаму претставува спорен поим. Досегашниот пристап кон заканите не е доволен за објаснување на многуте актуелни случувања и не може во целост да одговори на новите предизвици кои ги носи глобализацијата. Државите сѐ уште претставуваат главен објект во рамките на безбедносните анализи. Државата и понатаму го задржува правото да ја заштити својата безбедност, при што тој поим, освен воените, ги подразбира и општествените, природните, политичките, економските, еколошките и техничко-технолошките елементи.

Денешниот свет кој го обезбедува нашиот тековен развој и безбедност, бргу го губиме под нозе. Треба итно да се интервенира во чекори неопходни за јакнење на темелите на меѓународниот поредок, подигнат на заеднички вредности. Потребно е да се одреди правилно гледање на иднината. Нам ни е потребно нашата генерација да го направи истото што претходната генерација го правеше за нас. Да го втемелиме меѓународниот поредок кој ќе придонесе за демократски пазарен развој и за глобална безбедност во идните децении. Проблемите кои стојат пред човештвото се многу сериозни и не смееме и понатаму да ги игнорираме.

Со влегувањето во XXI век, човештвото е исправено пред еден многу важен избор: или ќе продолжи да се движи по патот на постојани конфликти за ресурси, што ќе доведе до постојани облици на насилство низ светот, а со самото тоа и загрозување на глобалната безбедност, или ќе успее човекот да се надмине самиот себеси за рамномерна распределба на стратегиски важните ресурси. Нема да биде лесно да се избере вториот пат, бидејќи многу од државите ќе се спротивстават на таквата идеа.

Како што можевме да заклучиме од овој труд, природните ресурси се основата на развитокот на цивилизацијата, наследство на човештвото и дар на природата, неопходни се за опстанокот на светската цивилизација. Овие ресурси не ни припаѓаат само нам, на луѓето кои живееме денес, тие припаѓале и на цивилизациите пред нас, на сегашната, а им припаѓаат и на идните цивилизации.

Секое несразмерно искористување на природните ресурси претставува ризик за опстанокот на цивилизација. Ако човечката цивилизација продолжи да тежнее несогласувањата за природните ресурси да ги решава со војна, човечките жртви би биле огромни, последиците по животната средина би биле катастрофални, со несогледливи последици, што може да го доведе во прашање и опстанокот на

цивилизацијата воопшто. Разбирливо е што секоја зголемена потрошувачка на природните ресурси какови што се нафтата, природниот гас, јагленот, водата и други, носи значителен ризик од појава на вооружен конфликт. Овој ризик е поврзан со фактот дека потребите за овие природни ресурси се зголемуваат, но не и нивните резерви. Со зголемувањето на населението, како и со истовременото зголемување на потребата од овие суштински важни ресурси, секоја од државите ќе се обиде да присвои поголем дел од овие ресурси, истовремено и со зголемување на количеството што досега го користела. Кога овие обиди ќе доведат до намалување на резервите на некоја од останатите држави, ќе се појават и услови за судир во однос на распределувањето на ресурсите.

Денес цената на природните ресурси, нафтата гасот и др., се формира во зависност од понудата и побарувачката на светските берзи. Речиси 2/3 од нафтата која се извесува и продава на светскиот пазар потекнува од Блискиот Исток.

Зголемениот раст на индустриското производство, особено во последната декада на минатиот век, кој продолжува и денес, ги претвори западните економии во хронично зависни од овој стратегиски ресурс. ЕУ и другите земји, и покрај сопственото производство на овој ресурс, се зависни од увозот на овие ресурси вклучувајќи го овде и природниот гас. САД, за разлика од ЕУ и Азија, поседуваат одбранбена стратегија во однос на зависноста на овие ресурси од увоз со поседувањето на сопствени резерви. Најбрзата растечка економија во светот, кинеската, околу 30% од своите потреби за нафта ги задоволува со увозот од Африка.

Сè поголемата жед за енергија (нафта и гас), проследена со брзиот економски раст на економиите на земјите и опасноста од избувнување на вооружен конфликт во регионите богати со стратегиски ресурси (вода, нафта, минерални суровини и сл.) не е само од нивното намалување, поради нивна зголемена побарувачка во светски рамки, туку и од самата местоположба на клучните извори на ресурси, чија сопственост е поделена помеѓу две или повеќе држави, нивната лоцираност во недефинирани гранични зони или, пак, нивниот слободен проток на светскиот пазар.

Целта на овој труд не е да спори за придобивките на глобализацијата, а со тоа и за придобивка на глобалната безбедност, но чувствувам потреба да ги споменам и извесните појави кои се тесно поврзани со ресурсите и глобалната безбедност а имаат негативна конотација. Заштитата на природните ресурси со помош на воена сила

резултира со огромни финансиски трошоци. Само за илустрација ќе споменеме дека за одржувањето на воената сила во Персискиот Залив, како и за другите сили кои се спремни во секој момент да се испратат таму, ќе бидат потребни околу 75 милијарди долари годишно. Исто така, голем дел од воениот буџет на Русија се троши за војните во Чеченија и за одржувањето на мирот во оваа руска република, како и за присуството на руските сили во Каспискиот регион. Но, и останатите земји како Кина, Јапонија, Индија и Пакистан постојано ги зголемуваат своите воени расходи само за да ги заштитат своите природни ресурси или да ги заштитат патиштата по коишто се пренесуваат ресурсите.

Парадоксално е тоа што честите конфликти предизвикуваат загуба на огромни количини од овие исклучително важни суровини, особено нафтата, при што се нанесуваат огромни штети на клучните резерви. На пример, за време на операцијата „Пустинска бура“ САД и сојузниците трошеле 87 милиони литри нафта на ден, количина која е еднаква на дневната потрошувачка на нафта на држава голема колку Аргентина. При повлекувањето на ирачките сили од Кувајт, ирачката војска ги запалила нафтените извори на оваа земја, при што изгореле околу 2 милијарди барели нафта, што претставува двегодишно производство на нафта за потребите на Кувајт.

Сепак, предмет на моето истражување во овој труд беше светлата страна на овој проблем. Во овој труд се обидовме да дојдеме до потребните податоци и факти кои ќе помогнат реално да се согледа меѓусебната поврзаност помеѓу војната за ресурси и глобалната безбедност. Се обидовме преку проширена теориска и аналитичка рамка да навлеземе во анализа и толкување на влијанието на ресурсите врз факторите за развој на глобалната безбедност. Сметам дека презентираните податоци и сознанија овозможуваат де се изгради став кој ќе ги потврди хипотезите дека веројатноста за избувнување на вооружени конфликти помеѓу државите и регионите кои поседуваат стратегиски ресурси е многу голема. Во почетокот на XXI век сведоци сме на многубројни вооружени судири поврзани со војните за ресурси. Како што нагласивме претходно, може да постојат неколку причини за избувнување на вооружени судири помеѓу државите кои поседуваат стратегиски важни ресурси и тоа:

- Во *првиот* случај избувнување на вооружени конфликти може да настане како резултат на местоположбата на еден конкретен извор на ресурси кој зафаќа делови од територијата на неколку соседни држави.

- Во *вториот* случај избувнувањето на воените конфликти може да биде поврзано со нескриените претензии на државите околу водните региони богати со енергетски и минерални ресурси. Таков едноставен пример имаме во регионот на Каспискиот басен (поточно околу Каспиското Море), каде што неколку држави се граничат со море заобиколено од копно или некое друго водно пространство со недоволно и јасно определени и дефинирани поморски граници. Таков случај на постојани тензии имаме постојано во регионите богати со ресурси.
- Во *третиот* случај избувнувањето на вооружен конфликт помеѓу државите може да настане како резултат на оневозможување на транспортот на овие ресурси. Одличен пример за ова се последните закани на Иран дека ќе го затвори Хормунскиот премин за слободен извоз на нафта. Најголемиот процент од дневната светска потрошувачка на нафта се пренесува со танкери кои пловат од регионот на Персискиот Залив до пристаништата во Европа, Јужна и Северна Америка, Кина и Јапонија. Исто така и преминот Малака помеѓу Индонезија и Малезија, или пак Суецкиот Канал, кој е со непроценлива важност за протокот на суровини. Секоја сериозна закана врз обезбедувањето и поседувањето на ресурсите, особено на нафтата, која е неопходен ресурс за развој на современите индустриски општества, може да претставува причина за појава на криза, а во крајна граница може да доведе и до примена на воена сила и до појава на војна.

Иден воен конфликт поврзан со борбата за ресурси ќе преставува опасност и за големите сили, бидејќи може да претставува вовед за нова светска војна со можна употреба и на оружје за масовно уништување. Присуството на непријателски војски во регионите каде што се наоѓаат природните ресурси, секако, ќе предизвика незадоволство помеѓу тамошното население, особено ако се убедени дека ресурсите законски им припаѓаат само ним. За оваа тематика има безброј примери, но ќе наброиме само неколку од нив кои се карактеристични денес. Така, присуството на војската на САД во Саудиска Арабија предизвикува недоверба кај локалното население, кое смета дека богатството на кралството Судиска Арабија треба да служи само за нив и за јакнење на исламот. Слични вакви примери на недоверба и негодување изразени преку постојани терористички активности имаме и со војските кои се наоѓаат на територијата на Ирак во коалицијата Слобода за Ирак, како и примерот со странските војски кои се наоѓаат на територијата на Авганистан во мисијата ISAF, каде

што вооружените сили - припадници на мисијата ISAF се секојдневна мета на исламските фундаменталисти.

Според сегашните прогнози, поголемиот број од овие конфликти за ресурси ќе се разрешуваат без примена на воена сила, односно со постигнување определена согласност за рамномерна распределба и користење на ресурсите. Поголем број од државите би ја прифатиле оваа варијанта, само под еден услов: да им се осигура значителен дел од пристапот до ресурсите. Но, во ситуации кога ресурсите се неминовен услов за опстанокот на државата тешко дека ќе може да се најде некакво заедничко прифатливо решение. На пример, мала е веројатноста дека САД лесно ќе дозволат некој да ја преземе контролата врз Персискиот Залив, или Египет да им дозволи на Судан и Етиопија да обезбедат контрола врз водните ресурси на реката Нил, бидејќи прашањата поврзани со овие ресурси се од стратегиски национален интерес за споменативе држави.

Од најголем интерес за големите сили ќе бидат областите кои се богати со ресурси, како и патиштата кои ги поврзуваат овие области со големите светски пазари. Најголемата концентрација на виталните ресурси се наоѓа во еден голем регион разместен на двете страни од екваторот. Во тој регион влегуваат дел од Јужна Америка, Централна и Северна Африка, Персискиот Залив, јужна и југоисточна Азија и Индонезија. Овие области заедно ги опфаќаат основните извори на нафта, поголем дел од минералните суровини, сите светски тропски шуми, како и неколку од најважните реки во светот.

За да се избегне таквото црно сценарио и за да се обезбеди рационално искористување на резервите на природните ресурси, денес човештвото треба да работи на создавањето светски систем за зачувување и рамномерна распределба на природните стратегиски ресурси. Секако ова не би било доволно доколку човештвото докрај не го испочитува принципот на одржлив развој. Примената во пракса на овој принцип е од исклучителна важност за зачувување на природните ресурси и придобивките кои одржливиот развој ги овозможува за развој на човештвото во целина.

Но дали е сè така црно? По турбуленциите и скокот на цените на нафтата на светските берзи, предизвикани од воените интервенции и стравот од недостиг на нафта за потребите на светската економија, аналитичарите велат дека зад кризата

предизвикана околу нафтата како најзначаен ресурс стои политиката која се води на светско ниво. Пред неколку децении се тврдеше дека нафтата како ресурс ќе ја снема во почетокот на XXI век, но тоа не се случи. Во 2008 година барел нафта на светската берза чинеше 150 американски долари, за во рок од неколку месеци цената на нафтата да се намали за 40 американски долари. Слична таква состојба имавме во 2013 година, кога цената на нафтата се движеше околу 100 до 110 долари за барел, за денес, во декември 2015 година, цената на нафтата да се движи околу 50 американски долари за барел, со постојана осцилација на цената на нафтата на светската берза, предизвикано од разни превирања.

Пред неколку години во Бразил се откриени нови наоѓалишта на нафта за кои се претпоставува дека се богати како наоѓалиштата во Саудиска Арабија. Бразил сè уште не започнал со експлоатација на своите нови наоѓалишта. Во Ирак се гради нова инфраструктура, којашто производството на нафта би го зголемила за шест до седум пати, односно, од сегашните 1,5 до 2,5 милиони барели нафта кои се експлоатираат дневно, оваа бројка до 2020 година може да достигне до 15-17 милиони барели на ден. Според некои анализи извршени од страна на аналитичарите во САД, Соединетите Американски Држави лежат на 18 милијарди барели нафта која сè уште не е експлоатирана, додека некои универзитетски професори сматаат дека оваа бројка е двапати поголема.

Во овој труд се обидовме да дојдеме до потребните податоци и факти кои ќе ни помогнат реално да се согледа меѓусебната поврзаност и условеност помеѓу глобалната безбедност и искористувањето на ресурсите. Се обидовме преку проширена теориска и аналитичка рамка да се навлезе во анализа и толкувањето на влијанието на глобализацијата и искористувањето на ресурсите врз факторите за развој на глобалната (не)безбедност. Ценам дека презентираните податоци и сознанија овозможуваат да се изгради став кој ќе ги потврди хипотезите дека глобалната безбедност е во тесна корелација со искористувањето на ресурсите и нееднаквоста во искористувањето резултираат со незадоволство и појава на конфликти.

Генерален заклучок од досега споменатото е дека во текот на наредните декади ќе продолжи трендот на избувнување вооружени конфликти како резултат на распределбата и експлоатацијата на природните ресурси. Оттука се забележува меѓусебната поврзаност на ресурсите и безбедноста. Имено, меѓузависноста на

глобалната економија изразена преку побарувачката и консумеризмот ќе придонесат за перманентни осцилации во безбедносната сфера.

## *2. Препораки за надминување на актуелните состојби*

Како луѓе кои делиме една заедничка планета, која ни е дадена еднаш за секогаш, треба да се потрудиме нашиот развој да биде одржлив и да ги одржиме екосистемите и надвор од нашите национални граници, затоа што од нив зависи напредокот на човековата раса. Тесла укажувал на фактот дека во природата се наоѓаат огромни резерви на обновливи видови на енергија кои чекаат да бидат искористени од страна на човекот. Овој вид на енергија се наоѓа во разни облици и можат да бидат искористени за потребите на човештвото. Според Тесла сончевите зраци, плимата и осеката, океанските бранови, силата на ветерот, претставуваат неискористено богатство на енергија. Доколку се искористи само мал дел од сончевата енергија ќе се задоволат потребите на целото човештво. Само со помош на соработка околу распределбата на природните ресурси и почитување на принципот на одржлив развој, искористување на обновливите видови на енергија, можеме да покажеме дека човековата раса има капацитет за решавање на проблемите и за опстојување по пат на договори.

Од досега изнесеното во овој труд се поставува прашањето: Како светот да се насочи кон соработка, а не кон војни за ресурси? Според мене постојат барем најмалку седум општо прифатени правила:

- Владите треба еднаш за секогаш да престанат да се однесуваат кон ресурсите како тие да се бесконечни како да може да се експлоатираат вечно, без да се води сметка за еколошката одржливост. Природните ресурси се нерамномерно распоредени тоа е факт, и многу земји имаат недостаток од нив. Но причината за недостигот во земјите кои не располагаат со природните ресурси е резултат и на лошите економски стратегии кои се водат на глобално ниво. Подобрувањето на ефикасноста во користењето на природните ресурси и охрабрувањето во зачувување на ресурсите по пат на ценовна политика и користење на ефикасни технологии ќе помогнат да се намали недостигот.
- Државите мораат безрезервно да се откажат од унилатеризмот. Секоја промена при експлотација на природните ресурси, треба да биде предмет на меѓусебни

договори а не да бидат наметнувани еднострани решение кои гледано долгорочно се штетни,

- Владите треба да размислуваат за соработка при експлоатацијата на природните ресурси во поширок регион, надвор од државните граници, а сето тоа да е во границата на одржливиот развој,
- Политичките лидери треба да се вклучат во преговорите за експлоатација на меѓудржавните природни ресурси. Преговорите обично ги водат технички експерти, но колку и да се стручни овие луѓе, без политичка поддршка не можат да постигнат договори за долгорочна соработка,
- Воспоставување на демокрарски глобални регулативи и изнаоѓање на присилни инструменти согласно меѓународното право, за принуда на нивното почитување и извршување,
- Зајакнување на мониторинг системот и правилата на примена на сила,
- Надминување на сите разлики и бариери која постои помеѓу богатиот север и сиромашниот југ.

Без воспоставување демократски глобални регулативи и процедури во услови на глобализација, нема ни национална, меѓународна, ниту пак глобална безбедност. Основата на глобалната безбедност претставува почитување на правото на другите да имаат сигурност онолку колку што посакуваме и ние самите.

## Библиографија

1. Амиц, М: Како настаје научно дело, Свјетлост, Сараево, 1984 год.
2. Baumann, Z: Globalization, The Human Consequences, Columbia University Press, 1998.
3. Бауман, З: Воините в ерата на глобализацијата, Социологически проблеми, Софија, 2001 год.
4. Baylis, J., Smith, S: The Globalization of the World politices, An introduction to international relations, (third edition), Oxford University Press, 2005.
5. Бејлис, Џ., Смит, С., Овенс, П: “Глобализација на светската политика”, Табернакум, Скопје, 2009 год.
6. Бејлис, Џ., Вирц, Џ: Греј К., Коен, Е: Стратегија во современиот свет, Намапрес, Скопје 2009 год.
7. Бек, У: Што е глобализација, Тера Магика, Скопје, 2003 год.
8. Берет, Д., Кол, Т: Социолошки проекти, Филозовски факултет, Скопје 2000 год.
9. Bilgin, P., Morton A.D. Rethinking State Failure: The politicaleconomy of security, in: State Failure Revisited I: Globalization and Security and Neighborhood effects, INF report 87, Institute for Development and Peace, 2007.
10. Бери, Б: Луѓе држави и страв, Академски печат, Скопје 2010 год.
11. Booth, K: Theory of World Security, Cambrige University Press, New York, 2007.
12. Brzezinski, Z: The Grant Chesboard, American Primacy and Its Geostrategic Imperatives, 1997.
13. Brzezinski, Z: The Choise: Global Domination or Global Leadership, Basic Books, New York, 2004.
14. Buzan, B., People, States and Fear”, London 1991.
15. Буџаковски, С: Разузнавање, Коста Абраш, Охрид, 2005 год.
16. Charls, W. Kegley, Jr., Eugene R. Wittkopf. World Poltics Trend and Transformation, Thomson Learning, London 2004.
17. Чомски, Н: Интервенции, Култура, Скопје, 2007 год.

18. Димишковски, С: Војна воска и политика, Глобус, Скопје 1994 год.
19. Epperson, R: Novi svjetski poredak, SION, Zagreb 1997 god.
20. Ferenčić, A: U potrazi za novim svjetski poretkom, Izvori, Zagreb, 1992 god.
21. Ferenčić, A: Upravljanje promjenama, Izvori, Zagreb 1997 god.
22. Friedman, T. L: The Lexus and the olive tree, Farrat Straus Giroux, New York, 1999.
23. Фридман, Т. Л: Лексусот и маслиновото дрво, Тера Магика, Скопје, 2003 год.
24. Fukuyama, F: The End of History and the Last Man, Penguin Books, 1992.
25. Fukujama, F., Amerika na Prekretnici Demokratija, moc i neokonzervativno zaavestanje, CID Podgorica, 2007.
26. Георгиев, Г: Војни за ресурси, Филозовски факултет, Институт за одбрана безбедност и мир, Скопје, 2009 год.
27. Георгиевски, П: Методологија на истражување на општествените појави, Филозовски факултет, Балкански центар за проучување на мирот, Скопје, 1998 год.
28. Георгиева, Л: Постконфликтни дилеми во Македонија, управување со кризите, Современа македонска одбрана, Скопје, 2005 год.
29. Георгиева, Л: Творење на мирот: Мирот, конфликтите и безбедноста по студената војна, Виладорф, Скопје, 2004 год.
30. Георгиева, Л: Превенција на конфликти, Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија, Фридрих Еберт, Скопје, 2004 год.
31. Георгиева, Л: Менаџирање на ризици, Филозофски факултет Скопје, 2006 год.
32. Giddens, A: Treći put, Politička kultura Zagreb 1998 god.
33. Глајк, Х. П: Вода и конфликт Меѓународна безбедност, 1993 год.
34. Гоцевски, Т., Ортаковски, В., Георгиева, Л: Разрешување и трансформација на конфликтите, Македонска Ризница Куманово, 1999 год.
35. Гоцевски, Т: Основи на системот на националната одбрана – четврто дополнително и изменето издание, Филозофски факултет, Скопје, 2006 год.

36. Гоцевски, Т: Република Македонија на патот кон евроатланските структури, Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ, Филозовски факултет, Скопје, 2006 год.
37. Граовац, Ж: Местото и улогата на специјалните единици во современите системи за национална безбедност со посебен осврт на состојбите во Република Македонија, Магистерски труд, Филозовски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир, Скопје.
38. Група автори, Војната во Македонија во 2001 година, Матица Македонска, Скопје 2006 год.
39. Ѓорѓевиќ, И: Безбедносна архитектура у условима глобализације, Факултет за безбедност, Јавно предузеќе, Службени гласник, Београд, 2007 год.
40. Held, D: Demokratija i globalni poredok: Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini, Filip Visnjic, Beograd, 1997 god.
41. Хју, П: Глобална Безбедност, Табернакум, Скопје, 2009 год.
42. Hutington, P. S: The Clash of Civilizations, Foregin Affairs, 1993.
43. Hutington, P. S: Sukob Civilizacija i preustroj svjetskog poretka, Izvori, Zagreb, 1996 god.
44. Ивановски, З., Ангелески, М: Безбедносни системи, Македонска Цивилизација, Скопје, 2005 год.
45. Kaplan D. Robert: The Koming Anarchy, The Atlantik Monthly, 1994.
46. Kissinger, H: Does America need a foreign policy, Toward Diplomacy for the 21 st Century, Simon & Schuster, 2002.
47. Клер Т. Маикл: Воини за ресурси, Захарии Стојанов, Софија, 2003 год.
48. Котовчевски, М: Извори на загрозување на мирот и националната безбедност, Напредок, Балкански центар за мир, Тетово, 1999 год.
49. Котовчевски, Митко: Национална безбедност на Република Македонија, прв дел, Македонска Цивилизација, Скопје, 2000 год.
50. Котовчевски, М: Национална безбедност на Република Македонија (втор дел), Македонска цивилизација, Скопје, 2000 год.

51. Котовчевски, М: Современи разузнавачки служби, Македонска Цивилизација Скопје, 2002 год.
52. Котовчевски, М: Современ Тероризам, Македонска Цивилизација, Скопје, 2003 год.
53. Котовчевски, М: Борба против тероризмот, Македонска Цивилизација Скопје, 2004 год.
54. Котовчевски, М: Прирачник за заштита од тероризам и насилнички криминал, ДОО БМ-АБА, Струмица, 2005 год.
55. Котовчевски, М: Војни за ресурси, Современа Македонска Одбарана бр. 15, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, 2007 год.
56. Colins, O: The Waters of the Nil, Princeton, Marcus Wiener, 1996.
57. Кревелд, М: Трансформација на војната, Табернакум, Скопје, 2009 год.
58. Курмон, Б., Рибникар, Д: Асиметрични ратови, тероризам и нове претње, НИЦ Војска, Београд, 2003 год.
59. Кузмановски З: “Влијанито на глобализацијата врз факторите за развој на тероризмот”, Филозовски факултет, Институт за безбедност одбрана и мир Скопје, 2010 год.
60. Lynn E. D: Globalization‘s Security Implications, Issue Paper, RAND, 2003.
61. Марковиќ, М: Филозовски основи наука, Српска академија наука и уметности, Београд, 1981год.
62. Мекгру, Е: “Глобализацијата и светската политика”, во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, (превод), Табернакул, 2009 год.
63. Micovic, V: Globalizacija i novi svetski poredok, Cigoja stampa, Beograd, 2001 god.
64. Милески, Т: Еколошка безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2006 год.
65. Милески, Т Глобализацијата мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на Република Македонија, Филозофски факултет, Скопје, 2008 год.
66. Мијалковски, М: Тероризам и противтерористичка борба, ГШ на ВЈ, Београд, 2003 год.

67. Мијалковски, М: Одговор тероризму, ФЦО, Београд, 2005 год.
68. Мојаноски Т. Ц: Методологија на безбедносните науки, Основи (книга прва), Факултет за безбедност, Скопје, 2012 год.
69. Мојаноски Т. Ц: Методологија на безбедносните науки, истражувачка постапка (книга втора), Факултет за безбедност, Скопје, 2012 год.
70. Нацев, З: Теоретски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1998 год.
71. Нацев, З., Начевски Р: Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманов, 2000 год.
72. Нацев, З., Начевски Р: Безбедност и националната одбрана, Македонска ризница, Куманово, 2001 год.
73. Нацев, З: Надворешно политичките приоритети на Република Македонија, перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ Филозовски факултет, Скопје, 2006 год.
74. Начевски, Р: Планетарниот стратегиски контекст по 11 Септември 2001 година, Современа македонска одбрана, Скопје, 2002 год.
75. Нај, С. Џ: Разбирање на меѓународните конфликти вовед во теоријата и историјата, Академски печат, 2008 год.
76. Недељкович, М: Лексикон народа света, Човечанство, Београд, 2000 год.
77. Павичевиќ В., Петровиќ В: Аспекти глобализације, Београдска отворена школа и Досије, Београд, 2003 год.
78. Полјани, К: Велика Трансформација, Филип Виснјиц, Београд, 2003 год.
79. Печујилич, М., Милич, В: Методологијата друштвених наука, Београд, 1991 год.
80. Paul, P: The end of Oil, Houghton Mifflin Company, New York, 2004.
81. Risar, Z. F: Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni, Clio, Beograd, 2008 god.
82. Robertson, R: Globalization, Stage, London, 1992.
83. Саздовска, М., М: Еколошка криминалистика, График Мак Принт, Скопје, 2007 год.
84. Саздовска, М. М: Меѓународни стандарди и практики за заштита на животната средина, Факултет за безбедност, Скопје, 2010 год.
85. Саздовска, М. М: Меѓународна заштита на животната средина, Факултет за безбедност, Скопје, 2014 год.

86. Simić, D: Poredak sveta, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1999 god.
87. Смит, А: Истраживање природе и узрока богатства народа, Глобал Боок, Нови Сад, 1998 год.
88. Soros, G: The Crisis og Global Capitalism, Public Affairs, Perseus Book Group, New York, 1998.
89. Soros, G: The Bubble of American Supremacy, Correcting the Misuse of American Power, Public Affairs, New York, 2004.
90. Спасевски, Ј., Аслимоски, П: Безбедност и заштита, Институт за истражување на туризмот, Охрид, 1996 год.
91. Спасевски, Ј., Аслимоски, П: Безбедност одбрана мир, (второ издание), Институт за истражување на туризмот, Охрид, 2001 год.
92. Спасевски, Ј., Аслимоски, П: Безбедност и заштита, нститут за истражување на туризмот, Охрид, 1996 год.
93. Спасевски, Ј: Одбраната и демократијата – правна држава, Прв научен симпозиум Одбрамбено заштитниот систем на Република Македонија, Филозовски Факултет, Скопје, 1998 год.
94. Стајиќ, Љ: Основи безбедности, Факултет цивилне одбране, Драганиќ, Београд, 2005 год.
95. Стерн, Џ: Екстремни тероризам, Александриа прес, Београд, 2004 год.
96. Stiglitz, E. J: Globalization and Its Discontents, W.W.Norton & Company, New York, 2002.
97. Супек, Р: Социологија, Шклска књига, Загреб, 1977 год.
98. Сун Цу Ву., Вештина на војувањето, Штрк, Скопје, 1996 год.
99. Sholte, J., Robertson, R: Encyclopedia of Globalization, Routledge, London, 2006.
100. Шолте, Ј: Глобализација Академски печат, Скопје 2008 год.
101. Show, Donald M., National Security for a New Era: Globalization and Geopolitics After Iraq, Third Edition, Pearson Longman, 2008.
102. Turek, F: Globalizacija i globalna sigurnost, Hrvatska udruga za medunarodne studije – HUMS, Varazdin, 1999 god.
103. Вевер, О., Бузан, Б,, Келструп, М., Л, Пјер: Идентитети, Миграција и новата безбедносна агенда во Европа, Академски печат, 2010 год.
104. Викс, Д: Разрешување конфликти, Балкански центар за мир, Скопје, 1998 год.

105. Видојевиќ, З: Глобализација и нова историска неизвесност, Искусења глобализације, Глобализација, европеизација и национални идентитети, Београд, 2004 год.
106. Vidojevic, Z: Kuda vodi globalizacija, Filip Visnjic, Beograd, 2005 god.
107. Вотерс, М: Глобализација, Институт за демократија, солидарност и цивилно опшество, Скопје, 2003 год.
108. Вујевиќ, М: Уводење у знанствени рад, Информатор, Загреб, 1998 год.
109. Vuletic, V: Globalizacija mit ili stvarnost, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003 god.
110. Wallerstein, I: Globaliyacija ili period tranzicije? – Pogled na dugorocno kretanje svetskog sistema, vo: Globalizacija mit ili stvarnost, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2003 god.
111. Waters, M: Globalization, Routledge, London, New York, 2005.
112. Змејковски М., Човекот, водата и животната средина, Графомак - Кичево, 2002 год.

### *Лексикони и Енциклопедии, интернет адреси и други извори*


- Алармантно о опасностима глобалног загревање, Време, Београд, 2004.
- Алтернативни решенија за економска глобализација, со поднаслов „Подобар свет е можен“, во издание на Меѓународниот форум за глобализација.
- Андоновски, С. (2011), Нафтата и геополитиката, Штит бр. 28.
- БП Амоко, Статистички преглед на светските енергетски ресурси, 1999 год.
- BP Amoco, Statistical Review of World Energy 2000 (London: BP Amoco, 2000).
- Барико, А. (Август 2011 год.), Глобализација или Конолизација. Дневник весник Вечер 24, стр. 15.
- Elements of Defense Transformation. Department of Defense, 2004
- From Scarcity to Security: Averting a Water Crisis in the Midle East and Nort Africa (Washington, D.C. World Bank, 1995).
- Ресурси, Ревија Капитал (2007), Скопје, бр. 236.
- Џамбаски З., (2010), Зошто енергетската сигурност е важна за Европа и за Евроазија, Штит бр. 16.
- Џамбаски З. (2011), НАТО и енергетската безбедност, Штит бр. 17.
- http://csis.org
- http://ensubscribers.mond
- http://history-world.org/indus_valley.htm
- http://india-wris.nrsc.gov.in/wrpinfo/?title=Cauvery
- http://International_Monetary_Fund#Functions
- http://news.bbs.co.uk/hi/english/world/middleeast
- http://new.socar.az/socar/en/activities/transportation/baku-supsa-western-export-pipeline
- http://pm.gc.ca/eng

- http://uncharted.org/frownland/books/Polanyi/POLANYI%20KARL%20%20The%20Great%20Transformation%20-%20v.1.0.html
- http://www.academia.edu/2078323/The_Legal_Response_to_International_Water_Conflicts_The_UN_Watercourses_Convention_and_Beyond
- http://www1.american.edu/ted/ataturk.htm
- http://www1.american.edu/ted/abumusa.htm
- http://www1.american.edu/ted/ice/tigris.htm
- http://www.ancient.eu/Mesopotamia/
- http://www.biblestudy.org/maps/euphrates-river-valley-map.html
- http://www.biography.com/people/kofi-annan-9185694
- http://www.britannica.com/EBchecked/topic/415347/Nile-River
- http://www.britannica.com/EBchecked/topic/511779/Rub-al-Khali
- http://www.cgdev.org/section/initiatives/_active/cdi/_component/trade
- http://www.cfr.org/china/south-china-sea-tensions/p29790
- http://www.defense.gov/
- http://www.evrazia.org/modules.php?name=News&file=article&sid=2785
- http://www.eoearth.org/view/article/173762/
- https://www.flickr.com/photos/economicron/4480551642/
- http://www.globalsecurity.org/military/ops/oplan-1002.htm
- http://www.globalsecurity.org/military/facility/udeid.htm
- https://www.google.com/search?q=russian+georgian+war&biw=930&bih=547&tbm=isch&tbo=u&source=univ&sa=X&ei=SixOVM2AMs3EPJHggMAO&sqi=2&ved=0CDYQsAQ
- https://www.google.com/search?q=World-Population-1800-2100
- http://www.hydrocarbons-technology.com/projects/rumaila-oil-field-expansion/
- http://www.kinghussein.gov.jo/peacetreaty.html

- http://www.mapisrael.info/jordan-river
- http://www.mfa.gov.tr/turkey_s-policy-on-water-issues.en.mfa
- http://www.mfa.gov.tr/dams-and-development.en.mfa
- http://www.nmsea.org/Curriculum/Primer/Global_Warming/fossil_fuels_and_global_warming.htm
- http://www.nti.org/country-profiles/iran/nuclear/
- http://www.reuters.com/article/2013/12/07/us-usa-hagel-dialogue-idUSBRE9B602920131207
- http://www.River_Indus/
- http://www.sang.gov.sa/
- http:www.state.gov/wwwregions/nea/iraq-vhite-paper.html
- http://www.worldpopulationstatistics.com
- http://www.worldpopulationstatistics.com/egypt
- http://fukuyama.stanford.edu/
- http://jpr.sagepub.com/cgi/content/abstract/41/3/337
- International Energy Outlook 2000 (Washington, D. C DoE/EIA, 2000).
- International Energy Agency World Energy Outlook: Fact Sheet-Global Energy Demand, 2007
- Izbor tekstova, Ka carstvu dobra ili apokalipsi, Filip Visnjic, Beograd, 2003 god.
- Klimatske promene najvise ce osjetiti siromasne zemlje, Svijet, Zagreb, 12 prosinac 2007 god.
- Меѓународен институт за стратегиски науки, Воен баланс 1999 – 2000.
- Министерство за енергија на САД .
- National Security Strategy of United States of America, September 2002.
- National Defence Strategy of United States of America, Department of Defence, March 2005.
- National Security Strategy of United States of America, March 2006.

- Nato Handbook, 2001, Nato office of Information and Press, 1110 Brussels, Belgium.
- Nayef R.F.Al-Rodhan, Energy Security, Globalization and Global Security, Geneva Centre for Security Policy, Policy Brief No. 8, September, 2006.
- Недељкович М., “Лексикон народа света”, човечанство 2000, Београд, 2001.
- Our Global Neighborhood, The Report of The Commission on Global Governanace, New York, 1998.
- Светски институт за ресурси, Светски ресурси 1998-1999 (1998).
- Statistics from the BBC In Depth report.
- Svijet se vraca nuklearnoj energiji, Svijet, 12 Prosinca, 2007.
- Terrorism and Counterterrorism After September 11th, US Foreign Policy Agenda.
- Воена Флота на САД (електронски документи, 12 Јануари 1998).
- www.acom.mil
- www.centcom.mil
- www.clw.org/cat/insider29.html
- www.cpi.hr
- www.crime-research.org/library/Terrorism_Cybercrime
- www.defenselink.mil
- www.defenselink.gov
- www.eia.doe.gov/emeu/cabus/choke.html
- www.eia.doe.gov/emeu/cabus/saudfull.html
- www.eia.doe.gov/emu/cabs/iran.html
- http://www.eia.gov/countries/country-data.cfm?fips=iz
- http://www.eia.gov/todayinenergy/detail.cfm?id=12911
- http://www.eia.gov/countries/cab.cfm?fips=ku
- http://www.eia.gov/countries/cab.cfm?fips=ir

- World oil consumption.
- www.eko.net.mk/news/newsDetail
- www.globalsecurity.com
- www.imf.org
- www.nato.int
- www.odci.gov.cia
- www.polity.co.uk
- www.pub.whitehouse.gov
- www.securityconference.de/2007
- www.state.gov/wwwregions/nea/iraq-vhite-paper.html
- http//www.un.org.htm
- www.worldbank.com
- www.wto.org

### *Стручни списанија*


- Ацевски, Илија: Екологијата, средината и социјалните промени, Годишен зборник на филозофскиот факултет, Скопје, 2006 год.
- From Scarcity to Security: Averting a Water Crisis in the Midle East and Nort Africa Washington, D.C. World Bank, 1995.
- Комерсант. РУ
- Homer – Dixon, Environmental Scarcities and Violent Conflict, International Security, vol 19, no.1, 1994.
- Not Quite a Biloin, Economist, 2 January 1999.
- Никодиновска-Стефановска С., За БЕЗБЕДНОСТА – нови концепти, Годишник на факултетот за безбедност - Скопје, 2-ри Август С, Штип, 2007 год.,
- U.S. Energy Information Administration, U.S. Geological Survey.
- U.S. Energy Information Administration, IHS EDIN, Eastern Bloc Energy, Rigzone, and Rystad Energy
- World Energy Prospects and Challenges, International Energy Agency World Energy Outlook, 2005.